КII 2641

Инв. бр. 6261/2014

СЕМИНАР ЗА СОЦИОЛОГИЈА

**Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје**

**Филозофски факултет – Скопје**

**Институт за социологија**

# ДОКТОРСКИ ТРУД

## Социо-економските аспекти на глобализацијата (случајот Република Македонија)

**Ментор:**
**Проф. Д-р Илија Ацески**

**Кандидат:**
**М-р Драган Стефановски**

**Скопје, 2014**

**Содржина**

Вовед ………………………………………………………………………………6

**Прв дел**

1.Поимот глобализација………………………………………………………………18

2. Состојбата во светот на глобално ниво ……………………..........................28

3.Социо-економска состојба во глобалното општество…………………………...35

4.Светските организации и глобализацијата………………………………………......43

4.1.Економски институции…………………………………………………………………45

4.2.Политички организации…………………………………………………………..55

5.Глобални градови…………………………………………………………………......60

**Втор дел**

1.Општествено политичка ситуација во Република Македонија…………………66

2.Социо-економската ситуација во Република Македонија………………………..72

3.Странските директни инвестиции во Република Македонија…………………..76

4.Градот во Македонија во услови на глобализација……………………………. 81

5.Процесот на транзиција и приватизација во Р. Македонија. ……..... .............88

6.Сиромаштијата во Република Македонија………………………………………...94

7.Информатичкото општество во Република Македонија………………………...99

**Трет дел**

1.Методологија на трудот.......................................................................................105

1.1.Цели и задачи на истражувањето……………………………………………105

1.2.Хипотези……………………………………………………………………………..106

1.3.Методи и техники…………………………………………………………………..108

1.4.Примерок…………………………………………………………………………….109

2.Економијата во Република Македонија

2.1.Еконимијата и економската сигурност во Република Македонија…………. 110

2.1.1.Економската сигурност во Република Македонија…………………………. 115

2.2.Животниот стандард на населението во услови на општествени промени 119

2.3. Ставови за животниот стандард во Република Македонија ………............ 125

2.4.Улогата на високото образование при вработувањето во услови на глобализација ........................................................................................................ 130

2.5.Ставовите на населението во Република Македонија за миграцијата на селението кон високо развиените земји во ерата на глобализација…................136

**3**. Процесот на транзиција и приватизација во Република Македонија

3.1.Процесот на транзицијата и приватизацијата во Р.Македонија....................144

3.1.1. Процесот на приватизацијата во Р.Македонија ……………………………..145

3.2.Процесот на транзиција и падот на животниот стандард…………………....148

3.3. За моделот на приватизација во Република Македонија**...................**….....151

3.4.Процесот на транзиција предизвика висока стапка на невработеност…… 155

4.Прифаќање на процесот на глобализација во Република Македонија……... 162

4.1. Влијанието на образованието на поединецот за прифаќање на процесот на глобализација………………………………………………………………........................ 167

4.2.Односот на населението од урбани средини кон процесот на глобализација174

4.3. Улогата на масовните медиуми во процесот на глобализација ……..............179
4.4. Слоевата припадност и прифаќањето на глобализацијата ..........……….....185
4.5.Генерациската припадност и прифаќањето на глобализацијата………….......191
5. Влијанието на процесот на глобализација во Република Македонија………......197
5.1. Процесот на глобализација и цивилното општество..............………………......198
5.2.Процесот на глобализација и малите земји………………………………….........204
5.3.Процесот на глобализација и општественото раслојување……………………....210
5.4. Современата технологија и вработувањето……………………………………......217
5.5.Глобалните вредности и македонското општество…………………………......223
5.6.Процесот на глобализација и привилегиите од неа……………………………......229
5.7. Улогата на малите економии во услови на глобализација …………………....234
5.8.Интеграција на процесот на глобализација во општеството…………………....239
5.9.Процесот на глобализација и промените во средното образование во Република Македонија…………………………………………… ................................244
5.10.Процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование во Република Македонија……………..............................250
5.11. Стручно образование и процесот на глобализација ………………… …....254
5.12.Процесот на глобализација и образовните профили…………………………....259
5.13.Општествено стопанската еволуција и изборот на професии од техничките науки…………………………………………………………..............................................263
**6**.Меѓународните економски организации и домашната економија....................268
6.1.Меѓународните економски организации и домашната економија

и стопаснтво...................................................................................... 268

6.2. Мислењето на меѓународните организации за македонската економија .... 273

7.Меѓународните политички организации и нивните влијанија

7.1.Меѓународните политички организации и политиката на Р.Македонија..........279

8.Странските директни инвестиции во Република Македонија

8.1.Странските директни инвестиции и пазарот на трудот..................................287

8.2.Странските директни инвестииции и бруто домашниот прозивод....................293

8.3.Странските инвестиции ја поттикнуваат економијата во Р. Македонија.........298

8.4.Мултинационалните и транснационалните корпорации и економските процеси на глобализацијата..............................................................................................305

9.Македонските печатени медиуми и процесот на глобализација........................310

Заклучок.................................................................................................................314

Користена литература....... ............... ............................ ............... ....... .......... 324

ПРИЛОГ..................................................................................................................336

## Вовед

Целта на докторската дисертација е да се обиде да даде одговор на мноштвото на прашања поврзани со процесот на глобализација, а воедно и да ни понуди нејзино перцепирање, запазувајќи високо дефинирање на современото урбано општество, по прашањата поврзани со наведениот процес, значењето и улогата на меѓународните организации и нивното раководење со процесот на глобализација, како во транзициониот така и во посттранзициониот период, како и нејзините рефлексии на социо-економската ситуација во македонското општество. Стана сосема прифатлива констатацијата дека живееме во време каде што информациите и информатичката технологија, го имаат круцијалното влијание на планот на реобликување на општеството, давајќи му една пософистицирана слика на општеството во кое живееме.

Тенденцијата на еволуција на општествената мисла е составен дел на секоја дебата која се однесува за општеството. Процесот на глобализација претставува една од најактуелните теми за кои се дебатира не само во научните кругови, туку и многу пошироко, трагајќи по одговори од најразлични сфери.

Значајноста на овој процес произлегува од неговото присуство во секоја општествена сфера како и од промените што истата ги предизвикува во него. Флуидот на идејата за интеграција на светско рамниште е многу постара од она што многумина од нас би го претпоставиле. Оваа идеја често се поврзува со преминот од индустриско во постиндустриско, односно современо општество кое настанува во осумдесетиде години од минатиот век. Хронолошки следејќи ја еволутивната форма на процесот на глобализација забележуваме дека во различни историски временски периоди, луѓето присуствувале, поточно самите учествувале во креирањето и обединувањето на регионите во кои живееле, односно и тогаш се чувствувала потребата од одредена меѓузависност.

Но и покрај големиот број од научни истражувања кои го третираат сериозно проблемот на глобализација, и неговиот хетероген пристап, заедничка

на сите им е констатацијата сврзана со периодот кој може да се потенцира, за време кога доаѓа до интензивно користење на поимот на глобализација. Може да напомнеме дека тоа се седумдесетите и осумдесетите години од дваесетиот век, но гледано од еден друг пред се историски аспект сврзан со желбата за обединување на светот, истото може да го препознаеме во низа не само воени туку и верски активности, во кој контекст сосема слободно можат да се посочат освојувањата на Александар Македонски, како и појавите и опстојувањето на низа светски империи, во кој контекст би ги спомenале истражувањата и откривањето на нови континенти, но и Светски воени дејствија кои за своја примарна цел го имале освојувањето и владеењето со светот.

Подоцнежната фаза, поточно форма на глобализација ја препознаваме во формите на индустријализација, еволуирајќи до денешната форма на еден процес што значи информациона-информатичка глобализација, процес богат со својата хетерогеност но и со краткотрајност имајќи ја во вид постојаната динамичност и иновативност.

Повеќедимензионалноста на прашањето на процесот на глобализација не може да биде доведена под било какви сомнежи, без разлика на позицијата од која се перцепира прашањето, поточно дали приоѓаме од идејата на Кастелс кој своето внимание го посветува на мрежното поврзување на општеството, поточно неговиот лајт мотив при третирањето на поимот, или пак приоѓаме од дијалектиката на Бек кој трага по глобализирачки и сродни поими со истата. Воедно на истата може да се пријде со поддршката на Гиденсовите ставови во контекст на преобразувачката моќ која што глобализацијата ја има врз секојдневното општествено живеење, и застапувањата на одредени ставови сврзани со промени не само на функционалност на државите и креирање на едни нови меѓународни односи, кои во минатото се непознати, или претставувале теми на кои се пристапувало со одредена скептичност. Во овој контекст секако дека простор треба да оставиме и на размислувањата и сфаќањата на глобалните процеси гледани од една економска перспектива на Штиглиц и Шолте.

Што ни нуди глобализацијата, е прашање кое често се поставува од страна на различни општествени групи, прашање одговорено на многупати, но на различен начин што води кон будење на извесно сомневање.

Егзистирајќи во современото општество одбележано со урбаниот начин на живеење, во кој се препознаваат елементите својствени на процесот, невозможно е избегнувањето на современата стварност, во која како најзасегнати се општествата кои всушност беа ,,осудени“ или поблаго кажано приморани да го минат процесот на транзиција, како и постранзициониот период, во своевидно ,,движење“, соочувајќи се притоа со процеси, дотогаш или непознати, или несвојствени за нив. Но и покрај сè, не може да не подржиме едно становиште дека доколку ја следиме еволутивната форма на процесот, забележуваме дека во различни временски епохи, присутни се различни форми во кој светот се обединувал. Во овој контккст едно од најчесто поставуваните прашања пред сè во академските кругови е прашањето, кој е во суштина добитник од глобалните процеси, поточно дали од процесот корист имаат само индустриски развиените светски држави, мултинационалните и транснационални корпорации, а штетата од истата ја трпат малите нации-држави и нивните стопанства. Воедно дали истата претставува тивка војна на големите против малите, а со единствена цел, претопување на малите нации и нивно доведување во положба на протекторат, во кој пак активна улога во својство на нивно посредување ја имаат меѓународните институции. Следното прашање на кое ќе побараме одговор е истражувањето на влијанието на глобализацијата врз социо-економскиот статус на поединците, во смисла, дали населението со овој процес почувствува подобрување или влошување на својата положба, односно дали глобализацијата има алтернатива? Во ниту еден случај, односно погрешно би било едно такво сфаќање во кое на глобализацијата би гледале како на создавање на единствен светски пазар, имајќи во вид дека во неа се инволвирани и инкорпорирани низа процеси кои фактички оневозможуваат било какво блокирање, односно инертен став од поединецот или групата. Во оваа смисла ќе го спомeнеме и Колодко кој вели:

,, Глобализацијата не претставува само создавање на еден свестки пазар од капиталистички тип. Таа исто така е своевидна игра на интересите на едно повисоко скалило, ризична и конфликтогена игра. Некои народи и земји ќе имаат корист од ова, некои помалку, а некои други, пак можат да се почувствуваат изиграни во тие големи преобразби на преломот на милениумите“ (Колодко, 2004:13).

Промените кои настануваат како последица и директен резултат на процесот на глобализација наметнуваат прашања од различни општествени сфери кои се од особено значење за современото урбано општество. Особено тоа е приоритет за главниот, економски столб во општеството, односно прашањата поврзани со националниот и глобалниот пазар како и стопанството, кои прашања најчесто се канализираат и се под ,,покровителство“ на меѓународните финансиски институции, особено на Меѓународниот монетарен фонд, Светска банка, и Светската трговска организација.

Човекот минувал, мине и ќе мине низ многу свои стравувања, својствени само за него. Војни се воделе и ќе се водат. Се стравувало од светските војни, свој страв носела и ,, студената војна“, а падот на берлинскиот ѕид означува еден период значително помирен од периодите претходно. Но ваквата глобална безбедност de facto е нарушена со нападот на светскиот трговски центар во Њу Јорк од 11 септември 2001 година, терористички напад кој означи крај на еден мирен период и почеток на период во кој тероризмот ги пушта своите пипци на секаде низ светот и претставува потенцијална закана за светскиот мир, без разлика кој се појавува како извршител. Тероризмот е ист, бидејќи значи рушење на демократијата, на мирот, и секако она примарното, создавањето на чувство на страв и несигурност кај поединецот.

Сè повеќе во светската јавност се забележуваат антиглобални движења, покренати од активисти кои пред сè, се борат против формите на спроведување на економската, еколошката и културната глобализација. Во оваа смисла вакви движења се речиси препознатливи на секој континент, а често делуваат и на

глобално ниво. Сосема здраворазумски е да се запрашаме како ние се соочуваме со надоаѓачкиот бран на гпобализација?

Истата се забележува во секоја општествена сфера, од економијата, политиката, образованието, културата па сè до екологијата. Во секој случај од консултираната литература бележиме дека во основа отсуствува заедничката визија за процесот. Генерално присутни се две спротиставени стојалишта, за и против процесот на глобализација. Дали глобализацијата можеме да ја перцепираме како волја за моќ, волја за зголемување на богатството и за диспропорција на неговата распределба, како помеѓу државите така и помеѓу поединците и групите во нив, дополнително осиромашување на сиромашните држави, или пак зголемување на богатството на веќе богатите. Ако нешто е сигурно кога се говори за процесот на глобализација тоа е мислењето дека станува збор за процес кој со различен интензитет делува во секое општество. Кога се говори за процесот на глобализација во Европа, за земјите од поранешниот источен блок, но и за постсоцијалистичките земји од балканот не би биле целосно согледани доколку е изоставен процесот на транзиција со кој беа соочени, а кој остави видлив деценски белег.

Државите од овој дел на Европа, во периодот на транзиција преземаа видни промени не само во економијата туку и во политичкото живеење, во кој контекст планираната економија се замени со пазарна, а монопартискиот систем беше заменет со мултипартиски политички систем. Ваквите промени доведоа до создавање на своевиден шок, одразувајќи се пред сè на социо-економската положба на населението, како и на долгорочната неконкурентност како на регионалниот, а да не говориме за глобалниот светски пазар. Во овој контекст треба да напомнеме дека недоволната подготвеност за така битни промени доведе до брзоплетост, а во некои земји и неумешност во поглед на избирањето на моделот на капитализам, еден од важните сегменти за самиот тек на економскиот раст.

Интегрирањето на вредностите на демократијата во посттранзициониот период воедно значеше и нивно приближување и вклучување во меѓународните

глобални институции, кои го имаат главниот збор во креирањето на картата на глобалниот развој. Демократијата е една од базичните вредности на современото општество, што значи дека истата е инволвирана и во еден од сегментите на глобалните процеси. Приватниот сектор, особено олигарсите ги користат привилегиите и придобивките од процесот на глобализација. Тоа исто важи и за мултинационалните корпорации, кои фактички се носители на економскиот раст, особено ако се имаат во вид нивните финансиски можности односно капиталот, кој сам по себе ја отвора можноста да влијаат не само во светски рамки, туку и во креирањето на политиката на помалите земји кои во грч се борат со својот опстанок.

Менувањето на економскиот и политичкиот систем условно во ȏд, како и немањето на соодветна легислатива за низа процеси особено за процесот сврзан со приватизацијата, придонесе за појавата на група на богати луѓе кои профитираа од спомнатата ситуација.

Во актуелниов момент, странските инвестиции претставуваат клучна можност за дополнување на празнината својствена за постранзиционите стопанства и домашните економии.

Дали колонизацијата и глобализацијата можат да се поистоветат?

Ваквото прашање несомено предизвикува внимание, во кој контекст базично анализирајќи ги двата процеси, се отсликува основната цел, окрупнување и „обединување". Па оттаму и не е случајно што некои теоретичари, пред сè од земјите од Третиот свет, во глобализацијата не гледаат ништо ново освен името, имајќи во вид дека поимот е ист, или премногу сличен со терминот колонизација. Борбата или поточно желбата од формирање на еден светски систем, а без постоење на светска влада логично го поставува прашањето, за долгорочноста од функционирање на процесот каков што е глобализацијата, односно кој ја има контролата над сè што се случува во светот, а што мрежно е поврзано во сите општествени сфери?

Општо е познато, барем по искажувања на објективните научни средини дека глобализацијата е водена од страна на економско најразвиените земји, како и меѓународно афирмираните фондови, банки и мултинационални компании. Од цивилизациска гледна точка, глобализацијата предизвика низа промени во урбаното живеење, креирајќи нов вид на култура, честопати испреплетена со старата, создавајќи на моменти своевидни хибриди. Дискутирајќи за појавата, како за составен дел на современото општество, истата ја перцепираме на глобално рамниште од макро ниво, иако ефектите често се ефектуираат и на микро ниво.

Социјалните и економските проблеми кои настанаа во западната глобална цивилизација се предизвикани од економската колонизација на Третиот свет. Проширувањето на западната глобална цивилизација, врши промени во начинот на живеење, работа и производство. Денес сме сведоци на живеење во свет, во кој најголемиот дел на прашања имаат таква сериозност на поширок план, поради што и барањето на решение мора да се третира на повисоко глобално рамниште, без оглед дали станува збор за проблем од економска, политичка, безбедносна или еколошка природа. Со самото тоа, ваквото глобално општество ја афирмира потребата од влијателни и објективни светски организации кои би направиле своевидни чекори не само на планот на креирање на глобалната политика, туку и за решавање на проблеми кои ги надминуваат локалните рамки. Треба на глобализацијата секогаш да и се приоѓа со доза на резерва во контекст на опасноста што истата може да ја предизвика особено во културни рамки, а сврзана со евентуалната амбиција за наметнување на униформност во низа општествени сегменти. Низ литературата, најчести термини кои се употребуваат со цел појаснување на униформноста, се поимите на ,,американизација“ и ,,европеизација“. Воедно глобализацијата овозможува проширување на процесите на мултинационализација и транснационализација. Негативностите на глобализацијата може да ги отсликаме во дополнителното раслојување на населението, како и во афирмирање на економската диспропорција.

Самиот технолошки напредок особено во доменот на информатичката технологија, најчесто спонтано, но особено со помош на рекламата, широко ја

отвора можноста за прифаќање на вредностите и трендот на високо развиените економски општества, во контекст на што, ваквото прифаќање на глобалните вредности на модерното, од глобалната цивилизација, нескриено би значело согласност за одредена хомогенизација, пред сè во доменот на културата, начинот на живеење, спонтано прифатен преку восприемањето на англиската и американската култура, музика, филм и слично, кои станаа составен дел на секојдневното живеење, особено за богатиот и средниот општествен слој.

Со еден збор ваквото темпо од технолошки иновации, особено на полето на информатичката технологија, дополнително ја афирмира улогата на електронските и печатени медиуми. На овој начин крутата затвореност на националните држави во своите физички граници, ја изгубија својата вистинска улога.

Ширењето на глобалниот пазар придонесе за намалување на влијанието и значењето на локалниот пазар. ,,Ерата на промени“ значително го измени начинот на живот и пожелното однесување, како и улогата и местото на граѓанинот во сферата на цивилното општество. Се добива впечатокот дека јасен е одговорот во поглед на прашањето на кого му одговара развојот на идеата за глобален светски пазар. Секако дека одговорот лежи во високо развиените економии, на кои националните пазари се недоволни за својот производ. Токму една ваква неолиберална идеја се пласира од страна на моќните високо развиени земји, која идеја на поширок план, се ,,наметнува“ на малите земји, кои и онака се ,,принудени“, своите производи да ги пласираат на локалните пазари, имајќи ја во вид повеќедецениската уназаденост во поглед на технолошкиот процес на производство, како и недоволноста од брендирана роба, конкурентна и барана на светскиот пазар. Позитивно од наведеното е дека ваквите процеси доведуваат до ,,будење“ на конкурентноста на локалните национални пазари.

Дали стравуваме од глобализацијата, или можеме ли без неа?

Одговорот на ова прашање зависи од интересот кој се очекува од процесот, имено дали се има одреден бенефит од него или не. Меѓународните

организации играат една од клучните улоги во реализација и ,,наметнување" на процесите во кои лежат одговорите на сите прашања со кои се соочуваат земјите од Третиот свет, како и посттранзиционите земји. Денешната слика на испреплетеност на локалното со глобалното, па ако сакаме и создавање на глокалното, само до пред неколку децении беше нешто незамисливо, доближено до рамки на илузорност.

Карактеристично за сите постсоцијалистички земји, во кој контекст и на Република Македонија, е сооченоста со значително влошената економска состојба на самиот почеток на транзицијата, која сама по себе ги поттикнуваше промените, означувајќи го на свој начин крајот на еден тоталитарен општествен систем, на кој главни белези му беа нерационалната планирана економија, и еднопартискиот недемократски систем, кој подоцна еволуира во систем на пазарна економија и мултипартиски демократски политички систем. Треба да имаме во вид дека настанатите промени во политичката сфера, се отсликаа и во начинот на креирање на надворешната политика, која особено се рефлектираше по условно кажано ,, симнувањето на железната завеса", со што се отвори патот кон западното и пред сѐ либерално сфаќање на капиталистичкиот свет.

Се приоѓа кон нов општествен период, во кој новоформираните политички елити, (оформени во најголем дел од поранешни политичари или државни раководители) ја имаа привилегијата да ,,работат на воспоставување на демократијата", за која во прв момент се немало добро конструирана визија. Гледајќи од една временска дистанца, лидерите на повеќето земји во транзиција ги втурнаа своите земји во многу подлабоки економски кризи, слушајќи ги советите од меѓународните институции сврзани со брзата либерализација, што значеа и прифаќање на елементи од Вашинктонскиот консензус. Ваквите модели се прикажаа како погрешни, и многу од земјите благовремено ги отфрлија истите, продолжувајќи по сопствен пат.

Но реалноста говори нешто друго. Имено дека добар дел од општествените претпријатија се приватизирани по многу ниски цени, често и во отсуство на тендери при нивната продажба. При продажбата на државните фирми

се приоѓа селективно, губејќи ја на тој начин атрактивноста за побарување и слично. Доколку и се пристапува кон купување, честа појава е намалувањето на бројот на вработени, особено на таканаречените гиганти, а за жал дел остануваат непродадени и претставуваат своевиден терет на општеството. Сето ова се рефлектира во неколку сегменти, меѓусебно поврзани во ланецот сочинет од зголемената невработеност, сиромаштијата и бесперспективноста која со брзина на светлоста води кон социјална исклученост. Гледајќи од одредена временска дистанца, станува збор за сериозни грешки, кои доколку не би се направиле Република Македонија би имала подобар, не само економски туку и политички развој. Кога ова го говориме мислиме на грешките направени на политички план, во контекст на меѓународната политика, рефлектирани во билетералната политика, пред сѐ во прифаќањето на референцата ПЈРМ(FYROM), и промената на знамето под притисок на јужниот сосед, што се покажа како битна грешка во правец на попречувањето на нашето интегрирање во ЕУ и НАТО.

На самиот почеток општествата соочени со транзиционите процеси се најдоа пред голем предизвик, што во исто време буди и несигурност. Имено сосема беа свесни за својата неконкурентност во сферата на економијата, како и губењето на пазарите, и намаленото производство што секако претставуваше лош предзнак, пред отворениот предизвик што значи светскиот пазар и либерализацијата на границите, што веднаш барем на почетокот значеше своевиден пораз пред налетот на мултинационалните и транснационални корпорации. Но од друга страна предност, односно придобивка од ваквиот развој на глобализациските и транзиционите процеси, имаа мал број на граѓани кој во истите процеси ја гледаа можноста да дојдат до брендирана стока од широк спектар, како и до побрзо доаѓање до информации, и комуникации со светот, што несомнено го овозможува современото мрежно општество. Разбирливо е дека и двата горенаведени процеси не можат во краток временски период да направат вистински бум во приближување на транзиционите земји до веќе со децении афирмираните современи капиталистички општества, но својата цел може да се каже веќе ја има остварено, односно постигнато со соодветна еволуција со која видливо барем во некои сегменти се намали нивната разлика.

Покрај честата фраза дека глобализацијата води кон ,,униформност“, сепак се почести се размислувањата, кои ваквото сфаќање го земаат со резерва. Умешноста да се земе позитивното од некој процес, и да се вгради во локалното или националното во исто време не значи униформност, имајќи во вид дека во последно време покрај САД, која се смета за главен пропагатор, на сѐ што е ново и прифатливо, се јавуваат и други економски развиени сили подготвени да го преземат тој примат.

Во овој контекст би го спомнале и искажувањето на Колодко кој вели:

,,Сепак глобализацијата не форсира униформирање на системските решенија и водење на политика, барем сеуште нѐ во оваа фаза на развојот. Владите и понатаму имаат огромно поле за докажување и реалното поле на нивната слобода во донесувањето на сосема суверени одлуки за многу животни прашања некогаш ги надминува можностите на нивното успешно дејствување“(Колодко, 2004:90).

Видно е дека во дадениов момент, без оглед на масовноста на глобализациските промени, истата ја нема таа моќ да врши унификација на политиката, имајќи во вид дека националната држава и влада има висок авторитет при донесување на битни одлуки. Такашто отворено е прашањето за можноста за универзализмот кој можеби е еден од постулатите на глобализацијата, ако знаеме дека за тоа е потребно ракатка од унифицирани вредности како што се економските, културните, образовните, историските и политичките, гледани на глобално ниво. Кога ова гледиште би го симнале на пониско ниво, поточно кога би го опсервирале од локален аспект, истото би не довело до становиште дека и регионализмот има свое место во афирмирањето на процесот, ако се гледаат неговите вредности и цели, сметајќи ја за значајна алка во креирањето на единствениот светски пазар, преку регионална соработка и географското поврзување.

,,Глобализацијата нема шанси за целосен успех, бидејќи нема шанси за политичка поддршка на светската заедница (бидејќи сеуште не е општество), доколку каналите на редистрибуцијата дејствуваат како досега. Неопходни се

светски институции и светска политика и стратегии, коишто ќе го корегираат начинот на распределба на глобалниот производ, оформен во досегашниот историски процес"(Колодко, 2004:107-108).

Треба да се има во вид дека во дадениов момент, а ни во иднина не може да се говори за било каква форма на егзистенција на светска влада. Светот не е единствен, толку е разновиден и недоволно хомогенизиран, но со самата зголеменост на комуникации ја наметнува потребата од дополнително соодветно институционализирање.

Секоја епоха сама по себе покренува одредени прашања по кои ќе биде одбележана, или ќе покрене теми кои ќе остават свој белег и по кое ќе биде запаметена. Оваа епоха на брзи промени, можеби ќе биде запомнена токму по прашањето на идентитетот, тесно поврзан и со национализмот кој во некои региони е значително експониран. Кога се говори за идентитет не е можно да не се истакне искажувањето на Кастелс, во контекст на дефинирањето на проблемот. Имено тој вели:

,, Под идентитетот, ако се однесува на општествените актери подразбирам процес на создавање на смисла на темелите на културниот атрибут или сродната низа на културни атрибути на кои е дадена предност во однос кон другите извори на смисла" (Castells, 2002:16).

Кога би говореле за индивидуалниот идентитет, разбирливо е дека Јас како поединец можам истовремено да се појавам како носител на повеќе улоги, но за истото одлучувам токму јас, а не некој друг, освем во ситуации доколку самиот не одлучам поинаку. Индивидуализмот на свој начин е базичната примеса на современото урбано општество преку кое се креира и создава заедничкиот културен идентитет.

Кога говориме за современото општество тоа познава повеќе гледишта за идентитет разликувајќи при тоа: личен, семеен или идентитет на група, идентитет на работна организација или пак на идентитет на просторот, на глобалниот град.

Современото општество тежнее за ширење на вредностите на либералната демократија. Истата претставува една од базичните и универзални вредности на процесот на глобализација. Но и покрај вредностите што ги прокламира, светот живее со видлива нееднаквост. Клучна вредност за сите досегашни општества, останува работата, но од друга страна општеството е најсложениот социјален систем составен од еволутивни елементи, кои минуваат низ своевидни циклуси. Во овој миг би поставил едно отворено прашање, на кој би дал отворен правец, имено дали во процесот за кој говориме и истражуваме стои успешна бајка? Можеби би одговориле со да, доколку нејзиниот лајт мотив е процесот на демократија, во кој контекст сфатен и космополитизмот како една од базичните алки, имајќи во вид дека токму пацифизмот, хедонизмот и космополитизмот треба да претставуваат вистински двигатели на процесот. Од друга страна глобалното општество живее под закана од тероризам, без разлики од кои средини истиот доаѓа, иако во моментов најекспониран е муслиманскиот фундаментализам и радикализам како единствени противници на отвореното глобално општество. Разлики постојат во секоја поодделна држава на светско рамниште, ова е свет полн со противречности, свет кој е далеку од целосно извршена хомогенизација на населението во смисла на нивната култура, религиозно убедување и вообичаениот начин на живеење. А прашањето кое си го поставува секој од нас кој се бави со наведенава проблематика е дали може да се очекува еден универзален свет, прифатлив за сите нас во една вака хетерогена средина.

## Прв дел

### 1.Поимот глобализација

Во седумдесетите години на XX-век во општеството настанаа значајни промени како на политички, така и на економски план, за кои се позачестено пред сè во научните средини почна да се употребува поимот глобализација, во кои беа имплементирани сите промени во современото општество. За проучувањето на овој процес во насока на констатирање не само на придобивките од него, туку и за недостатоците кои истиот ги носи, како неминовност се појавува потребата од точното поимање на глобализацијата, и нејзиното јасно дефинирање како

општествена појава. Треба да се има во вид дека научната литература е пребогата со дефиниции кои го детектираат овој поим или процес, поточно ретки се авторите кои пишувале за истиот, а при тоа тој да не биде дефиниран. Имајќи во вид дека авторите кои го дефинираат поимот поаѓаат од различни становишта, сосема оправдано наидуваме и на дефиниции кои во својата база носат различни елементи. Во суштина говориме за многу контрадикторен и нејасен поим.

При дефинирањето на поимот најголем дел од авторите приоѓаат внимателно правејќи своевидна дистинкција помеѓу современата како и историската глобализација. Имено станува збор за слични активности но кои разбирливо имаат различен интензитет и моќ. Од друга страна се користат ракатка од фрази кои во суштина говорат за призмата од која се приоѓа, такашто поединци говорат за економска, културна, политичка, општествена, безбедносна или еколошка глобализација. Дека во третирањето на одредени појави во општеството нема исклучоци, говори и дефинирањето на појавите кое доведувало до различен сплет од сфаќања и размислување по истите. Ова пред сè се однесува при третирањето особено на нови појави. Како што напомнавме погоре има безброј дефиниции за глобализацијата, кои сепак овозможуваат одредени групирања, особено ако се појде од критериумот на теоретскиот правец на кој припаѓаат. Така може да говориме за дефиниции на глобалисти, скептици или трансформисти. Во дел од дефинициите се бележи низа на заеднички карактеристики, кои укажуваат на одредена универзалност, но во дел наидуваме на суштински разлики.

При проучувањето на поимот во неговата длабинска анализа ќе ги анализираме и дефинициите кои за неа ни ги нудат Кастелс, Бек, Вотерс, Гиденс, Колодко, Сол, Бејлис, Штиглиц, Шолте, Хелд и Мејгру.

Шолте за глобализацијата вели: ,, Глобализацијата е опишана како посебен тип на универзализација, каде што општествените структури на модерноста (капитализмот-индустријализмот, рационализмот, урбанизмот, индивидуализмот и тн) се распространети на целото човештво, во исто време уништувајќи ги претходно постоечките култури и локални посебности автономии“ (Шолте , 2008:89).

Анализата ќе ја продолжиме со дефинирањето на проблемот на глобализација на Бек, кој длабински приоѓа на терминологијата поврзана со процесот, појаснувајќи при тоа што нуди дихотомијата во самата терминологија. Бек се обидува да ги долови покрај глобализацијата и поимите глобалност и глобализам што воедно упатува и на нивно различно толкување. Вака третираниот поим само ни сугерила дека на глобализацијата и приоѓа од песимистичка перспектива што е честа карактеристика за современите урбани општества, па оттаму може да ја етикетираме и како антиглобалистичка, со самото тоа што упатува на зголемената невработеност, и покрај егзистирањето на заедничките пазари, државната благосостојба и присуството на демократијата. И покрај тоа што е тешко во современото општество да се застапуваат антиглобалистички ставови, сепак постои еден поголем спектар на теми и проблеми кои значително ја потемнуваат сликата на прогресот, и не опоменуваат дека не е сѐ така бело во глобализациските процеси. Тука секако дека спаѓаат темите со климатските промени, киселите дождови, тешките заразни болести, сиромаштијата како и организираниот криминал и тероризмот. При една ваква констелација и антиглобалистичките активности отвораат можности за повремено кажување нѐ, на она што значи опасност од глобални размери.

Во овој контекст Бек вели: ,, Под глобализам подразбирам кога светскиот пазар го елимира или отстранува политичкиот чин-тоа е идеологија на правилото на светскиот пазар, идеологија на неолиберализмот“ (Бек , 2003:14).

Бек е целосно свесен, дека глобализацијата ја има таа моќ, од која никој,, не можеше да се заштити“. Тоа укажува дека на неа треба да се пристапува само од позиции кои би можеле да се оценат како позитивни, гледано од свој аспект.

Во оваа смисла Бек укажува дека ,,глобализацијата означува процеси преку кои независните национални држави се испрекинати и поткопани од транснационалните учесници, со различни видови на моќ, насока, идентитети и мрежи“ (Бек 2003:16).

Бек преку начинот на дефинирањето на поимот ни појаснува дека истиот во преден план го имал исполнувањето на основниот предуслов за јасно дефинирање на поимот.

,, Глобализацијата претставува историски процес кој ја трансформира просторната организација на општествените релации и трансакции, генерирајќи трансконтинентални или интеррегионални мрежи на интеракција и експертиза на власта" (Хелд &Мејгру , 2010:2).

Гледано од евулутивна перспектива процесот на глобализација има транзитирано низ повеќе различни модели, кои на моменти се карактеризираат со особини својствени за времето, а од кое зависел и самиот интензитет и влијание на воспоставување на односите во општеството.

Бејлис при дефинирањето на глобализацијата ги анализира базичните карактеристики на процесот. При тоа вели: ,,Под глобализација едноставно го подразбираме процесот на зголемена меѓусебна поврзаност на општествата така што настаните од едниот крај на светот се повеќе влијаат врз луѓето и општествата што се далеку" (Бејлис и др, 2009 :8).

Современите општества се урбани и глобални, и истите се карактеризираат со мрежна поврзаност, а начинот на живеење е речиси невозможен без исполнување на барањата за благовремена и брза информација, што во секој случај е достапна, имајќи ги во вид не само Интернет можностите, туку и глобалните електронски и печатени медиуми.

Токму и размислувањата на Кастелс се насочени најмногу кон проучувањето и значењето што само по себе го носи мрежното поврзување, а воедно и што значи технологијата за брзите промени во општеството, а во тој контекст и на глобализацијата. Во оваа смисла вели дека ,, Глобализацијата и информационализмот кои воспоставија мрежа од богатство, технологија и моќ го преобразија нашиот свет. Тие го зголемија нашиот производен капацитет, културна креативност и комуникациски можности"(Castells, 2002:77).

Разбирливо е дека брзиот наплив на информатичката технологија, придонесува за формирање на нов сооднос во современото општество. Такашто еден дел во целост ја поддржува, додека друг дел континуирано се нејзини противници, изнаогајќи најразлични оправдувања за нивниот став. Како што веќе напомнавме таа нивна ,,борба“ има широк дијапазон, но пред сè, се посветува на решавање на проблеми во контекст на заштита на животната околина, борбата за човекови права и демократија, борбата против сиромаштија и слично. Но во секој случај главниот момент за нивната активност е заштита на планетата Земја, пред сè од човекот.

Вотерс при дефинирањето на глобализацијата приоѓа низ призма на времето, поврзувајќи го истото со соодветните географски и културни карактеристики. Разбирливо е што процесот, како предмет на интерес е навлезен во речиси сите научни дисциплини, но сепак приматот им припаѓа на општествените науки. Во оваа смисла на социологијата како наука и остана можеби и најодговорната задача да ја изгради ,,конекцијата“ на процесот во целото општество, проучувајќи ги притоа воспоставените врски но и базичните, и темелните вредности во општествената сфера на човековото живеење.

Вотерс глобализацијата ја дефинира ,, како општествен процес во кој географските ограничувања во поглед на општествените и културните односи исчезнуваат и во кој луѓето се повеќе стануваат свесни дека нив ги снемува“ (Вотерс , 2003:14).

Треба да се напомне дека дел од научната јавност многупати го оспорува моделот на глобализација пред сè поради сличноста што ја има со процесот на модернизација, а се појваува со цел да го оправда проширувањето на западната, американска култура, но и капиталистичкиот модел на општество.

За да го појасниме наведениов феномен мислиме дека е вистински момент да се пристапи кон презентирање на сфаќањата што Штиглиц ги има во насока на приближувањето на економската перспектива на процесот, кој низ сопствената дефиниција ја опишува економската глобализација, поточно нејзиното значење.

,,Либерализацијата, поточно отворањето кон меѓународната трговија, особено за економско послабите земји значи пред сѐ една од исклучиво ретките можности за отпочнување на своевиден еволутивен развој, што би овозможил барем приближно доближување до високо развиените земји во моментов екстремно доминантни во споредба со ,,конкурентите". Процесот и во овој сегмент ја афирмира зголемената комуникација, но и ги отвора ,,портите" за бегство од економската изолираност. Токму моментот на изолираност е елементот на кој во дефиницијата Штиглиц обрнува внимание, имено според него: ,, глобализацијата го намали чувството на изолираност кое го има зафатено поголемиот дел од светот во развој и на многу луѓе во тие земји им дала пристап до знаење далеку над нивото на најбогатите во било која земја во светот еден век претходно"(Stiglic, 2002:18).

Често може да се поставува прашањето за ставовите кон глобализацијата на антиглобалистите, кога се има во вид, дека истите разбирливо користат придобивки од глобализацијата, пред сѐ современата информатичка технологија, односно го користат мрежното поврзување. Дали станува збор за заслепеност, или пак истите клучно се определуваат за сегменти од одредени појави кои исто така можат да имаат негативни последици или по индивидуата, или пак по единствената Земја.

,,Глобализацијата е подрачје на кое се одигруваат некои од нашите главни општествени конфликти-вклучувајќи ги и оние околу темелните вредности. Конфликтот околу улогата на државата и пазарот е еден од најважните такви конфликти"(Stiglitz, 2009:14).

Искуството како и научните дебати ни ја отвораат можноста да се согласиме, односно да изградиме став дека постојат повеќе модели на капитализам. Самото тоа укажува на ист таков број на управување со стопанските текови. Од друга страна оправдани се ставовите на антиглобалистите кога велат дека глобализацијата не е корисна кога за цел има наметнување на вредности, а уште повеќе кога истата влијае на нарушување на животната средина и зголемување на нееднаквоста.

Забележуваме дека Гиденс при дефинирањето на поимот приоѓа од социолошка перспектива на третирање на оваа современа општествена појава, па оттаму рамно е на заблуда, доколку би граделе став дека глобализацијата се однесува само за големите општествени политичи и економски системи, во сите општествени сфери.

,,Глобализацијата значи, е комплекс од процеси, а не само еден процес.Тие процеси оперираат противречно или опозициски. Повеќето луѓе размислуваат за глобализацијата како просто „извлекување" на моќта  или на влијанието од локалните заедници и нации и нејзиното префрлање на глобалната арена" (Гиденс, 2003:11-12).

Од друга страна спротивставени се и размислите околу улогата и значењето на државата, во смисла на нејзино јакнење или слабеење. Видливо е дека државата спротивно на некои автори, не се приближува кон својот крај, таа сеуште е во ,,кондиција" со тенденција за свое зајакнување на планот на политички но и економски ингеренции. Но и покрај сè во моментов особено економски послабите држави своето опстојување го продолжуваат и со дополнителните и реални ингеренции, но сепак таа е последната алка која го кажува последниот збор во поглед на прифаќањето или отфрлање на одреден став или препорака. Во овој контекст треба да потенцираме уште еден момент, но сега во спротивна насока, имено кога реално одреден проблем не би можел локално да се реши. Станува збор со проблемите од рамниште на светските економски кризи, рецесијата, глобалното затоплување, проблемот со сидата, сиромаштијата или меѓународниот тероризам, иако во одредени ситуации и тука би можеле да говориме за нивни манифестациони форми препознатливи низ карактеристиките и локалните последици.

Карактеристично е што општествата од Источна Европа и Западен Балкан процесот на транзиција не би можеле непречено и во целост да го спроведуваат без прифаќањето на одредени промени и реформи кои реално се поттикнати пред сè од глобализациските процеси. Во таа насока сметаме дека е оправдан коментарот на Колодко кој вели дека ,, Глобализацијата не претставува само

создавање на еден светски пазар од капиталистички тип. Тоа е исто така и игра на интереси на едно повисоко скалило, ризична и конфликтогена игра. Некои народи и земји ќе имаат корист од ова, некои помалку, а некои други, да се почувствуваат изиграни во тие големи преобразби на преломот на милениумите“ (Колодко, 2004:13).

Реално е дека поаѓајки од психологијата на самата личност, секој поединец или група прифаќа одредена промена само доколку во неа гледа подобрување на состојбата на себе самиот, како и на општеството во кое живее. Имајќи го во вид овој став, само позитивно креираните транзициони промени во кој се инволвирани и глобализациските процеси се клучните моменти за успех на пост-социјалистичките општества. Секако позитивно треба да се гледа на прифаќањето на пазарното стопанство, кој во секој случај го поттикнува порастот на ефикасноста и конкурентноста. Ерата на современоста ја дава можноста за брзо минување низ мноштво од настани кои се како скалила кои ги раздвојуваат различните временски епохи. Во даден момент може да се говори и за појава на повремен општествен вакуум, чии хаотични форми, оптоварени со најразлични спектри од мрежни форми, би можеле да доведат и до контрадикторни и противречни тенденции.

Многу често пред себе, знаеме да си го поставиме прашањето што подразбира глобализацијата? Истата често пати може да не донесе до одредена замка, тоа можеби се должи и на некоја схоластичка замка особено доколку се има во вид коментарот што го има формулирано британскиот либерал Џон Морли кој вели: „Ако сакаме излитена фраза, ништо подобро од дефиниција“(Sol,2011:11).

Појдувајќи од претпоставката дека човекот е свесно битие и самиот е вклучен во градењето на својот став, истиот ја има таа можност на моменти да прифаќа одредени идеи, замисли или тенденции, а во зависност од моменталниот интерес или стратегија го менува не само својот туку и поширокиот интерес.

Повеќепати до сега истакнавме дека глобализацијата во себе содржи лепеза од процеси кои како делти се влеваат во општествата, па оттаму под неа не би требало да се подразбере само интернационализмот и неговата економија имајќи во вид дека на истиот процес припаѓа и техничко технолошкиот напредок, придобивките но и последиците од него.

Говорејќи за идеата на глобализацијата Џон Ралстон Сол вели дека тоа би било ,, ... неизбежен вид интернационализам во кој цивилизацијата се реформира од перспектива на економското водство. Тоа водство не потекнува од луѓето туку од силите на својствената економија на дело; т.е. на пазарниот простор (Sol, 2011:27).

Намалувањето на трошоците овозможено од забрзаната комуникација донесоа до забрзување на интеграцијата и глобализирачките процеси и тенденции.

Секако дека заслужува внимание и мислењето на Ентони Гиденс, кој смета дека ,,глобализацијата го трансформира секој дел од општеството, политиката и економијата“ (Sol, 2011:27).

Повеќето научници во глобализацијата гледаат визија за своевидна светска интеграција, но за такво збиднување не е доволно само време и желбата на сите. Во неа се препознатливи голем број на противречности, па оттаму една таква идеа се бележи како тешко остварлива. Воедно точен е податокот дека капитализмот барем во моментов нема противник па оттаму, успева со ,, видлива и горделва безгрижност“ да го освојува светот, чекор по чекор.

Томас Фридман, кој е еден од поистакнатите колумнисти на Њујорк Тајмс, дефинирајќи го процесот, во него ја гледа ,, неизбежната интеграција на пазарите на (националните) држави и технологии во досега невидена мера. ( Sol, 2011:28)

Во оваа смисла постојат автори кои сметаат дека владите, особено на помалите земји ја имаат изгубено контролата над управувачките врвови на националната економија, а со тоа и способноста да го креираат економскиот развој, но и да остваруваат своевидна заштита како на личниот суверенитет на

државата, што воедно ја опфаќа и заштита на националниот идентитет. Во овој контекст особено со своите размислувања се истакнува ДаниелЈергон еден од поистакнатите американски коментатори.

Размислите за глобализацијата се зависни и од позицијата од која на истата се гледа. Тука се добива еден впечаток дека токму најкритични ставови, се сврзани со третирање на процесите кои се движат, во насока од која се очитува дека сѐ се врти околу создавање на глобалните финансиски пазари кои за жал често се остварува и без контрола, или пак истата е, минорна, а повеќе од очигледен и препознатливив е привилигираниот третман на мулти националните компании, кои што често имаат огромна доминација над економиите на многу земји во развој. Еден од најголемите заговорници на овој план е Џорџ Сорос.

Јас глобализацијата ја дефинирам и ја поистоветувам со современото општество, такашто под поимот глобализација подразбирам спектар од интегрирачки системски процеси кои се одвиваат во секоја сфера на живеењето, и истиот го поистоветувам со современиот начин на живеење во кој се инкорпорирани сите технолошко- информатички достигнувања.

Толкувајќи ја временската перспектива на глобализацијата, се мисли пред сѐ на евулутивниот карактер на процесот кој преку еволуцијата на општеството ја определува формата и моделот на глобализација во кој се наоѓа општеството. Секако дека истата се движи во одредени рамки такашто при нејзиното опфаќање секоја научна дисциплина движејќи се во одредени граници, гради сопствен модел.

Како што напомнавме секоја дисциплина од свое стојалиште ја истражува глобализацијата, но приоритет и најголем интерес посветен е на економијата низ сет на појави во кој најпримамливи се трговијата, банкарството и слично; политиката која го истражува мирот, војната или власта, како и владиниот и невладиниот сектор, а социологијата ја има таа можност како ,, цар на општествените науки“ да седи на врвот на пирамидата и од висини со добра прегледност да ,,ги надгледува заедниците, класите и нациите“. Со еден збор

може да потенцираме дека станува збор за процес кој во основа може да се детектира, кога истиот е започнат, но би било крајно смело да се предвиди понатамошниот тек во смисла на нејзината еволутивност.

Се поставува прашањето дали по подолго време би можеле да говориме за нешто што општеството го придвижи напред, поточно кон соодветна интеграција на глобално ниво. Тоа можеби е современ тренд; можеби е теоретско предвидување базирано на макро теорија за човековиот развој (Riggs&Teune,2001:11).

## 2.Состојбата во светот на глобално ниво

Егзистенцијата на глобалното општество отвори поголем број на прашања на кои треба да се даде одговор. Се поочигледен станува впечатокот дека Меѓународните институции го имаат главниот збор во креирањето и градењето на светската политика, во кој секако дека спаѓа и давањето на соодветен правец на процесот на глобализација. Поголем број на настани во овој контекст помогнаа за афирмација на истиот, такашто сфаќањето за можноста од креирање на глобалното општество ја наметна и идејата за глобалната општествено-политичка реалност.

Од кога знаеме за светот, знаеме и за желбата за доминација и моќ, такашто воопшто не изненадува дека и глобалното општество е одбележано со борбата за власт и превласт, борба за манифестирање на моќ не само во економијата и политиката туку и во културата. Ќе се запрашаме зошто?

Токму затоа што во секоја сфера се гледа можноста за профит и доминација. Сеуште не можеме да кажеме дека општеството е ослободено од Ничеовиот интелектуален хабитус со базичната идеја волја за моќ, која не само што не исчезнува, туку со поголем интензитет е присутна, за разлика од претходните општествени модели.

Глобалната општествена стварност е одбележана не само со борбата за превласт на економскиот пазар, туку и со борбата за одржување на глобалната безбедност која по 11 Септември е под постојана закана од тероризмот. Па оттука покрај политичките, економските, културните и безбедносните прашања претставуваат своевиден интерес, кога станува збор за прашања сврзани со демократијата, човековите права за заштитата на животната средина, и останати прашања од сферата на актуелното општествено живеење.

Ако сакаме да ги доловиме почетните размислувања за градење и функционирање на едно ново и осовремено општество, истите треба да ги лоцираме во ,,разбрануваното време што го носеше биполарниот свет", или пак во чувството на страв во кој живееја луѓето во истиот. Период во кој како кули од карти остана до темел разрушен еден систем, кој долго му противречеше на капитализмот, на делот од светот кој бележеше континуиран економски раст. Но за функционирање на еден ваков систем треба да се исполнат и повеќе моменти. Покрај прифаќањето на демократијата, неминовно било и постепеното менување на низа институции и организирани форми не само на колективен туку и на индивидуален план.

Пред ерата на глобалното општество, најчесто експлатираните проблеми кои ја оптеретуваа глобалната јавност беа прашањата сврзани со блоковската поделеност помеѓу државите. Честопати истата наликуваше како борба со замислен противник, имајќи во вид дека станувашe пред сѐ збор за борба на различни идеологии кои доминираа на географски поделени региони. Од друга страна ерата на глобализација придонесе за затворање на старите горливи проблеми, но истовремено отворија нови кои дополнително, иаку парцијално го нарушуваа мирот на поширок глобален план. Во оваа смисла мислиме на прашањата сврзани со социјалната нееднаквост, социјалната исклученост, сиромаштијата, зголемувањето на јазот помеѓу богатите и сиромашните и слично, незаобиколувајќи го ни за малку проблемот од различните форми на организираниот криминал како и глобалниот тероризам. Светот подолг период немал војни од пошироки размери, но бројот на жртви во ,,условно мирниот

период“ го кажува спротивното. Во никој случај не треба да се заборави терористичкиот акт од 11 септември врз кулите близначки, што само може да ја буди свеста за зголемена национална како и глобална безбедност.

Човекот во текот на своето живеење го оформува својот став благодарејќи на искуството што го гради или што го прифаќа од други, а за кои смета дека претставуваат одреден авторитет. Во оваа смисла и ставот кон процесот на глобализација е биполарен, односно едни истиот го прифаќаат, а други делумно или целосно го отфрлаат. Но тешко дека некој може да остане индиферентен на појавата и промените кои процесот ги инфилтрира во секојдневното функционирање на современото глобално општество. Тоа е место во кое опстојуваат различни заедници, како по својата национална така и по конфесуалната припадност, претставува место на деловното функционирање на МНК и ТНК, здруженија од областа на науката и уметноста, меѓународни невладини организации како и разновидни виртуелни заедници видени од перспектива што ни ја нуди светот на технолошкиот напредок.

Секое општество опстојува со креирање на своја политика. Ова го напомнуваме од аспект што и едно глобално општество реално би можело да опстојува доколку темелите се засноваат врз една глобална политика имплементирана во секоја сфера, на чиј пиедестал секако стои демократијата. Истата не треба само да се воспостави туку и да се гаи низ времето. Тоа значи почитување на правото, човековите вредности, но и односот кон наднационалното, со еден збор афирмативноста на космополитизмот и сличните на него форми. Само на ваков начин се зголемува одговорноста, кон себе самите, кон другите на себе рамни, но и кон природата која треба да е лоцирана над сè, имајќи во вид дека само таа е вистинската база кон идноста. Чувството на постоење и водење на политика на глобално рамниште само ја зајакнува перцепцијата дека светот се повеќе наликува на едно глобално општество, масовно испреплетено со најразлични политички контакти, на многупати поставувајќи си го прашањето за евентуалните можности на меѓунродно тело, од глобално рамниште кое би можело да одговори на секој предизвик. Соработката и

третирањето на стандарди на глобално рамниште, во моментов по многу сегменти се остварува, но за одредени опции во контекст на формирање на светска Влада барем во годиниве па и деценииве што следат е далеку од реалност.

Во еден глобален свет, доаѓа до брзи промени, препознатливи во сите сегменти, но истите се најекспонирани во економијата и политиката. Се поставува прашањето, зашто би се менувала политиката, особено меѓународната, кога истата има своја традиција, препознатлива во дипломатијата, во билатералните односи и слично? Светот има поинакви проблеми од минатото, во силата не се манифестира умешноста и волјата за моќ. Сега политиката има желба да ги разграни своите демократски вредности низ целиот свет. Одредена одлука на една точка во светот има поинаква тежина во некој друг тел. Значи една ваква потреба од глобална политика е значајна пред сè од аспект на елиминирање на несакани последици, како на економски, еколошки, безбедносен или политички план.

,,Идејата за глобална политика претставува предизвик за традиционалното разграничување меѓу „домашното и меѓународното", „територијалното и над територијалното" и „внатрешното и надворешното" како вкоренети поими во конвенционалните концепции за политичкото" (Хелд &Мекругу, 2010:6).

Со еден збор политичката и економската координација во современото општество далеку ја надминува класичната формула имајќи во вид дека некој надлежности со кои суверено владееле и биле во рака на националните држави и органи, денес постапно се предаваат на институции кои го имаат својот префикс ,,над државни". Веќе со децении station наназад, поточно во современото општество, во кој демократијата ја има клучната базична вредност вниманието е насочено кон местото активноста и улогата што ја имаат, или треба да ја имаат невладините организации. Видливо е дека оние најнапредните, со богата демократска традиција веќе се етаблирани и на глобално ниво. Својата активност во најголем дел е насочена кон човековите права во насока на подигање на свеста на одредени лидери, особено кога се имаат во вид одредени зделки со мултинационални компании, во насока на влијанието при оформување на

мислењето што претставува добро и општествено пожелно. Добар дел од активноста е во правец на заштита на животната средина и други биолошки и географски аномалии што се ,,закануваат на светот"

И секако дека оправдан е одвоениот простор за улогата на мрежното поврзување во современото општество. Видлива е појавата на екстремно зачестени комуникации било реални и објективни, со лица на нас познати, било во светот на виртуелноста. Така функционира денешниот систем. Во брзината на информацијата се крие успешноста на функционирањето не само на глобалните корпорации и берзанското работење, туку и на медиумите, со еден збор на сѐ она што може да претставува натпревар со просторот и времето. Современото општество не може да се замисли без текот и самоосознавањето на новите културни вредности во светот во кој живееме. Неговиот мултикултурен карактер е повеќе од очигледен. Од друга страна појавата и развојот на информатичката технологија го има огромното значење во современото општество, играјќи ја главната улога на сцената на ,,отворениот глобален театар". На економски план, главното место отстапено е на мултинационалните компании кои со својата максимална ангажираност и креативност ги користат легислативните моменти, но и празнините во нив, како би ја имале својата стартна позиција во креирањето на условите на пазарот за производи и услуги кои самите ги нудат, со што влијаат не само на локалните економии, туку и на планот на енормното загадување, за кое за жал најчесто и не сносат соодветни санкции. Имајќи ги во вид текот и динамичноста на промените, разбирливо е што информатичката технологија претставува вистинско средство за работа без кое не може да се замисли човековото делување, од сегментот на менаџирањето и работата на големите корпорации, симнувајќи се надолу до државните институции, невладиниот и цивилниот сектор, медиумите и индивидуата како поединец.

За да појасниме што претставува технологијата од еден општествен аспект накусо би го цитирале Кастелс кој вели:

,, Под технологија подразбирам, согласно со Харви Брукс и Даниел Бел, употреба на научно знаење со цел одредување на начин за правење на нештата

на начин кој може да се репродуцира. Во информациски технологии, како и сите други, ги вбројувам конвергативниот збир на технологии од областа на микроелектрониката, информатиката (машини и софтвер), телекомуникациите /емитувањето, како и оптоелектрониkатата (Кастелс, 2005:31-32).

Разбирливо е дека напредната технологија, а особено од доменот на информатиката преку забрзаната еволуција го олеснува работењето како и функционирањето на институциите. Во овој контекст веб страните, се најбрзата комуникација особено со надворешниот свет. Воедно забрзан е процесот на производство, а значително се намалени трошоците. Ваквите погодности се однесуваат и за податоците сврзани со локација на нови пазари. Брзиот технолошки напредок особено е својствен на полето на информатичката технологија. Успешноста разбирливо не се заснова само на брзиот проток на информации. За успехот да е загарантиран потребно е и аналитичкото и правилно користење на информацијата.

Напредната технологија свој придонес дава и во здравството, особено во апаратурите со кои е овозможено полесно дијагностицирање како и откривање на нови болести дотогаш непознати.

Медиумскиот етер исполнет е со електронски и печатени медиуми кои нудат мноштво на информации од најразличен вид. Во тој контекст реално, интернетот ја има моќта на водечки глобален електронски медиум, покрај глобалните ТВ станици и глобалните печатени медиуми. Од друга страна во невладиниот сектор се повеќе се иницираат прашања кои за предмет на интерес имаат проблеми од глобално ниво, за што неминовна е појавата од мрежно поврзување со сродни организации, на кој начин самите се во улога на двигатели на општествената свест, особено за прашања од приоритетната листа на глобални проблеми.

Секако дека не треба да ја заборавиме ни улогата на технологијата, кога станува збор за менување на значењето и улогата на слободното време, особено на користењето на истото во рамки на семејството. Тука, станува збор за широк спектар од можни активности во вид на игри, што ги овозможува Интернетот, но

истиот се користи и во контекст на осознавање на проблеми и знаења за потреби во образованието. Во оваа смисла една форма на едукација станува достапна за секој поединец, без оглед на неговата оддалеченост од образовните или други форми на едукативни институции. Тука секако внимание заслужуваат и услугите на социјалните мрежи (Facebook иTwiter). Кога станува збор за глобалното општество, како за основен ,,атом“ во истото, би можеле да говориме за идентитетот. Дали истиот би требало да претрпи своевидна модификација, или би бил заменет со нов, претставува одговорна задача, но и предизвик на секое општество. Во едни вакви услови општеството се соочува со сет од подвидови на идентитети, а кои една личност во зависност од начинот на живеење, неговиот ангажман или убедување би можел да ги поседува. Прифаќањето на вредностите на глобалниот идентитет истовремено значи и одредени промени во моделот на личниот идентитет на индивидуата, националниот идентет, поточно неговото истиснување и прифаќање на глобалниот, космополитскиот идентитет, како граѓанин на светското општество. Идентитетот ја дава смислата на самите чинители, а со тоа и креирањето на процесот на индивидуализација.

Кастел во врска со идентитетот вели:

,, Под идентитет, ако се однесува на општествени актери, подразбирам процес на создавање смисла на темелот на културниот атрибут или сродна низа на културни атрибути на кои држи предност во однос на другите извори на значење“ (Castells,2002:16).

Демократизацијата на севкупните светски простори, гледани низ призма на современото општество овозможува отворање на бројни дебати, при што со својот приоритет и омасовеност се прашањата сврзани со местото и улогата на етничките групи во истото. Повикувајќи се во исто време на севкупните глобализациски простори, истите сметаат дека голем број, особено од помалите етнички групи, односно оние кои не припаѓаат на англосаксонската култура, често пати се доведуваат во ситуација најенергично да се борат за заштита на својот идентитет, плашејќи се при тоа од можност од ,,истребување“ препознатливо во процесот на асимилација, и губење на својот идентитет. Гледајќи во глобални

светски рамки глобалните процеси ја играа значајната улога во поглед на извесни демографски промени, особено сврзани со расната структура, а со која се ,,оптоварени“ старите европски држави, со вековна демократска традиција. Во нив видлива е промената на соодносот на расната структура со сè поголем број на црно население, како и припадници на исламска вероисповед во рамките на етничките групи, кои во целокупното свое постоење од своите почетоци се одликува со бело христијанско население како дел од сопствениот идентитет. Така во држави како Франција, Холандија, Германија и Кралството Велика Британија видливи се промените во структура на населението кое припаѓа на етничката група со сè поголем број на припадници на црната раса и муслиманска вероисповест. Ваквите промени предизвикаа промени во моделот на етничкиот идентитет. Во оваа конотација би можеле да се запрашаме, кои би биле карактеристиките на идентитетот на еден космополит, идентитет на условно кажано глобалниот граѓанин. Дали е реално и објективно истиот да се поистовети со идентитетот на американецот, кој разбирливо низ своевидниот микс на вековното мешање на култури, а со тоа и идентитети го креира во себе таканаречениот глобален идентитет.

Процесот својствен за културната глобализација придонесува за манифестирање на форми на одредена хомогенизација која настанува во секоја од поединечните културни модели, со самото консулмирање на вредности кои надоаѓаат од надвор. За разлика од почетоците кога сеопфатно се говорело за процесот на глобализација, често поистоветувајќи го со вестернизација или американизација, во последно време се поретко се користат истите во афирмативна смисла.

## 3.Социо-економска состојба во глобалното општество

Современата општествена стварност и покрај сериозните настојувања сеуште не успеа да дојде до одговорите на сетот на прашања поврзани со сиромаштијата, невработеноста и социјалната исклученост. Нееднаквоста на глобално ниво не само што е присутна на светската сцена, туку истата се продлабочува. Па оттаму често се говори за делби на големи и мали, на моќни и

инфериорни, со еден збор делби на сите нивоа, микро, мезо и макро. Во таа смисла говориме за соодносот на луѓето и компаниите, на компаниите и државите од еден регион, на поединечни општества и корпорации на светскиот пазар, светската економија. Да заборавиме барем за миг на благодетите, а да говориме за проблемите на процесот. Во оваа смисла процесот сеуште трага по одговорот за елиминирање и надминување на елементарните општествени проблеми, сврзани со прашањето на социјалната исклученост, а со која се соочува добар дел од населението. Слободно, а врз база на широко користената литература за наведениот проблем може да се каже дека глобализацијата не успеа да го најде решението на еден од примарните проблеми, елиминирање на сиромаштијата, туку дополнително може да кажеме, со геометриска прогресија ги продлабочи разликите помеѓу богатите и сиромашните држави, со неразвиените и оние во развој. Сосема реално е дека спроведувањето на политиката на создавање на единствен заеднички пазар оди во полза единствено на економски и технолошко развиените светски земји, кои преку активноста на мултинационалните и транснационалните корпорации, извршија проширување на своите дејности со единствена цел зголемување на профитот, користејќи ги при тоа евтината работна рака и евтините ресурси. За една компанија да го носи епитетот транснационална истата би требало да обавува дејност во повеќе од една држава, без разлика дали истата има филијали или помошни компании, а на кои не мора да се сопственици. Најчесто станува збор за вмреженост со други ТНК, помали компании или организации низ целиот свет.

Во оваа смисла Поповски појаснува дека ,, ... многу од големите претпријатија во светот всушност се транснационални корпорации и значителен дел од меѓународната трговија и друг вид на економска соработка во светот се одвива меѓу нив, и нивните странски филијали и подружници. Тие можат да се создадад по пат на гринфилд инвестиција на постојана компанија во друга земја, со портфолио инвестиција или по пат на преземање и спојување на постојани компании (Поповски, 2010:35).

Не треба воопшто да се залажуваме кога е во прашање улогата и уделот што го имаат меѓународните финансиски институции на планот на овозможување на поволни услови за креирањето на своевидни програми на МНК и ТНК во кои сакаат да инвестираат и делуваат. Може да кажеме дека истите ја имаат улогата на,, булдужер или тешка механизација“ кои работат на планот на креирање на поволни услови што ќе им овозможат видливи погодности во контекст на остварување на повисок профит. Во оваа смисла може да се развие и теза која би се движела во рамките дека и зад помошта што се добива од глобалните меѓународни организации, пред сè за развој на економијата, стои глобалниот интерес/и, а не интересите на неразвиените и замјите во развој.

Низ својот развој светот минал низ мноштво на големи економски кризи, во кои секако дека би можеле да ја вброиме и последната од 2009 година која што остави длабоки последици во речиси сите земји.

Кога говориме за глобална економија и стопанство веќе напомнавме дека истата во основа е зависна, поточно креирана и поттикнувана по пат на активностите и делувањето на низа глобални институции, фондови, банки и организации, чие значење за поедини региони и држави во даден момент може да биде непроценливо. Во овој контекст треба да напомнеме дека за разлика од денес, во минатото не се обрнувало внимание од страна на јавноста за состаноците на технократските елити по прашањата од доменот не само на економијата и стопанството туку и поширoко од општеството. Денес ваквите состаноци и одлуките кои се донесуваат на истите на многу брз начин стануваат достапни на јавноста, па оттаму често се мета, но и мотив за остварување на протести организирани од антиглобалните движења.

Во глобалната економија во најново време се дефинира и постоењето на т.н.„глобални фирми“.Тие се одликуваат со транснационалност во работата и нови форми на организација, според кои целиот свет и глобалниот пазар се нивната основна бизнис ориентација. Тие се со национално мешовити управни тела и менаџмент, многу се флексибилни и едновремено прилагодени на домашните и глобалните пазари(Поповски,2010:41).

Со брзиот тек на политички и економски промени земјите од пост социјалистичкиот режим, се обидоа, или поточно го доживеаја процесот на глобализација, како убав сон или ,,желба за која долго мечтаеле", сон или мечта доживеана во еден мал временски историски миг. Но за кус период брзо спласна своевидната еуфоричност во поглед на нерешливите наталожени проблеми и нивното повторно соочување со реалноста, препознатлива во контраверзноста што ја носи процесот на транзиција особено на економски план, често потпомогнат од ,,сугестијата и наметнатоста на некои решенија" од меѓународните финансиски институции, кои веќе се покажале за неуспешни во некои други земји.

Меѓународната трговија и нејзиното интензивирање претставуваше чекор кон креирање на глобалниот пазар. Глобалното општество, пред сè потпомогнато со либерализација на пазарот, овозможи висок степен на развој, благодарејќи на надминување на изолацијата на било која земја, односно своевидно интегрирање. Отворениот пазар секако е предност за развиените економии и стопанства кои се далеку поконкурентни, ако се имаат во вид нивните брендирани производи кои ,,се лесен магнет" за пазарите ширум светот. И покрај прокламираните цели на меѓународните финансиски институции како и на низа фондации во насока на надминување на сиромаштијата, истите не успеаа да ја победат сиромаштијата, односно да најдат соодветно решение на вака глобалниот светски проблем. Напротив сиромаштијата во некои региони дополнително се зголемува, а изненадувачки во последно време е лоцирана и во средини, во кои до неодамна за неа маргинално се говорело. Воедно барем во моментов не може да се говори за поголема урамнотеженост помеѓу високо развиениот свет и остатокот, особено во поглед на местото кое го имаат на глобалниот пазар. Поаѓајќи дека во економијата најсветол момент е профитот, сетот од глобални процеси е ,,волшебното стапче" за сопствениците на мултинационалните компании, како и на нивните менаџменти да размислуваат брзо, и креативно, а со нивното континуирано и условно кажано ,, шаховско размислување" во поглед на изнаоѓање на место за дислокација на одредени филијали и производствени погони кои би им овозможиле поголем профит. Сметаме дека нашето размислување би можело да го покрепиме и со коментар на Штиглиц кој вели:

,,Глобализацијата интензивно е остварувана преку меѓународните корпорации, кои пренесуваа, не само капитал и стока преку границите туку и технологија. Глобализацијата исто така водеше кон обновување на вниманието на одамна запоставените меѓународни меѓувладини институции“ (Stiglic, 2002:23).

Како и по многу други прашања така и кога станува збор за идејата за заеднички пазар, размислувањата се поделени, но видно е дека преовладува мислењето за неговото негативно влијание за поголемиот број на светот кои се чувствуваат за губитници од нивното формирање. Голем дел од колачот условно кажано од заедничкиот пазар, разбирливо останува во рацете на економско развиените држави, МНК и ТНК, додека со незначителна добивка, или како вистински губитници се недоволно конкурентните на пазарот, пред сè поради застарената технологија, која сама по себе раѓа производ со полош квалитет. Ваквиот развој предизвикан од глобалните економски процеси често е причина за маргинализирање или целосно запирање на одредени нерентабилни гранки. Истото претставува уште еден сегмент кој води кон понатамошно зголемување на јазот помеѓу богатите и сиромашните држави, но и на планот на зголемување на разликите помеѓу општествените слоеви внатре во самите општества. Но глобалниот пазар преку ширењето на мултинационалните и транснационалните корпорации, односно со отворањето на свои подружници во земјите во развој, овозможува нови вработувања што значи релативно намалување на стапката на невработеност. Сеуште глобалното општество, економија и стопанство не успеја да ја победи сиромаштијата, иако во начело се бори против неа.

Процесите на глобализација, како и нејзините креатори, често се мета на антиглобалните движења. Мерките во насока на светската економија се обид на нивно обединување на глобален план. Радикалните противници на процесот се во можност правилно да ги перцепираат позитивните вредности кој ги донесе со себе процесот. Водењето на било каква политика доколку претходно не е добро смислена, особено во економијата, води кон неуспех. Во оваа смисла и наметнувањето на една либерална доктрина кон земјите што видливо се

инфериорни условно  значи ,,закопување“ на многу помалите национални економии.

,, Но дури и кога не е виновен за лицемерство, Запад ја водеше глобализациската агенда, така што осигурувајќи дека тој ќе добие диспропорцијален дел од користите на штета на земјите во развој“ (Штиглиц , 2009:16).

Од сето досега кажано може да сублимираме дека илузорна е и самата помисла дека може да се говори за еднакви можности во едно светско глобално општество. Богатите секогаш се чекор понапред од инфериорните кои многу често се задоволни доколку не се нoѓаат во групите на маргинализирани земји.

,,Глобалната операција на економијата е да ги исцица фондациите на националната економија и националната држава, ослободувајќи ја субполитиката во сосема нов сооднос и со непресметливи последици“(Бек, 2003:6).

Глобалните процеси, но често и либерализацијата на помалите општества, свесно или не, нанесуваат сериозни удари на севкупниот пред сè материјален живот. Во оваа насока имплементирани се повеќе фактори кои се меѓусебно поврзани со улогата на МНК и нивните приоритети во трети земји, улогата на технологијата и мрежното поврзување, изнаоѓајќи при тоа најпогодна инфра структура.

Гледано од една друга перспектива, поточно од аспект на населението од високо развиените земји и општества, процесот на глобализација низ призмата на транснационалните и мултинационалните корпорации, овозможува нови работни места, во земјите во развој, но оттаму доаѓаат до евтини суровини како и евтина работна рака. Но последици од ваквото одвивање на работите сносат и поединци од високо развиените земји, во кои се лоцирани седиштата на МНК, во контекст на видно намалување на бројот на вработени во матичните, поради што значително се зголемува стапката на невработеност. Во овој контекст дека една иста активност не дава подеднакви резултати и во внатрешната и организациската

поставеност на одредени организации или институции ја појаснуваме со искажувањето на Бек кој вели:

,, Она што е добро за Deutsche Bank веќе подолго време не е добро за Германија. ТНК им посакуваат збогум на рамките на националните држави и одбиваат понатамошна лојалност на нивните учесници. Ова го намалува степенот на внатрешна социјална интеграција, уште повеќе бидејќи нивната основа е чисто економска (Бек ,2003:12).

Кога се говори за истражување на сегментите од општествените науки, често истите не можат да се проучуваат и да се третираат изолирано, односно сами за себе. Во оваа смисла воопшто нема да се погреши доколку взаемно се проучуваат светските политички економии, имајќи во вид дека во многу сегменти се испреплетуваат односно меѓусебно се зависни. Од социолошка гледна точка ниту политиката ниту економијата не може да ни објасни сè, пред се и поради самите контраверзи кои ги повлече економската глобализација на светско рамниште. Веќе имаме напомнато дека економската глобализација е тема на најчести теоретски истражувања. Скептиците во глобализирачката економија гледаат само обичен раст на трговијата во пошироки рамки, појава односно нешто видено во минатото, но манифестирано со значително помал интензитет. Наспроти нив, теоретичарите кои ја поддржуваат современата глобализација, движењата ги проучуваат и доживуваат како еволуција што води кон едно софистицирано и глобално општество.

,,Трансграничното производство се разви главно во производството на текстил, облека, моторни возила, кожени производи, спортска опрема, оптички производи, полупроводници и градежна опрема... кога полуготовите и готовите производи минуваат од една држава во друга тие официјално се бројат како меѓународно стопанство, па сепак тие се во рамки на една глобална компанија...."(Јан Арт Шолте во Бејлис и др,2009:457)

Сметаме дека дадовме доволно податоци за значењето на глобалниот пазар. Секако дека во него се крие или остварува можноста за зголемено

производство имајќи го во вид обезбедениот пласман. Но тоа е можност и за опстојување на брендот во една нова средина, и дислокација или нови филијали на мултинационалните компании. Со еден збор се гаи и се создава еден специфичен однос кон потрошувачката култура, иако и самите знаат да бидат свесни, дека бројот на потенцијални купувачи е значително ограничен особено во земји кои се борат со низа социо економски проблеми. Но сепак може да се каже дека целта е исполнета, ако се има во вид дека најпознатите брендови можат да се најдат, а воедно и препознаат во трговските центри во најоддалечените и најсиромашни средини. А брендот еднаш виден, лесно се помни, само се чека можност, да се дојде до него. Логоата на Shell, Виндоус (Microsoft Windows) Форд (Ford),Пежо (Peugote), и Ролекс (Rolex) се популарни брендови посакувани ширум светот. Тоа е светот на глобалното во средини на локалното на просторот на условно кажаното, единствениот светки пазар.

Во оваа смисла Шолте вели:

,,Денес бројни продавници се снабдени главно со транс гранична стока. Покрај тоа, од седумдесетите години па наваму, неколку синџири на маркети навистина станаа глобални. Примери се италјанскиот Бенетон, јапонскиот 7-Eleven, Шведската ИКЕА, британскиот Body Shop и американскиот Toys r Us. Благодарение на разните „мегабрендови" и трансгранични маркети, трговските центри во XXI век во глобална мера се глобални стоковни куќи" ( Шолте во Бејлис и др, 2009:458).

Современиот начин на живеење видно се отсликува и во трговијата, особено во сите сегменти што им ги овозможува информатичката технологија. Во овој контекст мислиме на сè позачестените појави на купување преку интернет со што значително е олеснет начинот на купување не само на брендирана роба, од било кој крај на светот и негово доставување на домашна адреса. Во оваа смисла и поседувањето на кредитни картички ја игра својата улога.

Процесите со кои беше зафатена економијата на глобално ниво претставуваа, поттикнувачки мотив за низа промени во локалните култури,

особено во начинот на однесување и живеење, односот кон идентитетот, користењето на слободно време, односот кон семејните вредности кои со невидена брзина се доближува до западната култура. Промената на системот на вредности донесе пожелност на производи од големите мултинационални и транснационални корпорации кои станаа како дел од престижниот начин на живот и потрошувачката култура.

**4.Светските организации и глобализацијата**

Современото општество разбирливо е дека битно ги видоизменува ,,правилата на игра" односно воспоставува сопствени, афирмирајќи ги притоа пред сè вредностите на меѓународната политика, економијата, стопанството и глобалната урбана култура. Токму наведеното ја зголеми потребата но и значењето не само на постоењето туку и на членувањето во меѓународните организации. Карактеристика на меѓународните организации е сврзана со нивните почетоци, па во тој контекст би истакнале дека, истите датираат во основа од првиот период, непосредно по Втората Светска Војна. Во оваа смисла приоритет бил формирањето на ОН (UN), по што следат и низа од меѓународни организации со широк спектар на меѓународно политичко и економско делување. Разбирливо е што, како што минува времето интегрираноста и меѓузависноста на државите во континуитет се зголемува, а денес, и самото ,,контролирање" на низа процеси во кој контекст и на процесот на глобализација условно е под контрола на мрежно поврзаните меѓународни организации. Треба да напомнеме дека токму меѓународната политика ја одигра клучната ролја околу креирањето и спроведувањето на општествените промени, во кој контекст мислиме на настанатите промени во меѓународната политика особено по падот на Берлинскиот ѕид, како и со ,,топењето на железната завеса" со која беше означен падот на комунизмот, дотогаш децениски вистински пандан на капиталистичкиот систем, раширен во повеќе земји на Источна Европа но и балканот, со што барем привидно се изгуби видната нетрпеливост помеѓу двата системски и политички блока. Сето ова доведе до спроведување на видливи промени настанати во културата, а кои се манифестираа со постапно преземање и интегрирање на

вредностите од западната, се разбира пред сè од американската, во култури што разбирливо не припаѓаат на овој културен модел, и за нив беа страни, туѓи и значително неразбирливи.

Во поглавјето што следи ќе направиме обид да ја доловиме улогата на дел од меѓнародните институции, од аспект што би можеле да очекуваме од истите како на индивидуален така и на национален план, но и за посредничката улога што ја имаат при решавање на проблеми од најразличен делокруг. Гледано од еден поширок општествен, па ако сакаме и социолошки аспект, повеќе од јасно е дека никој не може да живее ( барем на поголем временски интервал) во изолираност од било која форма, што веднаш ни го дава и одговорот дека интегрирањето пред сè во најзначајните меѓународните организации е фактички предуслов но и вистинскиот излезен пат кон развојот и демократијата особено на неразвиените и земјите во развој.

**Невладиниот сектор (NGO)** игра заначајна улога во ерата на глобализација. Една од нивните активности е насочена и кон решавањето на светските глобални проблеми, но секако за свој приоритети ги имаат прашањата од еколошка природа, глобалното затоплување, заштитата на животната средина, болестите со смртоносни последици, како АИДС, проблемот со гладта, заштита на децата и демократијата, одејќи до активностите сврзани со заштита од глобалниот тероризам.во самите нивни активности се истакнуваат и низа позитивни аспекти на глобализацијата особено интензивната комуникација помеѓу луѓето од различни средини, но и подигањето на свеста на глобално ниво, особено за круцијалните еколошки проблеми. Во оваа смисла постојат огромен број на невладини организации, а меѓу најекспонираните секако е GrienPeess.

Од друга страна потребата за обединување на Европа не само во институционална туку и во економска и стопанска смисла ја наметна потребата за интеграција особено на економски најразвиените, што значеше формирање на ЕУ. Европизацијата во одредена смисла значеше и создавање на европските региони. Отпочнувањето на процесот на регионизација одигра значајна улога во европизацијата и глобаизацијата. Во самата поставеност како и организационата

структура на ЕУ, препознатливо е функционирањето и на мрежното општество, потребата од меѓузависност на комуникациите, со еден збор сето она што е носечката структура на процесот на глобализација.

Кога би тргнале од позиција на остварување на одредено перцепирање пред сè на меѓународните институции, во тој контекст вниманието би го насочиле на Обединетите нации како институција во која се инволвираат и испреплетуваат прашањата од меѓународна политичка природа, сврзани не само со светскиот мир и демократските слободи, туку и прашања од доменот од социјална природа, особено сврзани со гладта и сиромаштијата, која претставува главен индикатор за низа заразни болести особено во неразвиениот свет.

Во овој контекст сосема разбирливо како доминантна е формата на организација и делување на ЕУ, која врши своевидно конектирање на пазарната економија и политика во ЕУ и евро зоната. Од аспект на глобалната светска безбедност значајна е улогата на НАТО, додека од аспект на економската глобализација, неизоставни се трите највлијателни институции препознатливи во Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка, и Светската трговска организација, во минатото препознатлива во ГАТТ. Самото споменување на транснационалните и мултинационални компании, недвосмислено говори дека во истите се гледа на институции кои се вистински двигатели и значајни не само за стопанскиот раст туку и на новините сврзани со економските и технолошки достигнувања.

## 4.1.Економски институции

Реализацијата на идејата на процесот на глобализација и креирањето на глобално општество е невозможно да се оствари во отсуство на меѓународните институции. Зад големата шареноликост и моќност што ја поседува процесот на глобализација секако дека се ,, крие“ идејата создадена и постојано како река туркана на географскиот простор, од страна на меѓународните организаации. Значењето на економските меѓународни организации за процесот на глобализација од економски и стопански аспект е несомнено големо особено во

контекст на правењето на обид за економско глобално обединување и крајната цел градење на единствен заеднички пазар.

Во овој контекст да напоменеме дека за економско развиените и богати земји, процесот е своевиден благодет, и можност за рајски профит на умешните менаџери и сопственици на МНК, додека за сиромашните земји таа претставува двоглаво проклетство кое со едната рака дава, а со другата повеќе зема.

За подобро разбирање на насочувањата на глобалните процеси, особено во сферата на економијата ќе пристапиме кон видување и анализа на трите носечки столба" ММФ, Светска Банка и СТО. Без нивното присуство и учество не може повеќе да се замисли безмалку ниедна национална економија. Тие со силата на огромниот здружен финансиски капитал, претставуваат главен генератор на економската и финансиската интеграција, насочувајќи ги при тоа глобалните и регионални економски и технолошки процеси. Нивната економска функција е изразена пред се во услови на насочување и користење на финансискиот капитал од огромни размери, и секако во услови и начини на доделување на кредити и други форми на финансирање на националните и меѓународните проекти, влијаејќи на структурата и вкупната насоченост на стопанските текови на некои групи земји. Меѓународниот капитал кој се трансферира преку Светската Банка и ММФ се наоѓа во функција на мултинационалните компании, финансиските магнати и многу анонимни сопственици на капитал, кои со посредство на овие институции се пласираат во големите светски проекти" (Mićović,2001:107).

Имајќи го во вид широкото значење што се посветува особено на процесот сврзан со економската глобализација воопшто не изненадува своевидната улога доделена на ММФ, видена низ призмата на ,,потпорен столб" на светското економско стопанство. Лајт мотивот на истата, зацртан и во програмските цели се избегнување на евентуални економски депресии од светски рамки, поточно нивно насочување во борбата против кризи, како и давање на стручна помош. Во оваа смисла за да се оствари одредена стабилност особено на глобално ниво, потребно е истата да се зацврстува со одредена институција. Токму оттука паѓа во

око дека најзначајните меѓународни организации без разлика на нивниот карактер на делување своите почетоци односно формирање го поистоветуваат со историски моменти во кои се случиле драматични настани. Една ваква институција е и ММФ која своето формирање го ,,оправдува“ во потребата на воспоставување на економска стабилност на глобално ниво избегнувајќи било какви турбуленции кои би можеле да доведат до прелевање на економски кризи од регионални односно светски размери.

Треба да имаме во вид дека ММФ е меѓународна институција која е основана со пари од даночни обврзници од целиот свет, поточно од земјите членки.

,, Денес ММФ обично обезбедува средства само доколку земјите спроведуваат политики како што се намалување на дефицит, зголемување на даноци или зголемување на каматните стапки кои доведуваат до контракции во економијата“ (Штиглиц, 2009:20).

Анализирајќи ја литературата која ги обработува темите како на транзицијата така и на економската глобализација видлива е улогата на ММФ особено во насока на нејзиното влијание во креирањето на економската политика на сите земји пред кои се ,,попречи“ транзициониот процес. Нивната карактеристика, условно е едно клише видено во многу наврати, а се состои во понуда на т.н. „поволни“ пакет аранжмани. Ако на истово се гледа од временска дистанца може да се има одреден сомнеж дека тогашните транзициони елити во речиси сите земји не биле на висината на својата задача. Овие неколку децении очигледно дека претставуваат кус временски период во кој би можеле да го најдеме вистинскиот одговор дали транзиционите елити работеле во насока на добивање на време, поради што имале неодлучен и на моменти инертен однос.

Секако дека говориме за успешност во меѓународната трговија само во услови кога извозот на земјата ја поттикнува економската еволуција и раст. Во таа смисла Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) во таканаречената ера на глобализација гради „сопствени“ ставови и политики насочени и во рамки на

настанатите промени во современото општество, кои се клучните алки за понатамошниот развој на постсоцијалистичките општества но и на земјите од Третиот свет. Интересно е што во последно време Фондот реторички сериозно почна да го третира и прашањето сврзано со светскиот проблем на сиромаштијата, иако тоа пред се е надлежност на Светската банка. Сериозни забелешки за работата на Фондот, доаѓаат пред се од поранешни нејзини функционери. Еден ваков пример секако е Штиглиц кој вели:

,,... верувам дека Фондот потфрли во својата мисија, дека неговите неуспеси не се случајни, туку се пред се последица на тоа како Фондот разменува мислење со институциите"(Stiglic, 2002: 206).

И покрај јасните програмски цели зад кои стои ММФ, градени низ повеќедецнискиот свој ангажман, незаобиколен останува моментот дека во голема мерка истата ги штити не само своите туку и интересите на економски богатите земји. Во оваа смисла за одбележување е можноста за интервенција што истата ја има, доколку од проценката од свои експерти заклучи дека определена економска криза може пошироко да се прошири во регионот.

,,За жал немаме светска влада, која ќе биде одговорна пред народот на секоја земја, за да го надгледува процесот на глобализација на начин кој ќе биде споредлив со начинот на кој националните влади го водеа процесот на национализација. Наместо тоа, имаме систем кој би можел да се нарече глобално управување без глобална влада, во кој мал број институции-Светска Банка, ММФ, СТО- и мал број учесници-министри за финансии и за трговија, тесно поврзани со одредени финансиски и комерцијални интереси-доминираат на сцената, но во кој голем број од овие врз кои влијаат нивните одлуки се оставени речиси без право на глас" (Штиглиц ,2009:26).

Проблемот на одржување на економска стабилност е крајно сериозен проблем, особено кога се гледа на глобални рамки, такашто истиот е вистински предизвик. Ова се постигнува пред сѐ преку опсервацијата на моќта на секоја земја поединечно, посветувајќи посебно внимание на економски слабите, на кои

често се даваат не само совети туку и препораки. Намерата е повеќе од очигледна-елиминирање на било каква опасност од криза или рецесија. И на крај би кажале дека може да се смета за сериозна индикација, што истата најчесто делува посфестум, односно најактивна е по појавата на криза, што укажува на нејзината минималност во правец на изнаоѓање на коректно позитивно излезно решение. Цениме дека во овој контекст е вистинско место да се повикаме и на Сорос, кој е познат во научните средини и пошироко по својот пред се критизерски став кон ММФ. Имено тој вели дека:

,, Најголемиот дел од средствата кои ММФ ги користи се за спасување на земјите во кои кризата веќе е избиена. Главаната работа на Светската банка е да позајмува пари; нејзината донаторска способност во главно е ограничена на профитите кои ги остварува нејзината кредитна активност“(Soros, 2002:23).

**Светската банка, формирана е во иста година како и ММФ, поточно во** 1944 година, а нејзиното седиште е во Вашинтон, САД. Целите на формирањето се врзани со проблемот на сиромаштијата, односно нејзиното надминување, пред се намалување особено во најсиромашните земји, но и за државите соочени со конфликти од различен вид. Истата организациски има значително сложена структура, а својата масовност од 188 земји членки, само ја потврдува потребата од нејзиното постоење, особено за земјите од рангот на сиромашни. Одлуките за помош се донесуваат од страна на Одборот на гувернери, а секоја земја поседува една гувернерска позиција, често потполнета од министрите за финансии на земјите членки.

Ставовите на светска банка се имплицитно дадени и од нив речиси и не се отстапува што само говори за нивното функционирање и делување ,,без пардон“. Таа стои зад своето убедување дека учеството со финансиска помош е важно, но политиката и програмите особено насочени во финансиското работење на една земја, не смее да има мешање во нив.

,,Тематски и секторски стратегии, на кои се потпира нашата работа за намалување на сиромаштијата во специфичен сектор или аспект на развој. Секој

потекнува од широка консултација со широк спектар на чинители. Земјата на која е наменета стратегијата за помош, која ги идентификува клучните области во кои најдобро можат да ја поддржат земјата во намалувањето на сиромаштијата и постигнување на одржлив развој"(http://www.worldbank.org/ 21.07.2012).

Можеби најпосакуваната карактеристика за сите земји, кога се споменува улогата на Светската банка е обезбедувањето на поволни кредити со ниски камати, или со нивно отсуство и грантови наменити за земјите во развој. Карактеристика е што парите, поточно кредитите секогаш се даваат наменски, така што е речиси исклучена можноста од било какви злоупотреби. Најчесто станува збор за решавање на проблеми од доменот на инфраструктурата, здравството, образованието, администрацијата и развојот во приватниот сектор, земјоделството и слично. Ако се гледа во поширок опсег, Банката ја има улогата на бекап што им се нуди на земјите во развој, што се реализира по пат на давање на техничка помош, но и спроведени анализи и истражувања. За својата работа повремено информира во контекст на движењето на своите правци и инвестиции. Релативно сиромашните земји можат да сметаат на уште една можност која им се нуди од Банката, имено станува збор за помош што им се дава на недоволно конкурентните земји во насока на излез и нивно конкурентно учество на светскиот пазар. Иаку организациски како и статутарно имаат видна различност, праксата говори на честа взаемна поврзаност, при што ставовите што обично ги дава ММФ, се од круцијално значење за Банката, особено во ситуации на одобрување на кредити. По број на вработени светската банка е побројна, особено на работни места задолжени за планирање на заемите. Кога се говори за големиот број на услови кои треба да ги исполни земјата барател на кредит најсоодветно би било да го цитираме искажувањето на Сорос, кој во таа смисла вели:

,,Владата која прима помош должна е да спроведе план презентиран во писмото со намери. Ако владата не ги исполни назначените услови, ММФ го откажува заемот" (Soros ,2002:45).

Во поглед на креирањето и текот на меѓународната трговија секако дека треба да се истакне улогата на Светската трговска организација (СТО), која од

1995 ја преземе улогата што ја остваруваше ГАТТ. Во својот делокруг има спектар на задачи сврзни пред се со процесот на олеснување низ призма на поедноставување на меѓународната трговија меѓу земјите. При тоа основна цел им е запазување на правилата зацртани со претходно потпишаните меѓународни договори од страна на земјите членки, ратификувани во нивните парламенти. Во својот поширок делокруг Светската Трговска Организација вклучена е и на планот на давање на помош на производителите при водење на сопствен бизнис. Оваа институција која исто така има богата традиција се раководи од страна на владите на земјите членки, кои се обврзани на состанок барем еднаш во две години. Кога би го поставиле прашањето што стои зад договорите на СТО, одговорот е целосна трговија со стоки и услуги, како и гарантирање, на во овие моменти актуелното прашање сврзано со интелектуалната сопственост во повеќе сфери. Воедно истата дава помош и во поглед на слободната трговија, сврзана со отстранување на несакани ефекти, кои имаат посебна важност за своевидниот економски развој. Зад сите нивни активности стојат гаранции од секоја страна, во смисла на познавање на правилата сврзани со трговијата. Присутно е становиште дека може да се говори за склоноста на СТО да се приклонува на ,,условно економски посилните“, во смисла на протежирање на определена страна.

,, Кога станува збор за злоупотребите на механизмите на СТО, посебно се истакнуваат две прашања. Прво од перспективата на важноста на обемот на трговијата, е разликата во третманот на производот на развиените земји и на производот од земјите во развој“. (Soros, 2002:30).

Секако дека во идеата на креирање на слободниот пазар и трговија, се крие можноста од лесно богатење, на и онака добро ситуираниот слој инволвиран во менаџирањето на ТНК, овозможен преку пласманот на своите производи и брендови. Едни вакви состојби предизвикуваат состојба на економска нерамнотежа, што е главниот индикатор за понатамошно продлабочување на разликите. Самата динамика што се одвива во општествата кои се сметаат и припаѓаат во категоријата на современи, претставуваат и предизвик за нивни чести толкувања, особено на придобивките од либералната отвореност врз

слободите на граѓанинот. Во овој контекст секако дека спаѓаат и економскиот раст но и континиумот на активности сврзани со мерки кои се во насока на сè она што значи доведување во разумни рамки како на сиромаштијата и сите потформи што произлегуваат од неа.

Ако мора да потенцираме што е она што ја одбележува економската глобализација, без никакво сомневање би рекле дека тоа е сè она што е сврзано со МНК, како во форма на нејзина поставеност и ангажирање, така и на планот на освојување на глобалниот пазар. Компании со вековна традиција, сепак се сеуште актуелни поради моќта со која располагаат, држејќи го приматот на клучен фактор пред сè на полето на глобалниот пазар. Моќта би ја споредиле со само една компарација, дека најбогатите мултинационални компании располагаат со богатства на кои би позавиделе и добар дел од земјите од Третиот свет. Во овој момент би спомнале за условната ,,сличност" помеѓу глобализацијата и мултинационалната корпорација, а таа постои токму во можноста од градење на дијаметрално спротивен став. Па така едни на нив гледаат позитивистички низ призма на придобивките и оствареniот профит, додека други препознатливи како критичари на капитализмот, во нив гледаат механизам на нехуманост што ја користат ширум светот, за остварување на својата цел. Другите пак гледаат низ позитивната призма, од која се гледа осовременување на општествата со технологии дотогаш непознати за средните и помалку развиени земји.

Во овој контекст би можеле да ја спомнеме дефиницијата на Данинг кој вели дека МНК е ,, компанија која се ангажира во СДВ (странски директни вложувања) и организира производство на стоки и услуги во повеќе од една земја"(Вотерс, 2003:126).

Што би можеле да кажеме кога станува збор за успешноста и достигнувањето на корпорациите. Се разбира дека и тука може да се постават најразлични тези, но како општо прифатливи секако би можеле да бидат согледувањата кои се однесуваат на нивното присуство во повеќе економски точки низ светот со што се приближуваат до глобалниот пазар. Успешноста значи момент препознатлив во пласирање на поголем број од производството вон

своето доминицилно седиште. Секако дека во овој контекст би можело да говориме и за видната интернациоанлизација на производството речиси на сите континенти, манифестирано меѓу останатото и по пат на странските директни инвестиции, кои на одреден начин се афирматори не само на своите фирми туку и на земјите од кои доаѓаат.

,, Навистина експанзијата на светската трговија во голема мера е резултат на производството на МНК, затоа што тие претставуваат две третини од вкупната светска трговија, вклучувајќи ја и една третина од свестката трговија што се однесува меѓу ограноците на иста корпорација“ (Кастелс, 2003:132).

Веќе напоменавме дека мултинационалните корпорации, како и воопшто сите компании без оглед на својата величина за своја примарна цел го имаат профитот. Ова се повеќе се експонира ако се има во вид ставот дека говориме за период во кој економијата е ставена на своевиден пиедестал во севкупното општествено живеење. На глобалниот пазар истите стануваат повлијателни што се должи пред сè на нивната моќ, па оттаму и не изненадува што самите ја земаат диригентната палка, но и одговорноста на севкупните збиднувања на пазарот. Во овој миг може да се сметаме за привилегирани, ако ги имаме во вид информациите со кои сме во можност да располагаме, а се однесуваат за секоја сфера, за разлика од претходните генерации, имајќи ја во вид можноста не само од самиот наплив на информации, туку и од нивната брзина, а кои ни говорат меѓу останатото и за зачестената дислокација на МНК, во делови од светот кои им овозможуваат не само најголеми слободи, туку и определени дополнителни услови со кои истите добиваат статус на привилегирани, во поглед на останатите. Станува збор за континуирано трагање по нови локации, имајќи во вид дека нивните очи и умови се насочени само кон намалување на трошоците, врз база на веќе на неколкупати спомenатите елементи.

Како би можеле посоодветно да ја образложиме улогата и постоењето, и што всушност претставуваат транснационалните корпорации ќе пристапиме кон дефинирање на истите, што ја дава Поповски, а според која:

,,Транснационални корпорации(ТНК) се оние претпријатија кои извршуваат и контролираат деловни активности во повеќе од една држава, преку свои филијали, подружници или помошни компании, а на кои нужно не мора да се сопственици. Обично  се инволвирани во мрежи на соработка со други ТНК, помали компании или други организации низ целиот свет. Многу од големите претпријатија во светот всушност се транснационални корпорации и значителен дел од меѓународната трговија и друг вид на економска соработка во светот се одвива меѓу нив и нивните странски филијали и подружници.“(Поповски, 2010:35).

Мултинационалните корпорации преку својата активност низ добар дел во светот успеваат или се во можност да конектираат добар дел  од светскиот пазар, благодарение пред сè на добриот технолошки потенцијал со кој располагаат. За земјите во развој не би можеле да настапиме со некои спектакуларни резултати од самото присуство на наведениве ,,економски институции“, имајќи во вид дека во основа станува збор за минорно подобрување на социјалната структура и економска состојба, често и споредливо недоволна, кога на разгледување би се ставил и глобалниот проблем сврзан не само со локалното загадување, туку и со уништувањето на животната средина. Во последно време менаџерските структури, добро осознавајќи ја можноста и улогата што ја имаат не само масовните медиуми туку и широкиот делокруг на невладиниот сектор, добар дел од својата дејност ја насочуваат кон одговорноста што истите ја имаат кон природата и идните генерации. Современата глобална економија и стопанство денес не може да се замисли без глобалните компании, кои всушност претставуваат и главните играчи на светскиот пазар, но истите знаат да бидат и двигатели на планот на соодветно монополизирање.

Кога говориме за овој феномен да го погледнеме и согледувањето на Штиглиц:

,,Можеби најуспешниот светски монопол е Microsoft, кој успеа да стекне светска пазарна моќ не само со оперативните системи за персоналните компјутери но и за клучните апликации какви што се  Интернет пребарувачите. За некои компании се вели дека го монополизирале пазарот кога го имаат

мнозинскиот дел, во август 2005 година, оперативните системи на Microsoft завземаа 87 % од вкупниот пазар на персонални компјутери и 89,6% од пазарот на персоналните компјутери кои се темелат на Интел"(Stiglitz ,2009:222).

Профитот понекогаш знае да доведе до „заслепеност". Во оваа насока МНК во земјите во кои имаат свои филијали, реално не водат соодветно внимание пред сѐ на планот на заштита на животната средина, посебно во сегментот, на тоа што тие им оставаат на генерациите по нив, припадници на доминицилното население.

## 4.2.Политички организации

**Обединети нации** - завршувањето на Вторатата Светска војна, претставува вистинскиот временски период за креирање на нови меѓународни односи во кои приоритетот ќе биде ставен на прокламирање на мирот како главна форма во комуникацијата. Ова е лајт мотивот што фактички значи водење на една политика во рамки на идно дипломатско и мирно решавање на конфликтите од најразличен вид, што воедно ја налага и потребата за интензивирање на дополнителна соработка меѓу нациите на најразлични теми, кои сами по себе се појавуваат во својот бит. Својата симболика нескриено ја искажува во примарната цел, обединување на народите, што само по себе гаи надеж за еден пријателски однос меѓу народите. Тоа значи остварување на континуирани глобални врски во повеќе сегменти, за кои функционално се формирани и егзистираат повеќе потинституции со посебни надлежности. Во овој контекст како најекспонирани се секако Меѓународна организација на трудот, Светската здравствена организација како и Фондот за деца на обединетите нации (УНИЦЕФ). А кога говориме за светската демократија и мир незаобиколни се Генералното собрание на ОН како и Советот за безбедност. Карактеристично е што земјите членки ја имаат можноста за демократско искажување на својот став, но од друга страна правото на вето уште еднаш не потсетува дека на сите глобални полиња па така и во ОН не може да се говори за целосна рамноправност, и демократија штом се навестува дека сите членки немаат рамноправен статус.

Република Македонија, кратко време по осамостојувањето, стана членка на ОН, но под едни специфични околности, наметнати од страна на Република Грција, такашто во Обединетите нации сеуште сме условувани под референцата ФИРОМ. Не би можеле ништо да додадеме, освем дека истото претставува вистинска неправда нанесена на земја, која беспрекорно ги почитува сите права како на внатрешен така и на надворешно политички план. Трагајќи низ постоечката литература во која се третира наведениов проблем се наидува на размислувања на признати дипломати кои поддржуваат гледиште дека Република Македонија е ,,дипломатски изиграна".

,, приемот во ООН се реализира со оспорено име и со наметната референца која Македонија не ја прифати, туку само, премолчно, ја толерираше. Така таа не ја обврзува Македонија" (Никовски, 2013:56).

Појавата која говори за интеграција на општеството не е нова. Таа низ времето креира разни форми и модели. Но за своја тенденција ја има глобалната интеграција. Но она основното што се крие во интеграцијата е материјалната придобивка што значи зајакнување на економските и стопанските показатели. За форми на интеграција може да се говори со показатели за сите континенти, но ние би се задржале само за европскиот. Во тој контекст неминовно е да спомнеме дека нејзини почетоци се бележат во формирањето на Европската заедница за јаглен и челик, каде што основната цел е прокламирана со формирањето на бесцаринска трговија на земјите членки, во тогашниот актуелен момент богати со тој вид на суровина. Свој континиум во иста насока се бележи во основањето на Европската економска заедница, а финализирање на наведениот процес во формирањето на ЕУ. Обидувајќи се само во куси црти да се задржиме на местото и целите на ЕУ истата би можеле да ја оцениме како соработка која се состои во два сегмента: економска и политичка меѓу земји членки на унијата, чиј број во моментов е 27, што само ни укажува дека истиот претставува своевиден сериозен проект, имајќи го во вид самиот опфат што претставува добар дел од европскиот континент. Почетоците секако се бараат во годините по Светската војна, а целта е економското засилување. Може да се каже дека би бил во реални рамки еден

заклучок, кој се сведува дека во моментов Унијата се гордее со постоењето на единствениот пазар, и единствената валута, еврото. Разбирливо е дека едно високо развиено општество не би можело да се замисли без владеењето на правото што претставува една од носечките вредности. Во таа смисла од круцијална важност се договорите кои се склучуваат во рамки на заедницата, а цениме дека на овој план но и по својата важност би требало да ги споменеме договорите од Мастрихт, Амстердам, Ница и договорот-односно Уставот на ЕУ од Лисабон.

„Европската комисија (de facto владата на Европската Унија ) и Европскиот суд на правдата секојдневно донесуваат одлуки не прашувајќи ги парламентите на земјите членки. Тоа предизвикува жесток отпор и критика на противниците на таквата интеграција која во слободните и демократските држави (потајно и недемократски) се претвораат во покраина на една наднационална сила“ Според нивно мислење ,, оваа европска“ велесила ги поседува сите одлики на трипартитна“ европа која во четериесетите години ја сочинувале нацистичка, Германија, фашистичка Италија, како и вишиевската Франција (Mićović , 2001:96).

Република Македонија со својот крајно сериозен реформски приод се обидува да ги исполни сите задачи како би можела да влезе во ,,европското семејство“. Во таа смисла своевидна пречка не е само Грција, туку и грст на услови кој се од економска и правна природа. Со еден збор земјите со мали и неатрактивни стопанства, кои во себе реално имаат минорна економска моќ, не би можеле да влезат во семејството, со самото тоа што реално би претставувале терет. Станува збор за тежок и сложен процес, што произлегува токму од гореспоменатите договори, особено од Копенхаген кој во себе ги спојува вредностите препознатливи пред сѐ во либералната демократија, имајќи во вид дега станува збор за слободната пазарна економија, стабилна демократија, владеење на правото и прифаќањето на законодавството на ЕУ.

,,Текстот на моментално важечкиот Договор за ЕУ е тешко разбирлив збир од повеќе составни делови од различна правна природа, кој со цел подобро да се разбере, се споредува со храм. Притоа, првиот столб го сочинуваат Европските

заедници со силни наднационални карактеристики. Вториот столб одговара на > Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП). И на крај, во третиот столб се наоѓа полициската и судската->Соработка во областа на кривичните предмети, што, слично на ЗНБП, се карактеризира со меѓувладина соработка".(Isabelle Tannous&Mariano Barbato, 2009: 183)

Но состојбите во Европската унија не се толку позитивни, имајќи во вид дека последнава деката не само што бележи нејзино поголемо проширување, туку истата е соочена и со светската економска криза и видната рецесија со која се соочија повеќе земји. Дека станува збор за сложеност на проблеми, нема никаква забелешка, но наведеново само ги продлабочи и усложни ,,веќе родените" проблеми во старите членки како Шпанија, Италија и Грција, сврзани со зголеменатa невработеност, но и нивната преголема задолженост.

,,Советот на Европската Унија е основен политички орган кој има карактер на интервладино и законодавно тело за носење на одлуки на Унијата. Советот функционира како институција која ги претставува и ги изразува интересите на сите земји-членки" (Карталов, 2005:52).

Што се однесува до некои сегменти од организационата струтктура може да го посочиме и делувањето на двата суда во рамки на ЕУ, поточно Европскиот суд на правдата и судот на ревизори, каде што првиот работи на почитување на законите од земјите членки, додека вториот е задолжен за решавање на финансиските активности на унијата.

Вистинскиот успех на ЕУ сметаме дека треба да го гледаме во формираниот единствен пазар, препознатлив по привилигираноста и погодноста за проток на стоки, пари, услуги како и слободното движење на луѓето. На еден ваков конструктивен начин создадена е можност за конкурентност, пред се на остатокот на високо развиени земји кои живеат и делуваат на други континенти.

**НАТО** алијансата е формирана во 1949 година, во Европа. Истата останува главен извор за безбедноста. На почетокот за нејзина базична цел била одбрана од Исток, пред се од Советскиот Сојуз, која теза провејувала се до деведесетите

години од минатиот век. Земјите членки остваруваат континуирана соработка од доменот на одбраната. Но имајќи во вид дека антиподот на НАТО, Варшавскиот пакт одамна е минато, оваа институција применувајќи едно креативно размислување изнајде начин, како би го продолжила своето опстојување. Станува збор за ракатка од методи, политичкиот, цивилниот како и војниот, во посебни услови. Нато е институција која по пат на ,,своите долги пипци" ја опсервира состојбата во целиот свет, истата е пред се глобализациска. Во оваа смисла Гоцевски вели:

,,НАТО ја отсликува транснационалната врска преку која безбедноста на Северна Америка е перманентно поврзана со Европа. Тоа е практичен израз за ефикасен колективен напор помеѓу нејзините членки во поддршката на нејзините безбедносни интереси"(Гоцевски, 2007:16).

И покрај своето во моментов еднострано постоење, не само што опстојува туку, повремено и се проширува, изнаоѓајќи нови функции. Кои се новите вистински функции, кој е противникот од кој треба да не штити и да се штити. Во тој контекст дали е можно секогаш да делува во име на демократијата и зачувување на безбедноста. Од деведесетите години на минатиот век како што напомнавме може да говориме за новите функции на НАТО, сврзани со задачи од доменот на попречување на појавите на етничко чистење ,, економски проблеми, еколошки, како и во решавањето на територијални спорови и слично. Во оваа конотација не говориме за одбрана туку за форми на интервенционизам, а како нови форми и задачи ги има, спречување на војна во Европа, управување со кризи и воспоставување на мир.

Секако дека Република Македонија има сериозен приод на патот до НАТО. Ова дотолку повеќе што најголемиот дел од населението се сложува на таквата определба, која ќе значи овозможување на истакнување на нашите вредности. Но влезот во НАТО е исто попречен од Република Грција, настапувајќи со деструктивни, полувистини и невистини, што уште повеќе доведуваат до усложнување на проблемот и будење на форми на меѓусебна нетрпеливост. Но желбите на Македонија на овој план се јасни, и ангажманот што го презема

државниот врв, можно е да доведат до соодветен одговор. Можеби искажувањето односно коментарот на Никовски би ја доловил наведенава ситуација:

,, Од надворешна гледна точка големи промени нема. Македонија и денес е изложена на жесток притисок, блокади и уцени да се прекрсти и Македонците да се откажат од самите себе. Сето тоа се постигнува со блокади... но таква каква што е денес, Македонија може да издржи и успешно да се развива уште 100 години и без овие две интеграции, иако тоа го посакуваме и интензивно работиме“(Никовски 2013:57).

**5.Глобални градови**

Самото општество низ својата историја креира блиска и долготрајна врска помеѓу себе и градот. Треба да се има во вид дека токму еволутивните тенденции во различни временски периоди во општеството придонесуваат и на креирањето и развојот на градот како урбана целина. Градот без разлика на периодот во кој живеел претставува огледало на општеството во кое истиот опстојува. Ја отсликува актуелноста, автентичноста и придобивките на времето кое минува и живее. Време во кое се надоградува сопствен стил на живеење, но и стил на архитектура кој се надоградува дополнувајќи го веќе постоечкиот архитектонски континиум. Треба да се има во вид дека токму врската помеѓу општеството, културата и градот е нераскинлива и без таква взаемна поврзаност не е можно неговото опстојување. Токму градот е ,,центарот на светот“, простор кој со векови наназад е место каде што се случува сè она што е актуелно, како што е самото креирањето на општествено политичкиот живот, културното живеење, образованието, економскиот и индустриски развој, место потребно и достојно за правилно креирање и користење на слободното време. Градот е простор кој овозможува безброј ,,актери“, да ја покажат и докажат својата умешност, а без некој да ги попречи, имајќи ја во вид задолженоста на институциите, токму за демократско спроведување на урбаното живеење. Градовите во ера на современоста се така поставени што ја имаат моќта за беспрекорно функционирање, солидно се вмрежени на сите инстанци, со што се овозможува

скратување на времето и просторот, но и задоволување на граѓанинот со добиената брза услуга.

Кога говориме за современ град, пред сѐ мислиме на еден мултикултурен и мултиетнички урбан простор, настанат со мешањето на разновидни култури кои даваат своевидно богатство од една страна, но и градење и оцртување на мозаикот на кој со различни бои се оцртани резиденционалните појаси и четврти на етнички сегрегираните групи. Факт е дека самото креирање на глобално општество само по себе го отвора прашањето за видоизменување на урбаниот простор. Секоја промена се одразува на општествените збиднувања, што не е исклучок ни со промените во урбаниот простор во смисла на негова намена, или пренамена, во смисла на неговата функционалност. Почнуваме да говориме за друг шмек на просторот, неговите можности карактеристики и улогата кој истиот може да им ги овозможи за низата ,,претстави режирани" од глобализацијата во кои се вклучени безброј актери. Сето тоа го потврдува фактот дека се поголем процент од светската популација живее во урбаниот простор односно во градовите, а тоа е сосема реално, ако имаме во вид дека сите значајни активности се одвиваат во нив.

Но не треба да се заобиколува ни впечатокот дека без оглед на воспоставената динамика која ја има процесот на глобализација сеуште говориме за градови кои опстојуваат на различен степен на урбанизација, чија комуникација и мрежно поврзување е на пониско ниво, резултат на нискиот економски раст, што е присутно за делови од Третиот свет, но и за средини кои се сметаат дека припаѓаат на високо развиениот свет.

Градот по својата природа нуди повеќе културни модели, монокултурните и моноетничките градови, чие постоење остана во минатото, ги замени со мултикултурни и мултиетнички градови. Современиот град од своја страна нуди многу можности кои го привлекуваат вниманието, но често знае да биде и место на кое се случуваат низа неправилности од кои се погодени токму најранливите социјални групи, кои се соочуваат со сѐ понагласена појавата на отуѓеност и стратификација.

Кога се проучува современото општество, во исто време се проучува и градот. Карактеристика е што токму добар дел на автори, низ призмата на градот ги проучуваат и глобалните и глобализациските процеси. Тука пред се мислиме на Сасија Сассен која е всушност и креаторот на идеата за глобалниот град, во насока на една перспектива за развој на глобалната мрежа од градови. Во својата концепсиска замисла неизоставни делови во нејзините размисли се економијата и информатичката технологија. Токму гледајќи од економска перспектива истата смета дека глобалбните градови се местата во кои се зголемува диспропорцијата што само по себе претставува средиште на светската економија.

,,Глобалните градови се стратешки градови за производство на специјализираните функции за одвивање и координирање на глобалната економија. Неизбежно лоцирани во националната територија, глобалните градови се организационен и институционален простор за големата динамика на денационализација" (Sassen, 2007: 73).

Човек треба да е умешен за да може да навлезе во таинственоста што ја нуди глобалниот град. Тој е високо достигнување на современиот капитализам, кој во својата убавина ,,ги вткаил" сите глобални и глобализирачки убавини. Не е тајна што исполнетоста на градот, доведува до исполнетост и на индивидуата и обратно". Тајната е откриена, а истата лежи во мрежното поврзување на сите инстанци, како вертикални така и хоризонтални, времето е кратко, а патот се скратува. Тоа е ера на глобализацијата и информатичката технологија. Светот со еден збор претставува голем глобален град. Градот живее, а во него живеат истовремено глобалното, локалното и глокалното. Живее во добро креираниот урбан простор во кој се испреплетуваат човековите културни вредности. Од друга страна Мултинационалните и транснационалните корпорации ја плетат својата мрежа оставајќи добар дел од локалните бизнисмени на маргините на истата.

Треба да се има во вид дека рангирањето на светските градови се врши според економските критериуми, но и по степенот на мрежното поврзување со останатите градови во светот. Како базичен критериум за рангирање на глобалните градови се зема бројот на седишта на транснационални корпорации,

стапка на пораст на деловни услуги, бројот на седишта на меѓународни институции итн.

За одбележување е дека научната литература не само од архитектурата туку и од социологија на архитектурата е богата со третирање на проблемот со глобални градови, па токму затоа ќе спомeнеме уште неколку автори кои говорат на истата тема. Во оваа смисла ќе ја спомeнеме и класификацијата на Beaverstock, Смит, и Тејлор, при што истите го употребуваат терминот,, алфа градови",

,, алфа градови како што се Лондон, Њујорк, Париз и Хонг Конг, средни светски градови како Лос Анџелес, Франкфурт, Токио, и останати глобално поврзани градови како Чикаго, Сао Паоло, Амстердам и Бангкок или Минеаполис, Варшава и Шангај. Резултатот е нова хиерархија на урбаните власти во процесот на активна реорганизација, можеби дури и глобална "дистопија во изработка" (Richard T. LeGates &Frederic Stout ,2011:546).

Појавата на современата информатичка технологија го зголеми и значењето на глобалните градови како и на целокупното глобално општество симплифицирајќи ја идејата за остварување на сонот за глобалното општество, економија, пазар и глобалниот град. Несомнено е дека современото урбано општество во исто време е и глобално, со самото тоа што во него сè се одвива брзо, а најмногу информацијата.

Во ерата на глобализација сите градови во глобалното општество не заземаат иста положба, логично истите имаат различно значење за општеството во кое опстојуваат, но предност имаат токму оние градови кои имаат сè. Само во нив е вистинската моќ

„Кастелс тврди дека организацијата на општеството во ерата на информации вклучува централизација како доминантен процес во економијата, технологијата, медиумите и институционализираните органи кои се организирани во глобалните мрежи" (Richard T. LeGates &Frederic Stout, 2011:572).

Анализирајќи ја ситуацијата во глобалните градови се забележува концетрација на седишта на мултинационалните и транснационалините корпорации кои ја играат главната улога во глобалната економија. Таа воглавно е лоцирана во глобалните градови со помош на нивната мрежа која до сега има повеќе од четириесетина градови.

Глобалната економија претставува еден од столбовите на кое се потпира глобалното општество. Таа дава поддршка на формирањето на современиот урбан простор според потребите на современото глобално урбано општество како и потребите на мултинационалните и транснационалните корпорации кои ги нудат и креираат условите на глобалниот пазар според сопствените интереси.

„ Денес, просторната корелација на центарот може да се претпостави во неколку географски форми. Тоа може да биде центарот на градот, како што сеуште во голема мера во Њујорк, или тоа може да се прошири во областите на метрополите во форма на мрежа на јазли на интензивни бизнис активности, како што гледаме во Франкфурт и Цирих. Центарот е длабоко променет од страна на телекомуникациите и растот на глобалната економија, како неразделно поврзани, тие придонесоа за нова географија на централноста (и маргиналноста)“(Sassen, 2011:546).

Истражувајќи ја структурата на главните прашања во актуелната фаза на глобалната економија од една страна го нагласувам производството на стратешките извори и способности, а од друга страна фактот дека глобалните градови едноставно не се натпреваруваат помеѓу себе.

Новото урбано општество и животот во глобалните градови во ерата на глобализација и информатичко општество се базираат на тековните процеси на компјутеризација и телекомуникација и интернетот при остварувањето на глобалната економија. Во оваа смисла води и сфаќањето на Кастелс дека светот од 21от век всушност е свет на информации. Мрежното општество е организирано околу опозиција помеѓу глобалните и локалните мрежи. Во глобалните мрежи се организирани доминантните процеси во економијата, технологијата, медиумите,

институционализираните органи, а на локално ниво се организирани ден-за-ден работа, приватниот живот, културниот идентитет, политичко учество. Градовите, како комуникациски системи, би требало да се поврзат на локално и глобално ниво. Улогата на градовите во глобалната економија е зависна од поврзаноста во транспортната и телекомуникациската мрежа, како и од способноста на градовите да мобилизираат ефикасно човечки ресурси за овозможување на процеот на глобална конкуренција.

„ На почетокот на 20 век потрагата беше за асимилација на урбани субкултури во урбаните култура. На почетокот на 21 век, предизвикот е на споделување на градот од страна на неповратно различни култури и идентитети. Нема повеќе доминантна култура, бидејќи само глобалните медиуми ја имаат моќта да испратат доминантна порака, и медиумите всушност се прилагодени на нивниот пазар, изградба на калеидоскоп од променлива содржина во зависност од побарувачката, а со тоа репродукција на културните и личните разновидности отколку преимпозантен заеднички сет на вредности“(Castels,2011:576).

Процесот на глобализација влијаеше за настанување на глобалните градови кои доведоа до своевидна ерупција и промена на дотогашниот начин на живеење. Доминантноста се препознава во креирање на пазарот на трудот, однесувањето на корпоративната елита, високата заработувачка, разноликоста на националниот состав во урбаниот простор, со своевидното групирање и создавање на четврти или гета населени со емигранти. Современиот глобален град живее во свет на раскош и богатство, тоа е место во кое може да се искористат најновите иновации и технолошки достигнувања, место во кое се нудат разни услуги во здравството, образованието, културата, шоу бизнисот и слично.

Секако дека постои поизразена систематизација и дефиренција на тудот во глобалното урбано општество со сé поголемата поделба на производството и неговото дислоцирање во делови од светот, во основа во неразвиениот или Третиот свет каде што и се нудат најповолните услови за прозиводство, односно каде што се изнаоѓа локација па и регион богат со ресурси, релативно евтина работна сила, а воедно и најмали обврски кон заштитата на животната средина.

При анализата на глобалните градови, покрај проучувањето на нивната мрежна поврзаност пред сè перцепирано од економска перспектива сферата на интересот се прошири на повеќе прашања. Покрај базичното прашање на економијата во знакот на мултинационалните и транснационални корпорации чии бази се наоѓаат во глобалните градови, интересот се прошири на прашања од аспект на културните и политичките збиднувања.

**Втор дел**

## 1.Општествено политичка ситуација во Република Македонија

Како и сите постсоцијалистички општества во транзиција и македонското општество во изминативе декади, поточно од неговото осамостојување се соочи со предизвикот препознатлив за наведените процеси. Ова пред сè се однесува на видливата трансформација на општеството на политички и економски план. Во овој контекст монопартискиот е заменет со повеќепартиски политички систем, а планираната економија е заменета со либералната пазарна економија. Со отпочнувањето на транзицијата отворено е широко поле за влез не само на демократијата во македонското општество, туку и за заживување и етаблирање на политичкиот плурализам, еден сосема нов однос кон претприемништвото како и заживување на невладиниот сектор кој речиси и не постоеше во поголемиот дел од постсоцијалистички земји. Што се однесува до восприемањето на демократијата истата почна да се доживува преку можноста за егзистенција и слобода за формирање и членување во организации од различен општествен карактер. Прифаќањето на демократијата значи и гаранција на наведените права од страна на општеството. Секако дека процесот на демократизација, продолжи и со децентрализација на власта, која во земјава се гледа и во податокот што власта од централно е помината во ингеренции на локално ниво.

Така Печијарески и Рочевска, велат дека: ,, транзиционите процеси во поранешните социјалистички земји во Централна, Источна и Југоисточна Европа, а тоа се истовремено и причините за настанување на транзитивните процеси во Р.Македонија, се можни единствено низ еден интегрален пристап што во себе вклучува две нивоа на анализа, различни по општост. Првото, кое што проблемот го посматра во неговиот тоталитет, од аспект на глобалниот општествен развој, излегувајќи надвор од границите на општествениот систем во кој што тој се случува, при што покрај ендогените ги вклучува и егзогените фактори за негово објаснување. Второ, кое што само низ анализата на ендогените фактори во рамките на еден конкретен општествен систем ги истражува поодделните негови потсистеми: економскиот, политичкиот, образовниот и културниот" (Печијарески и Рочевска, 1998 :23).

Кога би говореле за темпото и интензитетот на транзиционите промени во Република Македонија како доминантни се појавуваат два моменти и тоа: промена во политичкиот систем направена во екстремно краток период, и сетот на промени во економската сфера кој се огледаше во прифаќање на еден либерален концепт и размислување во поглед на отворање на пазарот и неодложната приватизација на општествениот и дел од државниот капитал. Секако, поаѓајќи од фактот дека на меѓународен план се работи за меѓународно призната држава, за свој приоритет ја земаше демократската политика како на внатрешен така и на надворешен план, што всушност значи гаење на традиционално добрососедски и пријателски односи а на внатрешен, развојот на плурализмот, низ етаблирање на голем број на политички субјекти од речиси сите национални ентитети.

Со самото свое осамостојување Република Македонија започна да го чекори евро-атланскиот пат за интегрирање на земјата во меѓународните институции. Како што веќе напомнавме пречката на Република Грција е ,,за нас заѕидана" пред самите врати за влез во овие институции, што значително и дополнително ги оптоварува нашите ангажмани. Како и во поголемиот дел на транзициони земји, и Република Македонија мина низ повеќегодишен процес на транзиција, предизвикан пред сè од недоволната организациска подготвеност,

како и селективниот однос што се има кон некои промени, особено од политичките гарнитури кои во дадени моменти поинаку гледале на самиот процес. Дури и по две изминати децении Македонија се соочува со проблемот на невработеност, кој сам по себе придонесува за видливо зголемената стапка на сиромаштија, што е еден од главните индикатори за падот на животниот стандард. Можеби за ваквата состојба причината може да се бара и во самиот модел на приватизација, за која дури и денес го поставуваат истото прашање, поточно дали зад вака спроведената приватизација стои смислена намера. Карактеристично е дека во изминатиов период науката во Македонија не може многу да се пофали со трудови кои го детектираат наведениов проблем, или пак има, но истите се недоволни за оформување на издржан став. Во недостаток на вакви показатели, со коментар на Славевски би сакале да го доловиме дадениот процес:

,, Законот беше донесен без било каква научна и стручна расправа. За кусо време, практиката покажа дека концепцијата на тогашната сојузна влада, во која доминантно место имаа таканаречените „интерни акции", е обременета со бројни слабости, дека нема никаква теоретска подлога, а нејзината практична примена има негативни реперкусии на микро и на макро план... Македонија, првенствено од политички причини, не изврши суспензија на Законот се до 18 август 1991 односно до денот до кога можеа да се преименуваат неговите одредби што се однесува на емисијата на интерните акции. Значи, од причини што допрва треба да се разјаснат, на просторот на некогашна Југославија процесот на транасформација на општествениот капитал по пат на „интерни акции" се одвиваше најинтензивно во нашата земја" (Славевски, 1995:39-40).

За земјите од поранешниот социјализам, што го минале патот на транзиција, постои солидна база на податоци за самиот нивни тек, во кој се опишани замките што ги нудат различните форми на приватизација, примената на Вашинктонскиот консензус, или мерката на ,,стегнат ремен". Оттаму се добива заклучок кој говори дека станува збор за мозајк наречен ,,транзиција" во кој последицата од истиот е иста, само се работи за различни бои наметнати во позадината. Поедноставено, станува збор за добар дел од претходните политички

гарнитури, политички или менаџерски сеедно, кои искористувајќи го оној мал вакуум простор, успеале барем за миг поточно на почетокот на транзицијата да дојдат до власта, и да манипулираат со политиките во матичните земји. Факт е дека дел од нив се претопени во новата бизнис класа од кој изникнале и транзиционите олигарси и тајкуни. Инаку повеќето од нив граделе и став дека од транзицијата ќе излезат како победници, но тоа го доживеале само како ,,неостварен сон" имајќи во вид дека процесот на транзиција во најголем број на случаи претставувал ,, иницијална каписла" за многу други или веќе присутни појави како што се долгогодишната невработеност, енормниот број на стечајни постапки, сиромаштијата и слично кои придонеле за дополнително зголемување на јазот помеѓу социјалните слоеви како и отпочнување на прелевање на социјалните слоеви во негативна конотација. Токму новопечените олигарси во транзициониот период видно го зголемија своето богатство што им претставува и дополнителна алатка за освојување и на политичкиот простор што би им овозможил креирање на политички амбиент, но и подлога на која можат успешно да ја играат својата игра во која ја манифестираат својата моќ. Треба да се има во вид дека Македонија како млада земја на политичката карта имајќи ја во вид својата младешка полетност, многу брзо, речиси истовремено се вклучи во транзициониот процес, но и во глобализацијата обидувајќи се на тој начин благовремено да го заземе своето место на глобалната карта, а која ќе биде добитниот билет за подоброто утре на македонскиот граѓанин. Воедно тоа е и поттик за креативен и конкурентен економски раст.

,,Така специфичниот (не) сопственички однос втемелен врз општествената сопственост, чија основна карактеристика се недефинираните сопственички права, што само по себе претставува хендикеп за нормално отпочнување на процесот на приватизација, беше обременет со последиците од неконтролираната „трансформација" на општествениот капитал извршена во неколкуте изминати години" (Славевски ,1995:40).

Не секогаш слепото верување во Меѓународните финансиски инситуции раѓа со плод. Зошто го велиме тоа? Токму поради фактот што токму земјите кои

максимално верувале во овие институции со децении не можат да го достигнат развојот, односно БНД од претходните системи. Вината често знае да биде префрлена на други, но сосема држи фактот дека токму оние земји кои брзоплето не ги следеа мерките што ги препорачувала ММФ, а носени од идеата на Вашинктинскиот консензус застанале на стабилни нозе. Кога ова го говориме пред сѐ мислиме на Чешка, Полска и Словенија, донекаде и на Русија, која многу брзо од кажаното нѐ на ММФ, постепено отпочна да игра значајна улога на економски план. Овие земји од самите почетоци, со исклучок на Русија, пријдоа мошне внимателно особено по прашањата сврзани со брзата приватизација, која во повеќето земји се покажа како крајно погубно решение.

Од друга страна кога станува збор за одредени позитивни вредности од глобалните процеси во Македонија, а кои се однесуваат на економијата, може да кажеме дека за Македонија тоа до некаде, особено ако говориме за последниве години, би претставувале Директните странски инвестиции, особено од аспект на нивното присуство по 2011 година. Станува збор за присуство на дел од производството на мултинационални и транснационални корпорации во слободните индустриски зони, кои со својата активност во благи црти ќе дадат придонес во сегментот што значи ублажување на состојбата со невработеноста, но и на планот на подобрување на економскиот раст. Република Македонија со добар интензитет и благовремено ги интегрира современите вредности во општеството во кој контекст системски гради стратегија. Во таа смисла присуството на глобалните процеси во Македонија препознатливи се во самата стратегија на водење на надворешната политика, во трговските и стопанските ангажмани, но и во промените во образованието, културата како и во начинот на живеење. Многу нешта се менуваат во општественото битисување, во оваа смисла не претставува исклучок ни современото општество, но исклучок е фактот што сеуште ги нема променето своите базични вредности, борбата за моќ, власт и богатство преку кои се утврдува општествената положба. Има нешта кои не се менуваат, нешта што претставуваат базични вредности. Во оваа смисла мислам на понатамошната борба за моќ, манифестирана низ своевидни софистицирани форми. Кога се работи за ставот за процесот, ист е како и во останатиот дел од

светот, појавата на поделеност на мислења по ставот не само од демократска, туку и од социолошка и еконоска смисла е сосема разбирливо. Но таа влијае на нивното доживување, осознавање но и прокламирање, па ако сакаме и од политичката припадност на поединците и слично. За еден условно кажано контрадикторен процес каков што е глобализацијата сосема разбирлива е ваквата поделеност. Во контекст на прифаќањето на глобалните процеси забележуваат дека може да се каже дека Македонија широкоградо го прифаќа процесот, кој својот врв го доживува во прифаќањето и осознавањето на информатичката технологија, одејќи надолу кон примената и користењето на Интернет, но и широкиот спектар на глобални тв канали што постепено стануваат достапни и на македонскиот граѓанин. Секако дека поинаква ќе беше економската слика на Р. Македонија, и самиот тек на транзицијата доколку земјата реално не се соочи со два историски моменти, едниот надворешен (бегалската криза од Косово), а другиот внатрешен (воениот конфликт од 2001 година), разрешен со потпишувањето на Рамковниот договор, под покровителство на меѓународната заедница. Наведениот договор значеше зголемувње на и онака големите права на малцинствата, кои пред сè, се во насока на воведување на застапеност при вработувањето на припадници на малцинските етнички групи, правото на двојазичност во одредени населени места и слично. Апсурдноста да биде поголема, еден дискриминирачки договор кој директно е насочен против македонското население и тоа во сопствената земја потпишан е под покровителство на меѓународната заедница и тоа токму во ерата на глобализација.

Аголот од кој се гледа придонесува и за градење на ставот во поглед на позитивниот или негативниот однос кон секоја појава. Во оваа смисла и кон процесот на транзиција во постсоцијалистичките земји присутна е поделеност и покрај доминантноста на помногубројните кои во истиот гледаат неправда манифестирана пред се во високата сиромаштија и невработеноста, како и големата диспропорција во поглед на поседот на капитал помеѓу општествените слоеви.

## 2.Социо-економската ситуација во Република Македонија

Не навлегувајќи во вистинската генеза на проблемот на невработеност, дополнителното губење на работа е клучната рефлексија за падот на животниот стандард на најбројната популација, која временски најинтензивно го доживеа процесот на транзиција, не само гледано низ призма на отпуштање, стечајни постапки и слично, туку истите меѓу првите ја имаа ,,можноста" од соочување со новите приватни сопственици. Конечно за поголемиот број од вработени остана сонот за загарантирано и ,,доживотно" работно место, за кое денес е потребно постојано докажување. Падот на индустриското производство воедно предизвика инфлација, која во спрега со замрзнатите плати недвосмислено води кон проблемот виден во падот на животниот стандард, што сам по себе ја буди ,,опасноста" како за државата, така и за поединецот како единка. Добар дел од населението речиси секојдневно беше изложен на предизвикот на изнаоѓање на легален начин за задоволување на основните потреби.

Како мала и недоволно развиена земја разбирливо е што Македонија крајно внимателно, но со сенс приоѓа на секој предизвик. Карактеристично е, што и покрај ,,сериозните" примери за скептичност кон меѓународните институции, особено и од страна на истакнати вработени, носители и на високи признанија, Р.Македонија има солидна доверба во институциите. Во овој контекст отворено ја прифати либерализацијата сврзана со пазарот како и трговијата, а покажува и добри резултати и на планот на солидни и конкурентни СДИ, сметајќи притоа и на перспективните очекувања кои би имале значење и во македонското стопанство. Од истите може да се очекуваат две нешта: првото развивање на економските потенцијали и второ намалување на невработеноста. И во двата случаи Македонија условно е во дефицит. Воедно не треба да се залажуваме особено ако се имаат во вид високите параметри, сврзани со невработеноста, особено на лица кои се од категоријата на долгорочно невработени. Од друга страна македонското општество доживува така да кажеме и ,,културна револуција", мислејќи притоа на бранот на западна култура, срамежливо што започна во седумдесетите, а поврзан со будење на свеста на жената, градејќи една симбиоза

помеѓу жената како домаќинка и деловно активната жена. Кога ова го говориме мислиме и на дополнителниот момент кој бил една од причините на и онака високиот број на невработени граѓани. Ова е тенденција и на поголемиот број балкански земји. Како што напоменавме промените се видливи и во културата на урбаното живеење, манифестирана пред сè во потрошувачката култура како единствено пожелна алка на современоста, која за наши, македонски услови дополнително ја потенцира социјалната исклученост.

| Година | Стапка на невработени во % |
|---|---|
| 1993 | 27.7 |
| 1994 | 30.0 |
| 1995 | 35.6 |
| 1996 | 31.9 |
| 1997 | 36.0 |
| 1998 | 34.5 |
| 1999 | 32.4 |
| 2000 | 32.2 |
| 2001 | 30.5 |
| 2002 | 31.9 |
| 2003 | 36.7 |
| 2004 | 37.2 |
| 2005 | 37.3 |
| 2006 | 36.0 |
| 2007 | 34.9 |
| 2008 | 33.8 |
| 2009 | 32.2 |
| 2010 | 32.1 |
| 2011 | 31.8 |
| 2012 | 31.0 |
| 2013 | 28.7 |

Табела 1

Стапка на невработеност во Република Македонија

Извор:НБРМ

Транзициониот период претставуваше вид на продолжено време во кое се продлабочија веќе постоечките проблеми, особено невработеноста, и сè поиздиференцираните социјални разлики. За проблемот да стане пословит и поточно аргументиран, на помош ги земаме податоците за сиромаштија достапни

на Народна банка на Македонија. Од табела 1 бележиме континуиран пораст на стапката на невработеност што како нејзина последица предизвикува реален пад на животниот стандард, со еден збор зголемување на сиромаштијата. Анализирајќи ги податоците, на почетокот на транзицијата, поточно во 1993 година истата изнесува 27.7%. Високата невработеност пред сѐ произлегува од отпочнувањето на транзициониот период, препознатлив по изразената нефункционалност на голем број на фирми, резултат и на несоодветно извршената приватизација, што сосема реално дополнително придонесе за раст на и онака високата стапка. Во годините што следат проблемот дополнително се продлабочува, такашто секоја календарска година до 2005 се бележи тенденција на пораст, кога се достигнати рекордните 37.3%. Сериозниот приод на поширок план отпочна да дава резултати такашто од 2006 до 2011 година се бележи благо опаѓање на стапката на невработеност, кое пред сѐ се должи на широката лепеза на владини мерки на планот на афирмирање на малите и средни претпријатија, но и на невидено големиот ангажман во насока на привлекување на директни странски инвестиции. Така во 2011 година стапката на невработеност изнесува 31.8% што сеуште е премногу висока, поточно истата е повисока за 4.1 % од почетокот на транзициониот период. Карактеристично е што 2013 година е прва година по подолго време кога стапката на невработеност се доведува на 28.7%, процент кој сеуште е повисок од невработеноста од почетокот на транзицијата.

| Година | Годишен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштија |
|---|---|---|
| 1997 | 19.0 | 4.6 |
| 1998 | 20.7 | 5.1 |
| 1999 | 21.0 | 5.7 |
| 2000 | 22.3 | 6.0 |
| 2001 | 22.7 | 5.4 |
| 2002 | 30.2 | 9.3 |
| 2003 | 30.2 | 9.4 |
| 2004 | 29.6 | 9.4 |
| 2005 | 30.0 | 9.7 |
| 2006 | 29.8 | 9.9 |
| 2007 | 29.4 | 9.7 |
| 2008 | 28.7 | 9.2 |
| 2009 | 31.1 | 10.1 |
| 2010 | 30.9 | 10.9 |

Табела 2 Индекс на сиромаштија во Република Македонија Извор: НБРМ

Сосема разбирливо анализата за сиромаштијата во Република Македонија ја започнуваме од 1997 година, период од кога се бележат и првите официјални податоци. Во таа смисла на почеток индексот на сиромаштија изнесува 19, кој индекс е во постојан пораст, такашто во 2003 година, истиот достигнува 30,2, а својата кулминација ја бележи во 2010 година кога годишниот збирен индекс на сиромаштија е 30.9, додека индексот на длабочина на сиромаштија е прогресивен и поголем за секоја следна година.

| Година | БДП(стапка на реален пораст во проценти |
|---|---|
| 1993 | -7.5 |
| 1994 | -1.8 |
| 1995 | -1.1 |
| 1996 | 1.2 |
| 1997 | 1.4 |
| 1998 | 3.4 |
| 1999 | 4.3 |
| 2000 | 4.5 |
| 2001 | -4.5 |
| 2002 | 0.9 |
| 2003 | 2.8 |
| 2004 | 4.6 |
| 2005 | 4.4 |
| 2006 | 5.0 |
| 2007 | 6.1 |
| 2008 | 5.0 |
| 2009 | -0.9 |
| 2010 | 1.8 |
| 2011 | 3.0 |

Табела 3
БДП(стапка на реален пораст во проценти)
Извор: НБРМ

Како што веќе напомнавме од висината на БДП зависи развојот на националната економија. Со еден збор токму со намера да го почувствуваме развојот на македонското општество, ќе направиме анализа на постоечките податоци за БДП. Оттаму видлива е тенденцијата на постојано опаѓање, својствено и за другите постсоцијалистички земји. Во таа смисла од 1993 до 1996 година се бележи негативна тенденција на опаѓање на домашниот производ. Благ пораст на БДП се бележи од 1996 до 2001 година кога е зголемено нивото на производство во домашното стопанство. Во 2001 година пред сè поради воениот

конфликт кој се одвиваше во Македонија реално е забележан пад на БДП за 4,5 %. Веќе во периодот од 2002 до 2009 година има тенденција на пораст на БДП, за веднаш потоа да се наиде на извесен пад за 0,9 % објективно предизвикан од светската економска криза. Во последните две години бележиме пораст на домашното производство, што секако се должи на сериозниот приод и мотивацијата што се дава на сите страни во производствените и други активности.

**3.Странските директни инвестиции во Република Македонија**

Геостратешката положба на Република Македонија е таква што условно кажано ,,принудена е" да ги прифаќа глобализациските процеси кои навлегуваат во клучните сегменти на општественото, а пред сè културното и економско живеење. Поточно ниту еден дел не е имун, имајки ја во вид взаемната испреплетеност. Со еден збор глобализациските процеси стануваат составен дел од светскиот општествен простор во кој се креира, ,,наметнува" или води глобалната политика, или пак простор кој е ,,отворен театар" за презентација на глобалната култура, но и простор на чија локација опстојуваат компании кои по својот опсег и делување би можеле да ги наречеме мултинационални. Токму една таква идеја, либерална во својата основа во поглед на отвореноста на пазарот ги отвори можностите за влез на странските директни инвестиции, можност која ни малку не е лесна имајќи во вид дека буквално сите соседни земји се во вистинска трка за привлекување на истите. Токму отвореноста на Македонија како и придржувањето кон одредени правила и норми во глобалното стопанство ја отворија можноста за привлекување на инвестиции, надевајќи се дека во истата ќе ја најдат можноста за забрзување на сопствениот развој, што воедно би значел и зголемена конкурентност како на регионален така и на глобален план. За таа цел и економијата изврши свое влијание и концепциски промени. Во овој контекст треба да се напомне дека натпреварот за привлекување на странски инвестиции се состои во тоа што се наметнува изразито добри услови, како на локации така и на низа даночни олеснувања. Како резултат на оваа цел Република Македонија отвори повеќе слободни индустриски зони, како и воведувањето на рамниот данок. Странските директни инвестиции секако дека даваат сила за домашните

локални економии зголемувајќи ја стапката на вработеност, а воедно и самите тие привлекуваат СДИ. Воедно значајни се и на планот на развој на локалната инфраструктура. Сметам дека во сегментот во кој говориме за СДИ треба во некоја смисла да дадеме и дефинирање на самиот поим

За оваа цел го цитираме Поповски кој вели:

,,Странските директни инвестиции претставуваат еден вид на глобализирана стратегија на компаниите преку која тие го обезбедуваат своето физичко присуство во други држави и на странските, односно глобалните пазари. Тоа го прават по пат на стекнување сопственост врз производни средства како што се капиталот, технологијата, трудот, земјата и друго. Присуството може да се обезбеди преку директно инвестирање и изградба на материјални претпоставки за сопствениот бизнис во странство, по пат на купување и превземање на веќе постојани компании или преку заеднички вложувања и спојување со други партнери за остварување на своите економски цели“ (Поповски, 2010:122).

Ниту едно современо општество не е имуно на процесот на глобализација. Нејзините ефекти одат до таму, што се рефлектираат дури и во начинот на размислување по одредени прашања и градењето на стратегии по нив. Постранзиционото македонско општество како и многу други, развојот на економијата како и стопанскиот раст го гледаат не само во она што го нуди домашниот капитал туку и она што може да се очекува од странските директни инвестиции. Се повеќе целиот државен апарат и сите институции кои ја имаат таа организациска и функционална поврзаност со странство, се обидуваат да привлечат странски капитал и инвестиции, а владата преку реклами и роудшоуа низ светот ги презентира можностите за инвестирање во нашата земја. Ако се запрашаме што е причината за така голем и обемен проект што значи привлекување на странските инвестиции, одговорот е мошне едноставен, и истиот може да се постави во неколку правци. Исклучена е потребата од било какво задолжување, истите даваат можност за создавање на една конкурентска позиција, а третиот момент би бил можноста за добивање на нова технологија како и тековна едуцираност за современата технологија. Странските директни

инвестиции се појава присутна долг временски период, и мислиме дека не постојат за нив тајни кои се непознати. Но сепак дали би требало да чувствуваме било какви притисоци, и зошто истите би сакале да го подигнат економскиот раст на земјата во која инвестираат, кога во суштина се борат за остварување на профит? Тоа се прашања кои постојано се вртат во истражувањето на оваа појава. Но сепак сите на некој начин се задоволни од тоа. Економијата е матиматички точна. Кога станува збор за наоѓање на решение на еден сериозен проблем како што е невработеноста, потребни се многу крупни инвестиции, и компании кои имаат голема економска моќ. Но останува една тема која постојано е интересна, а тоа е прашањето за мотивите за протежирање на идеата за отворање на мали фирми, во кои реално истите не би можело битно да влијаат на пораст на националниот БДП, додека во своите матични земји основната поента ја реализираат со оживување пред сè на големите фирми кои можат да вродат прогрес.

| Година | Странски директни инвестиции во милиони САД долари |
|---|---|
| 1993 | / |
| 1994 | 24.0 |
| 1995 | 9.5 |
| 1996 | 11.2 |
| 1997 | 58.1 |
| 1998 | 150.5 |
| 1999 | 88.4 |
| 2000 | 215.1 |
| 2001 | 447.1 |
| 2002 | 105.6 |
| 2003 | 117.8 |
| 2004 | 323.0 |
| 2005 | 97.0 |
| 2006 | 424.2 |
| 2007 | 699.1 |
| 2008 | 587.0 |
| 2009 | 197.1 |
| 2010 | 207.5 |
| 2011 | 410.0 |
| 2012 | 89.8 |
| 2013 | 334.2 |

Табела 4
Директни странски инвестиции во САД долари
Извор:НБРМ

Странските директни инвестиции разбирливо се од голема важност за сите земји без оглед дали се работи за високо развиени земји или не, но посебно се значајни за земјите во развој, имајќи во вид дека истите ја гледаат можноста за развојот на националните економии и постепено приближување до развиениот свет. Процесот на глобализација го поттикна креирањето на ,,глобалниот пазар" како уште една можност за богатите земји и стопанства но и на МНК да го зголемат сопственото богатство, а од друга страна сиромашните со привлекувањето на инвестициите ја гледаат можноста за развој во клучните сфери, во економската, технолошката и општествената, сите и тоа како значајни за современото живеење. Доколку правиме било какви компарации со земјите од соседството, слободно може да кажеме дека последните години Република Македонија особено е ,,иновативна" на планот на начинот, можноста и привилегиите кои им се даваат на потенцијалните странски инвеститори. За нештата да ни станат појасни, ќе протолкуваме одредени податоци од табела 4, а кои се однесуваат за влезот на СДИ од осамостојувањето на Република Македонија до денес. Во оваа смисла условно би можеле наведениот период да се подели на три, и тоа еден транзиционен како и два постранзициони периоди.

Првиот посттранзиционен период е од 2000 до 2006 година, а вториот од 2006 до денес, при што секој е одбележан со одредени карактеристики.

Транзициониот период е препознатлив по тешката социо-економска ситуација предизвикана од пропаѓањето на голем број на претпријатија, видливата стапка на невработеност и сиромаштијата. Периодот окарактеризиран како лош, во поглед на водена политика во привлекувањето на СДИ, истите имаат ниска вредност и изнесуваат 9.5 милиони долари во 1995 година, додека највисок во износ од 150,5 милиони долари е забележан во 1998 година. Почетокот на постранзициониот период, значи и период на делумно ослободување од комплексите стекнати во транзицијата, при што земјата постепено се опоравува. Забележани се највисоки 447,1 милион долари во 2001 година но со тенденција на опаѓање на странските инвестиции во земјава, со исклучок на 2004 година која е исто така полоша по приливот на странски инвестиции во земјава со безмалку

симболични 97 милиони долари во 2005 година. Но од 2006 година може да говориме за еволуција во општеството и подобрување на состојбите во поглед на конкурентноста. За ваквиот однос причината може да се бара во политиката на официјалната власт особено во клучните сфери од доменот на економската политика, сврзана со економскиот раст како и далекусежните видувања кои можат да се очекуваат од СДИ. Кога ова го говориме секако дека мислиме и на добрите инфраструктурни решенија, како и можностите кои ги нудат слободните индустриски зони. Во оваа конотација не треба да се заборави ни улогата која ја постигна и воведениот рамен данок. Анализирајќи ги податоците во врска со СДИ ова е најдобриот период од осамостојувањето на земјата со најдобри до сега 699,1 милиони долари во 2007 година и најниски за овој период 197,1 милиони долари во 2009 година кое пред сè се должи на светската економска криза. Р. Македонија секако дека гаи посебни симпатии кога се работи за СДИ.

Што значат странските инвестиции за Р Македонија, ќе се обидеме да појасниме и со одредени податоци сврзани со гринфилд инвестициите. Имено свој придонес во развојот на македонската економија даваат фирми од рангот на „Џонсон Мети“ од Велика Британија, Комберт и Шубрт од Германија, „Кемет електроникс“ од САД, „Дреклер Мајер“-Германија, „Мадерсон груп“ од Индија како и многу други компании, кои имаат свој удел не само во економскиот раст на земјата туку и на планот на вработување. Македонија широко ги отвори портите за мултинационални компании речиси од сите континенти, па оттаму може да кажеме дека истата веќе е дел од таканареченото мрежно општество, и дека претставува една точка од светскиот економски пазар. Таа условно ги пушта сигналите од својот економски живот, на своето постоење. Македонија е плодно ткиво во кое се шири позитивна клима не само за компаниите кои веќе се присутни на македонскиот пазар туку и за привлекување на нови стратешки партнери по пат на нудење на совршени услови на веќе инфраструктурно обезбедените локации. Несомено профитот е базичниот мотив во било која дејност, и истиот претставува и лајтмотив за влез на некоја компанија на одреден пазар, но истовремено и самото национално општество, во директните инвестиции ја гледа својата

спасоносна формула за наталожените проблеми од економска природа, со кои мотиви ја зацртуваат влезната врата за странски инвестиции во земјата.

За Корпорациите при донесувањето на одлука за влез во одредена земја и општество во кое сакаат да инвестираат пресудни се ракатка од фактори од кои како клучни се: стапка на даноците, евтината работна сила, суровините како и квалификуваноста и потребните стручни профили за реализација на активностите.

**4.Градот во Македонија во услови на глобализација**

Сеуште можеме да го поставуваме прашањето дали транзицијата овозможи навлегувањето на глобалните вредности на западното општество или пак процесот на глобализација го овозможи процесот на транзиција во општеството и во урбаниот простор? Градовите својата препознатливост ја добиваат според степенот на маркантните поенти во централната и пошироката околина на градот. Постапката на градење на посебноста лежи како во проблемот на урбано концепирање на системот град, што е прва категорија на проблеми, и второ реализирање на урбанистичкиот проект преку точните градски волумени кои се нарекуваат објекти. Постсоцијалистичкиот град во последните две децении се соочува со сериозна трансформација слична на онаа која настана во општествата од овие простори. Градот е местото во кое се случува безмалку сè, простор во кој се формираат новите општествени тенденции, промени кои што настануваат во културата и во урбаниот начин на живеење. И градот доживеа своевидна транзиција слична на онаа општествената, просторот доби ново значење, кое се одбележува и во промените и начинот на неговото користење. Градот говори преку својот идентитет кој е граден низ историјата. Тоа се плоштадите, централните улици, како и старите урбани јадра важни за културното живеење. Движењето во архитектурата на градот бележи крајно растеглив опус препознатлив во хипермодерната како своевиден тренд во отворањето на архитектурата до контекстуална архитектура која го почитува постоечкото релевантно ткиво. Ако градот има коректно инсталирано минато треба истото да се одржи.

Ситуацијата која што настана во општеството на почетокот на деведесетите години на XX-век со почетокот на општествената транзиција, новонастанатите проблеми со зголемената стапка на невработеност како и порастот на сиромаштијата се прелеа и во урбаната реалност на градот Скопје. Се започна со поинтензивното прегрупирање на населението и негово концентрирање според слоевата припадност. Во таа смисла богатиот општествен слој започна да се населува и концентрира во резиденционални простори на градот, иселувајќи се од населбите во кои се наоѓаат припадниците на сиромашниот и средниот општествен слој, напуштајќи ги, поради подобрите услови во резиденционалните зони во градот во кои се чувствуваат поудобно но и побезбедно во однос, на оној дел од Скопје во кој домуваат припадниците на пониските општествени слоеви, како и во населбите просторно концентрирани со припадници на албанската и ромската етничка група.

Современиот град, локацијата на сите општествени случувања, е местото во кое доминираат прашањата својствени за современото урбано општество, прашања поврзани со економијата и стопанството, културата, политиката, образованието и спортот. Урбаниот простор во кој се креира начинот на живеење е составен дел од идентитетот на еден град кој директно е поврзан со културата односно културите застапени во урбаниот простор.

Идентитетот на градот ја открива целокупната општествена архитектура.

Водењето на дебати за мултиетнички и мултикултурни прашања најчесто завршуваат со идеализирани нерационални и надвор од реалноста необјективни романтичарски ставови за живеење, со различниот од себе со припадниците на другите етнички групи, зголемувајќи ги тешкотиите во реалноста како и фрустрациите кога ваквите идеали нема да успеат да се реализираат во реалноста. Треба да знаеме дека самиот процес на глобализација ги интегрира сопствените вредности длабоко во македонското општество, а со тоа и во урбаниот начин на живот и урбаната култура, која е сè поблиска до западниот културен модел и урбаниот начин на живот, забележувајќи ја потрошувачката култура како интегрирана и престижна во урбаното секојдневие.

,, Во светот по студената војна знамињата имаат свое значење, како и другите симболи на културниот идентитет: крстови, полумесечина, па дури и шамиите за глава, бидејќи културата е битна, а културниот идентитет меѓу најважните за луѓето. Луѓето сега често откриваат нови но всушност стари знамиња кои доведуваат до војни со нови, но всушност стари непријатели" (Хантинктон 2010:20).

Негувањето на вредностите на сопствената култура, обичаи и религија претставуваат афирмација на позитивните вредности, во мултикултурни и мултиетнички средини, тие можат да предизвикаат подвојување на припадниците на различните етнички групи, концентрирајќи се во еден заеднички урбан простор, штитејќи се од асимилација и губење на сопствениот идентитет. Патот на успехот на мултикултурниот и мултиетничкиот град покрај почитување на сопствената култура и обичаи, води и преку толеранција и почитување на културата и обичаите на другите етнички групи.

Кога говориме за идентитетот на градот, тоа се и состојбите и духот на неговите улици, симбол и перцепција на дисциплината и нередот, сликата на општественото уредување и општествената состојба.

Периодот на деведесетите години беше значаен и за улогата на градот имајќи ја во вид неговата сооченост со потребата од промени не само на општеството туку и на градот како една од клучните алки во урбаниот простор. Процесот на општествена транзиција претставуваше и промена на урбаниот простор, што носи потреба од повторна изградба, градење или доградување на идентитетот на градот. Воедно глобализацијата ги интегрираше своите културни вредности во урбаната култура и начинот на живот. Современиот град се одликува со хетероген културен модел кој произлегува од мултикултурниот карактер на истиот. Градот се бори со етничката и резиденционалната сегрегација, се бори со сламот и гетото лоциран на својата територија. Истиот е локација на сите општествени случувања, место во кое доминираат прашањата својствени за современото урбано општество, поврзани со економијата и стопанството, како и културата, политиката, образованието и спортот. Урбаниот простор во кој се креира начинот на живот, е

составен дел и на идентитетот на градот директно поврзан со културата односно културите кои се застапени во урбаниот простор, од луѓето и општествените групи кои живеат во него.

Пост-социјалистичкиот град се соочи со сериозна ситуација, со промената на општествените системи и влијанието на процесот на глобализација, односно надоаѓачкиот глобален бран во локалната урбана култура.

Градот во Република Македонија, а пред сѐ на ова место говориме за градот Скопје претрпе сопствена трансформација, динамично следејќи ги промените во општеството во кој контекст истиот доживуваше промени во некои свои делови.

Скопје, особено на почетокот на последната декада од XX-век на својата територија сеуште имаше дел од традиционалните маала кои беа составен дел од неговата историја, традиција и идентитет, врзувајќи се со традиционалниот начин на живеење. Посебно значење за урбаниот простор претставува централното градско подрачје во кое ја забележуваме непроценливата вредност која ја има плоштадот или плоштадите кои ги поседува градот во самиот негов центар

Од содржините лоцирани на плоштадот, споменициите, објектите и нивниот распоред во просторот може да започнеме со градење на перцепцијата за неговиот идентитет како и за идентитетот на луѓето кои живеат во него. Поставувањето на споменици во урбаниот простор како и нивната локација укажува на културното минато и идентитет на населението кое што живее во урбаниот простор. Плоштадот е локација во градот која претставува пешачка зона каде што циркулира голем број на население од сите делови на градот, и кои со свои ,, условни влезови" го поврзува влезот и излезот од градот кон центарот и обратно од центарот, кон градот и пошироко.

Од особена важност за процесот на еволуција на еден град секако е правилното и соодветно сообраќајно поврзување на населените места во него. Интегрирањето на глобалните тенденции во Скопје започна со реконструкција на централното градско подрачје во кој настанаа значајни архитектонски промени. Поради потребите на растот на урбаниот простор се забележува повеќе од една декада

исчезнување на индивидуалните објекти во централното градско подрачје и никнување на згради на нивните локации. Тенденциите на глобализацијата продолжуваат во градот преку изградбата на нови трговски и шопинг центри на територијата на Скопје, појавата на ,,Рамстор", ,,Веро" ,,Тинекс" ,,Скопје Сити Мол," кои на некој начин ни говори за новиот вид на перцепирање на односот и промената на потрошувачката култура во градот, односно навлегувањето на западната потрошувачака култура како пожелен начин на живот.

Градот кој претставува мултикултурен и мултиетнички на својата територија се соочува во последниве две декади и со уште една нова култура, глобалната. Скопје е град кој на својата територија, поточно на својот урбан простор овозможува да живеат, и да ја искажуваат својата креативност голем број на етнички, културни и конфесионални групи, давајќи посебен шмек на градот преку својата мултикултурност, мултиконфесионалност и мултиетничност. Појавата на големите шопинг центри и навлегувањето на странскиот капитал во урбаниот простор претставува уште една промена, условно предизвикана од процесот на глобализација.

Секоја промена во општеството се одразува преку промена во урбаниот простор. Во градот се проткаени мноштво од урбани приказни како дел од урбаната историја и култура. Преку глобалните тенденции навлегува продорот на уличната уметност. Плоштадот на градот ја дава сликата и идентитетот на населението кое живее во него.

Концептот на социјалистички град носи големи површини на стамбен простор во централното градско подрачје, со помал простор наменет за деловни површини во него, антипод на социјалистичкиот град е капиталистичкиот во кој се забележува доминантно присуство на деловниот простор во централното градско подрачје со минимален простор за домување во него.

Градот некогаш со векови останува ист, речиси непроменлив, но некогаш со него си игра судбината-односно не по своја вина доаѓа до промени. Тоа се случува и со Скопје кое катастрофалниот земјотрес од 1963 претставува видлива пресвртница

препознатлива во демографскиот бум, т.е. видливата миграција на населението. Град во кој жителите од внатрешноста почнуваа да го доживуваат како спасоносно решение за бекство од нивната целосна маргинализираност.

Почетокот на деведесетите години од минатиот век со промената на општествениот систем во Република Македонија донесоа промена во стопанството и економијата, а со тоа настана и промена во користењето на централното градско подрачје. Како карактеристична промена за Скопје во централниот простор на градот можеме да ја забележиме појавата на исчезнување на традиционалните скопски маала исполнети со индивидуални објекти за домување. Градот демографски значително ја промени својата карта, но тоа доведе до уште еден феномен препознатлив во бесправно изградените објекти па и цели населби за кои дури денес се изнаоѓа законски решенија сврзани со нивните круцијални животни проблеми. Периодот на осумдесетите може да се означи и за период во кои се детектираат првите знаци за концентрација на населението, пред сѐ на припадниците на малцинските етнички групи, поради нивната потреба за живеење во средина со припадници на сопствената етничка, културна, како и конфесионална припадност.

Периодот во кој доаѓа до своевидна сегрегација на населението во Скопје, добро го има согледано и анализирано Ацески па сосема оправдано е што во овој дел оставаме простор за проблемот со скопскиот слам:

,,Скопскиот слам е творба на „идеални“ услови кои владееле во седумдесетите години во политиката, економијата, урбанизмот и воопшто во сфаќањето за тоа што претставува градот. За илјадници луѓе тоа значеше надеж за подобар живот за владеачката елита најголем град на Балканот, за планерите шанса да изградат град за пример. Тоа, само за една и половина деценија, за мнозинството се претвори во живот во деградирани услови, во голем град недефиниран и без идентитет, а за планерите неостварена визија и покрај добрите намери и планови“ (Ацески, 1996:15). Како и секој град што претставува национална метропола така и градот Скопје е местото на сето она што значи економски раст, место на модата и културата, место во кое лесно може да се покаже она што е престижно. Во таа

смисла потрошувачкото општество и култура е една од вредностите на глобализацијата која се интегрира и во македонското општество. За тоа несомнено говорат и современите продавници, супермаркети, и трговски центри кои овозможуваат достапност на брендирани производи од сите страни на светот. Новина е што покрај продажната улога, се почесто ја имаат и функцијата и на места за забава преку организирањето на лепеза од забавни содржини, кафулиња, кино сали, фитнес центри и слично. Од друга страна централниот градски плоштад претставува дел од урбаниот идентитет на градот, што ја гради перцепцијата за економскиот и политичкиот живот на населението, но истовремено претставува и симбол на цивилизацијата на која припаѓа. Во изминативов период значително е подобрена и инфраструктурата на градот, имајќи во вид дека самиот урбан простор под влијанието на процесот на глобализација, странските инвестиции и демографскиот пораст на градот, предизвика потреба за истата.

Градот широко ги отвора своите врати за спортот, образованието и здравството, како и за забавниот ноќен живот. Но и покрај сите убавини кои се видливи во централното градско подрачје, не само македонските градови, туку и сите градови во соседството, соочени се со феноменот наречен субстандардност. Борбата за богатство, моќ и престиж и нивното истакнување станаа составен дел од урбаната култура. Во оваа смисла и општествената стратификација се реализира преку богатството и моќта која се поседува, а се одразува и на просторот, преку креирањето на резиденционални делови на градот.

Во оваа смисла Пушиќ вели дека: ,, Целосното разбирање на слоевитоста на општествената структура на животот во градот може да се сведе на неколку основни идеи. Првата е дека градовите отсекогаш биле носители на најрепрезентативните обрасци на општествената поделба. Втората, социјалниот простор на градот најдобро ја објаснува општествената поделба. Третата, просторната структура и просторните односи се најјасен одраз на општествената поделба"(Pusic, 1997:290).

Оттука произлегува, или поточно може да заклучиме дека општествената стратификација го креира изгледот и просторната распределеност на населението. Што се однесува до резиденционалната сегрегација истата се јавува во сите градови во кој населението се групира врз основа на слоевата припадност, моќта која се поседува но и на културата на која се припаѓа. Ваквите простори се одликуваат со високи стандарди во инфраструктурата, градби со естетска убавина и околина која дава можност за удобен живот.Токму затоа односите во општеството се претставени преку моменталната ситуација во урбаниот простор.

**5. Процесот на транзиција и приватизација во Р. Македонија**

Секако дека процесот на глобализација одигра значајна улога и во подоцнежниот процес на транзиција, а со тоа и на приватизацијата која се рефлектира во низа општествени промени во носечките столбови на секое општество како што се економијата, политиката и културата.

Базично гледано поимите на транзиција и приватизација главно се поврзуваат со купување на претпријатија по багателни цени, кои беа општествени, како и пропаѓањето на општествени претпријатија што сами по себе доведоа до губење на работни места. Новите промени во општеството и појавата на негативните појави при реализација на реформите, како што е процесот на сомнителна приватизацијата, ограбувањето, корупцијата намалувањето на извозот, појавата на приватни монополи, не треба да се поврзуваат со промените на општеството, туку повеќе треба да бидат поврзани со ненавременото носење на соодветни закони и лошо водената политика од тогашната политичка елита. Треба да споменеме дека речиси сите автори кои говорат за поранешните социјалистички општества најчесто ја користат придавката кризно, при тоа мислејќи на нивните белези препознатливи во економската сфера, невработеноста, сегрегацијата и слично. Рушењето на дотогашниот систем отвори можност за либерален развој во истите во своевидно капиталистичко миле кое со себе ќе третира нови вредности.

Поранешните социјалистички општества, може да ги наречеме како кризни поради повеќе нивни карактеристики на кои се носители. Во оваа смисла кризата е најмногу експонирана во економската и стопанската сфера, манифестирана преку високата невработеност, падот на животниот стандард, и зголемената сиромаштија во општеството. Ваквата состојба секако е поврзана и во сите сфери на општественото живеење. Така падот на социјалистичкото општествено уредување го отвори и прашањето за развој во овие општества, односно модифицирање на истите. Во овој контекст на голема врата се интегрираа вредностите на неолиберализмот, клучот кој ги отвора вратите за лесно вградување на глобалните вредности.

Кога станува збор за процесот на транзиција во Република Македонија истиот се јавува под влијание на процесот на глобализација кој како што веќе напоменавме за свои вредности ги има создавањето на светско општество и заеднички пазар. Промените се евидентни речиси во сите општествени сфери, а доминантни во економијата, политиката и стопанството, како и во осовременување на техниката и технологијата. Овие промени препознатливи се и во процесите на брзото информирање и циркулација на информациите како и во самата побарувачка на работна сила кадешто доминираат техничките профили. Анализирајќи го период на почетокот на транзиција пред сè приватизацијата на општествениот капитал, се добива претстава дека истата започна без јасно изградена стратегија, но и во отсуство на соодветни закони за нејзино целосно одвивање, како и со целосно лошо менаџирање на тогашната владеачка гарнитура. Приватизацијата на општествениот капитал која што се случи во Република Македонија може да се окарактеризира како чудна и сомнителна. Првиот период на транзиција може да го окарактеризираме и како период во кој се врши нова стратификација во општеството при што отскокнува мала група на олигарси кои во текот на приватизацијата успеа да се здобие со економска но и политичка моќ која дополнително доведе до раслојување и ситнење на припадниците на средниот слој, и појава на понатамошно осиромашување на и онака сиромашното население. Транзицијата реално ја согледуваме не само

преку процесот на приватизација, туку и преку навлегување на демократските вредности во општеството.

Па оттаму секако како највпечатливи би ги навеле и круцијалните промени. Транзицијата во Р Македонија придонесе за дополнително зголемување на нееднаквоста во општеството, зголемување на стапката на невработеност, пад на животниот стандард како и богатење и создавање на општествена група на екстремно богати, што било непознато за претходниот систем. Поедноставно кажано транзицијата е период во кој постојано се менува сѐ што значело столб на претходниот систем. Истата може да ја перцепираме и од еден друг аспект, имено инволвирана или ако сакаме паралерна со процесот на глобализација. Споменувањето на процесот на транзиција и приватизација, создава темна слика или чувство на горчина кај поголемиот дел од населението. Слика препознатлива во уништените претпријатија, социјалната несигурност како и раст на сиромаштија и маргинализација на добар дел од активното, а недоволно искористено население, како и дополнителна општествена стратификација.

Може да се каже дека најсложениот сегмент на процесот на транзиција на македонското општество произлезе од брзоплетиот и недоволно регурилан процес на приватизација пред сѐ на државниот капитал и отсуството на стратегија и модел преку кој таа требаше да биде реализирана. Навидум процесот на приватизација на државната сопственост требаше да биде јасен и едноставен процес со кој економијата и стопанството ќе транзитираат од планирана во пазарна економија, правејќи уште еден значаен чекор кон приклучувањето на светскиот пазар односно прифаќање на глобалните економски вредности својствени за современото живеење.

Приватизацијата во Република Македонија беше „организирана“ и реализирана во отсутво на јасна стратегија за нејзиното одвивање. Брзо реализираната приватизација на дотогаш општетвените претпријатија, овозможи дел од поранешните раководители во најголем број да станат и сопственици на поголемиот дел од акциите на претпријатија во кои претходно беа раководители, или на високи раководни функции. Со еден збор токму вака изведената

приватизација која условно кажано беше ,, своевиден модел“ на повеќето земји во транзиција, а во отсуство на соодветна стратегија за одвивање на процесот создадоа поволни услови за појава на олигарси и во македонското општество.

Приватизацијата го сруши социоекономскиот статус на дел од населението, а на малкумина им даде фаворизирана положба во општеството која во најголем број на случаи ја поседувале и во претходното општествено уредување.

Кога говориме за начинот на извршена приватизација во постсоцијалистичките општества на мислење сме дека треба да го споменеме и видувањето на професорот Ацески кој вели:

,,...Прво приватизацијата во постсоцијалистичките општества се случува од ex nihilo. Станува збор за операција во општеството која радикално ја менува целокупната структура на општеството на економски, социјален и политички план. Втората разлика директно произлегува од првата: приватизацијата на Исток е активност без преседан во историјата. За прв пат во историјата, 360 милиони луѓе преминуваат на полето на пазарната економија, запознавајќи или повторно запознавајќи ги правилата на игра во приватните претпријатија. Третата разлика е содржана во брзината на трансформацијата на сопственоста на Исток. Четвртата разлика се однесува на природата на претпријатијата за приватизација. Имено станува збор за големи претпријатија особено во Русија, во кои, без малку беа вработени сите способни за работа од регионот или местото на живеење. Со нивното преструктуирање (или приватизирање), практично не остана никој незасегнат. Петтата разлика произлегува од практичното непостоење на институциите на пазарната економија, како што се: берзата, конкуренцијата, финансискиот пазар и други институции и механизми познати и неопходни во земјите со пазарно стопанство. Шесто начинот на кој беше изведена приватизацијата суштински многу се разликува од западните развиени општества. Колку е тоа значајно говори и фактот за не/прифаќањето на начинот како беше спроведена приватизацијата од страна на најголемиот дел на популацијата и нејзиното значење и влијание врз целината на реформите “(Ацески, 2002 стр 62).

Секако дека се сложуваме со сите досегашни автори кои сметаат дека процесот на транзиција не може да се спроведува според одреден рецепт, имајќи во вид дека секоја земја има свои одредени специфичности. Но сепак брзината како и успешноста на процесот може да се поврзе со самото поттикнување на претприемништвото. Најголемиот дел од населението од земјите кои во деведесеттите години се наоѓаа во транзиција па така и во Република Македонија се соочија со новонастанатите проблеми што значеа менување на животниот стандард и социо-економскиот статус, додека за незначителен дел, препознатлив во транзиционите профитери значеше подобрување и на онака добрата и привилигирана положба како на економски така и на политички план. Можеби предмет на понатамошни анализи би требало да бидат и онаа шака од луѓе кои транзиционият период како и некои реформи ги имаа искористено за зголемување на својата економска моќ и градење на имиџ на привилегирани. За разлика од нив доаѓа до значително намалување на средниот слој кој мошне брзо се претопува во сиромашен.

Гледано од научен аспект, треба да го отфрлиме присуството на било какви илузии или заблуди особено кога се во прашање вака чувствителни теми. Промените секако се неизбежни кога се менува нешто, а не општествен систем. Посебно треба да се укаже на вниманието кое треба да се посвети за време на кусиот период на вакуум во кој секој сака нешто да искористи.

Секако дека промените се неминовни, пред сѐ кога се менува општествениот систем. Токму затоа сосема разбирливи се промените со кои се соочија социјалистичките земји, по падот на социјализмот, а спроведувани во периодот на транзиција. Интеграциите на пазарите во светот играат огромна улога како за помалите, така и за економски поразвиените земји. За таа цел потребно е следење на процесите како на локално, регионално така и на глобално ниво.

Воедно само со зголемен раст на производството, што значи и зголемен БДП може да говориме за можноста на приближување до глобалниот пазар и глобалните економии, со кои показатели, барем во периодот на транзиција, Македонија ни случајно не можеше да се пофали. Не може да се најде

посоодветен збор од радикални промени, имајќи во вид дека се менува еден економски систем, а во ист период и политички систем, кој во своите базични вредности имаат диаметрално спротивни не само вредности, туку и различен однос кон капиталот и сопственоста. Но истото се остварува под фразата за ,,подобро утре" за поединецот како индивидуа но и во групни рамки и општеството како целина.

| Година | Стапка на реален пораст во % |
|---|---|
| 1993 | -7.5 |
| 1994 | -1.8 |
| 1995 | -1.1 |
| 1996 | 1.2 |
| 1997 | 1.4 |
| 1998 | 3.4 |
| 1999 | 4.3 |
| 2000 | 4.5 |
| 2001 | -4.5 |
| 2002 | 0.9 |
| 2003 | 2.8 |
| 2004 | 4.6 |
| 2005 | 4.4 |
| 2006 | 5.0 |
| 2007 | 6.1 |
| 2008 | 5.0 |
| 2009 | -0.9 |
| 2010 | 1.8 |
| 2011 | 3.0 |
| 2012 | -0.4 |
| 2013 | 3.3 |

Табела бр 5
Реален пораст на бруто домашниот производ во Република Македонија
Извор:НБРМ

Од анализата на податоците за бруто домашниот производ во стопанството на Република Македонија на почетокот на процесот на транзиција и приватизација на државниот капитал се забележува значајно опаѓање на бруто домашниот производ во првите три транзициони години, кои се изразени и со негативни вредности. Ваквата ситуација произлегува од сложената политичка и економска ситуација, која се појави поради немањето на соодветен модел преку кој ќе се одвива приватизацијата како и од отсутвото на законска регулатива за одвивање

на истата. Гаснењето на голем број на претпријатија значително влијаеше на негативната вредност на бруто домашниот производ. Во периодот од 1996 до 2000 година забележан е минимален пораст на бруто домашниот производ, по што во 2001 година повторно доаѓа до пад на БДП како резултат на воениот конфликт. По наведениов период се бележи подобрување односно тенденција на пораст на БДП  кој тренд е во континуитет до 2009 година кога реално доаѓа до опаѓање на БДП пред сè како резултат на глобалната економска криза. И покрај кризата со која се соочуваа поголем дел од земјите во регионот, Република Македонија бележи пораст на БДП, кој дава позитивни сигнали, но и насоки за решавање на горливите проблеми таложени со години наназад, а кои се од значење за подобрување на животниот стандард на македонскиот граѓанин. Делот за транзицијата во Р Македонија би го завршиле со искажувањето на Колотко, кој ги обработува земјите во транзиција. Истиот вели:

,,Глобализацијата ја ограничува слободата на транзициските земји што се однесува до изборите што се вршат во областа не економската политика, како и што се однесува до начините на конструирање на институциите на пазарната економија“. (Колодко, 2004: 90).

**6.Сиромаштијата во Република Македонија**

Прашањето на сиромаштија претставува сериозен проблем на глобално ниво, што само по себе значи дека со истиот проблем не е заобиколена ни Република Македонија. Постсоцијалистичките земји кои пред повеќе од две децении започнаа со процесот на транзиција, добро се запознати со проблемот на сиромаштија, но во годините што следат истите уште повеќе со неа се инволвираат имајќи во вид дека глобализацијата и транзиционите процеси доведуваат до дополнително раслојување на населението но и до зголемување на сиромаштијата. Начелно, одговорот се крие во високата стапка на невработеност.

Општествената стратификација под влијание на процесите на транзиција и глобализација предизвика сериозни промени и последици во македонското

општество, што се рефлектира и врз животниот стандард на дел од населението. Транзицијата доведе до своевидна ерозија на добар дел од средниот слој, дополнително влошувајќи ги елементарните услови за живеење. Зголемената стапка на невработеност предизвика осиромашување на населението, а главните фактори се детектираат во падот на нивниот стандард поврзани со зголеманата стапка на невработеност, пораст на цените на производите и услугите како и падот на личниот доход. Раслојувањето кое во овој период настана во општеството продолжи и во посттранзициониот период каде поинтензивното интегрирање на глобалните вредности резултира со тенденциите на дополнително раслојување на населението и зголемување на диспропорциите помеѓу општествените слоеви.

| Година | Сиромашни лица во проценти |
|---|---|
| 1997 | 19.0 |
| 1998 | 20.7 |
| 1999 | 21.0 |
| 2000 | 22.3 |
| 2001 | 24.6 |
| 2002 | 30.2 |
| 2003 | 30.2 |
| 2004 | 29.6 |
| 2005 | 30.0 |
| 2006 | 29.8 |
| 2007 | 29.4 |
| 2008 | 28.7 |
| 2009 | 31.1 |
| 2010 | 30.9 |
| 2011 | 30.4 |

Табела 6
Сиромашни лица од вкупното население
Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Периодот на транзиција и приватизација остави длабоки последици во македонското општество. Пред сè тоа се однесува на веќе деценискaта, висока стапка на невработеност но во последно време и зголемената стапка на сиромашно население, со еден збор пад на животниот стандард. Карактеристично е што податоци за сиромашните лица во Република Македонија бележиме уште од самите почетоци на нејзиното мерење, поточно по завршување на процесот на транзиција, кога и во суштина се бележи висок процент на сиромашно население,

појава присутна, не само како резултат на приватизацијата на државните претпријатија, туку и со фактичкото пропаѓање на голем број на државни претпријатија и фирми со нерегулиран иден статус. И покрај напорите кои се прават за доведување на сиромаштијата во разумни рамки, таа дополнително се продлабочува и во постранзициониот период, достигнувајќи рекордна стапка во 2009 година.

| Година | Годишен збирен индекс | Индекс на длабочина на сиромаштија |
|---|---|---|
| 1997 | 19.0 | 4.6 |
| 1998 | 20.7 | 5.1 |
| 1999 | 21.0 | 5.7 |
| 2000 | 22.3 | 6.0 |
| 2001 | 22.7 | 5.4 |
| 2002 | 30.2 | 9.3 |
| 2003 | 30.2 | 9.4 |
| 2004 | 29.6 | 9.4 |
| 2005 | 30.0 | 9.7 |
| 2006 | 29.8 | 9.9 |
| 2007 | 29.4 | 9.7 |
| 2008 | 28.7 | 9.2 |
| 2009 | 31.1 | 10.1 |
| 2010 | 30.9 | 10.9 |
| 2011 | 30.4 | 9.3 |

Табела 7
Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија
Релативна сиромаштија во Република Македонија

Во продолжение ќе извршам анализа на сиромаштијата во македонското општество поврзувајќи ја овaa општествена појава со одредени појави кои се случија како резултат на транзиционите промени, а кои значително можат да се сметаат и за нејзини индикатори.

Промената на општествениот систем во Република Македонија ги означи почетоците на градењето на демократското општетсво односно појавата на плурализмот и демократијата во истото. Но покрај позитивните промени со кои се започна, поточно со напуштањето на тоталитарниот систем и преминот кон демократско капиталистичко општествено уредување, процесот на општествена транзиција се соочи со проблем токму во сферата на неправилно спроведената приватизација за која евидентно е отсуството на јасна стратегија при

реализацијата. Оттука резултира и така високата стапка на невработеност како и големото осиромашување на најранливите категории од населението.

Сиромаштијата во Македонија се мери од почетокот на 1997 година. За истата година се бележи висок годишен збирен индекс на сиромаштија како и индекс на длабочина на сиромаштија, а како главен индикатор се зема транзициониот период односно процесот на приватизција, како директна последица на неговото неправилно изведување. Истата се појави како резултат на два фактори: намалената потреба од бројот на вработени во приватизираните фирми, како и големиот број на пропаднати претпријатија, кои директно го поттикнаа осиромашувањето на најранливите категории. Во транзициониот период видливо е продлабочување на сиромаштијата и тенденција на пораст на годишен збирен индекс, како и индекс на длабочина на сиромаштија, која состојба продолжува и во посттранзициониот период, иако во него се бележи поинтензивно влијание на процесот на глобализација, раздвижување на економијата и стопанството преку спектар од мерки и активности, во кои најизразени и во прв план се странските директни инвестиции како главна мерка за раздвижување на домашната економија и стопанство. Но истата, сама по себе не е доволна за надминување на со години таложениот проблем на невработеност и сиромаштија, два феномени кои и те како се испреплетуваат со својата меѓузависнот. Највисокиот годишен збирен индекс на сиромаштија се забележува во 2009 година кој се поврзува со светската економска криза, а највисока вредност на индекс на длабочина на сиромаштија бележиме во 2010 година, при што еден од главните фактори е глобалната економска криза. Во продолжение се забележува благо опаѓање на годишен збирен индекс како и индексот на длабочина на сиромаштија.

Анализата за сиромаштијата во Република Македонија ќе ја продолжиме и на категоријата на домаќинства кои се најзагрозени од проблемот на сиромаштија во македонското општество. Притоа користени се податоците дадени од 2007 до 2012 година за сиромаштијата според видот на домаќинство. Во првата година од оваа анализа како најсиромашна категорија се бележи категоријата на други домаќинства со деца, каде што е највисок процентот на вкупниот збирен индекс,

индексот на длабочина на сиромаштија и имаат најголем удел и во структурата на сиромашни. Во наредните две години, од користените податоци се забележува продолжување на тенденцијата на покачување на нивото на сиромаштија кај овој тип на домаќинства, што е карактеристика и за последните три години од анализата, каде што продолжува тенденцијата, најсиромашна група на население да биде категоријата на други домаќинства со деца, кај која се бележи продолжената тенденција и понатамошно осиромашување на населението.

При реализација на анализата на проблемот со сиромаштијата во Република Македонија се користат повеќе индикатори и класификации според тоа кој е најсиромашен во македонското општество. Покрај видот на домаќинството сепак како еден од факторите кое влијае едно домаќинство да се смета и да се класифицира во сиромашно, е и неговата бројност. Помеѓу сиромашните, како најсиормашни домаќинства се оние кои имаат шест и повеќе членови. Кај нив од податоците кои се анализираат се бележи највисока вредност на вкупниот збирен индекс, индексот на длабочина на сиромаштија како и најголемо учество во вкупниот број на сиромашно население во Република Македонија, при што се бележи блага тенденција на пораст во секоја наредна година од анализата. Според возраста на главата на домаќинство во првите три години од анализата, најсиромашни се оние семејства во кои главата на домаќинството има од 40 до 59 години, тенденција што продолжува и во следните години. Но вкупниот збирен индекс е повисок кај оние домаќинства кај кои главата на домаќинство е постара од 60 години. Мнозинството од сиромашно население, односно доминантната категорија во групата на сиромашно население имаат статус на невработени лица како најранлива категорија подложна на сиромаштија. Од презентираните податоци се забележува дека во вкупниот збирен индекс, длабочината на индексот на сиромаштија и структурата на сиромашните во целата анализа, доминираат невработените, по што следни по загрозеност се домаќинствата со по еден вработен член.

Процесот на транзиција и приватизација дополнително ја поттикна сиромаштијата во Република Македонија. Ваквата појава се забележува преку податоците за

сиромаштија во Република Македонија манифестирана низ повеќе белези, како според видот на домаќинството, возраст на главата на домаќинство, бројот на членови и бројот на вработени членови.

## 7.Информатичкото општество во Република Македонија

Осовременувањето на општествените процеси не може да се замисли без своевиден импулс кој го дава процесот на глобализација, што претставува вистински механизам за своевидно покренување на видливо забавениот развој на македонското општество. Во овој контекст приоритетот го ставаме на информатичката технологија, особено од аспект на максимална нејзина примена, но искористена во деловното и институционално работење, забрзано функционирање на компаниите од сите сфери на работење, новините воведени во комуницирањето на поединци кон државата и на државата кон поединците. Новини без кои во моментов, а да не говориме во иднина не би можело да се замисли функционирањето на општественото живеење. Кога говориме за информатичка технологија истата е од големо значење и на индивидуален план, имајќи во вид дека компјутерот, а со тоа и интернетот е составна алатка, или предмет без кој не може да се мине ниту еден миг, имајќи го во вид широкиот спектар било да станува збор за работа, учење, игра или забава. Сметаме дека е потребно да дадеме и одредена дефиниција во поглед на подразбирањето или приближувањето до концептот информатичко општество. Во таа смисла Кастелс вели:

,, Под концептот информатичко општество подразбирам социјална структура во која изворите на економската продуктивност, културната хегемонија и политичко воената моќ зависат, суштински од нивната способност да се здобијат, со складиште, ги процесираат и ги генерираат информациите и знаењето (Kastels во Vujović и Petrović, 2005 : 183). Во оваа смисла се согласуваме дека знаењето и информациите секогаш имале видно место за економската акумулација и во минатото, но денес истите го имаат рангот на производна сила, па оттаму во целост се сложуваме со коментарот на Кастелс.

Во актуелниов момент современото општество не може да го замислиме без благовремена, точна и брза информација, без разлика на дадените проблеми.

Еволуцијата на технологијата и општеството е заемно поврзана, од неа во голема мера зависи деловниот свет, но со сè поголем интензитет технологијата се корисити, и е директно вклучена и во приватниот живот. Сведоци сме на последната технолошка еволуција информациско-информатичката која со помош на мрежата на интернетот го овозможи современото општество. Информатичката технологија и интернетот исто како и процесот на глобализација се распространи низ целиот свет. Новото општество се наоѓа под сериозно влијание на современата технологија. Тоа е општество во знак на информациите, навременото информирање, трговијата со информации и услуги. Во него информатичката технологија и интернетот заземаат една од централните положби. Ваквата еволуција во македонското општество настана со навлегувањето на процесот на глобализација и интеграцијата на нејзините вредности. Процесот на информатизација на македонското општество претставува неминовен процес како дел од интегрирањето на глобалните вредности, составен дел на глобалното општество. Во секоја општествена сфера забележуваме употреба на современа технологија како на деловен така и на индивидуален план. Во последната декада во деловното работење на компаниите како и во државните институции во целост се користат придобивките на информатичката технологија. Информатизацијата на општеството изврши темелни промени во општеството и во самото урбано живеење, при што како најзначајни се промените во деловното работење и во комуникацијата и интеракцијата во сферата на приватното. Во оваа смисла сè поинтензивната употреба на социјалните мрежи facebook и twitter, како и комуникацијата која се одвива преку електронската пошта, овозможува ширење на виртуелната комуникација, и креирање на виртуелно општество кое го зголемува интензитетот на комуникацијата и брзината на циркулација на информациите, но на сметка на намалување на интензитетот на примарната комуникација. Преку електронската пошта која ја симплифицира и забрза комуникацијата без разлика на оддалеченоста на страните кои се вклучени во неа, социјалните мрежи овозможија забрзување на комуникацијата, но пред сè во неформалната комуникација помеѓу луѓе, кои без разлика дали се познаваат во реалноста, разменуваат текстуални и визуелни пораки, слики, видеа и слично, карактеристично за facebook мрежата или пак на twitter на кој може да се забележи споделување на ставови и информации, како и статуси за она што сакаме да го споделиме со нашите следбеници, но и со останиот свет кој ја користи

оваа социјална мрежа. Веб страните на институциите ни ги нудат потребните информации од јавен карактер како и услугите кои се електронски достапни, намалувајќи ги редиците луѓе во институциите како и скратувајќи го времето потребно за извршување на бараната услуга, додека пак компаниите ги нудат информациите за услугите и производите, нивниот квалитет и цена. Се поинтензивно во прозиводството се користи информатичката технологија, намалувајќи го бројот на потребните вработени, менувајќи го воедно и нивниот образовен профил. Користењето на информатичката технологија и зголемувањето на интензитетот на нејзиното користење можеме да го забележиме и во сферата на образованието, преку воведувањето на сè поголем број на визуелни помагала во наставата, компјутерска технологија LCD проектор, како и преку водењето на електронскиот дневник во основните и средните училишта, електронскиот индекс на факултетите, и експлатација на електронски верзии на научни книги и трудови достапни на интернет и на други бази на податоци кои се корисни и се од образовен или научен карактер.

Во сферата на економијата е понудена палета од можности за користење на современата информатичка технологија и мрежата на интернетот при мноштво од различни активности кои може да се користат и се наменети за фирмите или за индивидуалните корисници на мрежата. Новата технологија ни го овозможи купувањето преку интернет, вршењето на електронски трансакции на финансии од една на друга сметка единствено користејќи ја информатичката технологија и интернетот како и веб страните на банките кои ја овозможуваат оваа услуга. Во сферата на економијата интернетот ни овозможи купување на акции и други хартии од вредност, од било која светска берза во светот.

Во сферата на здравството се реализираа мноштво од проекти за неговото осовременување како што се воведувањето на електронската здравствена картичка и електронскиот упат, и користење на други современи технологии во работењето. Во телекомуникациите постојано се следи импулсот на современата технологија, еволуирајќи и нудејќи подобри, пософистицирани услуги на корисниците, со сè поголем квалитет. Подобрувањата можеме да ги забележиме преку квалитетот на услугите во мобилната телефонија, поставувањето на оптичките кабли за подобрување на

квалитетот на интернет услугата, како и веќе реализираниот проект на дигитализација на телевизискиот сигнал.

Креирањето на правилна перцепција за еволуцијата на општеството и интеграцијата на современите вредности, односно степенот до кој дојде еволуцијата на информатичкото општество во Република Македонија ќе ја направиме и со анализата на степенот на користење на интернет и компјутерската технологија во Република Македонија. За оваа цел ќе бидат користени податоци од Државниот Завод за статистика на Република Македонија, преку податоците за користење на компјутерската технологија и мрежата на интернет на приватните корисници, јавниот сектор и компаниите.

| Година | Домаќинството користи компјутер | Пристап до интернет во домот |
|---|---|---|
| 2007 | 33.2 | 16.5 |
| 2008 | 45.6 | 29.4 |
| 2009 | 54.1 | 41.8 |
| 2010 | 53.6 | 46.1 |
| 2011 | 61.2 | 55.0 |
| 2012 | 64.2 | 58.3 |

Табела 8
Ниво на користење на компјутерска технологија и интернет во домаќинствата
Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Анализирајќи ги податоците за користењето на компјутерската технологија и мрежата на интернет се забележува дека во првата година од анализата, поточно во 2007 година само 33.2 % од семејствата и домаќинствата ги користеле придобивките на компјутерите, а уште помал е процентот на оние кои ја користеле интернет мрежата, и истиот изнесува 16.5% што претставува многу мал дел на населението. Во анализата се забележува појава на тенденција на пораст на корисниците на компјутери и на интернет во семејствата и домаќинствата во Република Македонија. Така во 2008 година се бележи значителн пораст од 12.4% на популацијата која има пристап на компјутери во своите домови со вкупни 45.6 % од населението, а значаен пораст има во користењето на интернетот во домовите од 12.9% и во оваа година се забележани 29.4% од населението кои имаат пристап до интернет од своите домови. Во 2009 година продолжува тенденцијата на пораст, така што се забележува пораст од 8.5% на

популацијата од вкупното население, кои во своите домови поседуваат компјутери искачувајќи се на 54.1% кои поседуваат компјутери во своите домови, се забележува пораст од 12.4% на оние кои поседуваат интернет врска во своите домови на мрежата на интернет за вкупно 41.8%. Во 2010 година се забележува пад од 0.5% од семејствата и домаќинствата во однос на претходната година кои имаат компјутер во домот, додека кај мрежата на интернетот продолжува подемот на нејзините корисници за 4.3% повеќе од претходната година, или вкупно 46.1% од населението поседува интернет. Во следната 2011 година се бележи тенденција на значајен пораст од 7.6% кај популацијата која поседува компјутери во своите домови во однос на претходната година со вкупни 61.2 %, каде што се бележи тенденција на значителен пораст на користење на мрежата на интернет за 8.9%, или вкупно 55.0% од домовите во Република Македонија се поврзани на мрежата на интернет. Во последната година од анализата, во 2012 година видно е дека продолжува тенденцијата на пораст на корисниците на компјутерска технологија за 3%, кои досега се највисоко забележани 64.2%, кои во своите домови поседуваат компјутер како и оние кои користат интернет врска кој порасна за 3.3% односно до највисоките 58.3% од вкупното население во Република Македонија кои од своите домови користи интернет. Покрај порастот на стапката на население кое поседува компјутер и интернет сепак сеуште значаен дел од вкупното население се соочува со проблемот на немање на оваа современа информатичко комуникациска технологија, со што не се во можност да ги почувствуваат технолошките придобивки.

Користењето на информатичко-информациските технологии е на завидно ниво во јавниот сектор во Република Македонија. Уште од првата година од анализата 2009 година се забележува целосна покриеност со компјутери односно 100%, а со мрежата на интернетот беа поврзани 99.4%. Во 2011 година во јавниот сектор се забележува целосна информатизација односно 100% користење на информатичкатата технологија.

Алaнализата за користењето на информатичко-информациските технологии во македонското општество ќе ја продолжиме со податоците за користење на компјутери и интернет во деловните субјекти. Така во првата година од анализата, поточно во 2010 година 92.7% од деловните субјекти ги користат придобивките на компјутерската технологија, 84.1% од деловните субјекти во Република Македонија ги експлатираат

придобивките од користењето на мрежата на интернетот. Во следната година од анализата во 2011 година бележиме тенденција на благ пораст на користење на компјутерската технологија, 93.0% како и пораст кај користењето на мрежата на интернет со 88.6% во деловните субјекти во Република Македонија. Во 2012 година, последната година од анализата сврзана со користењето на информатичко-информациските технологии бележиме благо опаѓање на користењето на компјутерите, поточно 91.1%. Ваквата тенденција на опаѓање на користењето може да се забележи кај користењето на мрежата на интернетот кај деловните субјекти на 87.9%.

Појавата на глобалното општество го означи периодот на еволуција на општеството и продорот на информатичката технологија. Интеграцијата на глобалните вредности во македонското општество го овозможи навлегувањето на во тоа време новата информатичка технологија. Промените кои настанаа во овој период извршија значајно влијание на социо-економската состојба во македонското општество, а со тоа настанаа и значајни промени во начинот на живеење, но и на планот на потребни кадри, валоризирајќи ги техничките струки и занимања.

Се забележува сè поголем број на услуги кои можат да бидат користени од страна на граѓаните, за бизнис заедницата и за јавната администрација. За граѓаните се овозможени електронски услуги: приказ на топографски карти и авионски фото снимки, преглед на катастарски податоци, електронско учење, барање работа, е-увид на имотен лист, студентски и ученички бенефиции, електронско тестирање, електронски улуги за бизнис заедницата: електронско поднесување на даночни пријави, електронски систем за јавни набавки, пребарување на објава на ликвидација на правен субјект, резервација на име на субјект, приказ на топографски карти и авионски фото синимки, е-увид на имотен лист, преглед на катастарски податоци, распределба на меѓународни дозволи за превоз на стоки, промоција на МПС, електронско М-4, пријава-одјава на работен однос, аплицирање и издавање на дозвола за увоз/извоз, електронски услуги за јавна администрација: аплицирање за работа во јавна администрација и предлог буџетски барања од министерството за финансии. Во македонското општество во последните години бележиме забрзана информатизација во секоја сфера од општеството, промени кои овозможуваат приближување до западните општества како и до зголемување на

нивото на сорабтка како со западните општества така и со останатите земји во развој.

**Трет дел**

## 1.Методологија на трудот

### 1.1.Цели и задачи на истражувањето

Практичната цел на истражувањето е да обезбеди одредени научни и практични сознанија за прифаќањето и влијанието на глобализацијата врз социо-економските аспекти во македонското општество.

Целите ги опфаќаат и промените предизвикани од процесот на глобализација во целокупното македонско општество кое сеуште во себе ги носи последиците од транзицијата и тешкотиите произлезени од забавената општествена еволуција. Прифаќањето на глобализацијата во исто време значи и прифаќање на промени кои се рефлектираат во соодветното модифицирање и менување на начинот и приодот кон работниот процес, потребните стручни и образовни кадри, економската политика, пазарот на трудот и слично. Во овој контекст промените се видливи и во сферата на културата, каде што можеме да говориме за новоизградени ставови кон начинот и стилот на живеење, односот кон потрошувачката култура, стилот на облекување и начинот на комуникација, како и организирањето и начинот на користење на слободното време.

**Општа цел:**

Општата цел на истражувањето е да се добие одговор на поставеното истражувачко прашање односно, да бидат добиени потребните сознанија за влијанието на процесот на глобализација врз социо-економските аспекти во македонското општество.

**Посебни цели:**

1. Да се добијат сознанија за влијанието на светските економски организации: ММФ и Светската Банка врз стапката на вработеност во Република Македонија.

2.Да се добијат сознанија за влијанието на меѓународните организации ОН, НАТО, ЕУ од политичките, и ММФ, СТО и Светска банка од економските организации врз македонското општество.

3.Да се утврди влијанието на странските инвестиции врз стапката на вработеност во македонското општество.

4.Да се добијат сознанија за влијанието на процесот на глобализација врз социо-економскиот статус на индивидуата во македонското транзиционо општество

5.Да се утврди влијанието на процесот на глобализација врз образовниот процес и професионалната определба.

6. Да се утврди влијанието на слоевата, генерациската, образовната и професионалната припадност врз прифаќањето на глобализацијата и промените настанати во македонското општество од неа.

7. Да се согледа влијанието на процесот на глобализација врз цивилното општество .

**1.2.Хипотези**

Согласно со предметот, задачите и целите на истражувањето се поставуваат следниве хипотези.

**Општа хипотеза:**

Процесот на глобализација влијае на промените во: слоевата припадност, образованието и врз пазарот на трудот во македонското општество.

**Образложение на хипотезата:**

Се претпоставува постоење на влијание на процесот на глобализација врз социо-економските аспекти во приватниот и деловниот сектор во македонското општество. Истото се огледа особено врз спроведувањето на економскиот процес во македонското општество, промените на слоевата припадност, образованието и стапката на вработеност.

**Посебни хипотези:**

1.Светската Банка и ММФ влијаат на развојот на македонската економија, а со тоа и на стапката на вработеност во македонското општество.

Претпоставуваме дека светски моќните економски организации како што се Светската банка и ММФ вршат значајно влијание на правецот и темпото со кое се движи македонската економија, од која како директна последица произлегува стапката на вработеност во македонското општество.

2.Процесот на глобализација влијае на зголемување на јазот помеѓу богатите и сиромашните општествени слоеви во македонското општество и ги продлабочува нивните разлики.

Се претпоставува постоење на влијание на процесот на глобализација врз продлабочувањето на разликите и постоечкиот јаз помеѓу богатите и сиромашните општествени слоеви. Самиот процес на глобализација е поприфатлив од богатите општествени слоеви, кои полесно ги прифаќаат новите општествени вредности.

3.Процесот на глобализација влијае на афирмирањето на вредностите на образованието и професионалната определба при заземањето на социо-економската положба на поединците и општествените групи.

Претпоставуваме дека процесот на глобализација ја афирмира пожелноста од висок степен на образование, а со тоа и на професионалната определба на населението кон општествено пожелни професии.

4.Степенот на завршено образование влијае врз прифаќањето на вредностите на глобализацијата и на промените што настануваат од неа.

Претпоставуваме дека прифаќањето на процесот на глобализација, а со тоа и на неговите позитивни и негативни последици зависат од степенот на завршено образование и слоевата припадност.

5. Процесите на транзиција и глобализација влијаат на менувањето на слоевата припадност на поединецот во македонското општество.

Се претпоставува постоење на влијание на процесите на транзиција и глобализација врз промената на слоевата припадност на поединецот во македонското општество.

## 1.3.Методи и техники

Во ова теоретско емпириско истражување при неговата реализација ќе се користат методи и техники од квантитативен вид преку: анкетирање и анализа на содржина. Со помош на анкетниот прашалник кој е составен од три дела ќе дојдеме до потребните информации. Од првиот дел на анкетниот прашалник ќе ги дознаеме основните податоци за испитаникот односно демографските податоци. Во следниот дел ќе ги дознаеме податоците за слоевата припадност, образованието, професионалната определба и вработувањето на испитаниците, додека од третиот сет на прашања ќе ги дознаеме нивните ставови за глобализацијата.

Податоците добиени од анкетата со на овој начин дизајнираниот анкетен прашалник, ќе ни овозможат мноштво од потребни информации за социо-економските аспекти на глобализацијата во Република Македонија.

Преку неа ќе се утврди мислењето на испитаниците кои се опфатени во примерокот, за социо-економските аспекти на глобализацијата во македонското општество и ставовите и прифатеноста на глобализацијата според образовната и професионалната определба на населението.

Во истражувањето ќе бидат анализирани и неофицијални документи пред се книги и дневен печат. При анализата на печатот ќе се користи метод техниката анализа на содржина од квантитативен вид. Попрецизно ќе ја користиме тематската анализа која се однесува на поврзаните мрежи што воспоставува односи помеѓу повеќе сфери на теми, како уште едно средство за утврдување на јавното мислење за глобализацијата и нејзиното влијание на социо–економските

аспекти на македонското општество. Преку реализацијата на анализата на дел од дневниот печат ќе го утврдиме начинот на креирање на јавното мислење од страна на дел од позначајните печатени медиуми во Република Македонија. На овој начин ќе добиеме сознанија за актуелноста на тематиката во масовните медиуми и местото кое истите го отстапуваат на процесот на глобализација, како и начинот и интензитетот на кој медиумите му приоѓаат на процесот.

### 1.4.Примерок

Поради потребите на емпирискиот дел од трудот го формираме примерокот потребен за методот на интервју со помош на анкетен прашалник како и за социолошкиот метод на анализа на содржина. Во него ние ќе користиме намерен примерок во целото истражување за сите техники. Единица на анализа на истражувањето е населението кое живее на територијата на Република Македонија на возраст од 18 до 65 години. Единица на примерокот е жителот на Република Македонија на возраст од 18 до 65 години. Поради потребата за утврдување на мислењето на испитаниците за претходно утврдениот проблем на истражувањето и  користење на анкета со прашалник, ќе формираме пригоден примерок. Примерокот за анкетата ќе биде составен од 1000 испитаници вработени во приватниот, државниот, невладиниот сектор како и од категорија на невработени лица. За потребата на анкетата испитаниците ќе се одредат преку примерок без случаен избор поконкретно пригодниот примерок. Во примерокот ќе влезат лица кои што живеат во Република Македонија од веќе претходно одредената возрасна група со која се опфатени испитаници од наведените сектори како и категоријата на невработени. Поради потребите на анализата на содржина и нејзиното коректно користење при собирањето на додатни податоци од неофицијалните документи кои што ќе бидат анализирани, односно податоци за анализата како материјал ќе биде користен дневниот печат. За методолошката техника анализа на содржина ќе биде форимиран намерен примерок во кој ќе влезат три изданија на дневниот печат: Дневник, Вечер и Утрински весник, при што ќе бидат анализирани нивните секојдневни изданија во период од шест месеци.

## 2.Економијата во Република Македонија

### 2.1.Еконимијата и економската сигурност во Република Македонија

Економијата и стопанството заедно со стабилната надворешна и внатрешна политика претставуват дел од најзначајните столбови на кои се потпира едно општество. Нивниот развој и добра кондиција се предуслов за напредок на државата како и за подобрување на нејзината инфраструктура, условите за живот и животниот стандард на населението. Чувството на сигурност на населението често е поврзано со економската сигурност која е во директна врска со стабилната егзистенција како една од базичните потреби на населението.

Во продолжение ќе бидат образложени две мошне значајни прашања кои беа дел од анкетниот прашалник. Првото е поврзано со правецот во кој се движи македонската економија, а второто се однесува на економската сигурност во Република Македонија. Анализата на овие прашања ќе ја започнеме со првото прашање.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Подобра | 138 | 13.8 | 13.8 | 13.8 |
| | Полоша | 514 | 51.3 | 51.4 | 65.2 |
| | Останува иста | 292 | 29.2 | 29.2 | 94.4 |
| | Незнам | 56 | 5.6 | 5.6 | 100.0 |
| | Вкупно | 1000 | 99.9 | 100.0 | |
| Missing | System | 1 | .1 | | |
| Total | | 1001 | 100.0 | | |

**Табела бр: 9 Економијата во Република македонија станува**

Од табелата се забележува дека 13.8% од анкетираните се изјасниле дека Економијата во Република Македонија е подобра, за 51.4% дека истата е полоша, за 29.2% од анкетираните економијата е иста, а немаат свое мислење, поточно се изјасниле дека не знаат 5.6%. Од добиените резултати видлив е одреден песимизам кај анкетираното население во поглед на економската ситуација во

Македонија и покрај серијата на мерки и привлечени странски инвестиции во изминативе години.

| | Средно | Високо | М-р/д-р |
|---|---|---|---|
| Подобра | 8.4 | 15.8 | 45.0 |
| Полоша | 63.6 | 45.9 | 25.0 |
| Останува иста | 20.9 | 33.2 | 30.0 |
| Незнам | 7.1 | 5.2 | / |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр:10 Податоци заекономијата во Република Македонија според завршеното образование на анкетираните**

Ставот за економијата во Република Македонија, како и добиените резултати од анкетирањето ги анализираме од повеќе различни аспекти. Секако како еден од најзначајните е образованието со кое се имаат стекнато анкетираните. Во овој контекст при анализата ги забележуваме следните тенденции: кај анкетираните магистри и доктори на науки најголем е процентот на анкетирани коишто се на мислење дека економијата во Република Македонија е подобра; по нив следува анкетираната група со високо образование, додека најмал е процентот од анкетирани со средно образование, кои сметаат дека економијата во Р Македонија е подобра.

Приближно исти се показателите и по ставот дека економската состојба во Р Македонија е непроменета. Во овој контекст најголем е процентот кај анкетирани магистри и доктори на науки, а по нив следуваат анкетирани со завршено високо образование, додека најмал процент во поглед на ставот дека економската ситуација во Р Македонија е непроменета, бележиме кај анкетираните со завршено средно образование. Дека економијата во Република Македонија станува полоша, сметаат најголем процент од анкетирани со завршено средно образование, по нив следуваат анкетирани со завршено високо образование, а најмал е процентот на анкетирани магистри и доктори на науки. Од анкетираните кои немаат мислење по ставот дали економијата во Р. Македонија е подобра или полоша, најголем процент се со завршено средно образование по што следуваат анкетираните со високо образование. Се потврдува дека, колку е повисок степенот на образование на анкетираните се

зголемува веројатноста истите да имаат позитивен став, дека економијата во Република Македонија се подобрува.

| | Државен | Приватен | невладин | Невработени |
|---|---|---|---|---|
| Подобра | 17.9 | 12.6 | 14.0 | 3.0 |
| Полоша | 44.3 | 58.5 | 46.0 | 58.5 |
| Останува иста | 33.0 | 24.4 | 40.0 | 25.2 |
| Незнам | 4.8 | 4.5 | / | 13.3 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр: 11Податоци заекономијата во Република Македонија според работниот статус и секторот во кој се работи**

Најголем процент на анкетирани кои имаат позитивен став дека економијата во Република Македонија се подобрува, според критериумот сектор во кој се работи бележиме кај вработени во државниот, а по нив следуваат во невладиниот и приватниот сектор. Карактеристично е дека мал дел од невработените лица сметаат дека економијата во Македонија се подобрува, што се должи пред се на фактот дека истите се невработени и гледаат песимистички на нештата во економијата и општеството. Воедно интересен е податокот дека идентичен е процентот на невработени и оние кои што работат во приватниот сектор, а кои сметаат дека економијата во Република Македонија е полоша. По нив следуват анкетирани од невладиниот и државниот сектор. Во поглед на ставот дека економијата во Република Македонија останува иста, најголем процент бележиме кај вработените во невладиниот сектор, а по нив следуваат вработени во државниот, анкетирани кои се невработени, а најмал дел кои се вработени во приватниот сектор. Што се однесува до ставот на анкетираните кои не знаат во кој правец се движи македонската економија, најголем дел се бележи кај невработените, по што следуваат вработените во државниот и приватниот сектор.

| | Низок | Среден | Висок |
|---|---|---|---|
| Подобра | 16.9 | 12.3 | 44.4 |
| Полоша | 58.4 | 51.6 | 30.6 |
| Останува иста | 16.9 | 30.4 | 25.0 |
| Незнам | 7.8 | 5.6 | / |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр: 12 Податоци заекономијата во Република Македонија според слоевата припадност на анкетираните**

Ставот на анкетираните за економијата во Република Македонија, според критериумот слоева припадност донесе значајни резултати во анализата. Имено, во овој контекст, најголем процент на анкетирани кои сметаат дека економијата во Република Македонија е подобра, се од анкетираните кои се изјасниле дека припаѓаат на високиот општествен слој, потоа следуваат анкетирани кои припаѓаат на нискиот, а најголеми скептици во поглед на подобрувањето на македонската економија се бележи кај анкетираните од средниот општествен слој. Дека македонската економија во актуелниов момент е полоша, сметаат мнозинството од анкетирани од нискиот општествен слој, а по нив следуваат анкетираните од средниот општествен слој. Ваквото мислење го дели и мал процент на анкетирани кои припаѓаат на високиот општествен слој. Економијата останува иста за дел од анкетирани од средниот општествен слој, а по нив следат анкетирани кои припаѓаат на високиот општествен слој. Во овој контекст, не знаат во кој правец се движи македонската економија дел од анкетираните припадници на нискиот општествен слој, како и дел од анкетирани кои се изјасниле дека припаѓаат на средниот општествен слој. Од овој дел од анализата поврзана со македонската економија и ставот на анкетираните за неа, можеме да констатираме дека колку е повисок општствениот слој на кој се припаѓа толку е поприфатлив ставот за напредокот на македонската економија. Анализата по ова прашање ќе ја продлабочиме со помош на пресметаниот коефициент на корелација и факторска анализа.

| | | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | На кој општествен слој припаѓа вашето семе-јство |
|---|---|---|---|---|---|
| Економијата во Република Македонија станува | Pearson Correlation | .319 | -.017 | .689** | .732 |
| | Sig. (2-tailed) | .772 | .601 | .005 | .316 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр: 13 Пресметан коефициент на корелација за економијата во Република Македонија**

Од анализата на резултатите за пресметаниот коефициент на корелација може да констатираме дека позитивна вредност се забележува за за варијаблите етничка припадност, секторот во кој се работи, како и општествениот слој на кој припаѓа вашето семејство, од што произлегува дека етничката припадност,

секторот во кој анкетираниот работи и слоевата припадност влијаат на мислењето и ставот на анкетираните кој го поседуваат за економијата во Република Македонија.

**Табела бр: 14 Факторска анализа за економијата во Република Македонија станува**

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.456 | 29.117 | 29.117 | 1.456 | 29.117 | 29.117 |
| 2 | 1.034 | 20.686 | 49.803 | 1.034 | 20.686 | 49.803 |
| 3 | .996 | 19.918 | 69.721 | | | |
| 4 | .823 | 16.463 | 86.185 | | | |
| 5 | .691 | 13.815 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1)Етничка припадност;2)степен на завршено образование; 3)Во кој сектор работите 4)на кој општествен слој припаѓа вашето семјество 5)Економијата во Република Македонија станува

Од реализираната факторската анализа и добиените резултати од неа, се забележува дека за првите три фактори од анализата пресметана е висока вредност на варијанса односно за овие фактори има високо ниво на девијација т.е отстапување. Највисока варијанса во анализата е измерена за првиот фактор етничка припадност, тенденција на опаѓање на измерената варијанса имаме за секој нареден фактор од анализата, за степенот на завршено образование, сектор на работење, како и општествениот слој на кој припаѓа семејството на анкетираниот, и во кој правец се движи економијата во Република Македонија.

За мнозинството од анкетираното население, економијата во Република Македонија станува полоша. Ваквото песимистичко размислување на анкетираните за македонската економија донекаде е изненадувачко, покрај серијата од мерки реализирани од владата за подобрување на економијата, особено активностите сврзани околу привлекување на бројни странски

инвестиции. Колку е повисок степенот на завршено образование на анкетираните, толку е повисок и процентот на оние кои сметаат дека македонската економија се наоѓа во подобра состојба. Анкетираните од високиот општествен слој сметаат дека мекедонската економија е подобра од претходно, односно се забележува дека слоевата припадност влијае на ставот за македонската економија.

### 2.1.1.Економската сигурност во Република Македонија

Економската сигурност е во директна спрега со сигурноста на вработувањето, примањата и животниот стандард на населението, како една од приоритетните категории кои треба да се остварат во едно општество кое делува на планот на обезбедување стабилност.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Се подобрува | 138 | 13.8 | 13.8 | 13.8 |
| | Се влошува | 549 | 54.8 | 54.9 | 68.7 |
| | Останува ист | 272 | 27.2 | 27.2 | 95.9 |
| | Незнам | 41 | 4.1 | 4.1 | 100.0 |
| | Вкупно | 1000 | 99.9 | 100.0 | |
| Missing | System | 1 | .1 | | |
| Total | | 1001 | 100.0 | | |

**Табела бр: 15 Економската сигурност во Република Македонија**

Анализирајќи ги добиените резултати се забележува дека 13.8% од анкетираните сметаат дека економската сигурност во Република Македонија се подобрува. За 27.2% економската сигурност останува иста, дека истата се влошува кај 54.8%, додека мал е процентот на оние кои незнаат во кој правец се движи економската сигурност.

| | Средно | Високо | М-р/д-р |
|---|---|---|---|
| Подобра | 15.4 | 9.8 | 7.5 |
| Полоша | 53.6 | 52.3 | 67.3 |
| Останува иста | 26.1 | 34.8 | 25.2 |
| Незнам | 4.9 | 3.0 | / |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр: 16 Економската сигурност во Република Македонија податоци според образование**

Од анализата на добиените податоци според завршено образование на анкетираните и нивниот став за економската сигурност, податоците говорат дека економската сигурност е подобра за најголем процент на анкетираните со завршено средно образование, а по нив следуваат анкетирани со високо образование како и со магистерски и докторски титули. Во поглед дека економската сигурност е полоша, мнозинството на анкетирани со магистерски и докторски титули го подржале ваквиот став, по што следуваат, анкетирани со завршено средно и високо образование. Анализата на добиените податоци за прашањето за економската сигурност во Република Македонија ќе ја продолжиме со уште еден критериум на добиените одговори односно работниот статус на анкетираните и секторот во кој се работи.

| | Државен | Приватен | Невладин | Невработени |
|---|---|---|---|---|
| Се подобрува | 17.7 | 13.2 | 10.0 | 3.7 |
| Се влошува | 48.0 | 57.4 | 52.0 | 72.6 |
| Останува иста | 29.9 | 25.5 | 38.0 | 18.5 |
| Незнам | 4.4 | 3.9 | / | 5.2 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр: 17 Економската сигурност во Република Македонија податоци според работен статус и сектор во кој се работи**

Анализата на добиените податоци според критериумот работен статус и сектор во кој се работи, а сврзана со прашањето за економската сигурност во Република Македонија, ги даде резултатите од кои можеме да забележиме дека највисокиот процент од анкетирани, кои сметат дека економската сигурност се подобрува се од вработените од државниот сектор, а по нив следуваат анкетирани вработени во приватниот и невладиниот сектор. Само мал дел од анкетираните кои се невработени се на мислење, дека економската сигурност на граѓаните се подобрува. За мнозинството анкетирани кои го имаат статусот на невработен, економската сигурност се влошува. По нив следува мнозинството од вработени од приватниот како и анкетираните во невладиниот сектор, а на крај вработени во државниот сектор. Највисок процент од сите анкетирани кои одговориле дека економската сигурност останува иста бележиме кај анкетираните вработени во невладиниот сектор, а по нив според процентот следуваат вработените во државниот и анкетираните вработени во приватниот сектор, како и

дел од анкетираните невработени. Во овој контекст, немаат свој став, односно се изјасниле дека незнаат, само еден мал дел од анкетираните. Вработените во државниот сектор, економската сигурност во најголем дел ја чувствуват поради фактот на поголемата сигурност на сопствените работни места, како и во редовноста на исплата на платите. Потоа следуваат вработените во приватниот сектор кои условно кажано се соочуваат со реално оправдан страв не само за заштита на своите работни места, туку и за редовната исплата на платите. Во невладиниот сектор имаме слична ситуација како и во приватниот сектор во кој нема превисоки плати за поголемиот дел од вработените. Ставот на невработените за економската несигурност се должи на фактот на отсуството на вработување и на лични средства за задоволување на сопствените потреби.

| | Низок | Среден | Висок |
|---|---|---|---|
| Се подобрува | 14.3 | 12.5 | 44.4 |
| Се влошува | 66.2 | 54.9 | 30.6 |
| Останува ист | 16.9 | 28.2 | 25.0 |
| Незнам | 2.6 | 4.4 | / |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр: 18 Економската сигурност во Република Македонија податоци според работен слоева припадност**

Според слоевата припадност на испитаниците најголем процент, поточно 44.4%, од трите слоја, кои сметаат дека економската сигурност се подобрува припаѓаат на високиот општествен слој, а по нив следат анкетираните од нискиот општествен слој со 14.3%, и анкетирани од средниот општествен слој со 12.5%. Економската сигурност останува иста за дел од анкетираните од средниот слој, па потоа следуваат анкетираните од високиот и нискиот општествен слој. Економската сигурност се влошува, за поголем број на анкетирани од нискиот и средниот општетвен слој, како и за незначителен дел од анкетираните од високиот општествен слој. Немаат свој став по наведеново прашање само мал процент на анкетирани од нискиот и средниот слој. Според добиените резултати се забележува дека колку е повисока слоевата припадност на испитаниците, толку е повисока согласноста со ставот дека економската сигурност во Република Македонија се подобрува.Анализата за ова прашање ќе ја комплетираме со пресметаниот коефициент на корелација и факторската анализа.

| | | Степен на завршено образование | Во кој секторработите |
|---|---|---|---|
| На кој оппштествен слој припаѓа вашето семејство | Pearson Correlation<br>Sig. (2-tailed)<br>N | .546**<br>.000<br>1000 | 638**<br>.000<br>1000 |

**Табела бр: 19 Пресметан коефициент на корелација**

Од анализата на добиените резултати за пресметаниот коефициент на корелација, позитивна вредност е пресметана за независните варијабли степен на завршено образование и секторот во кој се работи. Од добиените резултати произлегува дека степенот на завршено образование и секторот во кој анкетираните се вработени влијае на општествениот слој на кој припаѓаат.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.440 | 47.987 | 47.987 | 1.440 | 47.987 | 47.987 |
| 2 | .863 | 28.762 | 76.749 | | | |
| 3 | .698 | 23.251 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1)степен на завршено образование;2)во кој сектор работите3)На кој оопштествен слој припаѓа вашето семејство

**Табела бр :20 Факторска анализа**

Од реализираната факторска анализа бележиме тенденција на опаѓање на коефициентот на варијанса на отстапувањето, стандардната девијација на факторите за секој нареден фактор од анализата. За првиот фактор има висок процент, додека вториот и третиот фактор имаат низок процент на варијанса. Од анализата на добиените резултати од спроведеното емпириско истражување и добиените резултати од пресметаниот коефициент на корелација може да го заклучиме следното. Секако дека еден од најзначајните предуслови за добар живот е економската сигурност, од која во голема мера зависат можностите на поединецот за заземање на што е можно подобра положба во општеството. За мнозинството од анкетираните, економската сигурност во Република Македонија станува полоша. Дека истата се подобрува сметаат анкетираните кои припаѓаат

на богатиот општествен слој, што донекаде е и оправдано имајќи ги во вид финансиските погодности со кои располагаат, поради што истите речиси и не се соочуваат со проблеми, својствени за припадниците од пониските општествени слоеви. Од пресметаниот коефициент на корелација се забележува постоењето на влијание на степенот на завршено образование и секторот во кој се работи со слоевата припадност.

## 2.2. Животниот стандард на населението во услови на општествени промени

Ситуацијата во општеството, стопанството и економијата во последните дваесетина години доведоа до одредена трансформација која се одрази на животниот стандард на дел од населението во Република Македонија. Истражувањето на социо-економските фактори за било која општествена појава, па во тој контекст и за глобализацијата е од суштинско значење за доловување на реалната претстава и перцепција за современото македонско општество. Во овој дел од анализата ќе бидат анализирани два става од анкетата, поточно: промените кои настанаа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени на животниот стандард на населението и вториот, дали сте задоволни од животниот стандард. Анализата на податоците од емпириското истражување за овие две прашања ќе ја започнеме преку добиените фрекфенции.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Се подобри | 150 | 15.0 | 15.0 | 15.0 |
| | Стана полош | 562 | 56.1 | 56.2 | 71.2 |
| | Остана ист | 246 | 24.6 | 24.6 | 95.8 |
| | Не знам | 42 | 4.2 | 4.2 | 100.0 |
| | Total | 1000 | 99.9 | 100.0 | |
| Missing | System | 1 | .1 | | |
| Total | | 1001 | 100.0 | | |

**Табела бр: 21 Промените кои настанаа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени во животниот стандард на населението**

Податоците ни говорат дека 15% од анкетираните сметаат дека животниот стандард им се подобрил, токму во период во кој македонското општество се соочува со транзиционите промени, како на политички така и на економски план. Но од друга страна за 56.1% тој станал полош, а на 24.6% од анкетираните животниот стандард им останал непроменет, 4.2% од анкетираните незнаат дали во наведениов период животниот стандард им се влошил или пак им се подобрил.

Промените кои настанаа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени во животниот стандард на населението (според местото на живеење)

| | Скопје | Друг град во Р.М. | Село во Р.М. |
|---|---|---|---|
| Се подобри | 17.0 | 9.8 | 7.5 |
| Стана полош | 54.3 | 59.1 | 66.4 |
| Остана ист | 24.2 | 30.3 | 20.6 |
| Незнам | 4.6 | 0.8 | 5.6 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр: 22 Промените кои настанаа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени во животниот стандард на населението според местото на живеење на анкетираните**

Од анкетираните лица кои живеат во Скопје, животниот стандард им се подобрил на 17%, на 54.3% стандардот им станал полош, на 24.2% животниот стандард им останал ист, додека 4.6% незнаат дали животниот стандард им станал подобар или полош. Од анкетираните од другите градови од Република Македонија, на 9.8% животниот стандард им се подобрил, на 59.1% животниот стандард им станал полош, на 30.3% животниот стандард им останал ист додека 0.8% немаат мислење по ставот.

| | Македонска | Албанска | Турска | Српска | Друга |
|---|---|---|---|---|---|
| Се подобри | 14.7 | 22.7 | 4.1 | 14.5 | 12.1 |
| Стана полош | 58.6 | 52.1 | 53.1 | 41.8 | 45.5 |
| Остана ист | 21.8 | 23.5 | 40.8 | 41.8 | 39.4 |
| Незнам | 5.0 | 1.7 | 2.0 | 1.8 | 3.0 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр: 23 Промените кои настанаа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени во животниот стандард на населението според етничка припадност на анкетираните**

Највисок процент од анкетираните на кои животниот стандард им се подобрил, бележиме кај анкетираните албанци и истиот изнесува 22.7%, по нив

следат анкетираните македонци со 14.7%, анкетираните срби со 14.5% и анкетираните од другите етнички групи со 12.1%. Карактеристично е што само 4.1% од анкетираните турци сметаат дека дошло до подобрување на нивниот животен стандард. Се забележува дека кај мнозинството на анкетирани преовладува ставот дека животниот стандард во наведениот временски интервал им станал полош.

Следниот критериум по кој ќе бидат анализирани податоците, сврзани по истиот став, е според степенот на завршено образование.

| | Средно | Високо | Магистер/доктор на науки |
|---|---|---|---|
| Се подобри | 10.7 | 16.1 | 31.7 |
| Стана полош | 65.7 | 51.4 | 40.0 |
| Остана ист | 18.3 | 28.5 | 28.3 |
| Незнам | 5.2 | 3.9 | / |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр: 24 Промените кои настанаа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени во животниот стандард на населението според образованието на анкетираните**

Анализата ќе ја започнеме со категоријата на анкетирани магистри и доктори на науки, каде што е забележан највисок процент на анкетирани кои се изјасниле дека животниот стандард им се подобрил и истиот изнесува 31.7%. Во овој контекст, 40% од анкетираните сметаат дека животниот стандард им се влошил, 28.3% се на мислење дека животниот стандард им останал ист. Кај анкетирани со завршено високо образование, 16.1% се изјасниле дека животниот стандард им станал подобар, 51.4% дека истиот им се влошил, а 28.5% се на мислење дека стандардот им останал ист. 3.9% од анкетираните немаат мислење по ставот. Кај анкетираните со средно образование, 10.7% сметаат дека животниот стандард им се подобрил, на 65.7% стандардот им се влошил, додека на 18.3% животниот стандард им останал ист, а 5.2% се изјасниле дека немаат мислење по ставот. Од добиените резултати доаѓаме до констатација дека колку е повисок степенот на образование на анкетираните толку повеќе им се подобрил животниот стандард .

Следната варијабла за која ќе бидат пресметани фрекфенциите е секторот во кој анкетираните работат, а по ставот: Промените кои настанаа во општеството

во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени на животниот стандард на населението.

| | Државен | Приватен | Невладин сектор | Невработен/ Невработена |
|---|---|---|---|---|
| Се подобри | 18.1 | 12.6 | 10.0 | 12.6 |
| Стана полош | 49.3 | 61.6 | 54.0 | 65.9 |
| Остана ист | 27.9 | 22.4 | 34.0 | 15.6 |
| Незнам | 4.6 | 3.4 | 2.0 | 5.9 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр: 25 Промените кои настанаа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени во животниот стандард на населението според работниот статус и секторот во кој се работи**

Од анкетираните кои работат во државниот сектор, забележан е најголем процент кои сметаат дека животниот стандард им се подобрил, 49.3% сметаат дека стандардот им се влошил, 27.9% дека им останал ист, додека 4.6% од анкетираните незнаат дали животниот стандард им се променил во било која насока. Од анкетираните вработени во приватниот сектор, 12.6% се изјасниле дека животниот стандард им се подобрил, 61.6% се на мислење дека стандардот им станал полош, додека на 22.4% од анкетираните животниот стандард им останал непроменет, а 3.4% незнаат дали животниот стандард им станал подобар или полош. Кај анкетираните вработени во невладиниот сектор, животниот стандард им се подобрил на 10%, на 54% истиот им се влошил, на 34% животниот стандард им бил непроменет, додека 2% од анкетираните немаат мислење по ставот. Кај анкетираните кои се невработени изненадувачки е податокот дека на 12.6% животниот стандард им се подобрил, 65.9% од анкетираните сметаат дека стандард им се влошил, на 15.6% истиот им останал непроменет, додека 5.9% немаат свој став. Истиот став во анкетата ќе биде анализиран и од аспект на слоевата припадност.

| Слој | Низок | Среден | Висок |
|---|---|---|---|
| Се подобри | 7.8 | 14.1 | 52.8 |
| Стана полош | 68.8 | 55.8 | 38.9 |
| Остана ист | 14.3 | 26.2 | 8.3 |
| Незнам | 9.1 | 3.9 | / |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр: 26 Промените кои настанаа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени во животниот стандард на населението според слоевата припадност**

Од добиените резултати забележуваме дека 52.8% од анкетираните кои сметаат дека припаѓаат на високиот општествен слој, се на мислење дека животниот стандард им се подобрил, на 38.9% стандардот им се влошил, на 8.3% стандардот им е непроменет. При анализата на одговорите на анкетираните кои припаѓаат на средниот слој забележуваме дека 14.1% се изјасниле дека животниот стандард им се подобрил, на 55.8% животниот стандард им станал полош, на 26.2% стандардот им останал ист, додека 3.9% од анкетираните немаат став. Кај анкетираните кои припаѓаат на нискиот општествен слој, на 7.8% животниот стандард им се подобрил, на 68.8% стандардот им станал полош, на 14.3% животниот стандард им останал ист, а 9.1% немаат свој став.

Анализата ќе ја продолжиме со пресметување на коефициентот на корелација за независните: пол, возраст, место на живеење, етничка припадност, степен на завршено образование, сектор на работење како и слоевата припадност на семејството, и зависната варијабла:Промените кои настанаа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени во животниот стандард на населението, преку која ќе ја измериме врската помеѓу независните варијабли со зависната варијабла, односно дали постои врска помеѓу нив.

| | | Пол | Возтаст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | На кој општествен слој припаѓа вашето семејство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Pearson *Correlation* | .035 | .004 | .039 | .063 | 531 | 600 | 714 |
| | Sig. (2-tailed) | .274 | .900 | . 222 | .047 | .331 | .727 | .000 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**1)**Промените кои настан аа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени во животниот стандард на населението

**Табела бр :27Пресметан коефициент на корелација**

Од анализата на добиените резултати, од пресметаниот коефициент на корелација позитивна корелација е пресметана за независните варијабли: пол, место на живеење, етничка припадност, степен на завршено образование, во кој сектор работите и на кој општествен слој припаѓа вашето семејство. Степенот на

завршено образование на анкетираните, во кој сектор работите и на кој општествен слој припаѓа вашето семејство имаат влијание за мислењето на анкетираните по наведениот став. Анализата на добиените податоци од емпириското истражување преку добиените одговори од погоре поставеното прашање ќе биде проверена и со факторска анализа .

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.728 | 21.606 | 21.606 | 1.728 | 21.606 | 21.606 |
| 2 | 1.282 | 16.028 | 37.634 | 1.282 | 16.028 | 37.634 |
| 3 | 1.230 | 15.376 | 53.009 | 1.230 | 15.376 | 53.009 |
| 4 | .995 | 12.433 | 65.442 | | | |
| 5 | .813 | 10.161 | 75.603 | | | |
| 6 | .745 | 9.312 | 84.915 | | | |
| 7 | .679 | 8.486 | 93.402 | | | |
| 8 | .528 | 6.598 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр: 28 Факторска анализа**
**1)Пол;2)Возраст;3)Место на живеење;4)етничка припадност;5)степен на завршено образование;6)во кој сектор работите;7)на кој општествен слој припаѓа вашето семејство;8)Промените кои настанаа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени во животниот стандард на населението**

Пресметаната варијанса за варијаблите поврзани со прашањето кое што е предмет на анализа, ги даде следните резултати: за варијаблата пол, пресметана е варијанса кој изнесува 21.6%, за варијаблата возраст пресметана е варијанса 16%, за место на живеење пресметана е варијанса 15.37%, за етничка припадност 12.43%, за степен на завршено образование 10.1%, во кој сектор работите 9.3%, на кој општествен слој припаѓа вашето семејство измерена е варијанса 8.4%. Промените кои настанаа во општеството во последните дваесет години во економијата и стопанството предизвикаа промени во животниот стандард на населението изнесува 6.5%. За мнозинството од анкетираните промените кои што настанаа во економијата и стопанството во последните две децении предизвикаа влошување на животниот стандард. Единствено за анкетираните од високиот

општествен слој животниот стандард им се подобрил. Од пресметаниот коефициент на корелација се забележува дека степенот на завршено образование, секторот во кој се работи и слоевата припадност на анкетираниот влијаат на наведениот став.

## 2.3. Ставови за животниот стандард во Република Македонија

Проучувањето на ставовите за животниот стандард е значаен параметар за проучување на социо-економските аспекти на глобализација. Проучувањето и анализирањето на ставовите на прашањето: дали сте задоволни од животниот стандард.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | сосема сум задоволен | 67 | 6.7 | 6.7 | 6.7 |
| | делумно сум задоволен | 510 | 50.9 | 51.0 | 57.7 |
| | не можам да се определам | 91 | 9.1 | 9.1 | 66.8 |
| | не сум задоволен | 287 | 28.7 | 28.7 | 95.5 |
| | апослутно не сум задоволен | 45 | 4.5 | 4.5 | 100.0 |
| | Вкупно | 1000 | 99.9 | 100.0 | |
| Missing | System | 1 | .1 | | |
| Total | | 1001 | 100.0 | | |

**Табела бр: 29 Дали сте задоволни од животниот стандард**

Од добиените резултати само 6.7% од анкетираните сосема се задоволни од животниот стандард, додека 51% од анкетираните делумно се задоволни од животниот стандард, 9.1% не можат да се определат, додека како незадоволни од сопствениот животен стандард се изјасниле 28.7% од анкетираните. Апсолутно незадоволни се 4.5% од анкетираните.

| | 18-30 | 31-45 | 46-65 |
|---|---|---|---|
| сосема сум задоволен | 2.5 | 7.1 | 10.1 |
| делумно сум задоволен | 44.9 | 51.6 | 55.9 |
| не можам да се определам | 13.7 | 8.3 | 5.9 |
| не сум задоволен | 34.4 | 26.7 | 26.1 |
| апослутно не сум задоволен | 4.6 | 6.4 | 2.0 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр: 30 Дали сте задоволни од животниот стандард според возраста на анкетираните**

Проучувајќи ги одговорите на анкетираните од трите старосни групи се забележува, дека како најмал процент на анкетирани кои сосема се задоволни од животниот стандард се само 2.5%, што директно е поврзано со стапката на невработеност кај младите, неможноста за остварување на вработување, а многу ретка е појавата, доколку е остварено истото да е соодветно. Малиот процент на сосема задоволни од животниот стандард можеме да го поврземе со желбата за водење на лагоден и лесен живот. Најголемиот дел од младата популација од 18-30 години се делумно задоволни од животниот стандард, поточно 44.9% од анкетираните, 13.7% не можат да се опредалат, 34.4% се незадоволни од животниот стандард, а апсолутно не задоволни се 3.4%. Кај анкетираните на возраст од 31-45 години, 7.1% сосема се задоволни од животниот стандард, делумно се задоволни 51.6%, 8.3% неможат да се определат, 26.7% не се задоволни, додека 6.4% од анкетираните апсолутно не се задоволни. Кај највозрасното анкетирано население, сосема се задоволни 10.1%, делумно се задоволни 55.9%, неможат да се определат 5.9%, не се задоволни 26.1%, а апсолутно незадоволни се 2% од анкетираните. Највисок процент на сосема и делумно задоволни од животниот стандард бележиме кај највозрасната анкетирана група. Најголем број на анкетирани кои што неможат да се определат како и на незадоволни од сопствениот животен стандард бележиме кај најмладата група на анкетирани, а најголем процент на апсолутно незадоволни од животниот стандард имаме кај анкетираните од 31-45 години.

| | Скопје | Друг град во РМ | Село во РМ |
|---|---|---|---|
| сосема сум задоволен | 8.1 | 1.5 | 2.8 |
| делумно сум задоволен | 49.5 | 71.2 | 36.4 |
| не можам да се определам | 9.9 | 1.5 | 13.1 |
| не сум задоволен | 26.9 | 25.8 | 44.9 |
| апослутно не сум задоволен | 5.5 | / | 2.8 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 31 Дали сте задоволни од животниот стандард според местото на живеење на анкетираните**

Според местото на живеење на анкетираните и нивните одговори на прашањето: дали сте задоволни од животниот стандард, во анализата опфаќаме три групи анкетирани: оние кои живеат во Скопје, во друг град во Република

Македонија и во села во Република Македонија. Во градот Скопје утврден е најголем процент на анкетирани кои се сосема задоволни од животниот стандард, најголем процент на делумно задоволни бележиме кај анкетирани од другите градови, а најголем процент на анкетирани кои што неможат да се определат и од оние кои се незадоволни од сопствениот животен стандард бележиме кај анкетирани кои жевеат во села во Република Македонија, а апсолутно незадоволни од животниот стандард се бележи кај анкетираните од градот Скопје. Анализата по горенаведениот став ќе биде заокружена и според степенот на завршено образование на анкетираниот.

| | Средно | Високо | М-р/д-р |
|---|---|---|---|
| сосема сум задоволен | 3.9 | 6.8 | 23.3 |
| делумно сум задоволен | 46.6 | 53.4 | 56.7 |
| не можам да се определам | 10.5 | 8.4 | 6.7 |
| не сум задоволен | 37.2 | 25.1 | 8.3 |
| апослутно не сум задоволен | 1.8 | 6.3 | 5.0 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 32 Дали сте задоволни од животниот стандард според образованието на анкетираните**

Според степенот на завршено образование, најзадоволни од својот животен стандарт се анкетираните магистри и доктори на науки каде што бележиме највисок процент на сосема и делумно задоволни од животниот стандард. Од друга страна, најголем процент на незадоволни и апсолутно незадоволни од животниот стандард се бележи кај анкетираните со завршено средно образование. Анализата за истото прашање ќе ја продолжиме со добиените податоци според место во кое се работи како и за ставовите на невработените.

| | Државен | приватен | невладин | Невработени |
|---|---|---|---|---|
| сосема сум задоволен | 6.3 | 8.4 | 14.0 | 0.7 |
| делумно сум задоволен | 55.9 | 57.7 | 40.0 | 20.7 |
| не можам да се определам | 10.3 | 5.9 | 4.0 | 15.6 |
| не сум задоволен | 22.3 | 25.5 | 42.0 | 54.1 |
| апослутно не сум задоволен | 5.2 | 2.5 | / | 8.9 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 33 Дали сте задоволни од животниот стандард според работниот статус и секторот во кој се работи**

Највисок процент на  сосема задоволни од животниот стандард се бележи кај анкетираните вработени во невладиниот сектор, како група со најголем процент на делумно задоволни од сопствениот животен стандард се изјасниле анкетираните вработени во државниот сектор. Од анкетираните кои што не можат да се определат дали се задоволни од животниот стандард, најголем процент бележиме кај невработената популација, што се потврдува и во однос со ставот дека се незадоволни и апсолутно незадоволни од сопствениот животен стандард.

| | Низок | Среден | Висок |
|---|---|---|---|
| сосема сум задоволен | 3.9 | 5.4 | 44.4 |
| делумно сум задоволен | 18.2 | 54.6 | 33.3 |
| не можам да се определам | 9.1 | 9.0 | 11.1 |
| не сум задоволен | 53.2 | 27.5 | 5.6 |
| апослутно не сум задоволен | 15.6 | 3.5 | 5.6 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 34 Дали сте задоволни од животниот стандард според слоевата припадност**

Анализата на одговорите според слоевата припадност на испитаниците и нивното задоволство или незадоволство од животниот стандард, се поклопува со нивната слоева припадност. Во оваа смисла највисок процент на анкетирани кои припаѓаат на високиот општествен слој, сметаат дека се делумно задоволни од животниот стандард, доминантно според процентот се анкетираните од средниот општествен слој, а највисок процент на оние кои неможеле да се определат дали се задовални од животниот стандард се анкетираните од високиот општествен слој. Најголем процент на незадоволни и апсолутно незадоволни од сопствениот животен стандард бележиме кај анкетираните од нискиот општествен слој. Анализата на горенаведеното прашање, ќе биде продлабочена и со пресметаниот коефициент на корелација, реализирање на факторска анализа .

| | | Пол | Возраст | Место на живеење | Етничка Припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | На кој општествен слој припаѓа вашето семејство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали сте задоволни од животниот стандард | Pearson Correlation | .044 | -.141 | .065 | -.042 | .535** | .726** | .560 |
| | Sig. (2-tailed) | .160 | .000 | .041 | .188 | 000 | 000 | 000 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 35 Коефициент на корелација**

Се забележува дека за независните варијабли степен на завршено образование, секторот во кој работите и на кој општествен слој припаѓа вашето семејство е пресметан позитивен коефициент на корелација, со завинсата варијабла дали сте задоволен од животниот стандард. Оттука констатираме дека местото на живеење, степенот на завршено образование, секторот во кој се работи и слоевата припадност на анкетираните влијаат на ставот на анкетираните за тоа дали се задоволни од животниот стандард. Од реализираната факторска анализа од табела 32, се забележува ниско ниво на варијанса односно девијација, отстапување на варијаблите во анализата. За варијаблата пол, варијансата изнесува 23.2%, за варијаблата возраст варијансата изнесува 16.4%, за варијаблата место на живеење варијансата изнесува 15.2%, за етничка припадност, варијансата изнесува 12%, за степен на завршено образование варијансата изнесува 10%, за варијаблата во кој сектор работите истата изнесува 8.7%, за варијаблата на кој општествен слој припаѓа вашето семејство варијансата изнесува 8%, а за варијаблата дали сте задоволни од животниот стандард варијансата изнесува 6.4%.

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.859 | 23.232 | 23.232 | 1.859 | 23.232 | 23.232 |
| 2 | 1.313 | 16.411 | 39.643 | 1.313 | 16.411 | 39.643 |
| 3 | 1.216 | 15.194 | 54.837 | 1.216 | 15.194 | 54.837 |
| 4 | .956 | 11.946 | 66.783 | | | |
| 5 | .802 | 10.027 | 76.810 | | | |
| 6 | .699 | 8.743 | 85.553 | | | |
| 7 | .640 | 8.003 | 93.556 | | | |
| 8 | .516 | 6.444 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

Од добиените резултати за факторската анализа бележиме дека постои поврзаност помеѓу факторите. Од пресметаната варијанса видливо е дека постои ниско ниво на отстапување, што значи дека постои поврзаност помеѓу варијаблите

односно: полот, возраста, местото на живеење, етничката припадност, степенот на завршено образование, секторот во кој се работи како и слоевата припадност, односно дека истите влијаат на тоа дали се задоволни од животниот стандард.

Од спроведената анализа на добиените податоци како и со пресметаниот коефициент на корелација дојдовме до следните заклучоци: Мнозинството од анкетираните се делумно задоволни од сопствениот животен стандард; колку е повисоко образованието на анкетираните толку се позадоволни од својот животен стандард; припадниците од високиот општествен слој единствено се целосно задоволни од животниот стандард. Од пресметаниот коефициент на корелација се забележува дека постои врска помеѓу степенот на завршено образование, секторот во кој се работи и слоевата припадност, со ставот дали се задоволни од животниот стандард.

## 2.4. Улогата на високото образование при вработувањето во услови на глобализација

Вработувањето односно наоѓањето на соодветно вработување претставува едно од базичните прашања со кои се преокупирани младите во пост-социјалистичките општества. Сосема е разбирливо што во ера на голема невработеност во македонското општество, поголем дел од младите посветуваат особено внимание и сериозност на прашањето за своето вработувањето, во кој контекст е и самиот избор на факултет во кој би студирале, а кој подоцна би им овозможил и полесно идно вработување во својата матична земја.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Технички | 484 | 48.4 | 48.4 | 48.4 |
| | Општествени | 263 | 26.3 | 26.3 | 74.7 |
| | Природни | 253 | 25.3 | 25.3 | 100.0 |
| | Вкупно | 1000 | 99.9 | 100.0 | |
| Missing | System | 1 | .1 | | |
| | Total | 1001 | 100.0 | | |

**Табела бр 37 Со кои факултети најлесно може да се најде работа во Република Македонија**

Од анализата на добиените податоци за прашањето: Со кои факултети најлесно може да се најде работа во Република Македонија, добиени се резултати кои ја отсликуваат современата општествена стварност во глобалното општество. Повеќето од анкетираните поточно 48.4% сметаат дека во актуелниов момент најлесно би можело да се дојде до вработување со техничките факултети, Дел од анкетираните поточно 26.3% сметаат дека со општествените науки најлесно може да се дојде до работа, додека 25.3% сметаат дека со природните науки би го решиле проблемот со вработување.

| | 18-30 | 31-45 | 46-65 |
|---|---|---|---|
| Технички | 53.7 | 46.9 | 45.4 |
| Општествени | 22.8 | 28.1 | 27.1 |
| Природни | 23.5 | 24.9 | 27.5 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 38 Со кои факултети најлесно може да се најде работа во Република Македонија според возраст**

По овој сегмент, се добива слика дека доста хомогено размислуваат трите возрасни групи. Имено најголемиот процент се изјаснуваат за техничките науки, односноно дека преку нив најлесно би се решил проблемот на вработување. Кај анкетираните на возраст од 18-30 години најголем дел сметаат дека со техничките науки најлесно се решава проблемот со вработување, по нив предност даваат на природните науки, а како последно рангирани се општествените науки. Кај ,,условно кажано“ втората анкетирана група на возраст од 31-45 години, приоритет се дава на техничките науки, по што следуваат општествените и природните науки. Највозрасната анкетирана група смета дека со техничките науки најлесно се доаѓа до работа, по што следуваат природните и општествените науки. Според местото на живеење на анкетираните, по истото прашање, добиени се следните податоци.

| | Скопје | Друг град во РМ | Село во РМ |
|---|---|---|---|
| Технички | 53.2 | 32.6 | 33.6 |
| Општествени | 27.7 | 15.9 | 29.0 |
| Природни | 19.1 | 51.5 | 37.4 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 39 Со кои факултети најлесно може да се најде работа во Република Македонија според место на живеење**

Од анкетираните лица кои живеат во Скопје, поголемиот дел сметаат дека со факултети од технички науки најлесно може да се дојде до вработување, по што следат општествените и природните науки. Повеќето од анкетираните кои живеат вон градската средина сметаат дека со природните науки најлесно се наоѓа работа, по што следат техничките и општествените науки.

Видлива е разликата во добиените одговори за ова прашање помеѓу анкетираните во Скопје, со добиените резултати во другите помали градови во Македонија како и од анкетираните кои живеат на село. Појава која се поврзува со локалните потреби од кадар од природните науки кои делумно се поврзува со недостаток на персонал поврзан со медицинските и земјоделските науки во пределите кои претежно егзистираат со обработка и производство на земјоделски култури. Следната компонента при анализирањето на одговорите за ова прашање е етничката припадност на анкетираните.

| | Македонци | Албанци | Турци | Срби | други |
|---|---|---|---|---|---|
| Технички | 53.1 | 36.1 | 18.4 | 43.6 | 39.4 |
| Општествени | 25.0 | 33.6 | 30.6 | 27.3 | 21.2 |
| Природни | 21.9 | 30.3 | 51.0 | 29.1 | 39.4 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 40 Со кои факултети најлесно може да се најде работа во Република Македонија според етничка припадност**

Поголемиот дел од анкетирани македонци сметаат дека со техничките науки најлесно се наоѓа работа во Република Македонија, по што следуваат општествените, и природните науки. Кај анкетираните албанци, според урамнотежениот распоред на процентите и малите разлики помеѓу нив произлегува дека со било кој од факултети подеднакви се можностите за нивно вработување. Од анкетираните припадници на турската етничка група мнозинството сметаат дека со природните науки најлесно може да се дојде до вработување, по што следуваат општествените и техничките науки. Поголемиот дел од анкетираните кои се припадници на српската етничка група сметаат дека со техничките науки најлесно може да се дојде до вработување, по што следуваат природните науки, додека најмал е процентот на анкетирани кои сметаат дека со општествените науки најлесно може да се дојде до работа. Анкетираните од

останатите етнички групи сметаат дека подеднакви се шансите полесно да се најде работа со техничките и природните науки, а помал процент од нив сметаат дека со општествените науки најлесно може да се реши проблемот со вработување.

| | Средно | високо | М-р/д-р |
|---|---|---|---|
| Технички | 44.5 | 50.4 | 55.0 |
| Општествени | 20.7 | 30.1 | 26.7 |
| Природни | 34.8 | 19.5 | 18.3 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 41 Со кои факултети најлесно може да се најде работа во Република Македонија според образованието**

Добиените резултати од групата на анкетирани со завршено средно образование укажуват дека со техничките науки полесно може да се најде работа, за разлика од природните и општествените науки. Од групата на анкетирани со завршено високо образование мнозинството на анкетирани сметаат дека со техничките науки полесно може да се најде работа, по што следат општествените и природните науки. Голем дел од анкетираните магистри и доктори на науки сметаат дека со техничките науки најлесно може да се дојде до работа, по што следуваат општествените науки, давајќи најмал процентот на анкетирани кои приоритетот го даваат на природните науки.

| | Државен | приватен | невладин | невработени |
|---|---|---|---|---|
| Технички | 48.7 | 42.9 | 56.0 | 59.3 |
| Општествени | 32.8 | 21.3 | 16.0 | 21.5 |
| Природни | 18.6 | 35.9 | 28.0 | 19.3 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 42 Со кои факултети најлесно може да се најде работа во Република Македонија според работен статус и сектор во кој се работи**

Од анкетираните вработени во државниот сектор мнозинството сметаат исто како и во приватниот, невладиниот сектор како и невработените дека со техничките науки најлесно може да се најде работа во Република Македонија. Без оглед на секторот во кој анкетираните се вработени, најголемиот дел сметаат дека со техничките науки најлесно може да се дојде до вработување. Најголем процент на анкетирани кои се на мислење дека со општествените науки може да се дојде до работа, се анкетираните во државниот сектор, по што следат невработените, и вработените во приватниот сектор, а најмал е процентот од

невладиниот сектор. Најголем процент на анкетирани кои сметаат дека со природните науки најлесно е да се најде работа се од приватниот сектор, а по нив следуваат анкетирани од невладиниот сектор, невработените како и вработени во државниот сектор.

| | Низок | Среден | Висок |
|---|---|---|---|
| Технички | 50.6 | 48.1 | 50.0 |
| Општествени | 19.5 | 26.5 | 36.1 |
| Природни | 29.9 | 25.4 | 13.9 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 43 Со кои факултети најлесно може да се најде работа во Република Македонија според слоева припадност**

Анкетираните од нискиот општествен слој сметаат дека најлесно се наоѓа работа со техничките факултети, по што следуваат анкетирните кои сметаат дека со природни науки најлесно се наоѓа работа, а најмал дел од анкетирните кои припаѓаат на сиромашниот општествен слој сметаат дека со општествените науки најлесно може да се најде работа. Кај анкетираните кои припаѓаат на средниот општествен слој мнозинството е на мислење дека со техничките науки се решава проблемот со лесно доаѓање до работно место, по што следуваат дел од анкетираните кои сметаат дека со општествените науки е полесно да се најде работа, па анкетирани кои приоритетот го ставаат на природните науки за најлесно доаѓање до работа. Од анкетираните кои припаѓаат на високиот општествен слој повеќето сметаат дека со техничките науки се решава проблемот со вработување, по што процентуално следуваат општествените и природните науки.

Анализата на ова прашање ќе ја дополниме со пресметување на коефициент на корелеација.

| | | пол | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Со кои факултети најлесно може да се најде работа во Република Македонија | Pearson Correlation | .037 | .056 | .206 | .140 | 523 | 619 | 546 |
| | Sig. (2-tailed) | .239 | .075 | .000 | .000 | .000 | .550 | .459 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 44 Коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефициент на корелација за зависната варијабла и независните варијабли кои се вклучени во анализата, позитивен коефициент на корелација се забележува за независните варијабли: степен на завршено образование, во кој сектор работите како и за слоевата припадност.Од добиените резултати произлегува дека степенот на завршено образование, слоевата припадност и секторот во кој работат анкетираните, влијаат на мислењето кое тие го имаат за ставот со кои факултети најлесно може да се најде работа во Република Македонија.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.753 | 21.907 | 21.907 | 1.753 | 21.907 | 21.907 |
| 2 | 1.344 | 16.801 | 38.708 | 1.344 | 16.801 | 38.708 |
| 3 | 1.266 | 15.831 | 54.539 | 1.266 | 15.831 | 54.539 |
| 4 | .920 | 11.498 | 66.038 | | | |
| 5 | .801 | 10.011 | 76.048 | | | |
| 6 | .710 | 8.876 | 84.925 | | | |
| 7 | .681 | 8.517 | 93.442 | | | |
| 8 | .525 | 6.558 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела 45 Факторска анализа**

**1)Пол;2)Возраст;3)Место на живеење;4)етничка припадност;5)степен на завршено образование;6)во кој сектор работите;7)на кој општествен слој припаѓа вашето семејство;8) Со кои факултети најл-есно може да се најде работа во Република Македонија**

Од релаизираната факторска анализа, за факторот пол пресметана е варијанса која изнесува 21.9%, за факторот возраст истата изнесува 16.8%, варијансата за факторот место на живеење изнесува 15.8% , варијанса од 11.5% пресметана е за етничката припадност, додека за степенот на завршено образование измерена е варијанса 10%. Варијанса од 8.8% измерена е за секторот во кој се работи, додека за слоевата припадност варијансата изнесува 8.5%. По прашањето со кои факултети најлесно може да се најде работа во

Република Македонија пресметана е варијанса од 6.5%. За сите фактори кои беа вклучени во факторската анализа измерен е низок коефициент на варијанса односно ниско ниво на отстапување, поточно постоење на врски помеѓу варијаблите.

Од анализата на добиените резултати се забележува дека мнозинството од анкетираните сметаат дека техничките факултети се најперспективни во поглед на брзо решавање на проблемот со вработување по што следуваат сите останати. Ваквата ситуација се должи на глобалните промени во сферата на економијата, а посебно во развојот на информатичката технологија, поради што неминовно се појавува потребата од високо образовани кадри од доменот на техниката и информатичката технологија, кои во моментов се и најбараните кадри на пазарот на труд во Република Македонија. Во овој контекст како најбарани на пазарот на трудот се кадрите од техничките струки, додека најмала побарувачка, која во суштина е минорна се однесува на кадрите со завршени факултети од општествените науки.

## 2.5.Ставовите на населението во Република Македонија за миграцијата на населението кон високо развиените земји во ерата на глобализација

Миграцијата на населението, посебно на високо образованото младо население, во развиените западно европски земји како и во САД, Канада, Австралија и Нов Зеланд претставува серизно прашање кое е, и треба да биде предмет на интерес на повеќе науки, а посебно на социологијата. Оваа појава може да биде разгледана и од аспект како истата влијае не само на развојот на македонското општество, туку и многу пошироко. Во оваа смисла прашањето би можело да се разгледува од повеќе аспекти, меѓу кои едно би гласело, поради што се случува миграцијата, односно одлевањето на население и млади кадри вон границите на Република Македонија? Како базичен фактор со кој ќе ја поврземе миграцијата на младото население од Република Македонија секако е високата стапка на невработеност, нискиот животен стандард на населението, бесперспективноста, што само по себе отвора уште еден проблем, сврзан со условно кажано ,,одливот на умови“ кои најчесто се школувани со наши средства

и во нашиот образовен систем, што би значело неповратна загуба за нашето општество.

Во емпирискиот дел од трудот поточно во самиот анкетен прашалник, поставено е прашање поврзано со тоа, дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард. Во оваа смисла преку добиените резултати од анкетата, како и пресметаните фрекфенции, пресметаната корелација, факторска анализа и од анализата на добиените резултати, ќе оформиме реална претстава за тоа дали и поради кои причини анкетираните би заминале да живеат и работат во странство. Анализата ќе ја започнеме со коменатар на фрекфенциите добиени како резултат на анкетното истражување, а во овој дел фокусиран на прашањето: Дали би заминале да живеете и работите во странство, заради подобар животен стандард?

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | да би заминал | 430 | 43.0 | 43.0 | 43.0 |
| | не би одел | 314 | 31.4 | 31.4 | 74.4 |
| | можеби | 229 | 22.9 | 22.9 | 97.3 |
| | незнам | 27 | 2.7 | 2.7 | 100.0 |
| | Total | 1000 | 99.9 | 100.0 | |
| Missing | System | 1 | .1 | | |
| Total | | 1001 | 100.0 | | |

**Табела бр 46 Дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард**

Најголемиот дел од анкетираните односно 43% би одлучиле да заминат да живеат и работат во странство, 31.4% не би заминале, 22.9% можеби би заминале додека 2.7% незнаат дали би заминале. Следна варијабла за која ќе бидат дадени фрекфенции претставува возраста на анкетираните, и нивниот став по истото прашање.

| Став | 18-30 години | 31-45 години | 46-65 |
|---|---|---|---|
| Да би заминал | 62.1 | 47.9 | 18.6 |
| не би одел | 10.2 | 26.9 | 57.2 |
| Можеби | 25.3 | 22.0 | 21.9 |
| Незнам | 2.5 | 3.2 | 2.3 |
| Вкупно | 100 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 47 Дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард(според возраст)**

Загрижувачки се добиените резултати од анкетата за прашањето, особено од одговорите добиени од најмладата возрасна група, односно популацијата од 18-30 години. Имено дури 62.1% од анкетираните би заминале да живеат и работат во странство, 10.2% не би заминале, а 25.3% можеби би заминале, додека 2.5% немаат мислење. Од втората возрасна група, анкетирани на возраст од 31-45 години, слично како и во првата, би заминале да живеат и работат во странство, но истиот процент е нешто понизок и изнесува 47.9%, 26.9% не би заминале, 22% можеби би заминале, 3.2% не знаат дали би заминале во странство. Од највозрасната анкетирана група сосема разбирливо е што само 18.6% би заминале да живеат и работат во странство заради подобар животен стандард, додека 57.2% не би заминале, 21.9% можеби би заминале, а 2.3% незнаат дали би заминале.

| Став | Скопје | Друг град | Село |
|---|---|---|---|
| Да би заминал | 40.5 | 58.3 | 42.1 |
| Не би одел | 33.6 | 21.2 | 28.0 |
| Можеби | 23.3 | 19.7 | 24.3 |
| Незнам | 2.6 | 0.8 | 5.6 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 48 Дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард(според место на живеење)**

Анализирајќи ја табелата со фрекфенции за ова прашање и добиените одговори на истото според местото на живеење, највисок процент на анкетирани што би заминале во странство се лица од внатрешноста на Републиката, потоа следуваат анкетираните кои живеат на село, а процентуално, последни се анкетираните лица кои што живеат во Скопје. Во целина земено, од сите анкетирани мнозинството дава позитивен одговор во врска со поставеното прашање за заминување во странство, поради подобри услови за живот.

| Етничка Припадност | Да, би заминал | Не би одел | Можеби | Незнам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонска | 42.1 | 32.4 | 22.6 | 3.0 | 100.0 |
| Албанска | 53.8 | 23.5 | 21.8 | 0.8 | 100.0 |
| Турска | 26.5 | 38.8 | 28.6 | 6.1 | 100.0 |
| Српска | 40.0 | 30.9 | 27.3 | 1.8 | 100.0 |
| Друга | 54.5 | 27.3 | 18.2 | / | 100.0 |

**Табела бр 49 Дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард(според етничка припадност)**

Анализата на добиените фрекфенции ќе ја продолжиме со резултатите за ставот дали би заминале да живеете и работите во странство за подобар животен стандард, според етничката припадност на анкетираните. Во оваа смисла најголем процент на анкетирани кои што би заминале за подобар животен стандард се припадниците на останатите, односно помалите етнички групи. Повеќе од половина од анкетираните припадници на албанската етничка група, односно 53.8% би заминале да живеат и работат во странство, 42.1% од анкетираните македонци би заминале да живеат и работат во странство, 40% од анкетираните припадниците на српската етничка група и 26.5% од турската етничка група би заминале да живеат и работат во странство.

| Степен на завршено образование | Да би заминал | Не би одел | Можеби | незнам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 50.0 | 28.8 | 17.8 | 3.4 | 100.0 |
| Високо | 38.2 | 31.5 | 27.8 | 2.5 | 100.0 |
| М-р/д-р | 43.3 | 46.7 | 10.0 | / | 100 |

**Табела бр 50 Дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард(според завршено образование)**

Според степенот на образование по наведениот став, највисок процент на анкетирани кои што што би заминале во странство припаѓаат на анкетирани со завршено средно образование, односно 50%, 38.2% од високо образованите анкетирани се изјасниле дека би заминале во странство, додека од анкетираните кои имаат магистерски и докторски титули, 43.3% позитивно одговориле по прашањето.Анализата ќе ја продолжиме со фрекфенциите кои се добиени за тоа дали би заминале да живеете и работите во странство со дадените одговори според познавањето на странски јазици.

| Познавање на јазици | Еден | Два | Повеќе | Неговорам ниту еден |
|---|---|---|---|---|
| Да би заминал | 42.9 | 46.2 | 35.6 | 41.1 |
| Не би одел | 30.4 | 29.2 | 40.7 | 35.5 |
| Можеби | 24.8 | 22.1 | 18.6 | 18.4 |
| Незнам | 2.0 | 2.5 | 5.1 | 5.0 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 51 Дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард(според познавање на странските јазици)**

42.9% од анкетираните кои познаваат еден странски јазик би заминале да живеат и работат во странство, 46.2% од анкетираните кои што знаат два странски јазици би заминале во странство за подобар животен стандард, од анкетираните кои владеат повеќе јазици би заминале 35.6%, додека дури 41.1% од анкетираните кои не говорат ниту еден од светските јазици би се обиделе да заминат во странство за подобра егзистенција.

Во овој контекст анализата ќе биде продлабочена со уште една независна варијабла преку која ќе биде измерен процентот на анкетирани кои би заминале да живеат и работат во странство за подобар животен стандард.

| Дали би заминале во странство за подобар животен стандард | Државен | Приватен | Невладин сектор | Невработени |
|---|---|---|---|---|
| Да би заминал | 29.9 | 48.5 | 36.0 | 75.6 |
| Не би одел | 39.1 | 30.8 | 34.0 | 5.9 |
| Можеби | 27.9 | 19.0 | 26.0 | 14.8 |
| Незнам | 3.1 | 1.7 | 4.0 | 3.7 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 52 Дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард(според работниот статус и секторот во кој се работи)**

Од анализата на добиените фрекфенции, најмала фрекфенција од четирите категории кои би заминале во странство за подобар животен стандард се од анкетираните кои што работат во државниот сектор поточно 29.9 %, кај анкетираните од приватниот сектор 48.5% би заминале да живеат и работат во странство, додека 36% од анкетираните во невладиниот сектор би заминале во странство. Интересен е податокот дека дури 75.6% од анкетираните кои се невработени би заминале да живеат и работат во странство за подобар животен стандард. Анализата ќе ја продолжиме со измерените фрекфенции за прашањето, со одговорите дадени според слоевата припадност на анкетираните.

| Дали би заминале во странство за подобар животен стандард | Низок | Среден | Висок |
|---|---|---|---|
| Да би заминал | 50.6 | 42.7 | 33.3 |
| Не би одел | 35.1 | 30.7 | 41.7 |
| Можеби | 7.8 | 24.4 | 19.4 |
| Незнам | 6.5 | 2.3 | 5.6 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Табела бр 53 Дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард(според слоева припадност)**

Од добиените фрекфенции 50.6% од анкетираните кои се изјасниле дека припаѓаат на нискиот општествен слој би заминале во странство за подобар животен стандард, истото би го сториле 42.7% од припадниците на средниот слој, а од анкетираните кои припаѓаат на високиот општествен слој само 33.3% би заминале во странство заради подобар животен стандард.

Анализата ќе ја продолжиме со пресметување на коефициентот на корелација на независните варијабли: пол, возраст, место на живеење, етничка прпадност, степен на завршено образование, говорите ли некој од светските јазици, во кој сектор работите, на кој општествен слој припаѓа вашето семејство, со зависната варијабла дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард.

| | | Пол | возраст | место на живеење | етничка прпадност | степен на завршено образование | говорите ли некој од светските јазици | во кој сектор работите | на кој општествен слој припаѓа вашето семејство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали би заминале да живее-те и раб-отите во странство заради подобар животен стандард. | Pearson Sig. (2-tailed) Correlation N | .026<br>.413<br>1000 | 178*<br>.000<br>1000 | -.021<br>.503<br>1000 | -.011<br>.739<br>1000 | .559<br>.062<br>1000 | .607<br>.815<br>1000 | -.210**<br>.000<br>1000 | .655<br>.080<br>1000 |

**Табела бр 54 Пресметан коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефициент на корелација се забележува дека позитивен коефициент на корелација е пресметан за независните варијабли: возраст, степен на завршено образование, говорите ли некој од светските јазици и на кој општествен слој припаѓа вашето семејство, со зависната варијабла. Возраста, степенот на завршено образование говорите ли некој од светските јазици и на кој општествен слој припаѓа вашето семејство влијаат на ставот на анкетираните дали би заминале да живеете и работите во странство.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.818 | 20.203 | 20.203 | 1.818 | 20.203 | 20.203 |
| 2 | 1.422 | 15.804 | 36.007 | 1.422 | 15.804 | 36.007 |
| 3 | 1.247 | 13.858 | 49.865 | 1.247 | 13.858 | 49.865 |
| 4 | .963 | 10.702 | 60.567 | | | |
| 5 | .875 | 9.720 | 70.287 | | | |
| 6 | .778 | 8.642 | 78.929 | | | |
| 7 | .715 | 7.943 | 86.872 | | | |
| 8 | .657 | 7.302 | 94.174 | | | |
| 9 | .524 | 5.826 | 100.000 | | | |

**1)Пол;2)Возраст;3)Место на живеење; 4)етничка припадност; 5)степен на завршено образование; 6)говорите ли некој од светските јазици 7)во кој сектор работите;8)на кој општествен слој припаѓа вашето семејство;9) Дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард**
**Табела бр 55 Факторска анализа**

Факторската анализа ќе ја започнеме со првиот фактор односно полот, при што е пресметана највисока вредност на варијанса 20.20%; При анализата на вториот фактор односно возраста пресметана е варијанса од 15.80%; Пресметаната варијанса за третиот фактор, односно местото на живеење, варијансата изнесува 13.85%; за етничката припадност како четврт фактор варијансата изнесува 10.70%; За степенот на завршено образование пресметана е варијанса од 9.72%; додека за факторот од анализата, зборувате ли некој од светските јазици варијансата изнесува 8.64%; варијансата за факторот сектор на работење изнесува 7.94%; додека за факторот на кој општествен слој припаѓа вашето семејство пресметана е варијанса од 7.30%; За последниот фактор во анализата дали би заминале да живеете и работите во странство заради подобар животен стандард пресметана е најниска вредност на варијанса од 5.82%.

Од реалализираната анализа на резултатите од анкетата за прашањето дали би заминале да живеете и работите во странство, заради подобар животен стандард добиени се следните заклучоци: Од спроведеното анкетно истражување 43% од вкупно анкетираните би заминале да живеат и работат во странство за подобар животен стандард. Според нивната полова припадност, 41.7% од испитаниците мажи и 44.4% од анкетираните жени би заминале да живеат и работат во странство. Како најзастапена популација од анкетираните е онаа од најмаладата возрасна група, односно популацијата од 18-30 години каде што дури 62.1% од анкетираните би заминале да живеат и работат во странство. Според местото на живеење највисок процент на анкетирани што би заминале во странство се анкетирани кои живеат во градови во внатрешноста во Република Македонија. Припадниците на албанската етничка група повеќе од половина односно 53.8% од анкетираните би заминале да живеат и работат во странство, а по нив следат македонците со 42.1%. Во поглед на ставот на испитаниците за тоа дали би заминале во странство, според степенот на завршено образование највисок процент бележиме кај анкетираните со завршено средно образование односно 50%. 42.9% од анкетираните кои познаваат еден странски јазик би заминале да живеат и работат во странство за подобар животен стандард. Како група на анкетирани која има највисок процент на добиени одговори се невработените, од кои 75.6% од анкетираните би заминале да живеат и работат во странство. Од добиените фрекфенции 50.6% се изјасниле дека припаѓаат на нискиот општествен слој, а кои би заминале во странство за подобар животен стандард.

Може да се забележи дека како главна причина поради која анкетираните би заминале да живеат и работатат во странство, се пред се трагањето на подобар животен стандард, како и решавање на проблемот со невработеноста. Сепак бекството од сиромаштијата и нискиот животен стандард особено кај најмладата популација и барањето на подобар живот го дава одговорот по наведеното прашање.

# 3.Процесот на транзиција и приватизација во Република Македонија

## 3.1.Транзицијата и приватизацијата во Република Македонија

Проучувањето и анализирањето на општествените појави во пост-социјалистичките општества не би било целосно доколку биде занемарен аспектот и влијанието на транзицијата и приватизацијата во овие општества. При проучувањето на социо-економските аспекти на глобализацијата во Република Македонија и утврдувањето на влијанието на процесот на глобализација и нејзината интеграција во истото ќе биде направена и анализа на општествената ситуација и ставовите за транзицијата и приватизацијата на анкетираните по истата. Ставовите на анкетираните за транзицијата и приватизацијата во Република Македонија ќе бидат анализирани преку сет од прашања, кој во себе вклучува пет става поврзани со процесот на приватизација и транзиција.

| Степен на согласност за секое од наведените ставови | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Во македонија беше реализирана сомителна приватизација | 44.6 | 32.6 | 17.4 | 5.4 | / |
| Процесот на транзиција предизвика пад на животниот стандард | 56.2 | 39.2 | 3.4 | 1.0 | 0.1 |
| Процесот на приватизација се одвиваше без соодветен модел | 45.3 | 45.9 | 7.1 | 1.6 | 0.1 |
| Процесот на транзиција предизвика висока стапка на невработеност | 57.8 | 36.8 | 2.9 | 2.0 | 0.4 |

**Табела бр 56 Податоци за сет на прашања поврзани со транзиција и приватизација во Република Македонија**

### 3.1.1.Приватизацијата во Република Македонија

Првиот став во оваа анализа е: Во Македонија беше реализирана ,, сомнителна" приватизација. Анализата на овој став ќе ја започнеме со податоците добиени од анкетата по истиот. Имено мнозинството на анкетирани почно 45% целосно се согласуваат со ставот дека во Македонија беше реализирана сомнителна приватизација. Со овој став се согласуваат 32.1% од анкетираните, по него, немаат изградено мислење 17.9%, додека само 5% од анкетираните не се сложуваат со наведениот став.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 41.7 | 34.2 | 20.3 | 3.8 | / |
| 31-45 | 46 | 31.5 | 17.3 | 5.2 | / |
| 46-65 | 45.4 | 32.7 | 14.7 | 7.2 | / |

**Табела бр:57Во Македонија беше реализирана „ сомнителна" приватизација(според возраст).**

Според возраста на анкетираните и дадениот одговор по ставот, целосно се согласуваат мнозинството на анкетирани од најмладата анкетирана група, мнозинството и од втората возрасна група целоно се согласува со ставот, а исто е и со анкетираните од највозрасната група. Според местото на живеење, мнозинството анкетирани во градот Скопје како и во селата целосно се согласуваат со ставот; а се согласуваат со ставот анкетираните од другите градови од Македонија.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 51.3 | 34 | 11.8 | 2.9 | / |
| Високо | 40.7 | 30.6 | 22 | 6.6 | / |
| м-р/д-р | 48.3 | 41.6 | / | 10.1 | / |

**Табела бр:58 Во Македонија беше реализирана „ сомнителна" приватизација(според образование).**

Според степенот на завршено образование по наведениот став, мнозинството од анкетираните од првата образовна група поточно оние со завршено средно образование целосно се согласуваат со ставот, а истото се однесува и со анкетираните магистри и доктори на науки. кадешто мнозинството се согласува со ставот.

Следниот критериум поврзан со секторот во кој се работи и работниот статус, а преку кој се анализира наведениот став, ни ги дава следниве податоци: мнозинството од вработените од државниот, приватниот и невладиниот сектор,

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 41.3 | 34 | 19 | 5.7 | / |
| приватен | 49.9 | 28.6 | 16.2 | 5.3 | / |
| невладин | 36 | 40 | 12 | 12 | / |
| невработени | 45.2 | 35.5 | 17 | 2.3 | / |

како и од анкетираните невработени, целосно се согласуваат со ставот.

**Табела бр:59 Во Македонија беше реализирана „ сомнителна“ приватизација(според сектор во кој се работи).**

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 61 | 31.4 | 7.8 | / | / |
| Среден | 44.2 | 33.4 | 17.8 | 4.6 | / |
| висок | 19.4 | 16.7 | 27.8 | 36.1 | / |

**Табела бр:60 Во Македонија беше реализирана „ сомнителна“ приватизација(според слоева припадност).**

Според слоевата припадност на испитаниците, анкетираните од нискиот и средниот општествен слој целосно се согласуват со ставот, додека голем дел од богатиот општествен слој не се согласува со наведениот став. Анализата на ставот ќе ја продлабочиме со реализација на факторска анализа и пресметаниот коефициент на корелација.

| | | Возраст | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|
најмладата возрасна група, по што следуваат анкетирани на возраст од 31 до 45 години, а најмал процент на анкетирани кои не се согласуваат со ставот се од највозрасната анкетирана група.

| Место на живеење | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 37.2 | 46.1 | 9.6 | 5.4 | 1.7 |
| Друг град | 43.2 | 47.7 | 6.1 | 3 | / |
| село | 49.5 | 36.4 | 10.3 | 3.7 | / |

**Табела бр:84 прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот (според место на живеење)**

Голем дел на анкетирани кои живеат во градот Скопје, поточно 46.1% се согласуваат со ставот, потоа следат 37.2% кои целосно се согласуваат, 9.6% од оваа група на анкетирани немаат мислење за ставот, 5.4% не се согласуваат и 1.7% воопшто не се согласуваат. Од анкетираните од другите градови од Република Македонија, мнозинството поточнно 47.7% се согласуваат со ставот, следуваат анкетирани кои целосно се согласуваат, поточно 43.2%, 6.1% немаат мислење, додека 3% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од селата во Република Македонија мнозинството, поточно 49.5% целосно се согласуваат со ставот, се согласуваат 36.4%, немаат мислење 10.3% , а не се согласуваат 3.7%.

Според местото во кое се живее и мислењето за ставот може да се забележи дека мнозинството од анкетирани кои живеат во градот Скопје како и анкетираните од другите градови и селата во Република Македонија, сметаат дека прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот. Воедно се забележува дека највисок процент од оние кои немаат мислење припаѓаат од групата на анкетирани кои живеат во селските подрачја, по што следуваат анкетираните од градот Скопје, а најмал процент од оние кои немаат мислење за ова актуелно прашање се анкетираните од другите градови од Република Македонија. Од анкетираните коишто не се согласуваат со тоа дека прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот доаѓаат од другите градови од Македонија, по што следуваат анкетираните кои живеат во главниот град, и најмал процент од оваа група што не се согласува се анкетирани од селата во Република Македонија.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 37.7 | 47.6 | 9.7 | 4.7 | 0.3 |
| Високо | 39.8 | 43.5 | 9.1 | 5.4 | 2.2 |
| м-р/д-р | 45 | 46.7 | 6.7 | 1.7 | / |

**Табела бр:85 прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот (според образование)**

Поголемиот дел од анкетираните со завршено средно образование поточно 47.6% се согласуваат со ставот, немаат мислење 9.7%, 4.7% не се согласуваат, а воопшто не се согласуваат 0.3% од анкетираните. Од анкетираните кои имаат завршено високо образование 43.5% се согласуваат со ставот, 39.8% целосно се согласуваат, 9.1% немаат мислење, 5.4% не се согласуваат и 2.2% воопшто не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните магистри и доктори на науки го поддржуваат поставениот став, имено 46.7% се согласуваат со ставот, 45% целосно се согласуваат, 6.7% немаат мислење, додека 1.7% не се согласуваат со ставот. Поголемиот број на анкетирани од трите образовни групи сметаат дека прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот.

Од добиените резултати бележиме дека највисокиот процент на анкетирани кои немаат мислење за ова прашање доаѓа од анкетираните со завршено средно образование, а по нив според процентот следуваат анкетираните со завршено високо образование. Најмал процент од оние кои немаат мислење по ставот доаѓаат од анкетирани магистри и доктори на науки кои не се согласуваат со тоа дека прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 34.3 | 48 | 10 | 6.3 | 1.3 |
| приватен | 46.8 | 43.7 | 5 | 2.8 | 1.7 |
| невладин | 38.5 | 40.7 | 13.3 | 6.7 | 0.6 |

**Табела бр:86 прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот (според сектор во кој се работи)**

Според секторот во кој работат анкетираните, и одговорот по ставот: прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот, поголем број од анкетираните вработени во државниот сектор се согласуваат со ставот, поточно 48%, целосно се согласуваат 34.3% од анкетираните, 10% немаат мислење, не се согласуваат со ставот 6.3%, а воопшто не се согласуваат 1.3%. Повеќето од анкетирани, 46.8% кои се вработени во приватниот сектор целосно се согласуваат со ставот, потоа следуваат оние кои се согласуваат 43.7%, немаат мислење 5%, не се согласуваат со ставот 2.8%, а воопшто не се согласуваат 1.7% од анкетирните. Од анкетираните вработени во невладиниот сектор мнозинството поточно 40.7% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 38.5%, немаат мислење 13.3%, не се согласуваат 6.7%, и 0.6% воопшто не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните кои се вработени во државниот, приватниот и невладиниот сектор сметаат дека прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот.

Се забележува дека одреден процент од анкетирани немаат мислење за ова прашање. Најголем процент кои немаат мислење по ставот, бележиме кај анкетираните од невладиниот сектор, потоа следуваат вработените од државниот, и мал процент од анкетираните вработени во приватниот сектор. Највисок процент од анкетирани кои не се согласуваат со посочениот став бележиме во невладниот сектор, а по нив следуваат вработените од државниот и анкетираните од приватниот сектор.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 32.5 | 46.8 | 9.1 | 11.7 | / |
| Среден | 36 | 52.5 | 7.2 | 3.7 | 0.6 |
| висок | 47.2 | 38.9 | 5.6 | 8.3 | / |

**Табела бр:87 прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот (според слоева припадност)**

Според слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење по наведениот став, голем број од анкетираните од нискиот општествен слој се согласуваат со ставот, поточно 40.3%, потоа следуваат оние кои целосно се

согласуваат 36.4%, 7.8% немаат мислење, а 15.6% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од средниот општествен слој 45.9% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 39.2% , немаат мислење 9.2%, не се согласуваат 4.2%, а воопшто не се согласуваат 1.5%.

Од анкетираните од високиот општествен слој 47.2% целосно се согласуваат со ставот, 41.7% се согласуваат и 11.1% немаат мислење. Анкетираните од трите општествени слоја сметаат дека прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот.

Највисок процент од анкетираните кои немаат мислење за ставот бележиме кај високиот општествен слој, потоа следуваат анкетираните од средниот општествен слој и најмал процент се анкетирани кои се изјасниле дека припаѓаат на нискиот општествен слој.

Од оние кои што не се согласуваат со наведениот став, највисок процент кои не се согласуваат со ставот доаѓаат од нискиот општествен слој, потоа следуваат анкетираните од средниот општествен слој, со отсуство на анкетирани кои што немаат мислење, а се изјасиле дека припаѓаат на високиот општествен слој.

| | | Возраст | Место на зивеење | Етничка припадност | Степен на завршено образовние | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прифаќањето на процесот на глоба-лизација зависи од образованието на поединецот | Pearson Correlation | -.153** | -.090** | -.007 | 610 | -.021 | -.074* |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .005 | .816 | .719 | .509 | .019 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 88 Коефициент на корелација**

Позитивен коефициент на корелација е пресметан за независната варијабла, степен на завршено образование со зависната варијабла прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот. Степенот на завршено образование на анкетираните влијае на нивниот став за прифаќање на процесот на глобализација зависи и од степнот на завршено образование.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.673 | 23.903 | 23.903 | 1.673 | 23.903 | 23.903 |
| 2 | 1.268 | 18.117 | 42.020 | 1.268 | 18.117 | 42.020 |
| 3 | 1.069 | 15.265 | 57.285 | 1.069 | 15.265 | 57.285 |
| 4 | 1.011 | 14.438 | 71.723 | 1.011 | 14.438 | 71.723 |
| 5 | .738 | 10.547 | 82.270 | | | |
| 6 | .729 | 10.413 | 92.683 | | | |
| 7 | .512 | 7.317 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1) Возраст;2)место на живеење;3)Етничка припадност;4)Степен на завршено образование;5)Во кој сектор работите;6)Слоева припаднсот;7)Прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот

**Табела бр 89 Факторска анализа**

Највисоко ниво на варијанса е пресметана кај факторот возраст односно највисоко ниво на стандардна девијација, отстапување, со тенденција на опаѓање за секој нареден фактор со најниска измерена варијанса за последниот фактор од анализата: прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот.

Од факторите преку кои го согледавме ставот: прифаќањето на процесот на глобализација зависи од образованието на поединецот, може да забележиме дека мнозинството од анкетирани од сите категории целосно се согласуваат, или се согласуваат со ставот. Кога станува збор за прифаќање на процесот на глобализација еден од факторите за нејзиното прифаќање е според категоријата завршено образование. Голем дел од анкетираното население смета дека образованието на поединецот влијае на прифаќањето на процесот на

глобализација. Во таа смисла, колку е повисоко завршеното образование на поединецот толку полесно се прифаќа процесот на глобализација.

## 4.2.Односот на населението од урбани средини кон процесот на глобализација

Современото урбано општество е конектирано со современите процеси, промени и тенденции. Процесот на глобализација е интегриран дел од современото урбано општество. Вредностите на глобализацијата се вредности кои се мошне блиски и прифатливи за урбаното население, прифаќајќи ги севкупните промени во општеството и урбаниот начин на живеење. Во овој фрагмент ќе бидат анализирани резултатите за прифаќање на ставот: Процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население, кој е дел од сетот на ставови поврзани со прифаќањето на процесот на глобализација во македонското општество. Во анализата ќе бидат вклучени следните критериуми: возраст, место на живеење, етничка припадност, степен на завршено образование, сектор во кој се работи и на кој општествен слој припаѓа вашето семејство.

Мнозинството од анкетираните односно 56% се согласуваат со ставот, потоа следуват оние кои целосно се согласуваат 35.4%, немаат мислење 6.4%, а не се согласуваат со ставот 2.2%.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 25.3 | 56.5 | 10.9 | 6.7 | 0.6 |
| 31-45 | 36.4 | 52.8 | 6.8 | 4 | / |
| 46-65 | 45.8 | 45.4 | 4.6 | 3.2 | 1 |

**Табела бр:90 Процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население(според возраст)**

Мнозинството на анкетирани од најмладата возрасна група се согласуват со ставот, поточно 56.5%, целосно се согласуваат 25.3%, 10.9% немаат мислење, 6.7% не се согласуват, а 0.6% воопшто не се согласуват со ставот. Од анкетираните на возраст од 31 до 45 години, 52.8% се согласуват со ставот, 36.4% целосно се согласуваат, 6.8% немаат мислење, додека 4% не се согласуваат со

ставот. Од највозрасната анкетирана група целосно се согласуваат со ставот 45.8%, се согласуваат 45.4%, немаат мислење по ставот 4.6%, не се согласуваат 3.2%, а 1%, воопшто не се согласуваат со ставот.

Мнозинството од анкетираните од трите возрасни групи сметаат дека процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население. Одреден процент од анкетираните немаат мислење за ова прашање. Во овој контекст најголемиот процент се бележи кај најмадата возрасна група. По неа следуваат анкетираните на возраст од 31 до 45 години, и најмал процент кои немаат мислење по ставот се од највозрасната анкетирана група. Највисок процент на анкетирани кои не се согласуваат со тоа дека процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население бележиме кај анкетираните од 31 до 45 годишна возраст, потоа следуваат анкетираните од најмлада возрасна група и на крај многу мал процент од највозрасната анкетирана група.

| Место на живеење | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 37.7 | 48.8 | 8.3 | 4.6 | 0.6 |
| Друг град | 31.8 | 62.9 | 2.3 | 3 | / |
| село | 29.9 | 57.9 | 6.5 | 5.7 | / |

**Табела бр:91 Процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население(според место на живеење)**

48.8% од анкетираните во градот Скопје се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 37.7%, немаат мислење 8.3%, не се согласуваат 4.6%, а воопшто не се согласуваат со ставот 0.6%. Од анкетираните од другите градови 62.9% се согласуваат со ставот, 31.8% целосно се согласуваат, немаат мислење 2.3%, а не се согласуваат со ставот 3% од анкетираните. Од анкетираните кои живеат во села во Република Македонија, со ставот се согласуваат 57.9%, целосно се согласуваат 29.9%, немаат мислење 6.5%, не се согласуваат 5.7%.

Анкетираните од трите групи сметаат дека процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население. Дел од нив немаат мислење за ова прашање, при што највисок процент се анкетираните кои што живеат во главниот град. По нив следуваат анкетираните од селата во Република Македонија и на крај најмал процент на анкетирани кои немаат мислење се од градовите од внатрешноста. Одреден процент од анкетираните не се согласуваат со ставот. Во овој контекст, највисок процент бележиме кај анкетираните од селата во Македонија, а потоа

следува одреден процент на анкетирани од главниот град и на крај анкетирани од другите градови од Република Македонија.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 36.6 | 53.1 | 6.3 | 3.9 | / |
| Високо | 34.4 | 51.4 | 7.9 | 5.4 | 0.9 |
| м-р/д-р | 48.3 | 48.3 | / | 3.4 | / |

**Табела бр:92 Процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население(според образование)**

Според степенот на завршено образование и ставот, процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население, голем број од анкетирани со завршено средно образование, поточно 53.1% се согласуват со ставот, целосно се согласуваат 36.6%, немаат мислење 6.3%, не се согласуваат 3.9%. Од анкетираните со високо образование со ставот се согласуваат 51.4%, целосно се согласуваат 34.4%, немаат мислење 7.9%, не се согласуваат 5.4%, и 0.9 % целсоно не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните 48.3% целосно се согласуват со ставот, а ист е процентот и на анкетирани кои се согласуваат со ставот. 3.4% од анкетираните магистри и доктори на науки, не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите образовни групи сметаат дека процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население. Одреден процент од анкетираните немаат мислење за ова прашање. Дел од анкетираните не се согласуваат со тоа дека процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население, при што највисок е процентот на анкетирани со завршено високо образование, па следат анкетирани со средно образование, со отсуство на анкетирани магистри и доктори на науки кои не се согласуваат со ставот.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 34.9% | 52.2% | 7.4% | 5% | / |
| Приватен | 46.9% | 46.9% | 3.6% | 2% | 0.6 |
| невладин | 18 | 60% | 12% | 10% | / |
| невработени | 50.4 | 26.7 | 14.8 | 7.4 | 0.7 |

**Табела бр:93 Процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население(според сектор во кој се работи)**

Според секторот во кој се вработени анкетираните, мнозинството од вработените во државниот сектор, 52.2% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 34.9%, немаат мислење 7.4%, а 5% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор поголемиот дел се согласува со

ставот, целосно се согласуваат 46.9%, се согласуваат 46.9%, немаат мислење за ставот 3.6%, не се согласуваат 2%, а воопшто не се согласуваат со ставот 0.6% од анкетираните. Од вработените во невладиниот сектор голем број од анкетирани поточно 60% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 18%, немаат мислење 12%, не се согласуваат 10%. Анкетираните од трите сектори сметаат дека процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население. Дел од анкетираните немаат мислење по ова прашање, а највисок процент од нив се вработени во невладиниот сектор. Највисок процент на анкетирани кои што не се согласуваат со анализираниот став, се од анкетираните вработени во невладиниот сектор, а по нив следат анкетирани вработени во државниот и мал процент од вработените во приватниот сектор.

Од анкетираните кои се не вработени мнозинството целосно се согласуваат со ставот 50.4%, се согласуваат 26.7%, немаат мислење 14.8% , не се согласуваат 7.4% , а воопшто не се согласуваат 0.7%.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 32.5 | 46.8 | 9.1 | 11.7 | / |
| Среден | 36 | 52.5 | 7.2 | 3.7 | / |
| висок | 47.2 | 38.9 | 5.6 | 8.3 | / |

**Табела бр:94 Процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население(според слоева припадност)**

Според слоевата припадност на испитаниците и нивниот став, 46.8% од нискиот општествен слој се согласува со ставот, 32.5% целосно се согласува, немаат мислење 9.1% од анкетираните, а не се согласуваат 11.7%. Од анкетираните од средниот општествен слој 52.5% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 36%, немаат мислење 7.2%, не се согласуваат 3.7%, а воопшто не се согласуваат со ставот 0.6% од анкетираните. 47.2% од анкетираните од високиот општествен слој целосно се согласуваат со ставот, се согласуваат 38.9%, немаат мислење 5.6%, а не се согласуваат 8.3%. Анкетираните од трите општествени слоеви сметаат дека процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население. Дел од анкетираните немаат мислење за ова прашање, при што највисок процент припаѓа на нискиот општествен слој, потоа следуваат анкетирани од средниот и најмал процент се анкетирани од високиот општествен слој. Кај анкетираните кои не се согласуваат со ставот, највисокиот

процент доаѓа од нискиот општествен слој, по што следуваат анкетираните од високиот и средниот општествен слој. Во продолжение ќе биде пресметан коефициент на корелација и ќе биде реализирана факторска анализа.

| | | Возраст | Место на зивеење | Етничка припадност | Степен на завршено образовние | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население | Pearson Correlation | -.158** | .612 | -.102** | .577 | .087** | -.063* |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .000 | .000 | .833 | .006 | .048 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 95 Коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефициент на корелација пресметан е позитивен коефициент на корелација помеѓу независната варијабла место на живеење и зависната варијабла во анализата, процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население. Ваквата корелација укажува на тоа дека процесот на глобализација полесно се прифаќа од страна на урбаното население. Пресметаниот коефициент на корелација за независната варијабла степен на завршено образование со зависната варијабла укажува на тоа дека и од степенот на завршено образование зависи прифаќањето на процесот на глобализација.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.684 | 24.062 | 24.062 | 1.684 | 24.062 | 24.062 |
| 2 | 1.269 | 18.125 | 42.187 | 1.269 | 18.125 | 42.187 |
| 3 | 1.059 | 15.135 | 57.322 | 1.059 | 15.135 | 57.322 |
| 4 | .970 | 13.864 | 71.186 | | | |
| 5 | .751 | 10.726 | 81.912 | | | |
| 6 | .718 | 10.259 | 92.171 | | | |
| 7 | .548 | 7.829 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7) Процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население

**Табела бр 96 Факторска анализа**

Од факторската анализа и вредноста на варијанса на факторите кои што беа вклучени во неа највисока вредност на варијанса, стандардна девијација бележиме за првиот фактор возраст, а најмала вредност за факторот: Процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население. За сите фактори од анализата карактеристично е што имаат ниско ниво на варијанса односно стандардно отстапување.

Современото општество, е општество карактеризирано со две базични категории, првата е неговиот урбан карактер, а втората категорија, блиску поврзана со првата е глобалниот карактер на општеството. Глобализацијата како една од основните нејзини црти доминира и се вклопува со урбаното, впрочем таа се доживува пред се како глобален и урбан феномен. Од сетот на прашања кои се поврзани со прифаќањето на процесот на глобализација во анализата е обработен и ставот: **процесот на глобализација полесно се прифаќа од урбаното население**. Мнозинството од анкетираното население смета дека процесот на глобализација е пред се урбан феномен и дека тој полесно се прифаќа од страна на урбаното население.

## 4.3.Улогата на масовните медиуми во процесот на глобализација

Современото урбано општество и начинот на живеење во него ја имаат потребата од брзо циркулирање на информациите. Глобалните масовни медиуми, интернет и глобалните тв мрежи значително го забрзаа ширењето на информациите и нивното распространување низ светот, приближувајќи ги информациите истовремено до секој кој за истите е заинтересиран. Глобалните масовни медиуми нудат информации од широк спектар, откривајќи ги меѓу останатото и заложбите и патиштата на глобализациските процеси и потребите за поголемо мрежно поврзување.

Во сетот од ставови од анкетата поврзани со прифаќањето на процесот на глобализација е и ставот: глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата.

Анализирајќи го ставот ќе ги обработиме податоците од повеќе аспекти поврзани со анкетираните: возраст, место на живеење, етничка припадност, образование, сектор во кој се работи и слоевата припадност на анкетираните.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 28.1 | 60.7 | 7 | 4.2 | / |
| 31-45 | 33.7 | 58.4 | 6.6 | 1.2 | / |
| 46-65 | 44.4 | 48.4 | 6.5 | 1.6 | / |

**Табела бр 97глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата(според возраст).**

Кај најмладата возрасна група, поточно анкетираните на возраст од 18-30 години 60.7% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 28.1%, немаат мислење 7%, а не се согласуваат со него 4.2%. Од анкетираните на возраст од 31-45 години, со ставот се согласуваат 58.4%, целосно се согласуваат 33.7%, немаат мислење 6.6%, а не се согласуваат 1.2%. Кај анкетираните лица на возраст од 46-65 години со ставот се согласуваат 48.4%, целосно се согласуваат 44.4%, немаат мислење 6.5% од анкетираните, а не се согласуваат 1.6%. Од анализата на добиените податоци од трите возрасни групи вклучени во анкетирањето, повеќето од анкетирани се согласуваат со ставот, потоа следуваат анкетирани кои целосно се согласуваат, анкетирани кои немаат изградено свое мислење, и кои не се согласуваат со ставот. Во оваа смисла можеме да заклучиме дека возраста на анкетираните битно не влијае во градењето на нивниот став по посоченото прашање. Сите три анкетирни возрасни групи се согласуваат со ставот односно сметаат дека глобалните масовани медиуми влијаат за полесно прифаќање на процесот на глобализација.

Дел од анкетираните немаат мислење за ова прашање, а изненадува фактот што најголем процент од оние кои немаат мислење доаѓаат од најмладата анкетирана група, по што следуваат анкетираните на возраст од 31 до 45 години. Најмал процент на анкетирани кои немаат изградено мислење бележиме кај највозрасната анкетирана група.

Најголем процент на анкетирани кои не се согласуваат со ставот дека глобалните масовани медиуми влијаат за полесно прифаќање на процесот на глобализација, повторно бележиме кај најмладата анкетирана група, по што следува највозрасната анкетирана група.

| Место на живеење | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 36.8 | 52.8 | 7.8 | 2.6 | / |
| Друг град | 31.8 | 67.4 | / | 0.8 | / |
| село | 29.9 | 64.5 | 4.7 | 0.9 | / |

**Табела бр 98 глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата(според место на живеење).**

Следниот критериум во анализата по истиот став е, местото на живеење на анкетираните. Во овој контекст, повеќето од анкетираните кои што живеат во градот Скопје се согласуваат со ставот, поточно 52.8%, целосно се согласуваат 36.8%, немаат мислење за ставот 7.8% и не се согласуваат со него 2.6% од анкетираните. Голем дел од анкетираните од другите градови од Република Македонија, поточно 67.4% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 31.8%, а не се согласуваат 0.8%. Од анкетираните што живеат во села во Р Македонија 64.5% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 29.9%, немаат мислење 4.7% и не се согласуват 0.9%. Од добиените податоци од оваа анализа забележуваме дека кај сите три категории на анкетирани множинството се согласува со ставот, а по нив следат анкетирани кои целосно се согласуваат, анкетирани што немаат изградено став по истото, и на крај анкетирани лица коишто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од сите возрасни групи според местото на живеење се согласуваат со ставот, односно сметаат дека глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата.

Може да забележиме дека највисокиот процент на оние кои немаат мислење по наведениов став се анкетирани лица од градот Скопје, а по нив следуваат анкетираните од селата во Македонија, со отсуство на анкетирани кои немаат мислење, а се од другите градови. Мал процент на анкетирани кои не се согласуваат со ставот бележиме кај анкетираните од сите возрасни групи.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 31.9 | 61.8 | 5.5 | 0.8 | / |
| Високо | 37.8 | 52.3 | 6.6 | 3.2 | / |
| м-р/д-р | 45 | 53.3 | / | 1.7 | / |

**Табела бр 99 глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата (според образование).**

Според завршеното образование на анкетираните и ставот глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата, 61.8% од анкетираните со средно образование се согласуваат со ставот, целосно се

согласуваат 31.9%, немаат мислење 5.5%, не се согласуваат со ставот 0.8%. Повеќето на анкетирани со завршено високо образование поточно 52.3% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 37.8%, немаат мислење 6.6%, не се согласуваат со ставот 3.2%. Голем дел од анкетираните магистри и доктори на науки поточно 53.3% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 45%, а не се согласуваат 1.7% од анкетираните. Од сите три групи на анкетирани мнозинството се согласуваат или целосно се согласуваат со ставот, по што следуваат анкетирани кои немаат мислење, и мал дел кои не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите образовни групи се согласуваат со ставот односно сметаат дека глобалните масовни медиуми влијаат за полено прифаќање на глобализацијата. Дел од анкетираните немаат мислење за тоа дали глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата, а дел не се согласуваат со ставот.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 37.3 | 52.7 | 7.9 | 2.4 | / |
| Приватен | 38.1 | 57.1 | 3.6 | 1.1 | / |
| невладин | 28 | 56 | 10 | 6 | / |
| невработени | 24.4 | 65.2 | 7.4 | 3 | / |

**Табела бр 100 глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата (според сектор во кој се работи).**

Секторот во кој работат анкетираните е следниот критериум во анализата по истиот став. Повеќето од вработените во државниот сектор, поточно 52.7% се согласуваат со ставот, 37.3% целосно се согласуваат, немаат мислење 7.9% и со ставот не се согласуваат 2.4% од анкетираните. Мнозиството од анкетираните кои се вработени во приватниот сектор 57.1% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 38.1%, немаат мислење 3.6% , и не се согласуваат со ставот 1.1%. Од вработените од невладиниот сектор 56% се согласуват со ставот, целосно се согласуваат 28%, немаат мислење 10%, и не се согласуваат со ставот 6% од анкетираните.

Од анкетираните кои се не вработени, 65.2% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 24.4%, немаат мислење 7.4% и не се согласуваат 3%. Анализирајќи ги добиените резултати може да забележиме дека од анкетираните

вработени во сите сектори, мнозинството се согласува со ставот, потоа следат оние кои целосно се согласуваат, па анкетираните коишто немаат мислење и кои не се согласуваат со ставот. Анкетираните се сложуваат дека глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на процесот на глобализација.

Слоевата припадност на анкетираните е последниот дел од оваа анализа поврзана со горепосочениот став.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 22.1 | 67.5 | 6.5 | 3.9 | / |
| Среден | 35.7 | 56.1 | 6.2 | 1.9 | / |
| висок | 27.8 | 55.6 | 11.1 | 5.6 | / |

**Табела бр 101 глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата (според слоева припадност).**

Мнозинството од анкетираните од нискиот општествен слој 67.5% се согласуваат со ставот, 22.1 % целосно се согласуваат, немаат мислење 6.5% од анкетираните, не се согласуваат со ставот 3.9%. Од анкетираните кои припаѓаат на средниот општествен слој 56.1% се согласуваат со ставот, 35.7% целосно се согласуваат, немаат мислење 6.2%, а не се согласуваат со ставот 1.9% од анкетирните. Голем дел од анкетираните, односно 55.6% кои припаѓаат на високиот општествен слој целосно се согласуваат со ставот, се согласуваат 27.8%, немаат мислење 11.1% и не се согласуваат со ставот 5.6%. Повеќето од анкетираните од нискиот и средниот слој се согласуваат со ставот додека мнозинството од припадниците на високиот оптшестен слој целосно се согласуваат со истиот.

Анкетираните се согласуват со ставот односно сметат дека глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата. Дел од анкетираните немаат мислење по ова прашање. Највисок процент од анкетирани кои што немаат мислење по ставот припаѓаат на високиот општествен слој, потоа следуваат анкетираните од нискиот и средниот општествен слој.

Анализата за ова прашање ќе ја комплетираме со пресметаниот коефициент на корелација и реализираната факторска анализа.

| | | Возраст | Место на зивеење | Етничка припадност | Степен на завршено образовние | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата | Pearson Correlation | -.132** | -.011 | -.025 | .607 | .668* | .572* |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .728 | .423 | .821 | .031 | .022 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 102 Коефициент на корелација**

Позитивен коефициент на корелација е пресметан со независните варијабли: степен на завршено образование, во кој сектор работите и за слоевата припадност. Тоа значи дека постои влијание на степенот на завршено образование, секторот во кој работи анкетираниот како и неговата слоева припадност врз мислењето кое анкетираниот го поседува за тоа **дека глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата**.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.684 | 24.062 | 24.062 | 1.684 | 24.062 | 24.062 |
| 2 | 1.269 | 18.125 | 42.187 | 1.269 | 18.125 | 42.187 |
| 3 | 1.059 | 15.135 | 57.322 | 1.059 | 15.135 | 57.322 |
| 4 | .970 | 13.864 | 71.186 | | | |
| 5 | .751 | 10.726 | 81.912 | | | |
| 6 | .718 | 10.259 | 92.171 | | | |
| 7 | .548 | 7.829 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7) Глобалните масовни медиуми влијаат за полесно прифаќање на глобализацијата

**Табела бр: 103 Факторска анализа**

Од спроведената факторска анализа и добиената варијанса односно девијација на факторите може да се забележи дека највисока вредност на

варијанса има првиот фактор, а најниска последниот фактор од анализата. Постои ниско ниво на отстапување на факторите.

Анализирајќи го ставот ќе ги протолкуваме податоците од повеќе аспекти поврзани со анкетираните: возраст, место на живеење, образование, во кој сектор работите и слоевата припадност. Анкетираните се сложуваат со ставот дека глобалните масовни медиуми влијаат за полено прифаќање на глобализацијата.

### 4.4.Слоевата припадност и прифаќањето на глобализацијата

Општеството денес е општество на можности на технологијата и придобивките од неа, кои што значително го олеснуваат животот и работата на поединецот. Степенот на експлоатирање на овие можности зависи од слоевата припадност на испитаниците. Сетот на прашања кои се анализираат во овој фрагмент поврзани се со прифаќањето на процесот на глобализација. За таа цел ќе пристапиме кон образложување и анализирање на податоците односно резултатите добиени по ставот: **слоевата припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата.** Добиените резултати од анкетата за ставот ќе ја анализираме користејќи и толкувајќи ги резултатите од критериумите: возраст, место на живеење, етничката припадност, степен на завршено образование, сектор на работење на анкетираниот и слоевата припадност.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 25.6 | 48.8 | 15.4 | 8.8 | 1.4 |
| 31-45 | 33.3 | 54.8 | 8.6 | 3.4 | / |
| 46-65 | 39.2 | 49.7 | 5.9 | 5.2 | / |

**Табела бр:104 Слоевата припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата(според возраст)**

Анализата на горенаведениот став ќе ја започнеме со добиените одговори според возрасните категории на анкетираните. Кај анкетираните од најмладата возрасна група 48.8% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 25.6%, немаат мислење 15.4%, не се согласуваат 8.8% и воопшто не се согласуваат 1.4%. Од анкетираните од возрасната група од 31 до 45 години, 54.8% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 33.3%, немаат мислење 8.6%, не се согласуваат 3.4%. Кај највозрасната анкетирана група од 46-65 години, 49.7% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 39.2% од анкетираните, немаат

мислење 5.9%, а не се согласуваат со ставот 5.2%. Кај сите возрасни групи, поголемиот дел на анкетирани го поддржуваат ставот од анкетното прашање, поточно, се согласуваат или целосно се согласуваат со ставот, по што следуваат анкетираните кои не се согласуваат со истиот. Добиените резултати говорат дека мнозинството од анкетирани без разлика на возраста се сложуваат со ставот дека: Слоевата припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата. Изненадувачки е податокот дека највисок процент од оние кои немаат мислење доаѓаат од анкетираните од најмладата возрасна група, потоа следуваат анкетираните на возраст од 31 до 45 години, а најнизок процент на анкетирани кои немаат мислење по ставот се од највозрасната анкетирана група. Дел од анкетираните не се согласуваат со ставот, дека слоевата припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата. во овој контекст највисок процент бележиме кај анкетирани од најмладата група, а по нив следат анкетирани од највозрасната група.

| Според етничка припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 30.5 | 52.7 | 10.6 | 5.6 | 0.5 |
| Албанци | 40.3 | 53.8 | 5.9 | / | / |
| Турци | 42.9 | 51 | 4.1 | 2 | / |
| Срби | 41.8 | 38.2 | 12.7 | 7.3 | / |
| Други | 30.3 | 39.4 | 6.1 | 24.2 | / |

**Табела бр:105 Слоевата припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата(според етничка припадност)**

Етничката припадност е следниот аспект при анализа на истиот став. Во оваа смисла мнозинството од анкетираните македонци поточно 52.7% се согласуваат со ставот, 30.5% целосно се согласуваат, 10.6% немаат изграден став, не се согласуваат 5.6% од анкетираните и 0.5% воопшто не се согласуваат. Од анкетираните албанци 53.8% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 40.3%, додека 5.9% немаат мислење. Повеќе од половината од анкетираните од турската етничка група поточно 51% се согласува со ставот, целосно се согласуваат 42.9%, немаат мислење 4.1% и не се согласуваат 2% од анкетираните. Голем дел од анкетираните срби, поточно 41.8% целосно се согласува со ставот, потоа следуваат анкетирани што се согласуваат со ставот 38.2%, 12.7% немаат мислење, додека не се согласуваат со ставот 7.3% од

анкетираните. Од анкетираните од другите етнички групи мнозинството поточно 39.4% се согласуваат, целосно се согласуваат 30.3%, немаат мислење 6.1%, а не се согласуваат со ставот 24.2%.

Од анкетираните од сите етнички групи кои беа дел од спроведената анкета мнозинството се согласуваат или целосно се согласуваат со ставот односно сметаат дека слоевата припадност влијае на прифаќање на процесот на глобализација.

Дел од анкетираните немаат мислење по ова прашање, при што највисок процент бележиме кај анкетираните срби, а по нив следуваат анкетираните македонци, припадници од другите етнички групи, албанци, и најмал процент од анкетираните турци. Од анкетираните коишто не се согласуваат со ставот највисок процент бележиме кај анкетираните од други етнички групи.

Степенот на завршено образование е следниот критериум преку кој ќе ги анализираме добиените податоци по истиот став.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 32.7 | 49.2 | 10.7 | 6.8 | 0.5 |
| Високо | 32.1 | 54.1 | 8.2 | 5.2 | 0.4 |
| м-р/д-р | 51.7 | 41.7 | / | 6.7 | / |

**Табела бр:106 Слоевата припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата(според образование)**

Мнозинството од анкетираните со завршено средно образование 49.2% се согласуваат со ставот, 32.7% целосно се согласуваат, 10.7% немаат мислење, не се согласуваат 6.8% и воопшто не се согласуваат со ставот 0.5%. Од анкетираните со високо образование 54.1% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 32.1%, немаат мислење 8.2%, не се согласуваат 5.2%, а воопшто не се согласуваат 0.4%. Мислењето по наведениот став, кај анкетираните магистри и доктори на науки е следното: 51.7% целосно се согласуваат со ставот, 41.7% се согласуваат, а 6.7% не се согласуваат со ставот. Анализирајќи ги добиените податоци од анкетираните од трите образовни групи се бележи дека мнозинството на анкетирани се согласуваат или целосно се согласуваат со ставот. Имено анкетираните сметаат дека слоевата припадност има свое влијание на планот на прифаќање на процесот на глобализација.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 32.3 | 52.6 | 9 | 6.1 | / |
| приватен | 37.8 | 52.1 | 0.7 | 2.5 | 0.5 |
| невладин | 30 | 42 | 16 | 12 | / |
| невработени | 23 | 49.6 | 17 | 8.9 | 1.5 |

**Табела бр:107 Слоевата припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата(според сектор во кој се работи)**

Следниот сегмент преку кој ќе бидат анализирани добиените резултати за ставот е секторот во кој се вработени анкетираните. Анализата ќе ја започнеме со добиените податоци од анкетираните вработени во државниот сектор, каде што 52.6% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 32.3%, немаат мислење 9%, и 6.1% од анкетираните од државниот сектор не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработените во приватниот сектор 52.1% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 37.8%, 0.7% немаат мислење, не се согласуваат 2.5%, и воопшто не се согласуваат 0.5% од анкетираните.

Кај анкетираните од невладиниот сектор мнозинството се согласуваат со ставот, конкретно 42%, 30% целосно се согласуваат, 16% немаат мислење, 12 % не се согласуваат со ставот.

Анализирајќи ги добиените резултати за ставот според секторот во кој се вработени анкетираните, најголем дел од нив се сложуваат или целосно се сложуваат со ставот, односно сметатат дека слоевата припадност влијае на прифаќањето на процесот на глобализација. Највисок процент од оние коишто немаат мислење по ставот, доаѓаат од анкетираните вработени во невладиниот сектор, потоа следуваат вработените во државниот, а најмал процент од анкетираните се од приватниот сектор.

Од анкетираните кои што не се согласуваат со наведениот став, најголем процент се вработени во невладиниот сектор, а по нив следуваат анкетирани од државниот како и мал дел од приватниот сектор.

Добар дел од анкетираните кои не се вработени се согласуваат со ставот, поточно 49.6%, 23% целосно се согласуваат, немаат мислење 17%, не се согласуват 8.9% и воопшто не се согласуваат 1.5%.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 32.5 | 40.3 | 18.2 | 9.1 | / |
| Среден | 32.5 | 53 | 8.8 | 5.3 | 0.5 |
| висок | 44.4 | 38.9 | 13.9 | 2.8 | / |

**Табела бр:108 Слоевата припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата(според слоева припадност)**

Анализата за ставот ќе ја комплетираме со добиените резултати според слоевата припадност на анкетираните. Во овој контекст, мнозинството од анкетирани од нискиот општествен слој, поточно 40.3% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 32.5%, немаат свое мислење 18.2%, а не се согласуваат 9.1%. Кај анкетираните од средниот општествен слој 53% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 32.5%, немаат мислење 8.8%, не се согласуваат 5.3% и воопшто не се согласуваат 0.5% од анкетирните. Мнозинството на анкетирани од високиот општествен слој односно 44.4% целосно се согласуваат со ставот, 38.9% се согласуваат, немаат мислење по ставот 13.9%, а не се согласуваат 2.8%. Од резултатите се забележува дека анкетирните од нискиот и средниот општествен слој се согласуваат со ставот, додека мнозинството од високиот општествен слој целосно се согласува со ставот.

Сумирајќи ја анализата за ставот според слоевата припадност на анкетираните од сите три слоја доаѓаме до заклучок дека поголемиот број на анкетирани се согласуваат со ставот односно сметаат дека слоевата припадност влијае на прифаќањето на процесот на глобализација.

Дел од анкетираните немаат мислење за ова прашање, при што највисок процент од нив припаѓаат на нискиот општествен слој, потоа следуваат анкетираните од високиот и средниот слој. Кај анкетираните кои што не се согласуваат со ставот најголемиот број припаѓаат на нискиот општествен слој, по што следуваат анкетирани од средниот и мал дел од високиот општествен слој.

Анализата за ставот ќе ја комплетираме стандардно со пресметан коефициент на корелација и факторска анализа.

| | | Возраст | Место на зивеење | Етничка припадност | Степен на завршено образовние | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Слоевата припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата | Pearson Correlation | -.160** | -.051 | -.012 | .551 | .572** | 760. |
| | Sig.(2-tailed) | .000 | .104 | .697 | .105 | .001 | .056 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр: 109 Коефициент на корелација**

Пресметаниот коефициент на корелација за зависната варијабла: слоевата припадност влијае на прифаќање на процесот на глобализација со независните варијабли: степен на завршено образование, во кој сектор работите и слоева припадност пресметан е позитивен коефициент на корелација, што укажува на постоење на поврзаност помеѓу независните и зависната варијабла, што значи дека секторот во кој се работи, образованието на анкетираниот и слоевата припадност влијаат при градењето на ставот на анкетираниот.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.697 | 24.245 | 24.245 | 1.697 | 24.245 | 24.245 |
| 2 | 1.295 | 18.506 | 42.752 | 1.295 | 18.506 | 42.752 |
| 3 | 1.053 | 15.044 | 57.796 | 1.053 | 15.044 | 57.796 |
| 4 | .929 | 13.272 | 71.067 | | | |
| 5 | .751 | 10.728 | 81.796 | | | |
| 6 | .733 | 10.467 | 92.262 | | | |
| 7 | .542 | 7.738 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр:110 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7) Слоевата припадност влијае на прифаќање на глобализацијата

Од спроведената факторска анализа и пресметаните варијанси се забележува дека вредноста на варијанса за ниеден од факорите кои се вклучени во анализата не е висока што значи дека не постои големо отстапување односно девијација на факторите. Сумирајќи ја севкупната анализа на добиените резултати според возраста, место на живеење, етничката припадност,

образование на поединците, секторот во кој тие работат, слоевата припадност како и со пресметаниот коефициент на корелација на варијаблите и реализираната факторска анализа, според секој од наведените критериуми анкетираните сметаат дека слоевата припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата.

Процесот на глобализација со себе носи мноштво од благодети кои пред се се користат од поситуираното население во целост, од што произлегува дека оваа категорија на лица полесно ги прифаќа и се соочува со промените и предизвиците која истите со себе ги носи. Придобивките се разбира можат да бидат во поширок диапазон на можности и очекувања својствени за едно современо општество. Анализирајќи ги добиените резултати за влијанието на слоевата припадност на прифаќањето на процесот на глобализација, мнозинството од анкетираните сметаат дека слоевата припадност влијае на прифаќањето на процесот на глобализација.

### 4.5.Генерациската припадност и прифаќањето на глобализацијата

Современите вредности кои во себе ги носи процесот на глобализација се интегрираа во современото урбано општество, што значи мноштво од промени во општеството и негова трансформација во секоја општествена сфера. Промените значат менување на дотогашните навики на работење и живеење, промени во односот кон вредносните системи. Ваквите промени често знаат да наидат на своевидно неприфаќање и инертност кон усвојувањето и прифаќањето на вредностите на процесот на глобализација пред се од повозрасното население. Сетот на ставови поврзани со прифаќањето на процесот на глобализација во Република Македонија и анализата на добиените резултати од анкетата ќе ја заклучиме со ставот:

**Генерациската припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата**. Добиените резултати за прифаќањето на ставот, ќе бидат анализирани според вообичаените критериуми.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 33.3 | 50.2 | 13 | 3.5 | / |
| 31-45 | 38.4 | 52.3 | 6.8 | 2.4 | / |
| 46-65 | 41.2 | 51.6 | 5.9 | 0.7 | / |

**Табела бр:111 Генерациската припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата(според возраст)**

Анализата на ставот: генерациската припадност влијае на прифаќањето на процесот на глобализација, ќе ја започнеме според возраста на анкетираните, започнувајќи од најмладата возрасна група т.е од 18-30 години, кадешто 50.2% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 33.3% од анкетираните, немаат мислење 13%, а не се согласуваат 3.5% од анкетираните. Кај анкетираните на возраст од 31-45 години, 52.3% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 38.4%, немаат мислење 6.8%, и не се согласуваат 2.4%. Од анкетираните на возраст од 46-65 години, 51.6% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 41.2%, немаат мислење 5.9%, не се согласуваат 0.7%, а ист процент на анкетирани воопшто не се согласуваат со ставот. Сумирајќи ги добиените резултати за ставот од сите возрасни групи заклучуваме дека мнозинството од анкетираните се согласуваат со ставот, односно сметаат дека генерациската припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата во Република Македонија. Дел од анкетираните немаат мислење за ова прашање, при што највисок е процентот кај најмладата возрасна група, по што следуваат анкетираните на возраст од 31 до 45 години и најмал процент од највозрасната анкетирана група. Од анкетираните кои што не се согласуваат со ставот највисок процент бележиме кај најмладата анкетирана група.

| Според етничка припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 36.2 | 51.5 | 9.5 | 2.6 | 0.3 |
| Албанци | 38.7 | 57.1 | 4.2 | / | / |
| Турци | 55.1 | 42.9 | / | 2 | / |
| Срби | 50.9 | 40 | 5.5 | 3.6 | / |
| Други | 24,2 | 63.6 | 12.1 | / | / |

**Табела бр:112 Генерациската припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата(според етничка припадност)**

Според етничката припадност и прифаќањето на ставот: генерациската припадност влијае на прифаќање на процесот на глобализација, мнозинството од анкетираните македонци 51.5% се согласуваат со ставот, 36.2% целосно се

согласуваат, немаат мислење 9.5%, не се согласуваат 2.6% и воопшто не се согласуваат 0.3% од анкетираните. Од анкетираните албанци 57.1% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 38.7%, немаат мислење 4.2%. Мнозинството од анкетираните од турската етничка група, поточно 55.1% целосно се согласуваат со ставот, 42.9% се согласуваат, 2% од анкетираните не се согласуваат со ставот. Од анкетираните срби 50.9% целосно се согласуваат со ставот, 40% се согласуваат, 5.5% немаат мислење, 3.6% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од другите етнички групи 63.6% се согласуваат со ставот, 24.2% целосно се согласуваат, 12.1% немаат мислење. Се забележува дека мнозинството од анкетираните од сите етнички групи во основа го поддржуваат ставот односно сметаат дека генерациската припадност влијае на прифаќање на процесот на глобализација. Дел од анкетираните немаат мислење по ова прашање, а најголемиот процент припаѓаат на анкетирани од другите етнички групи, по што следуваат анкетираните македонци, срби и албанци. Од анкетираните пак кои што не се согласуваат со ставот, највисок е процентот на анкетирани срби, по што следуваат македонците и анкетираните турци.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 41.4 | 46.3 | 10.2 | 2.1 | / |
| Високо | 34.1 | 55.9 | 7.2 | 2.5 | 0.4 |
| м-р/д-р | 53.7 | 43.3 | / | 3 | / |

**Табела бр:113 Генерациската припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата(според образование)**

Како и при заклучувањето на претходните ставови, анализата и на овој став ќе ја продлабочиме со добиените податоци според образованието на анкетираните и нивното согласување со ставот. Во овој контекст, мнозинството на анкетирани со средно образование односно 46.3% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 41.4%, немаат мислење 10.2% и не се согласуваат со ставот 2.1%. Најголемиот дел од анкетираните со завршено високо образование поточно 55.9% се согласуваат со ставот, 34.1% целосно се согласуваат, 7.2% немаат мислење, 2.5% не се согласуваат и 0.4 % воопшто не се согласуваат. Целосно се согласуваат со ставот 53.7% од анкетираните магистри и доктори на науки, со истиот се согласуваат 43.3 % , а 3% не се согласуваат. Најголемиот дел

од анкетираните со средно и високо образование се согласуваат со ставот, додека анкетираните магистри и доктори на науки целосно се согласуваат со ставот што значи сметаат дека генерациската припадност влијае на прифаќањето на процесот на глобализација.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 33.2 | 54.8 | 9 | 2.6 | 0.4 |
| Приватен | 45.7 | 48.7 | 5.3 | 0.3 | / |
| невладин | 32 | 56 | 8 | 4 | / |
| невработени | 34.8 | 45.9 | 14.1 | 5.2 | / |

**Табела бр:114 Генерациската припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата(според сектор во кој се работи)**

Анализата на ставот: генерациската припадност влијае на прифаќањето на на глобализацијата, ќе ја продолжиме со согледување на податоци за ставот според секторот во кој работат анкетираните. Во оваа конотација со ставот се согласуваат 54.8% од анкетираните вработени во државниот сектор, 33.2% целосно се согласуваат, немаат мислење 9%, не се согласуваат 2.6%, а воопшто не се согласуваат 0.4%. Поголемиот дел од анкетираните вработени во приватниот сектор поточно 48.7% се согласуваат со ставот, целосно се согласуват 45.7%, немаат мислење 5.3% и 0.3% не се согласуваат со ставот. Кај анкетираните од невладиниот сектор 56% се согласуваат со ставот, немаат мислење 8%, и не се согласуваат 4 %. Мнозинството на анкетрани од трите сектори се согласуваат со ставот односно сметаат дека генерациската припадност влијае на прифаќањето на процеост на глобализација.

Од анкетираните кои немаат мислење за ова прашање највисок процент припаѓа на вработени во државниот сектор, потоа анкетирани вработени во невладиниот сектор и најмал процент вработени во приватниот сектор. Највисок процент на анкетирани кои што не се согласуваат со ставот се вработени во невладиниот сектор.

Од анкетираните коишто не се вработени 45.9% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 34.8%, немаат мислење 14.1% и 5.2% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 41.6 | 42.9 | 13 | 2.6 | / |
| Среден | 36.8 | 53.1 | 7.8 | 2.1 | 0.2 |
| висок | 55.6 | 30.6 | 11.1 | 2.8 | / |

**Табела бр:115 Генерациската припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата(според слоева припадност)**

Слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот: генерациската припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата е последниот сегмент од кој ќе ги анализираме податоците. Мнозинството на анкетираните од нискиот општествен слој односно 42.9% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 41.6%, немаат мислење 13% и 2.6% од анкетираните не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од средниот општествен слој 53.1% се согласуваат со ставот, целосно се согласуват 36.8%, немаат мислење 7.8%, 2.1% не се согласуваат, а 0,2% воопшто не се согласуваа со ставот. Мнозинството од високиот општествен слој 55.6% целосно се согласуваат со ставот, 30.6% се согласуваат, 11.1 % немаат мислење и 2.8% не се согласуваат со ставот. Најголемиот дел од анкетираните од нискиот и средниот општествен слој се согласуваат со ставот, додека мнозинството од високиот општествен слој целосно се согласуваат со ставот односно анкетираните сметаат дека генерациската припадност влијае на прифаќањето на процесот на глобализација. Дел од анкетираните немаат мислење по ова прашање, а највисок процент бележиме кај анкетираните од нискиот општествен слој, па анкетирани од високиот и од средниот општествен слој. Од анкетираните кои не се согласуваат со ставот, највисок процент е од високиот слој по што следуваат анкетирани од нискиот и средниот општествен слој.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образовние | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Генерациската припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата | Pearson Correlation | 520** | -.094** | -.060 | 545 . | .615 | -.025 |
| | Sig. (2-tailed) | .002 | .003 | .003 | 885 | .625 | .422 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр: 116 Коефициент на корелација**

Позитивен коефициент на корелација е пресметан за зависната варијабла: генерациската припадност влијае на прифаќањето на процесот на глобализацијата со независните варијабли возраст, степен на завршено образование и сектор во кој се работи. Од добиениот резултат произлегува дека постои врска помеѓу возраста на анкетираните, степенот на завршено образование и секторот во кој се работи со мислењето кое анкетираните го имаат за генерациската припадност и влијанието на прифаќањето на процесот на глобализација.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.670 | 23.862 | 23.862 | 1.670 | 23.862 | 23.862 |
| 2 | 1.287 | 18.390 | 42.252 | 1.287 | 18.390 | 42.252 |
| 3 | 1.048 | 14.970 | 57.222 | 1.048 | 14.970 | 57.222 |
| 4 | .971 | 13.867 | 71.089 | | | |
| 5 | .754 | 10.772 | 81.861 | | | |
| 6 | .732 | 10.458 | 92.318 | | | |
| 7 | .538 | 7.682 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр :117 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7) Генерациската припадност влијае на прифаќање на глобализацијата

Од реализираната факторска анализа и пресметаната варијанса највисока вредност се забележува за првиот фактор а најниска вредност на варијанса за последниот фактор. Се забележува ниска вредност на варијанса односно има мала девијација.

Мнозинството од анкетираните според сите вклучени критериуми во анализата се согласуваат со ставот дека: генерациската припадност влијае на прифаќањето на глобализацијата во Република Македонија. Прифаќањето на глобализацијата и нејзините вредности ќе ги проследиме и со анализата на уште еден фактор, поточно генерациската припадност влијае на прифаќањето на процесот на глобализација. Повеќето од анкетираните мислат дека генерациската припадност влијае на прифаќањето на процесот на глобализација и нејзините вредности.

## 5. Влијанието на процесот на глобализација во Република Македонија

Еволуцијата на процесот на глобализација е директно поврзана со еволуцијата на општеството како два процеси кои се заемно поврзани. Интегрирањето на процесот на глобализација во пост-социјалистичките општества претставува актуелно и мошне интересно прашање за проучување како феномен кој со енормна брзина го менува општеството.

Падот на социјализмот не значеше само соочување со транзицијата и отпочнување на процесот на приватизација, туку и промена на општествениот систем, реформи во образованието како и промени во културата и воопшто начинот на живеење. Во деведесетите години на минатиот век започна процес на забрзано раслојување на населението кое придонесе за зголемување на разликите помеѓу општествените слоеви.

Промените се видливи во повеќе сфери и истите можат да се перцепираат од најразлични појдовни точки. Фактори кои се поврзани од социо-економската состојба на поединцеот односно: половата припадност на испитаниците, возраста на поединецот, стекнатото образование, работниот статус и престижноста на работното место и секако слоевата и етничката припадност на населението. Интеграцијата на вредностите на процесот на глобализација во македонското општество со поголем интензитет се забележува во последниве децении.

Општествената транзиција и промената на општествениот систем во голема мера настана со цел да се озвозможи навлегувањето на процесот на глобализација, а со тоа и на интегрирањето на современите вредности на западното општество. Тоа влијание го забележуваме во сите општествени сфери, економијата, стопанството, политиката, здравството, образованието, културата, спортот како на индивидуален така и на групен план.

Од спроведеното емпириско истражување со помош на методот на интервју со анкетен прашалник дел од ставовите за влијанието на процесот на глобализација во Република Македонија ќе ги анализираме и образложиме во овој дел од трудот

| Став | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Глобализацијата влијае за развој на цивилното општество | 34.6 | 53.8 | 8.7 | 2.0 | 0.9 |
| Глобализацијата ги става во подредена улога малите земји | 55.2 | 36.3 | 5.7 | 2.5 | 0.3 |
| Процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството | 41.5 | 49.8 | 5.5 | 2.9 | 0.3 |
| Современата технологија влијае на намлување на бројот на вработените во фирмите | 45.0 | 49.1 | 3.5 | 1.7 | 0.7 |
| Процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество | 31.4 | 39.1 | 14.7 | 13.5 | 1.3 |
| Глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји,големите корпорации и богатите општествени слоеви | 48.4 | 43.6 | 6.6 | 1.0 | 0.4 |
| Глобализацијата влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите држави од големите | 47.9 | 45.4 | 5.0 | 1.7 | / |
| Глобализацијата ја одзема моќта на државата за сметка на глобалните институции и транснационални компании | 37.0 | 49.5 | 10.4 | 2.9 | 0.2 |
| Глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера | 32.1 | 54.6 | 8.5 | 4.4 | 0.4 |

**Табела бр:118 Податоци за сетот од ставови поврзани со влиајнието на процесот на глобализација**

## 5.1.Процесот на глобализација и цивилното општество

Промените кои ги донесе процесот на глобализација во пост-социјалситичките општества може да бидат анализирани од повеќе различни и

мошне значајни аспекти. Прашањето на развој на цивилното општество како и повисокото ниво на демократија во општеството е процес кој започна речиси во исто време на почетокот на деведесетите години и кој сеуште еволуира и напредува. Кога говориме за цивилното општество во кое може лесно да се остварат граѓанските права во исто време може да говориме и за развој на невладиниот сектор.

Во овој дел како што напомнавме ќе го анализираме ставот: Глобализацијата влијае на развој на цивилното општество.

Добиените резултати за него ќе ги анализираме од аспект на: возраст на анкетирните, место на живеење, етничка припадност, степенот на завршено образование, сектор во кој се работи и слоевата припадност на анкетирните. Мнозинството од анкетирани се согласуваат со ставот, а по нив следуваат оние кои целосно се согласуваат, анкетирани кои што немаат мислење како и анкетирани кои што не се согласуваат, додека најмал е процентот на анкетирани кои што целосно не се согласуваат со ставот.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 34.7 | 50.2 | 12.3 | 2.1 | 0.7 |
| 31-45 | 35.7 | 54.3 | 7.6 | 1.7 | 0.7 |
| 46-65 | 33 | 56.5 | 6.9 | 2.3 | 1.3 |

**Табела бр:119 Глобализацијата влијае на развојот на цивилното општество(според возраст)**

Од анкетираните од најмладата возрасна група 50.2% се согласуваат со ставот, 34.7% целосно се согласуваат, немаат мислење 12.3%, не се согласуваат 2.1%, додека 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 31-45 години 35.7% целосно се согласуваат со ставот, 54.3% се согласуваат, немаат мислење 7.6%, не се согласуваат 1.7%, а 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 46-65 години, 56.5% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 33%, немаат мислење 6.9%, не се согласуваат 2.3% и воопшто не се согласуваат 1.3%.

Од добиените резултати од трите возрасни групи може заклучиме дека најголемиот процент на анкетирани се согласуваат со ставот односно сметаат дека глобализацијата влијае на развојот на цивилното општество.

Воопшто не претставува изненадување позитивното мислење за ставот од најмладата анкетирана група за постоењето на влијание на процесот на глобализација што го има во еволуцијата на цивилното општество во Република Македонија, што се должи на повеќе фактори кои се поврзани со ваквиот став, меѓу кои секако клучен е образовниот систем, но и системот на вредности, како и значењето на масовните медиуми, пред се интернетот преку кој на едноставен и интензивен начин се доаѓа и се прифаќа не само новината и новите вредности, туку и влијанието на многу демократски форми што придонесуваат за своевидната еволуција на цивилното општество. Покрај најмладата анкетирана група, и анкетираните на возраст од 31 до 45 години, имаат позитивно мислење за влијанието на процесот на глобализација за развојот на цивилното општество. Наведената возрасна група доволно е информирана за процесот на глобализацијата, но и за влијанието што истиот го има во македонското општество, а во еден сегмент и за развојот на цивилното општество, особено ако при тоа се земат и добиените резултати од анкетирањето. Станува збор за група која делумно е во можност да прави и компарација при давањето на одговорите по одреден став, поточно компарација со претходниот општествен систем и нивото на развој на демокртијата и цивилното општество. Кај највозрасната анкетирана група бележиме согласување со ставот и покрај различниот образовен систем и различните знаења со кои се имаат стекнато.

И анкетираните од оваа возрасна група се согласуваат со ставот односно сметаат дека: процесот на глобализација придонесува за еволуција на цивилното општество во Република Македонија. Па оттаму може да забележиме дека по овој став генерациските разлики не играат битна улога во поглед на давањето на позитивен одговор.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 25.9 | 43.9 | 18.4 | 11.8 | / |
| Високо | 31.5 | 55.2 | 9.7 | 2 | 1.6 |
| м-р/д-р | 55 | 40 | 1.7 | 3.3 | / |

**Табела бр:120 Глобализацијата влијае на развојот на цивилното општество(според образование)**

Според завршеното образование и горе наведениот став, мнозинството од анкетирани со завршено средно образование поточно 43.9% се согласуват со ставот, целосно се согласуваат 25.9%, немаат мислење 18.4% и не се согласуваат со ставот 11.8%. Повеќето на анкетирани со завршено високо образование поточно 55.2% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 31.5%, 9.7% немаат мислење, 2% не се согласуваат и 1.6% воопшто не се согласуваат со ставот. Во оваа смисла поголемиот дел од анкетирани магистри и доктори на науки 55% целосно се согласуваат со ставот, 40% се согласуваат, 1.7% немаат мислење и 3.3% не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетирани со завршено средно и високо образование се согласуваат со ставот, магистрите и докторите на науки, целосно се согласуваат односно сметаат дека глобализацијата влијае за развој на цивилното општество.

Според завршеното образование, анкетираните со завршено средно образование имаат помали познавања и информации поврзани со процесот на глобализација и за влијанието што истиот го има во поглед на развојот на цивилното општество во Република Македонија. Кај анкетираните со високо образование бележиме поголемо познавање на процесот на глобализација што го заклучуваме на основ на дадените одговори односно согласување со ставот. Анкетираните магистри и доктори на науки се најупатени според знаењето кое тие го поседуваат за влијанието на процесот на глобализација како и за овој сегмент кој се однесува на еволуцијата на цивилното општество под влијание на процесот.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 30.8 | 53.7 | 11.1 | 2.6 | 1.7 |
| Приватен | 39.8 | 54.1 | 5.6 | 0.6 | / |
| невладин | 34 | 56 | 10 | / | / |
| невработени | 34.1 | 52.6 | 8.1 | 4.4 | 0.7 |

**Табела бр:121 Глобализацијата влијае на развојот на цивилното општество(според сектор во кој се работи)**

Секторот во кој се вработени анкетираните е следниот сегмент преку кој ќе ги обработиме и анализираме податоците за ставот. Од анкетираните кои се вработени во државниот сектор мнозинството односно 53.7% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 30.8% , 11.1% немаат мислење, не се согласуваат 2.6% и воопшто не се согласуваат 1.7%. Мнозинството од анкетираните вработени во приватниот сектор 54.1% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 39.8%, 5.6% немаат мислење и 0.6 % не се согласуваат со ставот. 56% од анкетираните во невладиниот сектор се сложуваат со ставот, целосно се согласуваат 34% и немаат мислење 10%. Голем дел на анкетирани од вработените од сите сектори се согласуваат со ставот односно сметат дека глобализацијата влијае на развој на цивилното општество.

Според секторот во кој се работи, анкетираните вработени во државниот сектор имаат високо ниво на согласност со влијанието на процесот на глобализација, поконкретно влијанието што истиот го има врз развојот и еволуцијата на цивилното општество. Дел од вработените од државаниот сектор имаат одредена достапност до податоци и информации за влијанието на процесот на глобализација за развој на цивилното општество. Анкетираните од приватниот сектор имаат позитивно мислење односно сметаат дека процесот на глобализација придонесува за равојот на цивилното општество и неговата еволуција. Мнозинството од анкетираните кои што се невработени, поточно 52.6% се согласуваат со ставот, 34.1% целосно се согласуваат, немаат мислење 8.1%, не се согласуваат 4.4% и воопшто не се согласуваат со ставот 0.7%.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 39 | 49.4 | 9.1 | 2.6 | / |
| Среден | 33.5 | 54.7 | 8.8 | 2 | 1 |
| висок | 52.8 | 41.7 | 5.6 | / | / |

**Табела бр:122Глобализацијата влијае на развојот на цивилното општество(според слоева припадност на анкетираните)**

Преку добиените резултати за ставот според слоевата припадност на испитаниците, од анкетираните кои припаѓаат на нискиот општествен слој, 49.4% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 39%, немаат мислење 9.1% и

2.6% не се согласуваат со ставот. Кај анкетираните од средниот општествен слој 54.7% се согласуват со ставот, целосно се согласуваат 33.5%, немаат мислење 8.8%, не се согласуваат 2% и воопшто не се согласуваат 1% од анкетираните. Мнозинството од анкетираните од високиот општествен слој поточно 52.8% целосно се согласуваат со ставот, 41.7% се согласуваат, а немаат мислење 5.6%. Голем број од анкетираните од нискиот и средниот општествен слој се согласуваат со ставот, додека мнозинството од анкетираните од високиот општествен слој целосно се согласуваат, што значи дека анкетираните сметат дека глобализацијата влијае на развојот на цивилното општество. Кога станува збор за слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот добиените резултати покажуваат дека анкетираните од нискиот општествен слој слабо се информирани за процесот на глобализација и сметаат дека процесот на глобализација не влијае на развојот на цивилното општество, додека анкетираните од средниот и високиот општествен слој се на мислење дека процесот влијае на развојот и еволуцијата на цивилното општество. Анализата на ставот ќе ја завршиме стандардно со пресметување на коефициентот на корелација и со реализација на факторска анлиза.

| | | возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Глобализацијата влијае на развој на цивилното општество | Pearson Correlation | -.007 | -.088** | -.125** | .533 | 579 | 624 |
| | Sig. (2-tailed) | .827 | .005 | .000 | .932 | .128 | .456 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 123 Коефициент на корелација**

Позитивен коефициент на корелација е пресметан за зависната варијабла: глобализацијата влијае на развој на цивилното општество со независните варијабли завршено образование, секторот во кој се работи и слоевата припадност. Од ваквите резултати добиени од пресметаниот коефициент на корелација значи дека завршеното образование, секторот во кој се работи и слоевата припадност влијаат на ставот кој анкетираните го имаат за влијанието на процесот на глобализација за развој на цивилното општество.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.679 | 23.982 | 23.982 | 1.679 | 23.982 | 23.982 |
| 2 | 1.259 | 17.984 | 41.966 | 1.259 | 17.984 | 41.966 |
| 3 | 1.104 | 15.775 | 57.741 | 1.104 | 15.775 | 57.741 |
| 4 | .931 | 13.305 | 71.046 | | | |
| 5 | .762 | 10.881 | 81.927 | | | |
| 6 | .724 | 10.342 | 92.269 | | | |
| 7 | .541 | 7.731 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis

**Табела бр 124 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Глобализацијатавлијае на развој на цивилното општество

Од реализираната факторска анализа и пресметаниот коефициент на варијанса за факторите кои што беа вклучени во неа, се забележува ниско ниво на варијанса што означува слабо отстапување девијација на факторите.

Од реализираната анализа за ставот: глобализацијата влијае на развојот на цивилното општество, користејќи се со податоците добиени за ставот според возраста на анкетираните, место на живеење, етничката припадност, степенот на завршено образование, слоевата припадност на анкетираните како и спроведената факторска анализа и пресметаниот коефициент на корелација, мнозинството од анкетирани се согласува со ставот односно смета дека процесот на глобализација влијае на развојот на цивилното општество. Глобализацијата предизвика мноштво од промени меѓу кои и оние во цивилното општество. Процесот на глобализација го поттикна нивото на демократија во македонското општество, унапредувајќи поголем број на општествени сфери.

## 5.2. Процесот на глобализација и малите земји

Процесот на глобализација претставува еден голем процес на обединување и интегрирање, креирање на едно светско општество, во кое се вклучени сите современи општества, како на големите северно-американски, западно европски и далеку источни, така и на оние пост-социјалистички општества и земјите од Третиот свет. Формирањето на условно кажано еден друг политички свет, во

контекст на меѓусебното комуницирање на државите како и обидите за интеграција на економијата и трговијата дополнително формира претстава за глобалното општество. Но, каде е тука местото и улогата на малите општества?

Несомено дека во македонското општество како и во повеќето други пост-социјалситички општества преовладува мислењето дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји и панатаму продолжувајќи ја тенденцијата на зголемување на разликата во богатството и моќта помеѓу големите и малите. Токму затоа во овој дел ќе го анализираме ставот: Глобализацијата ги става во подредена улога малите земји. Ставот како и во претходните сегменти ќе биде анализиран преку социо демографски белези на анкетираните и нивниот социјален статус.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 46.7 | 38.9 | 10.2 | 4.2 | / |
| 31-45 | 57.5 | 36.2 | 4.4 | 1.7 | 0.2 |
| 46-65 | 60.1 | 34 | 3.3 | 2 | 0.7 |

**Табела бр:125 Глобализацијата ги става во подредена улога малите земји (според возраст)**

Мнозинството на анкетираните на возраст од 18-30 години, поточно 46.7% целосно се согласуваат со ставот, 38.9% се согласуваат,10.2% немаат мислење, додека 4.2% не се согласуваат со ставот. Кај анкетираните на возраст од 31-45 години, 57.5% целосно се согласуваат со ставот, 36.2% се согласуваат, 4.4% немаат мислење, 1.7% не се согласуваат, а незначителни 0.2% воопшто не се согласуваат со ставот. Кај анкетираните на возраст од 46-65 години, 60.1% целосно се согласуваат со ставот, 34% се согласуваат, 3.3% немаат мислење, 2% не се согласуваат и 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот. Повеќето од анкетираните целосно се согласуваат со ставот односно сметаат дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји.

Од добиените податоци од емпириското истражување, според возраста на анкетираните и нивното мислење за ставот, забележуваме дека анкетираните од најмладата анкетирана група сметаат дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји. Покрај влијанието на процесот на глобализација кој дефинитивно го има, во системот на вредности на анкетираните од оваа

возрасна група, настанат како резултат на интегрираните вредности на образовниот систем како и на вредностите интегрирани во урбаниот начин на живеење. Како своевидна карактеристика е релативно високиот процент на анкетирани кои немаат мислење, односно 10% што не соодветствува за возраста на оваа група, која секојдневно и интензивно го користи интернетот како и останатите медиуми преплавени со информации меѓу кои и за наведениов проблем. Кај анкетираните на возраст од 31 до 45 години, се бележи тенденција на пораст на ставот со кој се смета дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји. Ова може да се должи на повеќе фактори, но како еден, секако е формираната критичност но и аналитичност кон добиените информации, не само од масовните медиуми, туку и од стекнатото животно искуство. Тенденцијата на пораст на процентот на анкетирани кои сметаат дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји се бележи и кај највозрасните, анкетирани лица. Ваквото мислење се должи на повеќе фактори, како што се различното образование, пожелните вредности стекнати во претходниот образовен систем, и несигурноста од новото што доаѓа од запад, и се интегрира во домашното општество, менувајќи при тоа одредени системски вредности. Од резултатите од анкетата по наведениов став, се добива претстава за струење на слаб, но присутен антиглобалиситички став по прашањето на процесот на глобализација, а пред се во контекст на улогата на малите земји.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 55 | 35.4 | 6.6 | 2.6 | 0.4 |
| приватен | 58 | 36.4 | 3.9 | 1.7 | / |
| невладин | 66 | 20 | 6 | 8 | / |
| невработени | 45.2 | 44.4 | 7.4 | 2.2 | 0.7 |

**Табела бр:126 Глобализацијата ги става во подредена улога малите земји (според сектор во кој се работи)**

Според секторот во кој се вработени анкетираните и мислењето кои тие го имаат за горенаведениот став, 55% од анкетираните од државниот сектор целосно се согласуваат со ставот, 35.4% се согласуваат, 6.6% немаат мислење, 2.6% не се согласуваат, а 0.4% воопшто не се согласува со ставот. Кај анкетираните од приватниот сектор 58% целосно се согласуваат, 36.4% се

согласуваат со ставот, немаат мислење 3.9% и 1.7% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во невладиниот сектор, 66% целосно се согласуваат со ставот, 20% се согласуваат, 6% немаат мислење и 8% не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетирани од сите сектори целосно се согласуваат со ставот односно сметаат дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји.

Според секторот во кој се работи и мислењето за ставот бележиме дека анкетираните во државниот сектор сметаат дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји. Овој став произлегува од ситуацијата во глобалното општество во чија политика, економија и пазар, главната улога ја играат големите и моќни економски и политички држави, како и мултинационалните и транснационалните корпорации сместени на нивна територија. Анкетираните вработени во приватниот сектор, чии компании често се зависни од глобалниот пазар и цените на производите, услугите и суровините кои се формираат на него, поради горе наведените причини можеби и се определуваат за прифаќање на еден став, дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји. Анкетираните од невладиниот сектор се ,,најрадикалните" застапници на мислењето дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји. Ваквиот став произлегува од постоечката состојба во глобалното општество, како во политичката сфера и во меѓународната политика така и поради ситуацијата во светската економија и пазар која често се фокусира и е во функција на големите и моќните. 45.2% од невработените се согласуваат со ставот, 44.4% целосно се согласуваат, 7.4% немаат мислење, 2.2% не се согласуваат и 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 39 | 49.4 | 9.1 | 2.6 | / |
| Среден | 33.5 | 54.7 | 8.8 | 2 | 1 |
| висок | 52.8 | 41.7 | 5.6 | / | / |

**Табела бр:127 Глобализацијата ги става во подредена улога малите земји (според слоева припадност)**

Слоевата припадност на анкетираните е последниот фактор на анализа по наведениот став. Добиените резултати покажуваат дека 57.1% целосно се

согласуваат со ставот, 36.4% се согласуват, 3.9% немаат мислење, а не се согласуват со ставот 2.6% од анкетирните. Од анкетираните од средниот општествен слој, целосно се согласуваат 54.3%, 36.9% се согласуваат, 6% немаат мислење, 2.5% не се согласуваат а 0.3% воопшто не се согласуваат со ставот. Кај анкетираните од високиот општествен слој 72.2% целосно се согласуваат со ставот, 22 % се согласуваат, 2.8% немаат мислење, а ист е процентот на анкетирани кои не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните од трите општествени слоја целосно се согласуваат со ставот, односно сметаат дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји. Гледано од перспективата на слоевата припадност на анкетираните, припадниците на трите општествени слоеви сметаат дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји. Анкетираните од нискиот општествен слој ваквото мислење го добиваат од соодвената лоша социо-економска положба, како и од информациите за подобриот живот во високо развиените земји. Анкетираните од средниот општествен слој својот став го градат преку добиените податоци и информации од интернет, но и од останатите медиуми од кои добиваат информации за состојбата во меѓународните организации, економијата, светскиот пазар на добра и улуги, како и за меѓународната политика. Во секоја од набројаните сфери големите држави и мултинационални корпорации го водат главниот збор, а одлуките кои се носат секогаш се во полза на моќните и развиени држави. Анкетираните од високиот општествен слој сметаат дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји. Овој став тие го градат преку информациите кои се поврзани со светската економија и политика, како и ситуацијата на локално и глобално ниво.

| | | возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Глобализацијата ги става во подредена улога малите земји | Pearson Correlation | -.118** | -.102** | -.074* | .532 | .637 | .516 |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .001 | .019 | .317 | .241 | .619 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 128 Коефициент на корелација**

Пресметаниот коефициент на корелација за зависната варијабла глобализацијата ги става во подредена улога малите земји со незавините варијабли степен на

завршено образование, во кој сектор работите и слоева припадност пресметан е позитивен коефициент на корелација кој укажува дека степенот на завршено образование на анкетираниот, слоевата припадност и секторот во кој работат претставува критериум кој влијае на формирањето на мислењето по ставот.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.670 | 23.863 | 23.863 | 1.670 | 23.863 | 23.863 |
| 2 | 1.314 | 18.767 | 42.630 | 1.314 | 18.767 | 42.630 |
| 3 | 1.049 | 14.991 | 57.622 | 1.049 | 14.991 | 57.622 |
| 4 | .948 | 13.536 | 71.158 | | | |
| 5 | .748 | 10.693 | 81.851 | | | |
| 6 | .727 | 10.390 | 92.241 | | | |
| 7 | .543 | 7.759 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Глобализацијата ги става во подредена улога малите земји

**Табела 129 Факторска анализа**

Од реализираната факторска анализа факторите: возраст, место на живеење, етничка припадност, степен на завршено образование, сектор во кој работите, слоева припадност и горенаведениот став, пресметаната варијанса за факторите од анализата има тенденција на опаѓање за секој нареден фактор од анализата, односно има пониско ниво на стандардна девијација, отстапување.

Анализирајќи ги добиените податоци од емпириското истражување за ставот поврзан со: глобализацијата ги става во подредена улога малите земји, мнозинството на анкетирани се согласуваат со ставот. Ваквата подреденот се забележува во повеќе сегменти, почнувајќи од односите во глобалната економија и пазар, па се до положбата во меѓународните односи помеѓу малите и големите земји, како и за значењето кое тие го имаат во меѓународните организации. Анкетираните од внатрешноста како и од селата во Р.Македонија имаат поизразен став, дека процесот на глобализација ги става во подредена улога малите земји.

Анализирајќи ги податоците за ставот, забележуваме дека степенот на завршено образование, секторот во кој се работи и слоевата припадност имаат влијание на мислењето кое анкетираниот го има за ставот.

## 5.3.Процесот на глобализација и општественото раслојување

Промените што ги донесе процесот на транзиција, како и глобалните промени во повеќе сегменти на економското живеење, доведоа до менување и на сфаќањата и начинот на однесување на поединци и групи во земјите опфатени со транзицијата во кои спаѓа и Република Македонија. Ваквите промени доведоа и до дополнително раслојување на населението. Постоечките разлики помеѓу општествените слоеви од претходниот општествено политички систем, во периодот на транзиција и приватизација, дополнително се зголемија во корист на високиот општествен слој, доведувајќи го во состојба на прелевање на средниот општествен слој кон сиромашен, зголемувајќи го и онака големиот број на сиромашни.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 26 | 56.1 | 13.3 | 4.6 | / |
| 31-45 | 47.2 | 48.4 | 1.5 | 2.4 | 0.5 |
| 46-65 | 48.4 | 45.8 | 3.6 | 2 | 0.3 |

**Табела бр:130 процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството (според возраст)**

За да добиеме појасна слика како македонскиот граѓанин гледа на процесот на глобализација, и улогата што истата ја има, или може да ја има во поглед на зголемување на разликите помеѓу слоевите во општеството, пристапуваме кон анализа на ставовите сврзани со наведениов феномен. Од добиените податоци од анкетата, добиените резултати говорат дека анкетираните на возраст од 18-30 години, 56.1% се согласуват со ставот, 26% целосно се согласуваат, 13.3% немаат мислење и 4.6% не се согласуваат со ставот. Кај анкетираните на возраст од 31 до 45 години, 48.4% се согласуваат со ставот, 47.2% целосно се согласуваат, немаат мислење 1.5%, 2.4% не се согласуваат со ставот и 0.5% од анкетираните воопшто не се согласуваат. Кај анкетираните од 46 до 65 годишна возраст целосно се согласуваат 48.4%, 45.8% се согласуваат со ставот, немаат мислење

3.6%, не сесогласуваат 2%, и 0.3% воопшто не се согласуваат со ставот. Податоците говорат дека мнозинството од анкетирани се сложуваат со ставот, односно сметат дека процесот на глобилизација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството. Младото население има најрадикално изразен став за раслојувањето на населението кое произлегува од непосредната перцепција на современото урбано општество и урбаната култура. Интеграцијата на вредностите на процесот на глобализација во урбаната култура, и се поголемата пожелност да се поседува што е можно поголема финансиска моќ и углед, се сфаќа како можност да се дојде до пожелните вредности на потрошувачкото општество. Како најпогодена, од новите промени во општеството се најде младата популација пред се од нискиот и средниот општествен слој кои неможат во основа да ги остварат своите планови и мечти. Припадниците на условно кажано ,,втората по возраст" анкетирана група сметаат дека процесот на глобализација дополнително го раслојува населението, гледајќи според сопствениот животен стандард, кој претежно оди во надолна линија, но и според животниот стандард на нивните семејства, и реалната ситуација во општеството во кое сме сведоци за видливото зголемување на разликите, започнати со почетокот на транзицијата и приватизацијата во македонското општество.

Највозрасната анкетирана група смета дека процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општесвото, спознаено преку секојдневното видливо раслојување на населението, доживувајќи и прифакајќи ги новите процеси од доменот на глобализација значително порезервирано.

| Место на живеење | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 39.9 | 49.5 | 6.6 | 3.5 | 0.4 |
| Друг град | 55.3 | 41.7 | 1.5 | 1.5 | / |
| село | 52.3 | 44.9 | 2.8 | / | / |

**Табела бр:131 процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството (според место на живеење)**

Според местото на живеење и мислењето на анкетираните за ставот, анкетираните од градот Скопје 49.5% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 39.9%, немаат мислење 6.6%, не се согласуваат 3.5% и воопшто не

се согласуваат со ставот 0.4%. Во ист контекст 55.3% од анкетираните во другите градови се согласуваат, целосно се согласуваат 41.7%, немаат мислење 1.5% и не се согласуваат 1.5% од анкетираните. Од анкетираните коишто живеат во села во Република Македонија, целосно се согласуваат 52.3%, се согласуваат 44.9% и 2.8% немаат мислење за ставот. Мнозинството од анкетирните се согласуваат со ставот односно сметаат дека процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството. Урбаното население кое живее во градот Скопје во голема мера ги почувствува промените кои настанаа во општеството односно раслојувањето на населението преку промените во начинот на живеење, особено преку се поголемата афирмација на потрошувачката култура, и современите пожелни урбани вредности, коишто еден добар дел од населението објективно не можат да си го дозволат. Слична е ситуацијата и во другите поголеми градови во Македонија во кои се наметнува потрошувачката култура, но истата е со помал интензитет. И во селата во Р.Македонија постепено се чувствуваат последиците од раслојувањето на населението, резултат на навлегувањето на информатичката технологија и во овие средини, а што се рефлектира и на планот на дополнителното раслојување, и појава на своевидна општествена дистанцираност.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 46.3 | 47.1 | 5.2 | 1.3 | / |
| Високо | 39.2 | 50.9 | 5.4 | 0.5 | / |
| м-р/д-р | 40 | 56.7 | / | 3.3 | / |

**Табела бр:132 процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството (според образование)**

Ако ги анализираме податоците по овој став според образовниот профил на анкетираниот, податоците говорат дека од анкетираните со средно образование 47.1% се согласуваат со ставот, 46.3% целосно се согласуваат, 5.2% немаат мислење а 1.3% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со завршено високо образование 50.9% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 39.2, немаат мислење 5.4% и воопшто не се согласуваат 0.5%. Од анкетираните магистри и доктори на науки, 56.7% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 40%, и не се согласуваат со ставот 3.3%. Гледано во целина,

мнозинството на анкетирани се согласуваат со ставот, односно сметаат дека процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството. Ова говори дека во добар дел, образовниот профил на анкетираниот влијае на мислењето кое го гради и го има по наведениот став. Населението кое има завршено средно образование во главно остварува помали лични месечни примања или пак мошне често се соочува со невработеност, поради што нивниот стандард се доведува, или се движи во надолна линија. Секако дека промените предизвикани од процесот на глобализација ги почувствуваа и дел од населението со завршено високо образование, особено оние кои во ова време на информатички технологии, имаат завршено условно кажано неатрактивни факултети. Истото предизвикува рефлексија, не само од можни несоодветни вработувања и пониски финансиски остварувања, туку и со можна долгогодишна невработеност и постепено нивно прелевање во сиромашниот слој. Од оваа гледна точка може да се посматра факторот кој влијае при креирањето, односно прифаќањето, или отфрлувањето на поставениот став при спроведеното анкетирање. Сосема реална е претпоставката дека анкетираните магистри и доктори на науки кои имаат богат фонд на информации од актуелната тема што ја опфаќа глобализацијата, (во кој контекст е и користењето не само на македонскиот туку и на странскиот печат во било која форма), да пристапуваат кон сосема покритичко размислување на дадениот феномен, но сепак во основа се сложуваат дека глобализацијата влијае на дополнително раслојување на населението .

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 38.4 | 51.7 | 6.3 | 3.1 | 0.4 |
| приватен | 48.5 | 47.6 | 2.5 | 1.4 | / |
| невладин | 42 | 38 | 6 | 14 | / |
| невработени | 37 | 49.6 | 10.4 | 2.2 | 0.7 |

**Табела бр:133 процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството (според сектор во кој се работи)**

Следниот сегмент од анализа на ставот е поврзан со секторот во кој се вработени анкетираните. Од вработените во државниот сектор 51.7% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 38.4%, немаат мислење 6.3% од анкетираните, не

се согласуваат 3.1% и воопшто не се согласуваат 0.4%. Кај анкетираните од приватниот сектор 48.5% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 47.6%, немаат мислење 2.5% и 1.4% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од невладиниот сектор 42% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 38%, немаат мислење 6% и 14% не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните од трите сектори се согласуваат со ставот односно сметаат дека процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството. Вработените во државниот сектор сметаат дека процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу општествените слоеви пред се поради реалната состојба во која се повеќе се забележува разлика помеѓу слоевите во општеството, која дополнително се зголемува со новите вредности на глобализацијата кои се прифаќаат и во македонското општество, а кои се поврзани и со преголемите очекувања за високи примања. Вработените од приватниот сектор се соочуваат и со други прашања кои влијаат на раслојувањето во кој контекст пред се предначат несигурноста на работните места, и релативно ниските примања. Кај анкетираните од невладиниот сектор бележиме појава на несогласување со ставот, односно истите сметаат дека процесот на глобализација не влијае на дополнително зголемување на разликите помеѓу слоевите во општеството.

Од анкетираните кои се не вработени 49.6% се согласуваат со ставот, 37% целосно се согласуваат,10.4% немаат мислење, 2.2% не се согласуваат и 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 42.9 | 50.6 | 3.9 | 2.6 | / |
| Среден | 41.3 | 50.2 | 5.4 | 2.8 | 0.3 |
| висок | 44.4 | 38.9 | 11.1 | 5.6 | / |

**Табела бр:134 процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството (според слоева припадност)**

Анализата за ставот ќе ја завршиме според слоевата припадност како и со пресметаниот коефициент на корелација и факторска анализа. Анализата на дадените одговори за ставот, според слоевата припадност на анкетираните ќе ја

започнеме со податоци од анкетираните од нискиот општествен слој, каде што 50.6% се согласуваат со ставот, 42.9% целосно се согласуваат, немаат мислење 3.9% и не се согласуваат 2.6% од анкетираните. Од анкетираните од средниот општествен слој, 50.2% се согласуваат со ставот, 41.3% целосно се согласуват, 5.4% немаат мислење, 2.8% не се согласуваат и 0.3% воопшто не се согласуваат со ставот. Кај анкетираните кои се изјасниле дека припаѓаат на високиот општествен слој 44.4% целосно се согласуваат со ставот, 38.9% се согласуваат, 11.1% немаат мислење и 5.6% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од нискиот и средниот општествен слој се согласуваат со ставот, додека анкетираните од високиот општествен слој целосно се согласуваат, што значи дека анкетираните од сите три слоја сметаат дека процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството. Слоевата припадност влијае на мислењето за тоа дали процесот на глобализација влијае на дополнително зголемување на разликите помеѓу слоевите во општеството. Во оваа смисла припадниците на нискиот општествен слој, процесот на глоблаизација односно промените кој тој ги носи и можностите што ги нуди се можности што истите неможат да си ги дозволат. Средниот слој смета дека глобализацијата влијае на зголемување на разликите помеѓу слоевите во општеството, додека припадниците на високиот општествен слој сметаат дека процесот на глобализација дополнително не ги продлабочува вообичаените разлики што и во минатото биле познати во секое општествено уредување.

Во продолжение ќе ја комплетираме анализата на ставот преку пресметаниот коефициент на корелација како и факторската анализа.

| | | возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството | Pearson Correlation | -.190** | -.111** | -.082** | .521** | .510 | .625 |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .000 | .010 | .001 | .477 | . 435 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр:135 Коефициент на корелација**

Анализата ќе ја продолжиме со добиените податоци од пресметаниот коефициент на корелација. Добиени се три високи позитивни коефициенти на корелација што укажува на постоење на позитивна врска помеѓу степенот на завршено образование, секторот во кој анкетираниот е вработен како и слоева припадност на анкетираниот, за мислењето кое истиот го поседува по ставот дека процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.675 | 23.923 | 23.923 | 1.675 | 23.923 | 23.923 |
| 2 | 1.359 | 19.413 | 43.335 | 1.359 | 19.413 | 43.335 |
| 3 | 1.079 | 15.413 | 58.748 | 1.079 | 15.413 | 58.748 |
| 4 | .901 | 12.878 | 71.626 | | | |
| 5 | .751 | 10.727 | 82.353 | | | |
| 6 | .698 | 9.972 | 92.326 | | | |
| 7 | .537 | 7.674 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр: 136 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството

Од реализираната факторска анализа за факторите пресметан е низок коефициент на варијанса што значи дека имаат ниско ниво на отстапување, девијација на факторите. Се забележува тенденција на опаѓање на варијансата, за секој нареден фактор од анализата каде што се бележи се помала девијација. Општествената стратификација претставува нормална појава за секое општество. Раслојувањето на слоевите поинтензивно се манифестира со навлегување на вредностите на процесот на глобализација. Од добиените податоци од емпириското истражување, како и од анализата на резултатите доаѓаме до заклучок, дека процесот на глобализација ги зголемува разликите помеѓу слоевите во општеството. Најизразен став за раслојувањето на населението под влијание на процесот на глобализација бележиме кај младото население. Зголемените разлики помеѓу општествените слоеви може лесно да се перцепираат преку урбаниот начин на живот, односно се поголемата афирмација

на потрошувачката култура како составен дел од современите урбани вредности, кои еден добар дел од населението не може да си ги дозволи. Разликите помеѓу општествените слоеви се евидентни, тие постојат и се реални, како што е реална тенденцијата на зголемување на разликите помеѓу општествените слоеви и нивното зголемување под влијание на процесот на глобализацијата.

## 5.4.Современата технологија и вработувањето

Општествената еволуција и промените кои што настанаа во општеството, делумно се резултат на еволуцијата на технологијата која видно донесе промени во повеќе општествени сфери, меѓу кои и во сферата на економијата и стопанството. Треба да напомнеме дека современата технологија се интегрира во секој сектор од производство, во фабричките погони, секторот на продажба на услугите како и во админстративниот сектор, овозможено пред се со новите информатички технологии. Користењето на новите технологии често се поврзува со зголемување на интензитетот и квалитетот на производството, на кое се гледа како на позитивен момент, но и намалување на бројот на вработените, гледан како негативен момент од процесот.

Во овој сегмент ги анализираме добиените резултати од анкетата за ставот: **современата технологија влијае на намалување на бројот на вработени во фирмите.** Добиените резултати за ставот ги анализираме според вообичаените критериуми: возраста на анкетираните, степенот на завршено образование, секторот во кој се работи како и слоевата припадност на анкетираните.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 39.6 | 52.6 | 4.2 | 2.8 | 0.7 |
| 31-45 | 48.7 | 45.2 | 4.2 | 1.5 | 0.5 |
| 46-65 | 45.1 | 51 | 2 | 1 | 1 |

**Табела бр:137 современата технологија влијае на намалување на бројот на вработени во фирмите(според возраст)**

Поголем дел од анкетираните од најмладата возрасна група вклучена во анкетата, поточно 52.6% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 39.6%, 4.2% немаат мислење, 2.8% не се согласуваат и 0.7% воопшто не се согласуваат

со ставот. Кај анкетираните на возраст од 31-45 години, 48.7% целосно се согласуваат со ставот, 45.2% се согласуваат, 4.2% немаат мислење, 1.5% не се согласуваат со ставот и 0.5% воопшто не се согласуваат. Од анкетираните од највозрасната група 51% се согласуваат со ставот, 45.1% целосно се согласуваат, 2% немаат мислење, 1% не се согласува и ист процент од анкетирани воопшто не се согласуваат со ставот. Мнозинството на анкетирани се согласуваат со ставот, односно сметаат дека современата технологија влијае на намалување на бројот на вработените во фирмите.

Генерациската припадност влијае во познавањето и користењето на новите технологии како и ставот кој помладите генерации го имаат за интеграцијата на технологијата, како во работата, така и во производството и во секојдневното живеење. Современата технологија го намалува оптималниот број на вработени во фирмите, што се одразува и на бројот на работни места достапни за младата популација која бара работа. Ова е една од базичните причини поради која младите луѓе сметаат дека новите технолгии го намалуваат бројот на потребни вработени. Директна последица од новата технологија е губењето или немањето на работа за добар дел на младите. И анкетираните кои припаѓаат на втората возрасна група релативно се запознати со современата технологија, што не е случај со највозрасната група на анкетирани, кај кои постои одредена аверзија, општо земено кон сите достигнувања што би можело да значат губење на работните места, односно дополнително осиромашување.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 46.6 | 48.7 | 3.9 | 0.3 | 0.5 |
| Високо | 43.7 | 50.4 | 2.9 | 2.2 | 0.9 |
| м-р/д-р | 53.4 | 40 | / | 6.7 | / |

**Табела бр:138 современата технологија влијае на намалување на бројот на вработени во фирмите(според завршено образование)**

Според образованието и мислењето за ставот, од анкетираните со завршено средно образование, 48.7% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 46.6%, 3.9% немаат мислење, 0.3 % не се согласуваат а 0.5% од

анкетираните воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со завршено високо образование 50.4% се согласуваат со ставот, 43.7% целосно се согласуваат, 2.9% немаат мислење, 2.2% не се согласуваат со ставот и 0.9% воопшто не се согласуваат. Од анкетираните магистри и доктори на науки, 53.4% целосно се согласуваат со ставот, 40% се согласуваат, 6.7% не се согласуваат со ставот. Од анкетирани со завршено средно и високо образование најголемиот дел се согласуваат со ставот додека мнозинството од анкетираните магистри и доктори на науки целосно се согласуваат со ставот, односно сметаат дека современата технологија влијае на намалување на бројот на вработените во фирмите.

Согласувањето со ставот на населението со завршено средно образование, во голема мера е поврзано со директната поврзаност и засегнатост со интегрирањето на современата технологија во производството, како и во целокупното работење на компаниите, што бара соодветни образовни профили кои имаат целосно познавање на новата технологија, што претставува дополнителен проблем на населението со завршено средно образование. Ова е една од базичните причини поради која и преку која го градат мислењето односно ставот поврзан со новата технологија. Анкетираните со завршено високо образование, информациите потребни за градење на ставот ги имаат оформено по пат на образовните процеси, личната едукација како и од масовните медиуми добивајќи информации поврзани со современата технологија. Ставот со намалувањето на потребниот број на вработени во компаниите произлегува од објективната состојба што ја бележиме во поголемиот број на компаниите каде што е се поприсутна потребата од стручни профили.

Магистрите и докторите на науки сметаат дека современите технологии го намалуваат оптималниот број на вработени во фирмите, став кој е изграден не само од медиумските извори и образовните процеси, туку и од лични истражувачки активности сврзани со наведениот феномен.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 43.7 | 50.4 | 3.5 | 1.5 | 0.9 |
| Приватен | 46.5 | 48.5 | 3.6 | 1.4 | / |
| невладин | 40 | 48 | 6 | 2 | 4 |
| невработени | 44.4 | 49.6 | 2.2 | 3 | 0.7 |

**Табела бр:139 современата технологија влијае на намалување на бројот на вработени во фирмите(според сектор во кој се работи)**

Според секторот на вработување на анкетираните и мислењето кое го имаат за ставот, делот од анализата ќе ја започнеме со анкетирани вработени во државниот сектор.

Резултатите говорат дека 50.4% се согласуваат со ставот, 43.7% целосно се согласуваат, 3.5% немаат мислење за ставот, 1.5% не се согласуваат и 0.9% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор, 48.5% се согласуваат со ставот, 46.5% целосно се согласуваат, 3.6% немаат мислење додека 1.4% не се согласуваат со ставот.

Кај анкетираните од невладиниот сектор, 48% се согласуваат со ставот, 40% целосно се согласуваат, 6% немаат мислење, 2% не се согласуваат и 4% воопшто не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните се согласуваат со ставот односно сметаат дека современата технологија влијае на намалување на бројот на вработени во фирмите.

Анкетираните вработени во сите сектори се на мислење дека интегрирањето на новите технологии во компаниите донесе да се намали оптималниот број на вработени во компаниите. Ваквиот став се должи на реалните информации поврзани со новата технологија. Од анкетираните кои се невработени 49.6% се согласуваат со ставот, 44.4% цеслоно се согласуваат, 2.2% немаат мислење, 3% не се согласуваат и 0.7% воопшто не се согласува со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 35.1 | 53.2 | 7.8 | 3.9 | / |
| Среден | 45.2 | 49.3 | 3.2 | 1.6 | / |
| висок | 61.1 | 36.1 | 2.8 | / | / |

**Табела бр:140 современата технологија влијае на намалување на бројот на вработени во фирмите(според слоева припадност)**

Според слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот, 53.2% од нискиот општествен слој се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 35.1%, 7.8% немаат мислење додека 3.9% не се согласуваат со ставот.

Од анкетираните од средниот општествен слој 49.3% се согласуваат со ставот, 45.2% целосно се согласуваат, 3.2% немаат мислење додека 1.6% не се согласува со ставот.

Од анкетираните од високиот општествен слој 61.1% целосно се согласуваат со ставот, 36.1% се согласуваат и 2.8% немаат мислење. Мнозинството од анкетираните од нискиот и средниот слој се согласуваат со ставот, додека најголем процент од високиот општествен слој целосно се согласуваат со ставот дека, современата технологија влијае на намалување на бројот на вработени во фирмите.

Анализата за ставот ќе ја комплетираме со пресметан коефициент на корелација и факторска анализа.

| | | возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Современата технологија влијае на намалување на бројот на вработени во фирмите | Pearson Correlation | -.057 | -.103** | -.003 | .557 | .605 | -.089** |
| | Sig. (2-tailed) | .073 | .001 | .932 | .072 | .882 | .005 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 141 Коефициент на корелација**

Пресметаниот коефициент на корелација за зависната варијабла, современата технологија влијае на намалување на бројот на вработени во фирмите со независните, степен на завршено образование, и секторот во кој работите, пресметан е висок позитивен коефициент на корелација, што значи дека постои позитивна врска помеѓу варијаблите. Односно степенот на завршено образование и во кој сектор работат анкетираните, влијае на ставот кој го имаат.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.670 | 23.864 | 23.864 | 1.670 | 23.864 | 23.864 |
| 2 | 1.250 | 17.864 | 41.728 | 1.250 | 17.864 | 41.728 |
| 3 | 1.055 | 15.072 | 56.800 | 1.055 | 15.072 | 56.800 |
| 4 | 1.045 | 14.923 | 71.723 | 1.045 | 14.923 | 71.723 |
| 5 | .733 | 10.474 | 82.196 | | | |
| 6 | .700 | 10.000 | 92.196 | | | |
| 7 | .546 | 7.804 | 100.000 | c | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр 142 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Современата технологија влијае на намалување на бројот на ваботените во фирмите

Од реализираната факторска анализа се забележува дека за факторите пресметан е низок коефициент на варијанса односно ниско ниво на отстапување. Егзистира тенденција на опаѓање на варијансата за секој нареден фактор, при што највисока е за првиот, а најниска за последниот фактор од анализата.

Промените кои настнаа со еволуцијата на технологијата предизвикаа промени во секоја сфера на општеството меѓу кои и во функционирање на самите компании. Напливот на новата технологија, нејзината интеграција и имплементација во работниот и производствениот процес, предизвика и промени на бројот на вработени во компаниите односно намалување на бројот на вработени потребен

за нивно нормално функционирање. Од спроведеното емпириско истражување и од добиените резултати може да констатираме дека анкетираните се на мислење дека современата технологија влијае на намалување на бројот на вработените во фирмите. Генерациската припадност влијае на познавањето кое се има за новите технологии, како и за ставот кои тие го имаат за ефектот кој го предизвикуваат не само во производствениот процес, туку и во секојдневното живеење. Како единствена негативна карактеристика која се одразува на општеството од страна на новите технологии е намалувањето на потребниот број на вработени. Уште една значајна промена што настана од интегрирањето на новите технологии е потребата од стручни профили од доменот на електротехниката, но и од машинството и екологијата. И анкетираните од високиот општествен слој во најголем процент сметаат дека новите технологии влијаат на намалување на бројот на вработените во фирмите.

## 5.5.Глобалните вредности и македонското општество

Појавата на интернетот и на мрежното општество го означи почетокот на периодот кој е означаен со забрзана комуникација, што воедно значи и побрзо и полесно ширење на глобалните вредности, кои со брз интензитет навлегуваат во македонското општество. Интернетот, глобалните тв станици како средства за информирање доведоа до незапаметена брзина на информации од било кој сегмент на глобалните светски збиднувања. Во овој дел од трудот ќе бидат презентирани резултатите добиени од анкетата поврзани со ставот: процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество. Анализата на податоците ќе биде обработена од перспектива на: возраста на анкетираните, образованието, секторот во кој се работи како и на кој општествен слој припаѓа вашето семејство.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 21.8 | 40 | 26.7 | 11.2 | 0.4 |
| 31-45 | 33 | 40.1 | 9.5 | 15.9 | 1.5 |
| 46-65 | 38.2 | 36.9 | 10.5 | 12.4 | 2 |

**Табела бр:143 процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество (според возраст)**

Резултатите покажуваат дека 40% од најмладата возрасна група се согласуваат со ставот, 21.8% целосно се согласуваат, немаат свое мислење 26.7% од анкетираните, не се согласуваат 11.2%, а целосно не се согласуваат 0.4%. Од анкетираните на возраст од 31-45 години, 40.1% се согласуваат со ставот, 33% целосно се согласуваат, 9.5% немаат мислење, 15.9% не се согласуваат, а 1.5% воопшто не се согласува со ставот. Од највозрасната група вклучена во анкетирањето 38.2% целосно се согласуваат со ставот, 36.9% се согласуваат, 10.5% немаат мислење, 12.4% не се согласуваат и 2% воопшто не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните се согласуваат со ставот односно сметаат дека процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијае на македонското општество.

Според добиените податоци се забележува дека младото население во Македонија во висок процент не е доволно информирано за тоа, дали процесот на глобализација има позитивно влијание на македонското општество. Најголемиот дел од младата популација која редовно ги користи средствата за информирање и поседува информации за процесот на глобализација, свесно е за влијанието што го има процесот. Кај втората анкетирана возрасна група, најголемиот дел се согласува дека глобализацијата носи позитивни влијанија во македонското општество, но кај истата бележиме процент на анкетирани кои не се согласуваат со ставот, и сметаат дека од истиот, Македонија нема никаква корист. Ваквиот став пред се произлегува во голема мера од аверзија кон глобалното. Поголемиот дел од највозрасната анкетирана група смета дека со процеосот на глобализација сепак се интегрираат и позитивни вредности во македонското општество, но и во оваа анкетирана група се бележи процент од анкетирани кои немаат изграден став, резултат на нивна неинформираност или аверзија не само кон процесот туку и кон се она што доаѓа од Запад.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 32.2 | 39.8 | 13.9 | 13.9 | 0.3 |
| Високо | 30.6 | 38.9 | 15.9 | 12.9 | 1.6 |
| м-р/д-р | 33.3 | 45 | / | 16.7 | 5 |

**Табела бр:144 процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество (според завршено образование)**

Според завршеното образование и мислењето за ставот анкетираните со завршено средно образование 39.8% се согласуваат со ставот, 32.2% целосно се согласуваат, 13.9% немаат мислење и ист процент не се согласуваат, а 0.3% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со завршено високо образование 38.9% се согласуваат со ставот, 30.6% целосно се согласуваат, 15.9% немаат мислење, 12.9% не се согласуваат со ставот и 1.6% воопшто не се согласуват. Од анкетираните кои се магистри и доктори на науки 45% се согласуваат со ставот, 33.3% целосно се согласуваат, 16.7% не се согласуваат и 5% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од трите образовни групи се забележува дека мнозинството се согласуваат со ставот односно сметаат дека процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество.

Завршеното образование влијае на мислењето и на ставот што се има за било која појава па така и за процесот на глобализација и неговото влијание. Од населението со завршено средно образование, поголемиот дел од населението смета дека процесот на глобализација позитивно влијае на македонското општество, воедно дека добар дел од нив имаат недостаток на информации за процесот на глобализација како и немањето на доволно познавања за истиот. Мислењето на населението со завршено високо образование е во правец на тоа дека процесот на глобализација позитивно влијае на македонското општество, па изненадува високиот процент на анкетирани кои немаат мислење за процесот на глобализација и глобалните вредности, кое од своја страна се должи на малата информираност. Многу мал дел од населението со факултетско образование смета дека глобализацијата врши негативно влијание или пак воопшто не врши влијание во македонското општество. Најголемиот дел од магистрите и докторите на науки се на мислење дека процесот на глобализација разбирливо позитивно влијае во македонското општество, имајќи во вид дека на тој начин не само што светот е поблизу до Македонија, туку и Македонија е во светот со сите можни квалитетни интелектуални капацитети во повеќе научни и културни сфери.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 29.5 | 34.9 | 18.1 | 15.1 | 2.4 |
| Приватен | 35.9 | 47.6 | 8.7 | 7.6 | 0.3 |
| невладин | 26 | 40 | 14 | 20 | / |
| Невработени | 28.1 | 30.4 | 19.3 | 21.5 | 0.7 |

**Табела бр:145 процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество (според сектор во кој се работи)**

Анализата на резултатите за ставот ќе ја продолжиме со толкување на добиените одговори според сектор во кој се вработени анкетираните. Од вработените кои се анкетирани во државниот сектор 34.9% се согласуваат со ставот, 29.5% целосно се согласуваат, немаат мислење 18.1%, не се согласуваат 15.1% и 2.4% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од приватниот сектор 47.6% се согласуваат со ставот, 35.9% целосно се согласуваат, 8.7% немаат мислење, 7.6% не се согласуваат и 0.3 % воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните во невладиниот сектор 40% се согласуваат, 26% целосно се согласуваат, 14% немаат мислење и 20% од анкетираните не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните се согласуваат со ставот дека процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество.

Најголемиот дел од анкетираните од државниот сектор сметаат дека процесот на глобализација и глобалните вредности остваруваат односно вршат позитивни вредности во македонското општество, значителен процент немаат мислење односно не се информирани и не ги интересира влијанието на глобализацијата и значењето на глобалните вредности. Дел од нив не се согласуваат, односно сметаат дека процесот на глобализација и глобалните вредности не остваруваат позитивно влијание во македонското општество. Најголемиот процент од вработените во приватниот сектор сметаат дека процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество, додека мал дел од анкетираните немаат мислење, пред се поради отсуството на информации за процесот на глобализација и за нејзиното влијание. Анкетираните вработени во невладиниот сектор сметаат дека процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество, дел од нив немаат мислење односно не знаат како влијае процесот на

глобализација и глобалните вредности врз македонското општество, додека одреден дел смеатат дека процесот на глобализација нема позитивно влијание врз македонското општество, сметајќи го како процес од кој единствен бенефит имаат мултинационалните и транснационалните корпорации. Од анкетираните кои се не вработени 30.4% се согласуваат со ставот, 28.1% целосно се согласуваат, 19.3% немаат мислење, 21.5% не се согласуваат и 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 29.9 | 41.6 | 11.7 | 16.9 | / |
| Среден | 31 | 39.7 | 15 | 12.9 | 1.5 |
| висок | 44.4 | 19.4 | 13.9 | 22.2 | / |

**Табела бр:146 процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество (според слоева припадност)**

Анализата за ставот ќе ја комплетираме со мислењето за ставот на анкетираните според слоевата припадност, како и со пресметаниот коефициент на корелација и реализирана факторска анализа. Од анкетираните на нискиот општествен слој 41.6% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 29.9%, немаат мислење 11.7% и не се согласуваат 16.9%. Од анкетираните од средниот општествен слој 39.7% се согласуваат со ставот, 31% целосно се согласуаваат, 15% немаат мислење, 12.9% не се согласуваат и 1.5% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од богатиот општествен слој, 44.4% целосно се согласуваат, 19.4% се согласуваат, 13.9% немаат мислење и 22.2% не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните од сите општествени слоеви се согласуваат или целосно се согласуваат со ставот.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество | Pearson Correlation | -.093** | -.121** | -.104** | .534 | .512 | -.003 |
| | Sig. (2-tailed) | .003 | .000 | .001 | .283 | .708 | .915 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 147 Коефициент на корелација**

Вршејќи анализа на пресметаниот коефициент на корелација позитивна вредност имаме за степенот на завршено образование и секторот во кој се работи, со зависната варијабла: процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество, од што произлегува дека степенот на завршено образование на анкетираните и секторот во кој тие работат влијае на нивното мислење, во поглед на ставот од анкетата.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.674 | 23.920 | 23.920 | 1.674 | 23.920 | 23.920 |
| 2 | 1.314 | 18.765 | 42.685 | 1.314 | 18.765 | 42.685 |
| 3 | 1.049 | 14.981 | 57.666 | 1.049 | 14.981 | 57.666 |
| 4 | .943 | 13.476 | 71.142 | | | |
| 5 | .752 | 10.750 | 81.892 | | | |
| 6 | .726 | 10.378 | 92.270 | | | |
| 7 | .541 | 7.730 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр 148 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество

Реализираната факторска анализа ни дава податоци поврзани со факторите односно висината на варијанса за секој од нив. Евидентна е тенденцијата на опаѓање на варијансата за секој нареден фактор односно има се помала девијација од претходниот од анализата каде првите два фактори имаат повисока вредност на варијанса, девијација.

Од реализираната анализа според: возраста на анкетираните, место на живеење, етничката припадност, образованието, секторот во кој работат и слоевата припадност на анкетираните, како и пресметаниот коефициент на корелација и факторската анализа за ставот: Процесот на глобализација и глобалните вредности позитивно влијаат на македонското општество, како и од добиените сознанија по ставот, со голема сигурност може да констатираме дека македонскиот граѓанин во основа е добро информиран и знае, не само што е

претставува глобализацијата, туку и кои се придобивките од неа во нашето секојдневно живеење.

## 5.6.Процесот на глобализација и привилегиите од неа

Современото општество со настанувањето на секоја нова промена во него, ја отвора потребата од проучување и анализирање на истата. Како едно од главните потпрашања како во јавноста така и меѓу научните кругови е прашањето, кои се придобивките и кој најмногу ги искористува истите како на индивидуален така и на групен план. Процесот на глобализација со неговата интеграција во македонското општество на почетокот на деведесетите години ги наговести промените во општеството како и општествената еволуција што следеше.

Во овој дел го анализираме ставот: глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји, големите корпорации и богатите општествени слоеви. Анализата на ставот, се согледува од перспектива на возраста, секторот во кој се работи и слоевата припадност на анкетираните, по што истата ќе се надополни со пресметување на коефициент на корелација и факторска анализа.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 42.1 | 42.5 | 12.6 | 1.8 | 1 |
| 31-45 | 47.4 | 47.9 | 3.9 | 0.7 | / |
| 46-65 | 55.2 | 39.2 | 4.6 | 0.7 | 0.3 |

**Табела бр:149 глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји, големите корпорации и богатите општествени слоеви (според возраст)**

Според возраста на анкетираните и мислењето за ставот, од најмладата анкетирана група од 18 до 30 години, 42.5% целосно се согласуваат со ставот, 42.1% се согласуваат, 12.6% немаат мислење, 1.8% не се согласуваат и 1% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 31 до 45 години, 47.9% се согласуваат со ставот, 47.4% целосно се согласуваат, 3.9% немаат мислење и 0.7% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од 46-65 години, 55.2% целосно се согласуваат со ставот, 39.2% се согласуваат, 4.6% немаат мислење, 0.7% не се согласуваат и 0.3% воопшто не се согласуваат со

ставот. Трите возрасни анкетирани групи сметаат дека глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји, големите корпорации и богатите општествени слоеви.

Младото население во Македонија смета дека благодетите и привилегиите од процесот на глобализација пред се ги исползуваат богатите, застапувајќи го мислењето дека животот во економско високо развиените земји е далеку подобар, во кои на населението им се достапни повеќе можности особено на младите. Како уште еден од факторите кои влијаат на ваквото мнение на младите, секако се добиените сознанија од образованието со кое се стекнале, како и од масовните медиуми пред се инетрнетот, преку кој се добиваат неизмерни информации коишто говорат за тоа дека благодетите од глобализацијата ги користат пред се богатите земји, моќните мултинационални и транснационални корпорации, како и поединци од богатите општествени слоеви. За изненадување е што значителен дел од младото население нема мислење по ова прашање, што се должи на неинформираноста и незаинтересиронаста на дел од младите луѓе за посеопфатно следење на оваа појава. Анкетираните кои живеат во внатрешноста на Македонија сметат дека благодетите на процесот на глобализација ги исползуваат богатите земји, моќните мултинационални корпорации и богатото население, како резултат на реалната перцепција и анализа на податоците поврзани со ова прашање, а мал дел од популацијата од овие две групи на население немаат мислење по овој став.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 46.3 | 49.5 | 3.4 | 9.8 | / |
| Високо | 48.2 | 41.4 | 9 | 0.7 | / |
| м-р/д-р | 44.3 | 46.7 | 5 | / | / |

**Табела бр:150 глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји, големите корпорации и богатите општествени слоеви (според завршено образование)**

Според завршеното образование на анкетираните и мислењето кое го имаат за ставот, анкетираните со завршено средно образование, 49.5% целосно се согласуват со ставот, се согласуваат 46.3%, 3.4% немаат мислење и 9.8% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со високо образование 48.2% целосно се согласуваат, 41.4% се согласуваат, 9% немаат мислење, 0.7% не се согласуват а

ист процент воопшто не се согласуваат со ставот. Додека анкетираните магистри и доктори на науки, 44.3% целосно се согласуваат со ставот, 46.7% се согласуваат, 5% немаат мислење и ист процент на анкетирани не се согласуваат со ставот. Независно од степенот на образование мнозинството од анкетираните сметаат дека глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји и богатите општествени слоеви.

Населението со завршено средно образование смета дека процесот на глобализација е во корист на економски и политички моќните држави, мултинационалните и транснационалните корпорации како и во корист на богатите општествени слоеви. Дел од анкетираните со завршено средно образование немаат мислење, додека дел од нив не се согласуваат со ставот. Ваквиот став на овие испитаници се должи на непознавењето на појавата како и немањето на информации за истата. Анкетираните со високо образование го поддржуваат наведениот став. Магистрите и докторите на науки преку своите знаења критички размислувања за прашањето како и од информациите од масовните медиуми сметаат дека благодетите од процесот на глобализација најинтезивно ги користат богатите и моќните држави како и мултинационалните корпорации и богатите општествени слоеви, додека сосема мал дел немаат мислење или пак сметаат дека благодетите од процесот на глобализација подеднаково се достапни за сите.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 48 | 41.3 | 10 | 0.7 | / |
| Приватен | 51.8 | 45.1 | 2.5 | 0.6 | / |
| невладин | 48 | 42 | 2 | 2 | 6 |
| Невработени | 40.7 | 48.1 | 7.4 | 3 | 0.7 |

**Табела бр:151 глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји, големите корпорации и богатите општествени слоеви (според сектор во кој се работи)**

Според секторот во кој работат анкетираните и нивното мислење за ставот, анализата ќе ја започнеме со дел од анкетираните вработени во државниот сектор, каде што 48% целосно се согласуваат со ставот, 41.3% се согласуваат, 10% немаат мислење и 0.7% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор 51.8% целосно се согласуваат со ставот, 45.1%

се согласуваат, 2.5% немаат мислење и 0.6% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од невладиниот сектор 48% целосно се согласуваат, 42% се согласуваат, 2% немаат мислење, не се согласуваат 2% додека 6% целосно не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните сметаат дека глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји, големите корпорации и богатите општествени слоеви.

Од анализата на добиените резултати според секторот во кој тие се вработени се забележува дека во трите сектори во кои се реализира анкетата, анкетираните сметаат дека процесот на глобализација е во корист на богатите и моќни држави како и на мултинационалните и транснационалните корпорации и богатиот општествен слој. Дел од вработените во државниот сектор немаат мислење односно немаат информации за оваа општествена појава.

Од анкетираните кои се невработени 40.7% целосно се согласуваат со ставот, 48.1% се согласуваат, 7.4% немаат мислење, 3% не се согласуваат и 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 45.5 | 46.8 | 7.8 | / | / |
| Среден | 48.8 | 43.5 | 6.2 | 1 | 0.5 |
| висок | 44.4 | 38.9 | 13.9 | 2.8 | / |

**Табела бр:152 глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји, големите корпорации и богатите општествени слоеви (според слоева припадност)**

Според слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот, анализата ќе ја започнеме со анкетираните од нискиот општествен слој каде што 46.8% се согласуваат со ставот, 45.5% целосно се согласуваат, а 7.8% немаат мислење. Од анкетираните од средниот општествен слој 48.8% целосно се согласуват со ставот, 43.5% се согласуваат, 6.2% немаат изградено мислење, 1% не се согласуваат, а 0.5% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните од високиот општествен слој 44.4% целосно се согласуваат, 38.9% се согласуваат, 13.9% немаат мислење, а 2.8% не се согласуваат со ставот. Анкетираните кои припаѓаат на сите општествени слоја, во основа го поддржуваат наведениот став.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено | Во кој сектор | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | образование | работите | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји | Pearson Correlation | -.139** | -.060 | -.004 | .571 | .550 | .618 |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .058 | .909 | .024 | .117 | .567 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр: 153 Коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефициент на корелација за независните варијабли со зависната варијабла добиен е резултат од кој се гледа, дека позитивен коефицент на корелација е пресметан со независните варијабли: степен на завршено образование, сектор во кој се работи и слоевата припадност, кои имаат позитивна врска, односно постои поврзаност помеѓу варијаблите. Од добиените резултати произлегува дека степенот на завршено образование, секторот во кој се работи и слоевата припадност на анкетираниот, влијае на мислењето за ставот.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.670 | 23.862 | 23.862 | 1.670 | 23.862 | 23.862 |
| 2 | 1.297 | 18.525 | 42.387 | 1.297 | 18.525 | 42.387 |
| 3 | 1.101 | 15.734 | 58.121 | 1.101 | 15.734 | 58.121 |
| 4 | .903 | 12.894 | 71.014 | | | |
| 5 | .751 | 10.723 | 81.737 | | | |
| 6 | .730 | 10.429 | 92.166 | | | |
| 7 | .548 | 7.834 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр 154 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји, големите корпорации и богатите општествени слоеви

Од реализираната факторска анализа се забележува дека од пресметаната варијанса за факторите, највисока вредност има кај првиот фактор од анализата, со тенденција на опаѓање на варијансата за секој нареден фактор. Висока вредност на варијанса отстапување(девијација) бележиме кај првите два фактори од анализата.

Од добиените резултати и нивната длабинска анализа според повеќе критериуми заклучуваме дека мнозинството од анкетираните сметаат дека процесот на глобализација и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји, големите корпорации и богатите општествени слоеви.

## 5.7. Улогата на малите економии во услови на глобализација

Економијата и стопанството се еден од базичните столбови на секое општество од кои во голема мера зависи неговата стабилност. Процесот на глобализација се интегрира во секоја сфера особено во клучните, економијата и стопанството. Процесот на глобализација го овозможи формирањето на глобалната економија и стопанство како и глобалниот пазар во кој главниот збор сосема очекувано го водат мултинационалните и транснационалните корпорации, со долго присутните препознатливи брендови. Тука треба да се спомене и местото на високо развиените и моќни светски земји како што се САД, Германија, Велика Британија и Франција, а во последнава декада секако и Кина која со брзи чекори( имајќи го во вид повеќегодишиот раст на БДП), се доближува мошне брзо, и можеби на економски план, претставува и опасност на САД во поглед на преземање на економскиот примат.

Во сетот од прашања поврзани со процесот на глобализација и нејзините влијанија во Република Македонија е и ставот кој е предмет на анализа во овој дел, имено: глобализацијата влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите држави од големите. Анализата за мислењето за ставот ќе биде обработена со помош на следните критериуми: возраст на анкетираните, образование, сектор во кој се работи, слоевата припадност како и со помош на пресметаниот коефициент на корелација и на реализираната факторска анализа.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 43.5 | 44.9 | 9.1 | 2.5 | / |
| 31-45 | 50.1 | 44.5 | 3.9 | 1.5 | / |
| 46-65 | 49 | 47.1 | 2.6 | 1.3 | / |

**Табела бр:155 глобализацијата влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите држави од големите(според возраст)**

Анализата на ставот ќе ја започнеме со добиените податоци според возраста на анкетираните, поаѓајќи од најмладата анкетирана група од 18 до 30 години, каде што 44.9% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 43.5%, 9.1% немаат мислење и 2.5% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од 31 до 45 години, 50.1% целосно се согласуваат со ставот, 44.5% се согласуваат, 3.9% немаат мислење, додека 1.5% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 46 до 65 години, 49% целосно се согласуваат со ставот, 47.1% се согласуваат, 2.6% немаат мислење, а 1.3% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите возрасни групи се на мислење дека процесот на глобализација влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите од големите држави.

Анализирајќи ги добиените податоци за мислењето на населението во Република Македонија можеме да забележиме дека младото анкетирано население смета дека глобализацијата влијае на зависноста на економиите на малите држави од големите. Значаен е процентот од најмладата анкетирана група кои немаат мислење односно, кои немаат информации и коишто незнаат, не само во врска со глобалните прашања туку и како влијае процесот. Мал дел од анкетираните не се согласуваат со ставот односно сметаат дека економиите на малите земји не зависат од оние на големите. Анкетираните од 31 до 45 годишна возраст сметаат дека процесот на глобализација влијае на зголемување на зависноста на малите економии од големите, и само мал дел од нив немаат мислење и не се согласуваат со ставот. Највозрасната анкетирана група исто како и кај претходната, смета дека процесот на глобализација влијае на зголемување на зависноста на малите економии од големите, каде што само мал дел од анкетираните немаат мислење или пак не се согласуваат со ваквиот став. Мислењето произлегува од реалната ситуација во економијата и стопанството, каде што и на светскиот пазар суверено и како главни играчи се појавуваат големите мултинационални корпорации кои своето влијание се обидуваат да го пренесат и на локалните економии.

Ваквото мислење на припадниците на сите етнички групи се должи на реалната ситуација во економијата и стопанството на глобално ниво како и влијанието на светската економија на домашниот македонски пазар.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 46.6 | 50 | 2.1 | 1.3 | / |
| Високо | 49.1 | 42.1 | 6.6 | 2.2 | / |
| м-р/д-р | 45 | 51.7 | 3.3 | / | / |

**Табела бр:156 глобализацијата влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите држави од големите(според образование)**

Според образованието на анкетираните и мислењето за ставот, кај анкетираните со завршено средно образование 50% се согласуваат со ставот, 46.6% целосно се согласуваат, 2.1 немаат мислење и 1.3% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со високо образование 49.1% целосно се согласуваат со ставот, 42.1% се согласуваат, 6.6% немаат мислење и 2.2% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните магистри и доктори на науки 51.7% се согласуваат со ставот, 45% целосно се согласуваат, додека 3.3% немаат мислење. Анкетираните од трите образовни групи сметаат дека процесот на глобализација влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите држави од големите.

Сосема логично поголемо и потемелно познавање по прашања за глобализацијата може да се очекува кај анкетираните со завршено високо образование, а да не говориме за анкетирани кои се имаат здобиено со научни звања, без оглед на сферата која е предмет на нивниот интерес. Тоа е сосема реално и кога се во прашање и поставените прашања, сврзани со стекнатите информации од масовните медиуми или од друга стручна литература. Групата со завршено високо образование како и тие кои се магистри и доктори на науки сметаат дека процесот на глобализација влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите држави, од економиите на големите. Изненадува фактот што во овие две групи има одреден процент на анкетирани кои немаат мислење по ставот. Во спротивна насока е фактот што кај анкетираните од средно образование само мал дел немаат мислење, како и оние кои сметаат дека

глобализацијата нема врска со зголемување на зависноста на економиите на малите држави од големите.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 44.3 | 46.5 | 7.9 | 1.3 | / |
| Приватен | 52.9 | 45.1 | 1.1 | 0.8 | / |
| невладин | 46 | 40 | 6 | 8 | / |
| Невработени | 47.4 | 44.4 | 5.2 | 3 | / |

**Табела бр:157 глобализацијата влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите држави од големите(според сектор во кој се работи)**

Според секторот во кој работат анкетираните и мислењето за ставот, од анкетираните вработени во државниот сектор 46.5% се согласуваат, целосно се согласуваат 44.3%, немаат мислење 7.9% и 1.3% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор 52.9% целосно се согласуваат, 45.1% се согласуваат, 1.1% немаат мислење и 0.8% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните кои работат во невладиниот сектор 46% целосно се согласуваат, 40% се согласуваат, 6% немаат мислење и 8% не се согласуваат со ставот. Анкетираните вработени во државниот, приватниот и невладиниот сектор во основа сметаат дека процесот на глобализација влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите, од големите држави.

Анализирајќи ги добиените податоци бележиме релативно висок процент на анкетирани што немаат мислење по наведениот став, а кои се вработени во државниот сектор. Ваквата ситуација настанува пред се како резултат на незаинтересираноста на дел од вработените од овој сектор за економијата и стопанството, како и за влијанието на процесот на глобализација врз зголемувањето на зависноста на економиите на малите земји од економиите на големите. Карактеристично е што вработените во приватниот сектор многу малку имаат негативен став, односно сметаат дека процесот на глобализација не ги става во уште позависна позиција економиите на малите земји, од оние на големите, како и мал дел од анкетирани што немаат изградено мислење. Од добиените податоци од анкетираните вработени во невладиниот сектор бележиме

највисок процент на анкетирани кои не се согласуваат, односно не се на мислење дека глобализацијата влије за зголемување на зависноста на економиите на малите земји од економиите на големите.

Од анкетираните кои не се во работен однос 47.4% целосно се согласуваат со ставот, 44.4% се согласуваат, 5.2% немаат мислење и 3% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 40.3 | 53.2 | 5.2 | 1.3 | / |
| Среден | 45.2 | 48.1 | 5 | 1.7 | / |
| висок | 58.3 | 33.3 | 5.6 | 2.8 | / |

**Табела бр:158 глобализацијата влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите држави од големите(според слоева припадност)**

Според слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот, анкетираните од нискиот општествен слој 53.2% се согласуваат со ставот, 40.3% целосно се согласуваат, 5.2% немаат мислење и 1.3% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од средниот општествен слој 48.1% целосно се согласуваат со ставот, 45.2% се согласуваат, 5% немаат мислење и 1.7% не се согласуваат со ставот. Кај мнозинството од анкетираните од високиот општествен слој, 58.3% целосно се согласуваат со ставот, 33.3% се согласуваат, 5.6% немаат мислење и 2.8% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите општествени слоеви сметаат дека процесот на глобализација влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите држави од големите.

| | | возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Глобализацијата влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите држави од големите | Pearson Correlation | -.082** | -.080* | -.035 | .528 | -.014 | -.037 |
| | Sig. (2-tailed) | .010 | .011 | .271 | .377 | .656 | .243 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 159 Коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефициент на корелација може да се забележи дека позитивен коефициент на корелација е пресметан на независната варијабла степен на завршено образование со зависната варијабла од анализата. Оттука

произлегува дека степенот на завршено образование на анкетираните влијае на мислењето за ставот: глобализацијата влијае на зголемување на зависноста на економиите на малите држави од големите

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.671 | 23.868 | 23.868 | 1.671 | 23.868 | 23.868 |
| 2 | 1.258 | 17.972 | 41.839 | 1.258 | 17.972 | 41.839 |
| 3 | 1.050 | 15.000 | 56.840 | 1.050 | 15.000 | 56.840 |
| 4 | 1.005 | 14.358 | 71.198 | 1.005 | 14.358 | 71.198 |
| 5 | .746 | 10.660 | 81.857 | | | |
| 6 | .730 | 10.424 | 92.282 | | | |
| 7 | .540 | 7.718 | 100.000 | | | |

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Глобализацијата и нејзините благодети се привилегии кои ги користат пред се богатите земји, големите корпорации и богатите општествени слоеви

**Табела бр: 160 Факторска анализа**

Од реализираната факторска анализа бележиме висока вредност на варијанса кај првите четири фактори од анализата: возраст, место на живеење, етничка припадност и во кој сектор работите, кои имаат висока вреднот на варијанса, односно отстапување, додека останатите фактори во анализата имаат ниска вредност на варијанса односно отстапување девијација.

Ефектите и влијанието на процесот на глобализација се согледуваат од повеќе различни перспективи но посебно влијание се посветува на влијанието кое го остварува во економијата и стопанството. Од добиените резултати од емпириското истражување произлезе следниот заклучок: мнозинството од анкетирани имаат позитиван однос за ставот.

## 5.8.Интеграција на процесот на глобализација во општеството

Процесот на интеграција на вредностите на глобалното општество кој започна пред две децении во македонското општество, сеуште трае овозможувајќи му нови можности за напредок на општеството како и негова еволуција. Интеграцијата на вредностите на глобализацијата ги забележуваме во економијата, стопанството, образованието, медиумите, културата, спортот,

здравството. Во овој дел ќе ги анализираме добиените резултати за ставот: глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера. При анализата на податоците ќе бидат вклучени повеќе контексти: возраст, образование, сектор во кој се работи, слоевата припадност на анкетираните како и пресметаниот коефициент на корелација и факторската анализа.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 29.8 | 50.9 | 12.6 | 6 | 0.7 |
| 31-45 | 39.1 | 48.7 | 10 | 2.2 | / |
| 46-65 | 40.8 | 49.3 | 8.8 | 1 | / |

**Табела бр:161 глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера(според возраст)**

Според возраста на анкетираните и нивното мислење за ставот, од анкетираните на возраст од 18 до 30 години, 50.9% се согласуваат со ставот, 29.8% целосно се согласуваат, 12.6% немаат мислење, 6% не се согласуваат и 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 31 до 45 години 48.7% се согласуваат со ставот, 39.1% целосно се согласуват, 10% немаат мислење и 2.2% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 46 до 65 години, 49.3% се согласуваат со ставот, 40.8% целосно се согласуваат, немаат мислење 8.8% и 1 % не се согласува со ставот. Анкетираните од сите три возрасни групи сметаат дека глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера.

Анкетираните на возраст од 18 до 30 години, сметаат дека процесот на глобализација е интегриран во секоја општествена сфера во македонското општество. Значаен процент на анкетирани од оваа група немаат мислење, што значи дека не се доволно информирани за процесот на глобализација како и за неговата интеграција на територија на Македонија. Висок е процентот на младо население кое нема мислење односно кое не се интересира за современа тенденција во општеството како што е процесот на глобализација и за истата нема познавање што претставува изнанадување, знаејќи го степнот на експлоатација на мрежата на интернет како и од мноштвото од податоци со кои секојдневно се среќаваат. Од преостанатите две возрасни групи на анкетирани истите сметаат дека процесот на глобализација е интегриран во секоја

општествена сфера, а мал е процентот кој немаат свој став или пак не се согласуваат со ставот што е дел на анкетниот прашалник.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 33.2 | 55.2 | 9.4 | 2.1 | / |
| Високо | 40 | 45.2 | 10.8 | 3.8 | 0.4 |
| м-р/д-р | 33.3 | 55.3 | / | 13.3 | / |

**Табела бр:162 глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера(според образование)**

Завршеното образование е следниот критериум при анализата на мислењето на анкетираните за ставот. Од анкетираните со завршено средно образование 55.2% се согласуваат со ставот, 33.2% целсоно се согласуваат, 9.4% немаат мислење и 2.1% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со завршено високо образование 45.2% се согласуваат со ставот, 40% целосно се согласуваат, 10.8% немаат мислење, 3.8% не се согласуваат и 0.4% од анкетираните воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните магистри и доктори на науки 55.3% се согласуваат со ставот, 33.3% целосно се согласуваат, а 13.3% немаат мислење за ставот. Анкетираните од трите образовни групи сметаат дека глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера.

Висок е процентот на анкетирани кои имаат завршено високо образование а кои се изјасниле дека немаат мислење за ставот.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 36.7 | 45.9 | 14.8 | 2.2 | 0.4 |
| Приватен | 37 | 54.9 | 6.7 | 1.4 | / |
| невладин | 40 | 46 | 14 | / | / |
| Невработени | 37 | 48.9 | 8.9 | 5.2 | / |

**Табела бр:163 глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера(според сектор во кој се работи)**

Според секторот во кој се работи и мислењето на анкетираните за ставот, мнозинството од анкетирани, вработени во државниот сектор поточно 45.9% се согласуваат со ставот, 36.7% целосно се согласуваат,14.8% немаат мислење и 2.2% не се согласуваат, а 0.4% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор 54.9% се согласуваат со ставот,

37% целосно се согласуваат, 6.7% немаат мислење и 1.4% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во невладиниот сектор, 46% се согласуваат со ставот, 40% целосно се согласуваат, а 14% не се согласуваат со ставот. Анкетираните кои се вработени во: државниот, приватниот и невладиниот сектор сметаат дека процесот на глобализација е интегриран во секоја општествена сфера.

Кај анкетираните вработени во државниот сектор се забележува висок процент кои се имаат изјаснето дека немаат мислење, односно став, за тоа дали глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера. Карактеристично за анкетираните од приватниот сектор е поголемата информираност за интеграцијата на процесот на глобализација, што се забележува и преку добиените податоци во кои има многу мал процент на анкетирани што немаат мислење по дадениот став. Карактеристично за анкетираните од невладиниот сектор е тоа што значаен процент не се согласува со понудениот став. Од анкетираните кои се невработени, 48.9% се согласуваат со ставот, 37% целосно се согласуваат, 8.9% немаат мислење и 5.2% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 23.4 | 62.3 | 11.7 | 2.6 | / |
| Среден | 38.1 | 48.5 | 10.3 | 2.9 | 0.2 |
| висок | 68.4 | 32.6 | / | / | / |

**Табела бр:164 глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера(според слоева припадност)**

Според слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот, 62.3% од анкетираните од нискиот општествен слој се согласуваат со ставот, 23.4% целосно се согласуваат, 11.7% немаат мислење и 2.6% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од средниот општествен слој 48.5% се согласуваат со ставот, 38.1% целосно се согласуваат, 10.3% немаат мислење, 2.9% не се согласуваат и 0.2% воопшто не се согласуваат со ставот. Најголемиот број од трите општествени слоја сметаат дека глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера | Pearson Correlation | -.136** | -.092** | -.064 | .540* | -.010 | -.045 |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .003 | .042 | . 883 | .745 | .156 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 165 Коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефициент на корелација се забележува позитивна поврзаност помеѓу независната варијабла, степен на завршено образование со зависната варијабла, глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера. Од пресметаниот коефициент на корелација произлегува дека: степенот на завршено образование на анкетираниот влијае на мислењето за ставот.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.671 | 23.865 | 23.865 | 1.671 | 23.865 | 23.865 |
| 2 | 1.290 | 18.428 | 42.293 | 1.290 | 18.428 | 42.293 |
| 3 | 1.048 | 14.972 | 57.266 | 1.048 | 14.972 | 57.266 |
| 4 | .992 | 14.174 | 71.440 | | | |
| 5 | .751 | 10.730 | 82.170 | | | |
| 6 | .725 | 10.357 | 92.526 | | | |
| 7 | .523 | 7.474 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр: 166 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера

Од реализираната факторска анализа и пресметаната варијанса за факторите: возраст, место на живеење, етничка припадност, завршено образование, пресметана е висока вредност на варијанса, девијација на наведените фактори, додека кај факторите: сектор на работење, слоева припадност и глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера е пресметана ниско ниво на варијанса што значи постои мало отстапување, девијација.

Од добиените резултати од извршената анализа од емпириското истражување според повеќе критериуми може да се забележи дека мнозинството

од анкетираното население смета дека процесот на глобализација е интегриран во секоја општествена сфера.

## 5.9.Процесот на глобализација и промените во средното образование во Република Македонија

Промените што настанаа во општеството како резултат на влијанието на процесот на глобализација ја наметнаа потребата за промени во образовниот ситем што би значело соодветно прилагодување, со оние од западно развиениот свет. Во продолжение анализираме сет од ставови поврзани со образованието во Република Македонија, каде што вниманието го насочуваме на ставот: Процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија. Добиените одговори за ставот ќе бидат анализирани од повеќе аспекти: возраст, етничка припадност, образование, сектор на работење и слоева припадност, како и преку пресметување на коефициент на корелација и факторска анализа.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 33.7 | 48.1 | 16.5 | 1.1 | 0.7 |
| 31-45 | 39.1 | 50.6 | 5.1 | 4.2 | 1 |
| 46-65 | 41.2 | 53.9 | 2.9 | 2.9 | / |

**Табела бр:167 Процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија (според возраст)**

Анализата на ставот ќе ја започнеме според возраста на анкетираните, од најмладата возрасна група, каде што 48.1% се согласуваат со ставот, 33.7% целосно се согласуваат, 16.5% немаат мислење, 1.1% не се согласува и 0.7% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните на возраст од 31-45 години, 50.6% се согласуваат со ставот, 39.1% целосно се согласуваат, 5.1% немаат мислење, 4.2% не се согласуваат и 1% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните од 46-65 години, 53.9% се согласуваат со ставот, 41.2% целосно се согласуваат, 2.9% немаат мислење и ист процент на анкетирани не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите возрасни групи сметаат дека процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија.

Од анализата се забележува дека кај најмладата возрасна група има висок процент на анкетирани кои што немаат изградено мислење кон поставениот став, што донекаде е и разбирливо, имајќи во вид дека истите немаат искуство од претходниот образовен систем, во кој контекст би можеле да прават и споредби. Особено ова се однесува на предмети од општествените науки. Немањето на став, може да се должи и на нивна незаинтересираност кон проблемот, со самото тоа што станува збор за релативно млада категорија на анкетирани, која се разбира во моментов има други преокупации.

Кај анкетираните од другите две возрасни групи бележиме ситуација во која анкетираните во мнозинство сметаат дека процесот на глобализација влијае на промените во средното образование, со мал дел на испитаници кои немаат изграден став или пак не се согласуваат со ставот дека процесот на глобализација придонесе за промените во средното образование.

| Според етничка припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 34.1 | 52.8 | 8.5 | 3.8 | 0.8 |
| Албанци | 56.3 | 40.3 | 3.4 | / | / |
| Турци | 40.8 | 53.1 | 4.1 | 2 | / |
| Срби | 43.6 | 52.7 | 3.6 | / | / |
| Други | 51.5 | 30.3 | 18.2 | / | / |

**Табела бр:168 Процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија (според етничка припадност)**

Според етничката припадност и мислењето за ставот од анкетираните македонци 52.8% се согласуваат со ставот, 34.1% целосно се согласуваат, 8.5% немаат мислење, 3.8% не се согласуваат, а 0.8% воопшто не се согласуваат со ставот. Кај анкетираните албанци 56.3% целосно се согласуваат со ставот, 40.3% се согласуваат додека 3.4% немаат мислење. Од анкетираните турци 53.1% се согласуваат со ставот, 40.8% целосно се согласуваат, 4.1% немаат мислење и 2% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните срби 52.7% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 43.6% и 3.6% немаат мислење. Кај анкетираните кои припаѓаат под категоријата на другите етнички групи, 51.5% целосно се согласуваат со ставот, 30.3% се согласуваат додека 18.2% немаат мислење. Може да изградиме заклучок дека најголемиот процент на анкетирани од сите

етнички групи сметаат дека процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија.

Анализирајќи ги добиените податоци, забележуваме дека мнозинството од анкетирани македонци информирани се за промените кои настанаа во средното образование, како и значењето и влијанието на процесот на глобализација во оваа насока. Разбирливо е што дел од анкетираните немаат изградено мислење по ставот резултат пред се на послабата информираност за овој сегмент, и немањето на заеднички точки со нивното работење и живеење, или во крајна инстанца поради нивна незаинтересираност. Кај анкетираните албанци кои живеат во Република Македонија, преовладува мислењето дека процесот на глобализација предизвика промени во средното и високото образование, а мал дел немаат мислење односно не се информирани, и незнаат дали процесот на глобализаиција може да предизвика, или пак предизвикал низа на промени во средното образование. Анкетираните турци кои живеат во Македонија сметаат дека процесот на глобализација изврши промени во средното образование, додека мал процент како и кај останатите националности немаат свој изграден став или со предложениот став не се сложуваат. Анкетираните срби сметаат дека процесот на глобализација ги изврши промените во средното образование, а мал процент немаат став по истиот. Анализирајќи ги добиените податоци може да се забележи дека највисок процент од анкетираните кои немаат мислење припаѓаат на анкетирани од други етнички групи.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 38.5 | 49.5 | 9.2 | 2.9 | / |
| Високо | 37.8 | 51.6 | 6.3 | 3.2 | 1.1 |
| м-р/д-р | 40 | 48.3 | / | 11.7 | / |

**Табела бр:169 Процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија (според образование)**

Според завршеното образование на анкетираните и нивното мислење за ставот, 49.5% со завршено средно образование се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 38.5%, 9.2% немаат мислење и 2.9% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со високо образование 51.6% се согласуваат со ставот, 37.8% целосно се согласуваат, 6.3% немаат мислење, 3.2 % не се согласуваат и 1.1%

воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните магистри и доктори на науки 48.3% се согласуваат со ставот, 40% целосно се согласуваат и 11.7% немаат мислење. Анкетираните од трите образовни групи сметаат дека процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Државен | 42.9 | 52.1 | 3.6 | 1.4 | / |
| Приватен | 42.9 | 52.1 | 3.6 | 1.4 | / |
| Невладин | 42 | 40 | 6 | 12 | / |
| Невработени | 23.7 | 51.1 | 20 | 3.7 | 1.5 |

**Табела бр:170 Процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија (според сектор во кој се работи)**

Според секторот на вработување и мислењето кое анкетираните го имаат за ставот, 52.1% од анкетираните вработени во државниот сектор се согласуваат со ставот, 42.9% целосно се согласуваат, 3.6% немаат мислење и 1.4% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор 52.1% се согласуваат со ставот, 42.9% целосно се согласуваат, 3.6% немаат мислење и 1.4% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од невладиниот сектор 42 % целосно се согласуваат со ставот, 40% се согласуваат, 6% немаат мислење и 12% не се согласуваат со ставот. Мнозинството на анкетирани вработени во сите сектори, сметаат дека процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија.

Само мал дел на анкетираните вработени во државниот и приватниот сектор немаат мислење или не се согласуваат со ставот, дека процесот на глобализација влијае на промените во средното образование. Висок е процентот на анкетирани кои не се согласуваат со ставот, а се вработени во невладиниот сектор и кои сметаат дека процесот на глобализација не влијае на промените во средното образование. Ваквата ситуација на несогласување може да биде предмет на понатамошни истражувања, но во моментов цениме дека истото е резултат на одредена неинформираност или пак нивна одбивност кон било какви промени, а што се резултат на глобализацијата. Од анкетираните кои се невработени 51.1 % се согласуваат за ставот, 23.7% целосно се согласуваат, 20%

немаат мислење и 3.7% не се согласуватат додека 1.5% воопшто не се согласува со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 41.6 | 45.5 | 10.4 | 2.6 | / |
| Среден | 37.1 | 51.5 | 7.8 | 2.9 | 0.7 |
| Висок | 58.3 | 38.9 | / | 2.8 | / |

**Табела бр:171 Процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија (според слоева припадност)**

Слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот ни ги дава следниве податоци. Кај анкетираните од нискиот општествен слој 45.5% се согласуваат со ставот, 41.6% целосно се согласуваат, 10.4% немаат мислење и 2.6% не се согласуват со ставот. Од анкетираните од средниот општествен слој 51.5% се согласуваат со ставот, 37.1% целосно се согласуваат, 7.8% немаат мислење, 2.9% не се согласуват, а 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од високиот општествен слој 58.3% целосно се согласуваат со ставот, 38.9% се согласуваат, а 2.8% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите општествени слоеви сметаат дека процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија.

Може да се забележи дека колку е повисока слоевата припадност толку повеќе се прифаќаат промените од процесот на глобализација меѓу кои и промените во средното образование.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процесот на глобализација влијае на промените кои што настаанаа во средното образование во Република Македонија | Pearson Correlation | $-.098^{**}$ | $-.125^{**}$ | $-.111^{**}$ | 526 | $.572^{**}$ | -.033 |
| | Sig. (2-tailed) | .002 | .000 | .000 | . 958 | .000 | .296 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 172 Коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефициент на корелација пресметан е позитевен коефициент на корелација, за независните варијабли степен на завршено

образование и секторот во кој се работи, со зависната, процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија. Од ваквите резултати, поточно од пресметаниот коефициент на корелација се констатира дека степенот на завршено образование и секторот во кој се вработени анкетираните влијае на нивното мислење за ставот.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.672 | 23.882 | 23.882 | 1.672 | 23.882 | 23.882 |
| 2 | 1.361 | 19.440 | 43.322 | 1.361 | 19.440 | 43.322 |
| 3 | 1.053 | 15.042 | 58.363 | 1.053 | 15.042 | 58.363 |
| 4 | .892 | 12.747 | 71.110 | | | |
| 5 | .740 | 10.575 | 81.685 | | | |
| 6 | .733 | 10.470 | 92.155 | | | |
| 7 | .549 | 7.845 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр 173 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Глобализацијата е интегрирана во секоја општествена сфера

Од факторската анализа и добиените резултати за варијанса на факторите вклучени во анализата, факторите: возраст, место на живеење и етничка припадност имаат високо ниво на варијанса, односно отстапување девијација, додека останатите фактори во анализата имаат ниско ниво на варијанса, отстапување.

Од анализата на ставот според: возраста, место на живеење, етничката припадност, образованието, секторот во кој се работи, слоевата припадност како и од пресметаниот коефициент на корелација и факторската анализа, може да се заклучи дека анкетираните сметаат дека процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во средното образование во Република Македонија.

## 5.10. Процесот на глобализација и промените во виокото образование во Република Македонија

Процесот на глобализација предизвика промени во целото општество, што доведе до своевидна општествена еволуција, а со тоа настанаа промени и во образовниот систем. Во овој контекст промените настанати во високото образование имаа за цел приближување до европскиот и светскиот образовен систем, препознатлив и по воведувањето на европскиот кредит трансфер систем.

Сетот од ставови поврзани со процесот на образование и глобализација како и нивната анализа ќе ја продолжиме со анализа на добиените резултати од одговорот по ставот: процесот на глобализација влијае на промените кои што настанаа во високото образование во Република Македонија. Анализата на ставот ја реализираме од повеќе аспекти како: возраста, образованието, сектор во кој се работи, слоевата припадност на анкетираните како и со пресметаниот коефициент на корелација и факторската анализа.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 22.1 | 62.8 | 13 | 1.8 | 0.4 |
| 31-45 | 43.5 | 45.7 | 6.8 | 3.9 | / |
| 46-65 | 47.1 | 47.7 | 4.2 | 1 | / |

**Табела бр:174 процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование во Република Македонија(според возраст)**

Анализата на ставот ќе ја започнеме според возраста на анкетираните, од најмладата група каде што 62.8% се согласуваат со ставот, 22.1% целосно се согласуваат, 13% немаат мислење, 1.8% не се согласуваат и 0.4% од анкетираните воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 31-45 години, 45.7% се согласуваат со ставот, 43.5% целосно се согласуваат, 6.8% немаат мислење и 3.9% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 46 до 65 години, 47.7% се согласуваат со ставот, 47.1% целосно се согласуваат, 4.2% немаат мислење додека 1% од анкетираните не се согласуваат со ставот. Најголемиот процент на анкетирани од сите возрасни групи сметаат

дека процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование во Република Македонија.

Висок е процентот од најмладата анкетирана група која нема мислење за тоа, дали процесот на глобализација врши влијание во промените во високото образование. Ваквата ситуација се должи на неинформираноста на дел од младото население со промените во високото образование како и за незаинтерисираноста за процесот на глобализација. Од двете највозрасни групи на анкетирани само мал дел од анкетираните немаат мислење или пак не се согласуваат со тоа дека процесот на глобализација влијае на промените во високото образование.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 35.3 | 50.8 | 11 | 2.6 | 0.3 |
| Високо | 41.2 | 50.2 | 6.3 | 2.3 | / |
| м-р/д-р | 63.3 | 33.3 | 1.7 | / | / |

**Табела бр:175 процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование во Република Македонија(според образование)**

Според образованието на анкетираните и мислењето за ставот, анализата ќе ја започнеме од анкетираните со завршено средно образование каде што 50.8% се согласуваат со ставот, 35.3% целосно се согласуваат, 11% немаат мислење, 2.6% не се согласуваат и 0.3% од анкетираните воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со завршено високо образование 50.2% се согласуваат со ставот, 41.2% целосно се согласуваат, 6.3% немаат мислење, 2.3% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните кои се магистри и доктори на науки 63.3% целосно се согласуваат со ставот, 33.3% се согласуваат, 1.7% немаат мислење и ист е процентот на анкетирани коишто не се согласуваат со ставот. Независно од степенот на образование, мнозинството на анкетирани се на мислење дека процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование во Република Македонија.

Највисок процент од анкетираните кои што немаат мислење во врска со ставот, сосема реално доаѓа од групата на анкетирани со завршено средно образование, која реално и не е во можност непосредно да се запознае

подецидно со промените кои што настанале или сеуште се одвиваат во процесот на трансформација на високото образование.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 37.3 | 53.1 | 7.6 | 2 | / |
| Приватен | 46.2 | 49.6 | 3.1 | 0.8 | 0.3 |
| невладин | 38 | 44 | 10 | 8 | / |
| Невработени | 20 | 54.1 | / | 5.9 | / |

**Табела бр:176 процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование во Република Македонија(според сектор во кој се работи)**

Според секторот во кој се вработени анкетираните и мислењето за ставот, анкетираните кои работат во државниот сектор 53.1% се согласуваат со ставот, 37.3% целосно се согласуваат, 7.6% немаат мислење, додека 2% не се согласуваат со ставот. Кај анкетираните вработени во приватниот сектор 49.6% се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 46.2%, 3.1% немаат мислење, 0.8% не се согласуваат, а 0.3% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните во невладиниот сектор 44% целосно се согласуваат со ставот, 38% се согласуваат, 10% немаат мислење и 8% не се согласуваат со ставот. Анкетираните сметаат дека процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование во Република Македонија. Највисок процент на анкетирани кои немаат мислење и анкетирани кои не се согласуваат со ставот бележиме кај вработените во невладиниот сектор.

Од анкетираните кои се невработени 54.1% се согласуваат со ставот, 20% целосно се согласуваат и 5.9% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 26 | 57.1 | 10.4 | 6.5 | / |
| Среден | 38.9 | 51.1 | 7.9 | 2 | 0.1 |
| висок | 55.6 | 41.7 | / | 2.8 | / |

**Табела бр:177 процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование во Република Македонија(според слоева припадност)**

Според слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот, 57.1% од анкетираните од нискиот општествен слој се согласуваат, 26% целосно се согласуваат, 10.4% немаат мислење и 6.5% не се согласуваат со

ставот. Кај анкетираните од средниот општествен слој 51.1% се согласуваат со ставот, 38.9% целосно се согласуваат, 7.9% немаат мислење, 2% не се согласуваат додека 0.1% воопшто не се согласува со ставот. Кај анкетираните од високиот општествен слој, 55.6% целосно се согласуваат со ставот, се согласуваат 41.7%, 2.8% од анкетираните не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите општествени слоеви сметаат дека процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование во Република Македонија.

Највисок процент на анкетирани кои што немаат мислење по ставот, како и на анкетирани кои што сметаат дека процесот на глобализација не влијае на промените во високото образование доаѓаат од нискиот општествен слој.

Колку е повисок општествениот слој на анкетираните, толку е помал процентот на оние кои што немаат мислење и не се согласуваат со ставот.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование во Република Македонија | Pearson Correlation | -.196** | -.035 | -.095** | .571* | .647** | -.112** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .270 | .003 | . 024 | .000 | .000 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 178 Коефициент на корелација**

Позитивен коефициент на корелација е пресметан за независните варијабли степен на завршено образование, и секторот во кој се работи, со зависната варијабла: Процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование во Република Македонија. Степенот на завршено образование и секторот во кој се вработени анкетираните влијаат на мислењето кое што анкетираните го имаат за посочениот став.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.726 | 24.656 | 24.656 | 1.726 | 24.656 | 24.656 |
| 2 | 1.333 | 19.040 | 43.696 | 1.333 | 19.040 | 43.696 |
| 3 | 1.049 | 14.989 | 58.685 | 1.049 | 14.989 | 58.685 |
| 4 | .894 | 12.769 | 71.454 | | | |
| 5 | .750 | 10.714 | 82.168 | | | |
| 6 | .706 | 10.086 | 92.254 | | | |
| 7 | .542 | 7.746 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр 179 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Процесот на глобализација влијае на промените кои што настаануваат во високото образование во Република Македонија

Од реализираната факторска анализа и добиените резултати за факторите, измерен е висок коефициент на варијанса за факторите: возраст, етничка припадност и место на живеење, што посочува дека за овие фактори постои високо ниво на отстапување, девијација. Останатите фактори од анализата имаат ниско ниво на варијанса отстапување.

Еволуцијата која што настана во општеството како резултат на процесот на глобализација влијаеше на промените кои настанаа во процесот на високо образование, обидувајќи се да го приближат домашниот образовен систем до западните напредни модели на високо образование. Од добиените резултати и нивната анализа се констатира дека мнозинството од анкетирани сметат дека процесот на глобализација влијае на промените кои што настануваат во високото образование. Такашто колку е повисок општествениот слој на анкетираниот толку е помал процентот на оние кои што немаат мислење или не се согласуваат со ставот.

## 5.11. Стручното образование и процесот на глобализација

Процесот на глобализација сакале ние да признаеме или не доведува до значајни промени во секојдневното општествено живеење и функционирање. Во оваа насока истите доведоа до транзициони промени како во економијата и

стопанството, така и во културата но и на пазарот на трудот, каде што денес, сосема оправдано се бара еден нов профил на стручно оспособени и едуцирани технички кадри, кои би можеле професионално да одолеат на предизвикот што значи нова информација и нова технологија, што секојдневно пристигнува и кај нас, пред се преку странските директни инвестиции. Во овој контекст се и промените што ги носи времето на мрежното поврзување, што воедно само по себе бара една нова структура на кадри препознатлива во инжинерството од сите профили но и од висококвалификуваните кадри сврзани со техниката, истиснувајќи ја на тој начин деценискaта доминација на профили од општествените науки со кои беа оптеретени претходните системи.

Во продолжение, ќе пристапиме кон анализа на сетот од ставови поврзан со образованието и процесот на глобализација, поточно ставот дека: глобализацијата влијае на зголемување на потребата од стручно образование. И при оваа анализа ќе бидат користени досегашните фактори, поточно: возраста, образованието, сектор во кој се работи, слоевата припадност на анкетирниот како и со пресметување на коефициентот на корелација и факторската анализа.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 39.6 | 50.2 | 3.9 | 4.9 | 1.4 |
| 31-45 | 51.1 | 40.3 | 4.4 | 3.2 | 1 |
| 46-65 | 51 | 42.8 | 1.6 | 4.6 | / |

**Табела бр:180 глобализацијата влијае на зголемување на потребата од стручно образование(според возраст)**

Според возраста на анкетираните и нивното мислење за ставот, 50.2% на анкетирани од 18 до 30 години се согласуваат со ставот, 39.6% целосно се согласуваат, 3.9% немаат мислење, 4.9% не се согласуваат со ставот и 1.4% воопшто не се согласува. Од анкетираните на возраст од 31-45 години 51.1% целосно се согласуваат со ставот, 40.3% се согласуваат, 4.4% немаат мислење, 3.2% не се согласуваат и 1% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните од 46-65 годишна возраст, 51% целосно се согласуваат со ставот, 42.8% се согласуваат, 1.6% немаат мислење, додека 4.6% не се согласуваат со ставот.

Анкетираните од сите возрасни групи сметаат дека процесот на глобализација влијае на зголемување на потребата од стручно образование.

Кај анкетираните од сите возрасти, се забележува дека само мал процент на анкетирани не се запознати или пак не знаат дали во ерата на глобализација се зголемува потребата од стручното образование. Исто така незначителен процент смета дека процесот на глобализација не влијае на зголемување на потребата од кадар со завршено стручно образование.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 45 | 47.9 | 3.9 | 2.6 | 0.5 |
| Високо | 48.7 | 42.5 | 3.2 | 4.8 | 0.7 |
| м-р/д-р | 56.7 | 31.7 | / | 7.7 | 4 |

**Табела бр:181 глобализацијата влијае на зголемување на потребата од стручно образование(според образование)**

Според завршеното образование на анкетираните и нивното мислење за ставот, анкетираните кои имаат завршено средно образование, 47.9% се согласуваат со ставот, 45% целосно се согласуваат, 3.9% немаат мислење, додека 2.6% не се согласуваат, а 0.5% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со високо образование 48.7% целосно се согласуваат со ставот, 42.5% се согласуваат, 3.2% немаат мислење, 4.8% не се согласуваат и 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот. Од Анкетираните магистри и доктори на науки 56.7% целосно се согласуваат со ставот, 31.7% се согласуваат, 1.7% немаат мислење, не се согласуваат 6.7% додека 3.3% воопшто не се согласуваат со ставот. Анкетираните сметаат дека процесот на глобализација влијае на зголемување на потребата од стручно образование.

Анкетираните кои немаат мислење за тоа дека процесот на глобализација влијае на зголемување на потребата од стручно образование, се должи на незаинтересираноста како и неинформираноста на анкетираните по наведениот став. Анкетираните што сметаат дека процесот на глобализација не ја зголемува потребата од стручно образовани најчесто своите ставови ги градат со аверзија

кон процесот на глобализација, и се што доаѓа од него се смета како неприфатливо и погрешно.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 44.3 | 46.3 | 3.7 | 4.8 | 0.9 |
| приватен | 55.6 | 40.3 | 2 | 0.6 | 1.5 |
| невладин | 54 | 32 | 2 | 12 | / |
| невработени | 34.1 | 49.6 | 6.7 | 8.1 | 1.5 |

**Табела бр:182 глобализацијата влијае на зголемување на потребата од стручно образование(според сектор во кој се работи)**

Според секторот во кој се вработени анкетираните, вработените во државниот сектор, 46.3% се согласуваат со ставот, 44.3% целосно се согласуваат, 3.7% немаат мислење, 4.8% не се согласуваат и 0.9% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните кои се вработени во приватниот сектор 55.6% целосно се согласуваат со ставот, 40.3% се согласуваат, 2% немаат мислење 0.6% не се согласуваат со ставот а 1.5% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните од невладиниот сектор, 54% целосно се согласуваат со ставот, 32% се согласуваат, 2% немаат мислење и 12% не се согласуваат со ставот. Анкетираните сметаат дека процесот на глобализација влијае на зголемување на потребата од стручно образование.

Анализирајќи ги добиените податоци може да забележиме дека мал дел од вработените во државниот сектор немаат мислење и не се согласуваат со ставот, а слична е ситуацијата и кај податоците добиени од анкетираните од приватниот сектор.

Карактеристечен е високиот процент на оние кои што немаат мислење од вработените од невладиниот сектор. Анкетираните кои што немаат мислење вушност не се информирани и се незаинтересирани за промените од процесот на глобализација, конкретно и за зголемената потреба од стручно усовршување и образование како резултат на глобалните процеси. Оние кои не се согласуваат, својот став го градат пред се поради недоволната информираност но и недовербата во новото што го носи самиот процес.

Од анкетираните кои се невработени 49.6% не се согласуваат со ставот, 34.1% целосно се согласуваат, 6.7% немаат мислење, 8.1% не се согласува и 1.5% воопшто не се согласува со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 32.5 | 48.1 | 6.5 | 7.8 | 5.2 |
| Среден | 49.2 | 43.4 | 3.3 | 3.7 | 0.5 |
| Висок | 47.2 | 47.2 | / | 5.6 | / |

**Табела бр:183 глобализацијата влијае на зголемување на потребата од стручно образование(според слоева припадност)**

Според слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот, анкетираните кои припаѓаат на нискиот општествен слој, поточно 48.1% се согласуваат со ставот, 32.5% целосно се согласуваат, 6.5% немаат мислење додека 7.8% не се согласуваат а 5.2% од анкетираните воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од средниот општествен слој, 49.2% целосно се согласуваат со ставот, 43.4% се согласуваат, 3.3% немаат мислење, 3.7% не се согласуваат и 0.5% воопшто не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните од високиот општествен слој, поточно 47.2% целосно се согласуваат со ставот, ист процент на анкетирани се согласуваат и 5.6% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите слоја сметаат дека процесот на глобализација влијае на зголемување на потребата од стручно образование.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Глобализацијата влијае на зголемување на потребата од стручно образование | Pearson Correlation | -.088** | -.119** | -.118** | .517 | .564* | -.116** |
| | Sig. (2-tailed) | .005 | .000 | .000 | . 829 | .044 | .000 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 184 Коефициент на корелација**

Позитивен коефициент на корелација е пресметан за независните варијабли: степен на завршено образование и во кој сектор работите, со независната варијабла во анализата, глобализацијата влијае на зголемување на потребата од стручно образование.

Од добиените резултати произлегува дека степенот на завршено образование и секторот во кој се вработени анкетираните влијае на мислењето за ставот.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.672 | 23.889 | 23.889 | 1.672 | 23.889 | 23.889 |
| 2 | 1.330 | 18.994 | 42.883 | 1.330 | 18.994 | 42.883 |
| 3 | 1.078 | 15.399 | 58.282 | 1.078 | 15.399 | 58.282 |
| 4 | .948 | 13.547 | 71.828 | | | |
| 5 | .736 | 10.515 | 82.343 | | | |
| 6 | .691 | 9.872 | 92.215 | | | |
| 7 | .545 | 7.785 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр 185 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Глобализацијата влијае на зголемување на потребата од стручно образование

Од реализираната факторска анализа и пресметаната варијанса за факторите кои се дел од оваа анализа, факторите: возраст, место на живеење, етничка припадност, завршено образование, пресметано е високо ниво на варијанса, отстапување, додека останатите фактори од анализата имаат ниско ниво на варијанса, отстапување девијација.

Од спроведеното истражување и анализата на добиените резултати може да се констатира дека мнозинството на анкетирани сметаат дека процесот на глобализација влијае на зголемување на потребата од кадри от техничките струки.

## 5.12.Процесот на глобализација и образовните профили

Процесот на глобализација предизвика промени во секоја општествена сфера. Промените кои настанаа во стопанството и економијата извршија промена и на пазарот на трудот, што значеше побарувачка на образовни профили кои се поврзани со техничките науки, односно пред се поголема побарувачка на електро, машински инжинери, архитекти и технолози на пазарот на трудот. Во овој сегмент го анализираме ставот: Глобалните тенденции влијаат на потребите од одредени

образовни профили. Ставот како и во претходните сегменти ќе биде анализиран преку социодемографски белези на анкетираните и нивниот социјален статус.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 33.3 | 61.1 | 4.6 | 1.1 | / |
| 31-45 | 49.9 | 45.5 | 2.4 | 1.7 | 0.5 |
| 46-65 | 49 | 47.4 | 1 | 2.6 | / |

**Табела бр:186 Глобалните тенденции влијаат на потребите од одредени образовни профили(според возраст)**

Анализата ќе ја започнеме со мислењето за ставот на анкетираните според нивната возраст, со групата на анкетирани од 18 до 30 години, каде што 61.1% се согласуваат со ставот, 33.3% целосно се согласуваат, 4.6% немаат мислење, 1.1% не се согласува со ставот. Од анектираните на возраст од 31 до 45 години, 49.9% целосно се согласуваат со ставот, 45.5% се согласуваат, 2.4% немаат мислење, 1.7% не се согласува и 0.5% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните на возраст од 46 до 65 години, 49% целосно се согласуваат со ставот, 47.4% се согласуваат, 1% немаат мислење и 2.6% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите возрасни групи сметаат дека глобалните тенденции влијаат на потребите од одредени образовни профили.

Мал дел од анкетираните од трите возрасни групи немаат мислење за тоа дали глобалните тенденции влијаат на потребите од одредни образовни профили односно не се информирани и се незаинтересирани за промените кои ги предизвикува процесот на глобализација. Исто така, мал процент на анкетирани од сите возрасни групи сметаат дека процесот на глобализација не влијае на потребата од одредни образовни профили.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 40.6 | 55.5 | 2.9 | 1 | / |
| Високо | 47.7 | 47.5 | 2.5 | 2 | 0.4 |
| м-р/д-р | 46.7 | 46.7 | / | 6.7 | / |

**Табела бр:187 Глобалните тенденции влијаат на потребите од одредени образовни профили(според образование)**

Според завршеното образование на испитаниците и нивното мислење за ставот, 55.5% од анкетираните со завршено средно образование се согласуваат со ставот, 40.6% целосно се согласуваат, 2.9% немаат мислење и 1% не се согласува со ставот. Од анкетираните со завршено високо образование 47.7%

целосно се согласуваат, 47.5% се согласуваат, 2.5% немаат мислење, 2% не се согласуваат и 0.4% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните магистри и доктори на науки 46.7% целосно се согласуваат со ставот, ист е процентот на анкетирани кои се согласуваат со ставот, 1.7% немаат мислење и 5% не се согласуваат со ставот. Анкетираните сметаат дека глобалните тенденции влијаат на потребите од одредени образовни профили. Незначителен е процентот од анкетирани од трите образовни профили кои се изјасниле дека немаат мислење или не се согласуваат со ставот.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 44.8 | 50 | 3.3 | 1.5 | 0.4 |
| приватен | 49.6 | 49.6 | 0.8 | / | / |
| невладин | 30 | 58 | / | 12 | / |
| невработени | 38.5 | 51.9 | 5.9 | 3.7 | / |

**Табела бр:188 Глобалните тенденции влијаат на потребите од одредени образовни профили(според сектор во кој се работи)**

Според секторот во кој се работи и мислењето за ставот, анкетираните вработени во државниот сектор, поточно 50% целосно се согласуваат со ставот, 44.8% се согласуваат, 3.3% немаат мислење, а 1.5% не се согласува, додека 0.4% воопшто не се согласува со ставот.

Од анкетираните вработени во приватниот сектор 49.6% целосно се согласуваат со ставот, ист е и процентот на анкетирани кои се согласуваат, додека 0.8% немаат свое мислење по ставот. Анкетираните кои се вработени во невладиниот сектор, 58% се согласуваат со ставот, 30% целосно се согласуваат, а 12 % не се согласуваат со ставот. Анкетираните сметаат дека глобалните тенденции влијаат на потребите од одредени образовни профили.

Од анкетирани вработени во државниот сектор мал дел немаат мислење или не се согласуваат со ставот, а слична е ситуацијата и кај анкетираните од приватниот сектор. Воедно карактериситичен е големиот процент на анкетирани кои не се согласуваат со ставот, а кои се вработени во невладиниот сектор.

Од анкетираните кои се невработени, 51.9% се согласуваат со ставот, 38.5% целосно се согласуваат, 5.9% немаат мислење додека 3.7% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 32.5 | 51.9 | 5.2 | 10.4 | / |
| Среден | 45.7 | 50.6 | 2.5 | 1 | / |
| Висок | 52.8 | 44.4 | / | 2.8 | / |

**Табела бр:189 Глобалните тенденции влијаат на потребите од одредени образовни профили(според слоева припадност)**

Слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот е следниот критериум преку кој го анализираме ставот при што добиените податоци ни говорат, дека кај анкетираните од нискиот општествен слој, 51.9% се согласуваат со ставот, 32.5% целосно се согласуваат, 5.2% немаат мислење и 10.4% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од средниот општествен слој 50.6%, се согласуваат со ставот, 45.7% целосно се согласуваат, 2.5% немаат мислење, 1% не се согласуваат и 0.2% воопшто не се согласуваат со ставот. Анкетирани од високиот општествен слој 52.8%, целосно се согласуваат со ставот, 44.4% се согласуваат и 2.8% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите општествени слоја сметаат дека глобалните тенденции влијаат на потребите од одредени образовни профили. Само мал дел од анкетираните од средниот и високиот слој немаат мислење или не се согласуваат со ставот. Од податоците може да дојдеме до констатација дека колку е подобра економската положба на анкетираните, толку полесно се прифаќааат промените поттикнати од процесот на глобализација.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Глобалните тенденции влијаат на потребите од одредени образовни профили | Pearson Correlation | -.094** | -.066* | -.006 | .520 | .771* | -.128** |
| | Sig. (2-tailed) | .003 | .038 | .845 | . 120 | .026 | .000 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 190 Коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефициент на корелација за зависната варијабла: глобалните тенденции влијаат на потребите од одредени образовни профили позитивен

коефициент на корелација пресметан со независните варијабли степен на завршено образование и во кој сектор работите. Степенот на завршено образование и секторот во кој се работи влијае на мислењето кое анкетираните го имаат по ставот од анкетата.

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.687 | 24.097 | 24.097 | 1.687 | 24.097 | 24.097 |
| 2 | 1.262 | 18.034 | 42.130 | 1.262 | 18.034 | 42.130 |
| 3 | 1.053 | 15.040 | 57.170 | 1.053 | 15.040 | 57.170 |
| 4 | 1.008 | 14.404 | 71.574 | 1.008 | 14.404 | 71.574 |
| 5 | .733 | 10.477 | 82.051 | | | |
| 6 | .711 | 10.150 | 92.201 | | | |
| 7 | .546 | 7.799 | 100.000 | | | |

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Глобалните тенденции влијаат на потребата од одредени образовни профили **Табела бр 191 Факторска анализа**

Од факторската анализа се забележува дека постои висок коефициент на варијанса, девијација отстапување за факторите: возраст, место на живеење, етничка припадност и завршено образование, додека за останатите фактори во анализата се забележува ниско ниво на варијанса.

Промените во општеството и општествената еволуција извршија своевидна трансформација на пазарот на трудот, а со тоа е истакната и неминовноста од потреба на соодветни високо образовни профили, неопходни за нормално функционирање на процесите во сите сфери.

## 5.13.Општествено стопанската еволуција и изборот на професиите од техничките науки

Почетокот на новата глобална ера донесе многу промени во општеството, а општествената еволуција значеше еволуирање на секој сегмент од општеството и општествениот систем. Промени настанаа и во бараната работна сила на пазарот

на трудот што пред се беше поттикната и настаната под влијание на глобалните тенденции.

Во овој сегмент ќе го анализираме последниот став од сетот поврзан со глобализацијата, образованието и изборот на професии: промените кои што настанаа во општеството и стопанството влијаат на изборот на професии во техничките струки (електро и машински инжинери,архитекти и др). Ставот како и во претходните сегменти ќе биде анализиран преку социодемографски белези на анкетираните и нивниот социјален статус.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 39.6 | 52.3 | 4.6 | 3.5 | / |
| 31-45 | 43.5 | 50.3 | 4.3 | 1.8 | / |
| 46-65 | 45.7 | 47.9 | 4.6 | 1.7 | / |

**Табела бр:192 промените кои што настанаа во општеството и стопанството влијаат на изборот на професии во техничките струки (електро и машински инжинери,архитекти и др)(според возраст)**

Според возраста на анкетираните и нивното мислење за ставот, кај анкетираните од 18 до 30 годишна возраст, 52.3% се согласуваат со ставот, 39.6% целосно се согласуваат, додека 4.6% немаат мислење, а 3.5% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 31 до 45 години, 50.3% се согласуваат со ставот, 43.5% целосно се согласуваат, 4.3% немаат мислење додека 1.8% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 46 до 65 години, 47.9% се согласуваат со ставот, 45.7% целосно се согласуваат, 4.6% немаат мислење и 1.7% не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните од сите возрасни групи сметаат дека промените што настанаа во општеството и стопанството влијаат на изборот на професии во техничките струки (електро и машински инжинери,архитекти и др).

Мал процент на анкетираните немаат мислење или пак не се согласуваат со посочениот став.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 44.50 | 50.26 | 3.14 | 2.1 | / |
| Високо | 46.23 | 48.20 | 4.12 | 1.43 | / |
| м-р/д-р | 36.66 | 58.33 | 1.66 | 3.33 | / |

**Табела бр:193 промените кои што настанаа во општеството и стопанството влијаат на изборот на професии во техничките струки (електро и машински инжинери,архитекти и др)(според образование)**

Според секторот во кој се работи и мислењето на анкетираните по ставот, 48.5% од анкетираните вработени во државниот сектор се согласуваат со ставот, 45.2% целосно се согласуваат, 5.2% немаат мислење и 1.1% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор 50.7% се согласуваат со ставот, 46.8% целосно се согласуваат, 1.1% немаат мислење и 1.4% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во невладиниот сектор, 50% целосно се согласуваат, 44% се согласуваат и 6% немаат мислење. Анкетираните сметаат дека промените што настанаа во општеството и стопанството влијаат на изборот на професии во техничките струки (електро и машински инжинери, архитекти и др.).

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 45.2 | 48.5 | 5.2 | 1.1 | / |
| Приватен | 46.8 | 50.7 | 1.1 | 1.4 | / |
| невладин | 50 | 44 | 6 | / | / |
| Невработени | 52.6 | 37.8 | 3.7 | 5.9 | / |

**Табела бр:194 промените кои што настанаа во општеството и стопанството влијаат на изборот на професии во техничките струки (електро и машински инжинери,архитекти и др)(според сектор во кој се работи)**

Мнозинстото од анкетираните од сите сектори, како и од невработените лица сметаат дека промените настанати во општеството и стопанството влијаат на изборот на професии од техничките струки. Незначителен е процентот на анкетирани кои не се согласуваат или пак немаат мислење, освен кај вработените во невладиниот сектор каде што дури 6% се изјасниле дека немаат мислење по ставот.

Од анкетираните кои се невработени, 52.6% целосно се согласуваат со ставот, 37.8% се согласуваат, 3.7% немаат мислење и 5.9% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 45.5 | 39 | 6.5 | 9.1 | / |
| Среден | 44.2 | 51.3 | 3.4 | 1.1 | / |
| висок | 63.9 | 30.6 | 2.8 | / | / |

**Табела бр:195 промените кои што настанаа во општеството и стопанството влијаат на изборот на професии во техничките струки (електро и машински инжинери,архитекти и др)(според слоева припадност)**

Анализирано, од аспект на слоевата припадност, 45.5% од анкетираните кои припаѓаат на нискиот општествен слој се изјасниле дека целосно се согласуваат со ставот, 39% се согласуваат, 6.5% немаат мислење, 9.1% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од средниот општествен слој 51.3% се согласуваат со ставот, 44.2% целосно се согласуваат,3.4% немаат мислење и 1.1% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од високиот општествен слој 63.9% целосно се согласуваат со ставот, 30.6% се согласуваат, 2.8% немаат мислење и ист процент не се согласуваат со ставот.

Од анализата може да се забележи дека колку е повисок општествениот слој на анкетираните толку полесно се прифаќаат промените во општеството. Најголем процент на анкетирани кои немаат мислење, и коишто не се согласуваат со ставот доаѓа од нискиот општествен слој. Главна причина за ваквото мислење можно е да се должи на немањето на интерес за општите случувања во општеството, која што кај поединците доаѓа и од лошата и безнадежна социо-економска положба. Анкетираните од средниот и високиот општествен слој сметаат дека промените што настанаа во општеството и стопанството влијаат кон изборот на професии од техничките струки и само незначително мал дел немаат мислење или пак не се согласуваат со ставот.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Промените кои што настанаа во општеството и стопанството влијаат кон изборот на професии во техничките струки (електро и машински инжинери,архитекти и др) | Pearson Correlation | -.113** | -.075* | -.018 | .519 | .559 | -.091** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .017 | .580 | . 782 | . 060 | .004 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 196 Коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефициент на корелација се забележува позитивна вредност за независните варијабли степен на завршено образование и секторот во кој се работи, коишто пак влијаат на мислењето по зададениот став.

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.677 | 23.964 | 23.964 | 1.677 | 23.964 | 23.964 |
| 2 | 1.278 | 18.251 | 42.215 | 1.278 | 18.251 | 42.215 |
| 3 | 1.050 | 14.997 | 57.212 | 1.050 | 14.997 | 57.212 |
| 4 | .998 | 14.261 | 71.472 | | | |
| 5 | .733 | 10.472 | 81.945 | | | |
| 6 | .719 | 10.267 | 92.212 | | | |
| 7 | .545 | 7.788 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр 197 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Промените кои што настанаа во општеството и стопанството влијаат кон изборот на професии во техничките струки (електро и машински инжинери,архитекти и др)

Од реализираната факторска анализа и пресметаниот коефициент на варијанса се забележува високо ниво на варијанса, отстапување за факторите: возраст, место на живеење, етничка припадност, завршено образование, додека за останатите фактори од анализата се бележи ниско ниво на варијанса.

Глобализацијата со интеграција на современите вредности во општеството ги донесе и промените сврзани со побарувачката на работна сила на пазарот на трудот, а во таа смисла и за потребата од одредени образовни профили. Во овој сегмент беа анализирани резултатите добиени по ставот: промените кои што настанаа во општеството и стопанството влијаат на изборот на професии во техничките струки (електро и машински инжињери, архитекти и др). Од спроведената анализа на добиените резултати може да констатираме дека мнозинството од анкетираното население смета дека промените кои што настанаа во општеството и стопанството влијаат на изборот на професии во техничките струки.

# 6.Меѓународните економски организации и домашната економија

## 6.1.Меѓународните економски организации и домашната економија и стопаснтво

Рејтингот и угледот на меѓународните економски организации во ерата на глобализација несомено е голем. Насекаде во светот меѓународните организации, како и економски силните високо развиени држави во содејство со мултинационалните и транснационалните корпорации се еден од главните играчи во светската економија на глобалниот пазар коишто не само што ги креираат условите во светската и глобалната економија, туку влијаат на посреден начин и на локалните економии, и локалниот пазар.

Во овој сегмент ќе биде анализиран сетот на ставови поврзан со меѓународните организации и нивното влијание во Република Македонија. Со цел да добиеме претстава, која би се движела во насока на добивање на слика за влијанието, односно улогата што ја имаат меѓународните економски институции во правец на заживувањето на македонската економијата и стопанство.

Во овој сегмент го анализираме ставот: поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки  за ситуацијата во економијата, од аспект на овозможување на заживување на економијата и стопанството, во контекст на нивното влијание сврзано со отворање на нови работни места.

Податоците ќе бидат анализирани според: возраст, образование, сектор во кој се работи, слоева припадност на анкетираните како и по пат на пресметан коефициент на корелација и факторска анализа.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 17.2 | 47.7 | 18.2 | 2.1 | / |
| 31-45 | 50.6 | 27.1 | 13 | 7.8 | 1.5 |
| 46-65 | 53.3 | 33.7 | 8.5 | 3.9 | 0.7 |

**Табела бр:198 поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки  за ситуацијата во економијата, од аспект на овозможување на заживување на економијата и стопанството, во контекст на нивното влијание сврзано со отворање на нови работни места(според возраст).**

Од анкетираните на возраст од 18 до 30 години, 47.7% се согласуваат со ставот,17.2% целосно се согласуваат, 18.2% немаат мислење, 14.7% не се согласуваат и 2.1% воопшто не се согласуваат. Од анкетираните на возраст од 31 до 45 години 50.6% целосно се согласуваат со ставот, 27.1% се согласуваат, 13% немаат мислење, 7.8% не се согласуваат и 1.5% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од 46 до 65 години, 53.3% целосно се согласуваат со ставот, 33.7% се согласуваат, 8.5% немаат мислење, 3.9% не се согласуваат и 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите возрасни групи сметаат дека поволните кредитни линии од Светската Банка и Меѓународниот монетарен фонд и нивните проценки за ситуацијата во економијата овозможуваат заживување на економијата и стопанството и отворање на нови работни места.

Мнозинството од анкетираните од најмладата група, сметаат дека поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за состојбата во економијата, овозможуваат заживување на економијата и стопанството, и отворање на нови работни места. Овој дел од анкетираните имаат позитивно мислење изградено врз основа на знаењата и информациите кои ги имаат на располагање, сврзани со начинот на делување на овие меѓународни организации и ефектите кои тие ги остваруваат во Македонија. Висок е процентот на анкетирани од најмладата анкетирана група кои немаат мислење за ставот. Станува збор за дел од анкетираните кои не се информирани и кои не го знаат вистинското значење на овие меѓународни институции. Значаен е процентот на анкетирани од младото население кои не се согласуваат со тоа дека: поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата, овозможуваат заживување на економијата и стопанството и отворање на нови работни места. Од анкетираните од втората возрасна група мнозинството го поддржува ставот во анкетата, додека кај највозрасната група се забележува најмал процент на анкетирани, коишто немаат мислење или што не се согласуваат со ставот. Колку е повозрасно населението толку е помал процентот на анкетирани кои што немаат мислење или не се согласуваат со ставот.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласуваат |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 27 | 52.4 | 13.6 | 6.3 | 0.8 |
| Високо | 26.5 | 48.4 | 13.1 | 10.4 | 1.6 |
| м-р/д-р | 20 | 60 | / | 16.7 | 3.3 |

**Табела бр:199 поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата, од аспект на овозможување на заживување на економијата и стопанството, во контекст на нивното влијание сврзано со отворање на нови работни места(според образование).**

Кога говориме за анкетирани, третирани според образованието и мислењето за ставот, анкетираните со завршено средно образование, поточно 52.4% се согласуваат со ставот, 27% целосно се согласуваат, 13.6% немаат мислење, 6.3% не се согласуваат, и 0.8% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со завршено високо образование 48.4% се согласуваат со ставот, 26.5% целосно се согласуваат, 13.1% немаат мислење, 10.4% не се согласуваат и 1.6% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните магистри и доктори на науки 60% се согласуваат со ставот, 20% целосно се согласуваат, 10 % немаат мислење, 6.7% не се согласуваат со ставот и 3.3% воопшто не се согласуваат . Анкетираните сметаат дека поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата овозможуваат заживување на економијата и стопанството и отворање на нови работни места.

Мнозинството од анкетираните од трите образовни групи го поддржуваат посочениот став. Но воедно се забележува и висок процент на анкетирани кои немаат мислење по ставот, а се со завршено средно и високо образование. Значаен процент на анкетирани со високо образование не се согласуваат со ставот односно сметаат дека меѓународните економски организации немаат позитивно влијание на македонската економија.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласуваат |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 24.2 | 50.2 | 16.2 | 7.6 | 1.7 |
| приватен | 32.8 | 53.2 | 5.9 | 7 | 1.1 |
| невладин | 32 | 36 | 14 | 18 | / |
| невработени | 14.1 | 50.4 | 21.5 | 12.6 | 1.5 |

**Табела бр:200 поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата, од аспект на овозможување на заживување на економијата и стопанството, во контекст на нивното влијание сврзано со отворање на нови работни места(според сектор во кој се работи).**

Според секторот во кој се работи и мислењето за ставот, 50.2% од анкетираните во државниот сектор се согласуваат со ставот, 24.2% целосно се согласуваат,16.2% немаат мислење, 7.6% не се согласуваат и 1.7% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор 53.2% се согласуваат, 32.8% целосно се согласуваат, 5.9% немаат мислење, 7% не се согласуваат, додека 1.1% од анкетираните воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од невладиниот сектор 36% се согласуваат со ставот, 32% целосно се согласуваат, 14% немаат мислење, а 18% не се согласуваат со ставот. Анкетираните сметаат дека поволните кредитни линии од Светската Банке и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата овозможуваат заживување на економијата и стопанството и отворање на нови работни места. Висок е процентот на оние кои немаат мислење, а кои се вработени во државниот сектор. Мал дел од анкетираните не се согласуваат со ставот од анкетниот прашалник. Од анкетираните од приватниот сектор мнозинството стои во позитивна конотација со истражуваниот став, додека незначителен процент од анкетираните немаат мислење, или пак не се согласуваат со ставот.

Од анкетираните кои се невработени 50.4% се согласуваат со ставот, 14.1% целосно се согласуваат, 21.5% немаат мислење, 12.6% не се согласуваат и 1.5% воопшто не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласуваат |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 24.7 | 45.5 | 19.5 | 10.4 | / |
| Среден | 25.6 | 51.2 | 13 | 8.7 | 1.6 |
| висок | 47.2 | 47.2 | 2.8 | 2.8 | / |

**Табела бр:201 поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата, од аспект на овозможување на заживување на економијата и стопанството, во контекст на нивното влијание сврзано со отворање на нови работни места(според слоева припадност).**

Според слоевата припадност и мислењето за ставот на анкетираните, кај анкетираните од нискиот општествен слој 45.5% се согласуваат со ставот, 24.7% целосно се согласуваат, 19.5% немаат мислење и 10.4% не се согласуваат со ставот.

Од анкетираните од средниот општествен слој 51.2% се согласуваат со ставот, 25.6% целосно се согласуваат, 13% немаат мислење, 8.7% не се согласуваат и 1.6% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од високиот општествен слој 47.2% целосно се согласуваат, ист е процентот кој се согласуваат со ставот, 2.8% немаат мислење, а 2.8% не се согласуваат со ставот.

Може да се забележи дека највисок процент на анкетирани кои немаат мислење или не се согласуваат со ставот, доаѓаат од нискиот општествен слој, што пред сѐ претставува резултат на соодветната неинформираност. Оние што не се согласуваат со ставот можно е да е резултат на соодветниот отпор кои го чувствуваат кон сѐ она што значи новина во општеството.

Од анкетираните од средниот слој бележиме висок процент на лица кои што немаат мислење, како и одреден процент кои не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетирани кои сметаат дека припаѓаат на богатиот општествен слој го поддржуваат наведениот став од анкетата.

| | | возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1) | Pearson Correlation | -.216* | -.132** | -.115** | .653 | -.067 | .773* |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | .000 | .000 | .096 | .063 | . 020 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 202 Коефициент на корелација**

**1)** Поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата овозможуваат заживување на економијата и стопанството и отворање на нови работни места

Пресметаниот коефициент на корелација има позитивна вредност за независните варијабли степен на завршено образование и слоева припадност со зависната варијабла, од што произлегува дека стпенот на завршено образование и слоевата припадност на анкетираниот влијаат за нивното изјаснување по ставот.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.672 | 23.892 | 23.892 | 1.672 | 23.892 | 23.892 |
| 2 | 1.396 | 19.939 | 43.830 | 1.396 | 19.939 | 43.830 |
| 3 | 1.051 | 15.020 | 58.850 | 1.051 | 15.020 | 58.850 |
| 4 | .943 | 13.466 | 72.317 | | | |
| 5 | .742 | 10.594 | 82.911 | | | |
| 6 | .670 | 9.566 | 92.476 | | | |
| 7 | .527 | 7.524 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1)Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припаднос;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6)Слоева припаднсот;7)Поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата овозможуваат заживување на економијата и стопанството и отворање на нови работни

**Табела бр 203 Факторска анализа**

Од реализираната факторска анализа и пресметаната варијанса висок коефициент на варијанса односно високо ниво на отстапување девијација има за факторите: возраст, место на живеење, етничка припадност, степен на заршено образование. За останатите фактори во анализата бележиме ниска вредност на варијанса.

Од добиените резултати од емпириското истражување според повеќе критериуми: анкетираните го поддржуваат ставот во анкетата.

## 6.2.Мислењето на меѓународните организации за македонската економија

Ерата на глобализација е време кое е исполнето со незапамтена брзина на комуникација и циркулација на информации од различен карактер, што всушност претставува една од придобивките од мрежното општество кое пак се користи во сите општествени сфери, посебно во економијата. Во современото општество од особено значење е мислењето и официјалните ставови пред сè на меѓународните финансиски институции, посебно на нивните официјални соопштенија и ставови сврзани за македонската економија и стопанство. Во оваа смисла мислиме на

Светската Банка, Меѓународниот монетарен Фонд како и на Светската трговска организација но и на реномирани светски списанија чиј авторитет има висок рејтинг во светот на економијата. Релативно добриот рејтинг кој во последно време на економски план го ужива Република Македонија е клучниот фактор кој може да води во насока на дополнително привлекување на странски инвестиции.

Во продолжение ќе пристапиме кон разгледување на ставот во анкетата: мислењето за македонската економија и стопанство изразено од страна на меѓународните економски институции, Светската Банка, Меѓународниот Монетарен фонд и Светската трговска организација е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 26.3 | 54 | 15.4 | 3.5 | 0.7 |
| 31-45 | 30.8 | 54.8 | 10.3 | 2.9 | 1.2 |
| 46-65 | 32.4 | 54.2 | 10.1 | 2.6 | 0.7 |

**Табела бр: 204 мислењето за македонската економија и стопанство изразено од страна на меѓународните економски институции, Светската Банка, Меѓународниот Монетарен фонд и Светската трговска организација е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија(според возраст)**

Според возраста на анкетираните и мислењето по ставот, 54% од анкетираните од 18 до 30 годишна возраст се согласуваат со ставот, 26.3% целосно се согласуваат, 15.4% немаат мислење, 3.5% не се согласуваат, и 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од 31 до 45 годишна возраст, 54.8% се согласуваат со ставот, 30.8% целосно се согласуваат, 10.3% немаат мислење, 2.9% не се согласуваат и 1.2% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните од 46 до 65 годишна возраст 54.2% се согласува со ставот, 32.4% целосно се согласува, 10.1% нема мислење, 2.6% не се согласува и 0.7% воопшто не се согласува со ставот. Анкетираните од сите возрасни групи сметаат дека мислењето за македонската економија и стопанство изразено од меѓународните економски организации Светската Банка, Меѓународниот Монетарен фонд и светската трговска организација е од особено значење за привлекување на странски директни инвестиции во Република Македонија.

Висок е процентот на анкетирани од најмладата возрасна група која што нема мислење по ставот, додека мал е процентот на анкетираните кои не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од втората старосна група се забележува висок процент на анкетирани кои немаат мислење за ставот, како и мал процент кои што не се согласуваат со истиот. И кај анкетираните опфатени во највозрасната група забележан е голем процент на лица коишто немаат мислење, како и мал процент кои што не се согласуваат со ставот.

Може да заклучуме дека колку е повозрасно анкетираното население толку истото е поинформирано за темите сврзани со наведениов став. Поради високиот процент на анкетирани што немаат мислење по ставот, се доаѓа до заклучок дека дел од населението не е доволно информирано за мислењето на меѓународните економски организации и нивното влијание и значење, што би претставувал позитивен сигнал за привлекување на странски директни инвестиции во Република Македонија.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 34.6 | 48.4 | 14.1 | 2.9 | / |
| Високо | 26.9 | 57.9 | 10.6 | 3.4 | 1.3 |
| м-р/д-р | 60 | 30 | 6.7 | / | 3.3 |

**Табела бр: 205 мислењето за македонската економија и стопанство изразено од страна на меѓународните економски институции, Светската Банка, Меѓународниот Монетарен фонд и Светската трговска организација е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија(според образование)**

Според образованието и мислењето за ставот, анкетираните со завршено средно образование, поточно 48.4% се согласуваат со ставот, 34.6% целосно се согласуваат, 14.1% немаат мислење, додека 2.9% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со завршено високо образование 57.9% се согласуваат со ставот, 26.9% целосно се согласуваат, 10.6% немаат мислење, 3.4% не се согласуваат и 1.3% воопшто не се согласуваат. Од анкетираните магистри и доктори на науки 60% се согласуваат со ставот, 30% целосно се согласуваат, 6.7% немаат мислење и 3.3% воопшто не се согласуваат со ставот. Анкетираните од сите образовни групи сметаат дека мислењето за македонската економија и стопанство изразено

од меѓународните економски организации Светската Банка, Меѓународниот Монетарен фонд и Светската трговска организација (СТО) е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија.

Може да се забележи дека според критериумот образование и мислењето за македонската економија и стопанство изразено од меѓународните економски организации Светската Банка, Меѓународниот Монетарен фонд и светската трговска организација (СТО) е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија. Од анкетираните со средно образование бележиме висок процент на оние кои што немаат мислење по ставот што можеби се должи на нивната неинформираност за овие теми.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 26.6 | 56.1 | 13.8 | 2 | 1.5 |
| Приватен | 33.6 | 55.7 | 7.6 | 2.5 | 0.6 |
| невладин | 36 | 34 | 8 | 22 | / |
| Невработени | 29.6 | 52.6 | 17 | 0.7 | / |

**Табела бр: 206 мислењето за македонската економија и стопанство изразено од страна на меѓународните економски институции, Светската Банка, Меѓународниот Монетарен фонд и Светската трговска организација е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија(според сектор во кој се работи)**

Според секторот во кој се работи и мислењето за ставот, анкетираните вработени во државниот сектор 56.1% се согласуваат со ставот, 26.6% целосно се согласуваат,13.8% немаат мислење, 2% не се согласуваат, и 1.5% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор 55.7% се согласуваат со ставот, 33.6% целосно се согласуваат, 7.6% немаат мислење, 2.5% не се соглсуваат и 0.6% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во невладиниот сектор 36% целосно се согласуваат, 34% се согласуваат, 8% немаат мислење и 22% од анкетираните не се согласуваат со ставот. Мнозинството на анкетирани вработени во сите сектори го поддржуваат ставот во анкетата. Дел од вработените од државниот сектор немаат мислење по ова прашање, а многу мал процент не се согласува со ставот. Поголем дел од анкетираните вработени во приватниот сектор се согласуваат со ставот, но се забележува одреден процент на анкетирани кои немаат мислење, кој е

значително помал од оној од вработените во државниот сектор, како и незначителен процент на анкетирани коишто не се согласуваат со ова мислење. Анкетираната популација која е вработена во невладиниот сектор исто како и во другите два сектори се согласува со ставот, но карактеристичен е високиот процент од 22% од анкетираните кои не се согласуваат со ставот. Од анкетираните кои се не вработени 52.6% се согласуваат со ставот, 29.6% целосно се согласуваат, 17% немаат мислење и 0.7% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 31.2 | 45.5 | 18.2 | 5.2 | / |
| Среден | 29.9 | 54.7 | 11.6 | 2.8 | / |
| висок | 30.6 | 66.7 | / | 2.8 | / |

**Табела бр: 207 мислењето за македонската економија и стопанство изразено од страна на меѓународните економски институции, Светската Банка, Меѓународниот Монетарен фонд и Светската трговска организација е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија(според слоева припадност)**

Според слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот, испитаниците од нискиот општествен слој, поточно 45.5% се согласуваат со ставот, 31.2% целосно се согласуваат, 18.2% немаат мислење и 5.2% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од средниот општествен слој 54.7% се согласуваат со ставот, 29.9% целосно се согласуваат, 11.6% немаат мислење и 2.8% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од високиот општествен слој 66.7% се согласуваат со ставот, 30.6% целосно се согласуваат и 2.8% не се согласуваат со ставот. Мнозинството на анкетирани од трите општествени слоја сметаат дека мислењето за македонската економија и стопанство изразено од меѓународните економски организации Светската Банка, Меѓународниот Монетарен фонд и светската трговска организација (СТО) е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија.

Најголем процент на анкетирани, коишто немаат мислење како и на анкетирани кои не се согласуваат со ставот доаѓа од нискиот општествен слој. Процентот на анкетирани од средниот слој кои немаат мислење е значително помал отколку оној од анкетираните од нискиот општествен слој, како и кај

анкетираните кои не се согласуваат со ставот. Кај анкетираните од високиот општествен слој само незначителен процент не се согласува со посочениот став.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Pearson Correlation | -.065* | -.083** | -.106** | .645 | 519 | -542 |
| 1) | Sig. (2-tailed) | .040 | .009 | .001 | .234 | .534 | . 184 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 208 Коефициент на корелација**

**1)** Мислењето за македонската екномија и стопанство изразено од меѓународните економски организации Светската Банка , Меѓународниот монетарен фонд и светската трговска организација е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија

Од пресметаниот коефициент на корелација бележиме дека постои позитивен коефициент на корелација со независните варијабли: степен на завршено образование, сектор во кој се работи и слоева припадност. Може да констатираме дека степенот на завршено образование, секторот во кој се вработени анкетираните и нивната слоева припадност, влијаат на мислењето кое анкетираните го имаат по наведениот став.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.673 | 23.904 | 23.904 | 1.673 | 23.904 | 23.904 |
| 2 | 1.275 | 18.212 | 42.116 | 1.275 | 18.212 | 42.116 |
| 3 | 1.062 | 15.178 | 57.294 | 1.062 | 15.178 | 57.294 |
| 4 | .982 | 14.022 | 71.316 | | | |
| 5 | .753 | 10.761 | 82.077 | | | |
| 6 | .712 | 10.170 | 92.248 | | | |
| 7 | .543 | 7.752 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр 209 Факторска анализа**

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Светската Банка , Меѓународниот монетарен фонд и светската трговска организација е од особено зззначењеза привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија.

Од реализираната факторска анализа се забележува висок коефициент на варијанса отстапување, девијација за факторите: возраст, место на живеење,

етничка припадност и степен на завршено образование, додека за останатите фактори во анализата е пресметано ниско ниво на варијанса.

Во современото општество кое е одбележано со процесот на глобализација, несомнено е значењето и влијанието кое го поседуваат меѓународните организации, нивните официјални ставови како и политиката на земјата. Од реализираното емпириско истражување и од анализата на добиените резултати се констатира дека анкетираното население смета дека мислењето за македонската економија и стопанство изразено од меѓународните организации Светската Банка, Меѓународниот монетарен фонд и Светската трговска организација е од исклучително значење за привлекувањето на странските директни инвестиции во Република Македонија.

## 7.Меѓународните политички организации и нивните влијанија

### 7.1.Меѓународните политички организации и политиката на Република Македонија

Во ерата на глобалното општество, меѓународните организации заземаат значајно место во меѓународната политика и меѓународните односи. Интеграцијата на процесот на глобализација и прифаќањето на глобалните вредности го означи интензивирањето на потребата за зачленување на Република Македонија во поголем број на меѓународни организации со цел напредок на државата и општеството како и овозможување на одредени поволности на државата и бизнис заедницата. Меѓународните организации какви што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО играат значајна улога во глобалната политика и креирањето на односите во неа.

Последен став од сетот на ставови поврзани со меѓународните организации е: меѓународните организации како што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како за внатрешната така и за надворешната политика.

Наведениот став како и во претходните сегменти ќе биде анализиран преку социодемографски белези на анкетираните и нивниот социјален статус.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 40 | 50.2 | 8.4 | 1.4 | / |
| 31-45 | 39.8 | 54.3 | 4.2 | 1.2 | 0.5 |
| 46-65 | 38.9 | 56.2 | 3.3 | 1.6 | / |

**Табела бр:210 меѓународните организации какви што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како за внатрешната така и за надворешната политика (според возраст).**

Анализата за ставот ќе ја започнеме со добиените податоци за мислењето на анкетираните за ставот според возраста, каде што анкетираните на возраст од 18 до 30 години, 50.2% се согласуваат со ставот, 40% целосно се согласуваат, 8.4% немаат мислење, а 1.4% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 31 до 45 години, 54.3% се согласуваат со ставот, 4.2% немаат мислење, 1.2% не се согласуваат, и 0.5% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 46 до 65 години 56.2% се согласуваат со ставот, 3.3% немаат мислење и 1.6% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите возрасни групи сметаат дека меѓународните организации како што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како од внатрешната така и од надворешната политика.

Според возраста на анкетираните највисок процент кои немаат мислење по овој став, доаѓа од најмладата возрасна група, потоа следуваат анкетирани од 31 до 45 години и како група во која има најмал процент на анкетирани која нема мислење по ставот е највозрасната анкетирана група.

| Според етничка припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 39.8 | 52 | 6.6 | 1.3 | 0.3 |
| Албанци | 47.1 | 52.9 | / | / | / |
| Турци | 26.5 | 69.4 | / | 4.1 | / |
| Срби | 40 | 52.7 | 3.6 | 3.6 | / |
| Други | 72.7 | 27.3 | / | / | / |

**Табела бр:211 меѓународните организации какви што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како за внатрешната така и за надворешната политика (според етничка припадност).**

Според етничката припадност на анкетираните и мислењето за ставот, од анкетираните македонци 52% се согласуваат со ставот, 39.8% целосно се согласуваат, 6.6% немаат мислење, 1.3% не се согласуваат и 0.3% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните албанци 52.9% се согласуваат со ставот и 47.1% целосно се согласуваат со ставот. Од анкетираните турци 69.4% се согласуваат со ставот, 26.5% целосно се согласуваат и 4.1% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од српската етничка група, 52.7% се согласуваат со ставот, 40 % целосно се согласуваат, 3.6% немаат мислење, а ист процент не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од другите етнички групи 72.7% се согласуваат со ставот, а 27.3% целосно се согласуваат. Анкетираните од сите етнички групи сметаат дека меѓународните организации како Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како за внатрешната така и за надворешната политика.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 40.1 | 56 | 2.9 | 1 | / |
| Високо | 37.3 | 53.9 | 7 | 1.4 | 0.4 |
| м-р/д-р | 36.7 | 58.3 | 1.7 | 3.3 | / |

**Табела бр:212 меѓународните организации какви што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како за внатрешната така и за надворешната политика (според образование).**

Според завршеното образование и мислењето за ставот, од анкетираните кои имаат завршено средно образование, 56% се согласуваат со ставот, 40.1% целосно се согласуваат, 2.9% немаат мислење и 1% не се согласува со ставот. Од анкетираните со завршено високо образование 53.9% се согласуваат со ставот, 37.3% целосно се согласуваат, 7% немаат мислење, 1.4% не се согласуваат, а 0.4% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните магистри и доктори на науки, 58.3% целосно се согласуваат со ставот, 36.7% се согласуваат, 1.7% немаат мислење и 3.3% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите образовни групи сметаат дека меѓународните организации, како Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како од внатрешната така и од надворешната политика.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 37.8 | 52.4 | 7.2 | 2.2 | 0.4 |
| приватен | 39.8 | 57.7 | 2.5 | / | / |
| невладин | 40 | 48 | 8 | 4 | / |
| невработени | 45.2 | 49.6 | 3.7 | 1.5 | / |

**Табела бр:213 меѓународните организации какви што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како за внатрешната така и за надворешната политика (според сектор во кој се работи).**

Според секторот во кој се работи и мислењето за ставот, од анкетираните вработени во државниот сектор 52.4% се согласуваат со ставот, 37.8% целосно се согласуваат, 7.2% немаат мислење, 2.2% не се согласуваат и 0.4% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор 57.7% се согласуваат со ставот, 39.8% целосно се согласуваат, 2.5% немаат мислење. Од анкетираните вработени во невладиниот сектор 48% се согласуваат со ставот, 40% целосно се согласуваат, 8% немаат мислење и 4% не се согласуваат со ставот.

Анкетираните сметаат дека меѓународните организации како што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како за внатрешната така и за надворешната политика.

Од анализата се забележува одреден процент на анкетирани кои се вработени во државниот и невладиниот сектор, а кои немаат мислење за ставот, при што процентот на анкетирани кои немаат мислење е повисок отколку кај анкетираните вработени во приватниот сектор.

Од анкетираните кои се невработени, 49.6% се согласуваат со ставот, 45.2% целосно се согласуваат, 3.7% немаат мислење и 1.5% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 41.6 | 54.5 | 1.3 | 2.6 | / |
| Среден | 55.2 | 42.8 | / | 2 | / |
| висок | 52.8 | 38.9 | 2.8 | 5.6 | / |

**Табела бр:214 меѓународните организации какви што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како за внатрешната така и за надворешната политика (според слоева припадност).**

Според слоевата припадност на анкетираните и мислењето за ставот, кај анкетираните од нискиот општествен слој 54.5% се согласуваат со ставот, 41.6% целосно се согласуваат, 1.3% немаат мислење и 2.6% не се согласуваат со ставот.

Од анкетираните од средниот општествен слој 54.5% се согласуваат со ставот, 41.6% целосно се согласуваат, 1.3% немаат мислење, а 2.6% не се согласуваат со ставот.

Од анкетираните од богатиот општествен слој 52.8% целосно се согласуваат со ставот, 38.9% се согласуваат, 2.8% немаат мислење и 5.6% не се согласуваат со ставот.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1) | Pearson Correlation | -.021 | .429 | -.113 | .510 | .668* | .611 |
| | Sig. (2-tailed) | .509 | .357 | .931 | .748 | .032 | . 971 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

1) Меѓунардните организации како што се Обединетите нации , Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашаања како за внатрешната така и за надворешната политика
**Табела бр: 215 Коефициент на корелација**

Позитивен коефициент на корелација е пресметан за независните варијабли место на живеење, степен на завршено образование, во кој сектор работите и слоева припадност, со зависната варијабла меѓународните организации како што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуките по некои прашања како за внатрешната така и за надворешната политика.

Местото на живеење, степенот на завршено образование, во кој сектор работите и слоева припадност влијаат на мислењето на анкетираните по анализираниот став.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.671 | 23.868 | 23.868 | 1.671 | 23.868 | 23.868 |
| 2 | 1.240 | 17.715 | 41.583 | 1.240 | 17.715 | 41.583 |
| 3 | 1.056 | 15.079 | 56.662 | 1.056 | 15.079 | 56.662 |
| 4 | .995 | 14.217 | 70.879 | | | |
| 5 | .767 | 10.952 | 81.831 | | | |
| 6 | .726 | 10.372 | 92.203 | | | |
| 7 | | 7.797 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Меѓунардните организации како што се Обединетите нации , Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашаања како за внатрешната така и за надворешната политика

**Табела бр: 216 Факторска анализа**

Од спроведената факторска анализа и пресметаната варијанса за факторите вклучени во анализата, висока варијанса односно отстапување, девијација, се забележува кај следните фактори: возраст, место на живеење, етничка припадност и образование, додека за останатите фактори е пресметана ниска варијанса.

Во ерата на процесот на глобализација влијанието на меѓународните организации е огромно. Меѓународните политички организации играат значајни роли во меѓународната политика и меѓународните односи. Од спроведеното емпириско истражување може да констатираме дека: меѓународните организации како Обединетите Нации, НАТО и Европската Унија имаат влијание при носењето на одлуки по некои значајни прашања за надворешната политика.

Егзистирајќи во современата глобална општествено политичка и економска реалност забележуваме кое е значењето на меѓународните политички и економски организации како и релевантноста на нивната улога и мислење што го

даваат низ одредените заклучоци и извештаи. Овој сегмент на трудот е посветен на меѓународните политички и економски организации како и на нивното влијаение во Република Македонија. Реализиравме анализа на неколку ставови и тоа: поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата овозможуваат заживување на економијата и стопанството и отворање на нови работни места; Мислењето за македонската економија и стопанство изразено од меѓународните економски организации, Светската Банка, Меѓународниот Монетарен фонд и светската трговска организација (СТО) е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија; меѓународните организации какви што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како за внатрешната така и за надворешната политика. Мнозинството на анкетирани според наведени критериуми се сложува со посочените ставови.

| | | Поволните кредитни линии од С.Б. и од ММФ и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата овозможуваат зажив-ување на економијата и стопаннството и отворање на нови работни места | Мислењето за македонската економија и стопанство изразено од меѓународните економски организации С.Б , ММФ и СТО е од особено значење за привлекувањето на СДИ во РМ | Меѓунардните организации како што се ОН,ЕУ и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашаања како за внатрешната така и за надворешната политика |
|---|---|---|---|---|
| Поволните кредитни линии од С. Б. и ММФ и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата овозможуваат заживување на економијата и стопанството и отворање на нови работни места | Pearson Correlation | 1 | .506** | .183* |
| | Sig. (2-tailed) | | 000 | 000 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 |
| Мислењето за македонската економија и стопанство изразено од меѓународните економски организации СБ,ММФ и СТО е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република | Pearson Correlation | .506** | 1 | .301 |
| | Sig. (2-tailed) | 000 | | 000 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Македонија | | | | |
| Меѓунардните организации како што се ОН,ЕУ и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашаања како за внатрешната така и за надворешната политика | Pearson Correlation | .183* | .301 | 1 |
| | Sig. (2-tailed) | 000 | 000 | |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр: 217 Коефициент на корелација**

Позитивен коефициент на корелација е пресметан помеѓу варијаблите поволните кредитни линии од Светската Банка и од Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата, овозможуваат заживување на економијата и стопанството и отворање на нови работни места и мислењето за македонската екномија и стопанство, изразено од меѓународните економски организации, Светската Банка, Меѓународниот монетарен фонд и светската трговска организација, е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија, што укажува дека постои поврзаност помеѓу двете појави. За третиот став од анализата пресметан е слаб позитивен коефициент на корелација што укажува на слаба поврзаност помеѓу истите.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.680 | 56.016 | 56.016 | 1.680 | 56.016 | 56.016 |
| 2 | .843 | 28.100 | 84.116 | | | |
| 3 | .477 | 15.884 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

**Табела бр: 218 Факторска анализа**

За првиот фактор од анализата пресметан е висок коефициент на варијанса односно девијација, отстапување. Мислењето за македонската економија и стопанство изразено од меѓународните економски организации, Светската Банка, Меѓународниот монетарен фонд и светската трговска организација е од особено значење за привлекувањето на странски директни инвестиции во Република

Македонија, што укажува дека постои поврзаност. Помеѓу двете појави пресметан е исто така висок коефициент на варијанса но значително понизок во однос на првиот фактор од анализата, додека за третиот фактор: Меѓунардните организации како што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО имаат влијание при носењето на одлуки по некои прашања како за внатрешната така и за надворешната политика, пресметано е пониско ниво на варијанса.

Преку реализираната анализа на добиените податоци од емпириското истражување се потврди првата посебна хипотеза на истражувањето, имено: Светската Банка и ММФ влијаат на развојот на македонската економија, а со тоа и на стапката на вработеност во македонското општество.

Значи можеме да констатираме дека мислењето на меѓународните економски организации за македонската економија, влијае на привлекувањето на странски директни инвестиции во Република Македонија.

## 8.Странските директни инвестиции во Република Македонија

### 8.1.Странските директни инвестиции и пазарот на трудот

Постсоцијалистичките општества со интегрирањето на процесот на глобализација, а со тоа и на глобалните вредности, донесоа промени во пожелните општествени вредности во македонското општество, промени кои се круцијални во секоја општествена сфера за нормално функционирање. Со промената на општествениот систем на почетокот на деведесетите години на XX-век, како и со процесот на општествената транзиција, се промени општествениот систем, во кој контекст беа неминовни не само менувањето на општествениот систем, од социјалистички во капиталистички, туку значеше и преземање на сериозна активност во поглед на реализација на процесот на приватизација на општествените претпријатија. Процесот на транзиција означи период на пад на животниот стандард на населението, предизвикан пред сè од високата стапката на невработеност, со што се отворија низа прашања, не само од економска туку и од социјална природа, а за кои сеуште се трага по соодветни одговори. Интегрирањето на глобалните вредности значи прифаќање на западниот систем

на вредности, за кои доминантни се секако зголемувањето на капиталот, желбата за богатство, моќ и престиж пред сè на елитното и моќно население.

Постсоцијалистичките земји во желбата да се приближат со својот економски развој до високо развиените западни земји како и во обидот да се намалат факторите кои водат до социјална исклученост, се вклучуваат во своевиден натпревар, преземајќи низа на мерки, со кои би се создале можности за полесно привлекување на странски директни инвестиции. Република Македонија е земја која со своите активности во последните пет-шест години привлече странски директни инвестиции, преку сите можни форми за презентација на можностите и условите кои ги дава Република Македонија.

Во овој дел од трудот преку податоците добиени од емпириското истражување, ќе ги анализираме добиените податоци за првиот став од сетот, поврзан со странските директни инвестиции во Република Македонија: Странските инвеститори отвораат нови работни места, но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста.

Ставот ќе биде анализиран преку социодемографските белези на анкетираните и нивниот социјален статус.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 42.1 | 48.4 | 6.7 | 2.5 | 0.4 |
| 31-45 | 42.5 | 53.5 | 2.4 | 1.5 | / |
| 46-65 | 44.1 | 50 | 3.3 | 2.6 | / |

**Табела бр:219 Странските инвеститори отвораат нови работни места, но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста(според возраст)**

Анализата на мислењето за ставот ќе ја започнеме според возраста на анкетираните, при што бележиме дека 48.4% од најмладата анкетирана група се согласува со ставот, 42.1% целосно се согласува, 6.7% немаат мислење, 2.5% не се согласува и 0.4% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните од втората возрасна група 53.5% се согласуваат со ставот, 42.5% целосно се согласуваат, 2.4% немаат мислење и 1.5% не се согласуваат со ставот. Од највозрасната анкетирана група, 50% се согласуваат со ставот, 44.1% целосно се

согласуваат, 3.3% немаат мислење додека 2.6% не се согласуваат со ставот. Мнозинството на анкетирани независно од возраста смета дека странските директни инвестиции отвораат нови работни места, но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста.

Од добиените податоци можеме да забележиме дека најголем процент на анкетирани кои немаат мислење по ставот, доаѓаат од најмладата анкетирана група, што пред сè се должи на своевидната неинформираност на истата за наведениве актуелни прашања. Во овој контекст, мал дел од најмладата анкетирана група не се согласува со тоа дека странските директни инвестиции отвораат нови работни места, но тие не се доволни за целосно решавање на проблемот со невработеноста. Кај анкетираните на возраст од 31 до 45 години, само мал процент немаат мислење по ова прашање, или пак не се согласуваат со ставот. Истото се случува и со анкетираните од највозрасната група, каде што сосема мал е процентот на анкетирани што немаат мислење, или имаат негативно мислење по ставот.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 39.5 | 55.2 | 2.9 | 2.1 | 0.3 |
| Високо | 44.1 | 48.7 | 4.8 | 2.3 | / |
| м-р/д-р | 52.3 | 45 | 1.7 | / | / |

**Табела бр:220 Странските инвеститори отвораат нови работни места, но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста(според образование)**

Следниот критериум во анализа на мислењето на анкетираните по ставот е според завршеното образование. Во оваа смисла, од анкетираните кои имаат завршено средно образование, 55.2% се согласуваат со ставот, 39.5% целосно се согласуваат, 2.9% немаат мислење, 2.1% не се согласуваат, а 0.3% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со завршено високо образование 48.7% се согласуваат со ставот, 44.1% целосно се согласуваат, 4.8% немаат мислење и 2.3% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните магистри и доктори на науки 53.3% целосно се согласуваат со ставот, 45% се согласуваат и 1.7% немаат мислење. Анкетираните од трите образовни групи во основа сметаат дека странските директни инвестиции отвораат нови работни места, но истите се

недоволни за решавање на проблемот со невработеноста. Мал дел од анкетираните со завршено средно образование немаат мислење за ставот, или не се согласуваат со него. Кај анкетираните со завршено високо образование се забележува дека мал дел од анкетираните немаат мислење и не се согласуваат со ставот. Минимален процент од магистрите и докторите на науки немаат мислење по ставот.

Највисок процент на анкетирани кои немаат мислење и не се согласуваат со ставот бележиме кај анкетираните со завршено високо образование.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 45.9 | 49.3 | 3.5 | 1.3 | / |
| приватен | 39.5 | 53.2 | 5 | 2.2 | / |
| невладин | 62 | 30 | 2 | 4 | 2 |
| невработени | 34.8 | 58.5 | 3 | 3.7 | / |

**Табела бр:221 Странските инвеститори отвораат нови работни места, но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста(според сектор во кој се работи)**

Според секторот во кој работат анкетираните, и мислењето за ставот, од анкетираните вработени во државниот сектор 49.3% се согласуваат со ставот, 45.9% целосно се согласуваат, 3.5% немаат мислење и 1.3% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од приватниот сектор 53.2% се согласуваат со ставот, 39.5% целосно се согласуваат, 5% немаат мислење и 2.2% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од невладиниот сектор 62% целосно се согласуваат со ставот, 30% се согласуваат, 2% немаат мислење, 4% не се согласуваат и 2% воопшто не се согласуваат со ставот.

Анкетираните сметаат дека странските директни инвестиции отвораат нови работни места, но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста. Мал процент од анкетираните, вработени во сите сектори немаат мислење или не се согласуваат со ставот.

Од анкетираните кои се не вработени 58.5% се согласуваат со ставот, 34.8% целосно се согласуваат, 3% немаат мислење и 3.7% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 40.3 | 55.8 | 3.9 | / | / |
| Среден | 42.1 | 51.6 | 4.1 | 2.1 | 0.1 |
| висок | 69.4 | 25 | / | 5.6 | / |

**Табела бр:222 Странските инвеститори отвораат нови работни места, но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста(според слоева припадност)**

Според слоевата припадност, анкетираните од нискиот општествен слој, 55.8% се согласуваат со ставот, 40.3% целосно се согласуваат, 3.9% немаат мислење. Од анкетираните од средниот општествен слој 51.6% се согласуваат со ставот, 42.1% целосно се согласуваат, 4.1% немаат мислење, 2.1% не се согласуваат и 0.1% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од високиот општествен слој, 69.4% целосно се согласуваат со ставот, 25% се согласуваат и 5.6% не се согласуваат со ставот. Мал е процентот на анкетирани од сите општествени слоеви кои немаат мислење по ова прашање, или пак не се сложуваат со ставот.

| | | возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Странските инвеститори отвораат нови работни места , но тие не се доволни за решавње на проблемот со невработеноста | Pearson Correlation | --.035** | -.042 | .515 | .655 | .667* | .532 |
| | Sig. (2-tailed) | .272 | .182 | .636 | .085 | .033 | .309 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 223 Коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефициент на корелација забележуваме дека позитивен коефициент на корелација е пресметан за независните варијабли: етничка припадност, степен на завршено образование, во кој сектор работите и слоева припадност, со зависната варијабла, странските директни инвеститори отвораат нови работни места но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста. Степенот на завршено образование на анкетираниот, секторот во кој тој работи и неговата слоева припадност влијаат на мислењето кое анкетираниот го има по наведениот став.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.678 | 23.969 | 23.969 | 1.678 | 23.969 | 23.969 |
| 2 | 1.245 | 17.790 | 41.759 | 1.245 | 17.790 | 41.759 |
| 3 | 1.051 | 15.008 | 56.767 | 1.051 | 15.008 | 56.767 |
| 4 | .990 | 14.141 | 70.908 | | | |
| 5 | .765 | 10.933 | 81.842 | | | |
| 6 | .722 | 10.314 | 92.156 | | | |
| 7 | .549 | 7.844 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Странските инвеститори отвораат нови работни места , но тие не се доволни за решавње на проблемот со невработеноста

**Табела бр 224 Факторска анализа**

Од реализираната факторска анализа и пресметаната варијанса за факторите кои беа вклучени во анализата, висок коефициент на варијанса е пресметан за факторите: возраст, место на живееење, етничка припадност и степен на завршено образование, што значи дека овие фактори имаат значајно отстапување, девијација, а за останатите фактори во анализата пресметано е ниско ниво на варијанса.

Промените кои настанаа во целокупното општество значеа и промена во приоритетите и фокусот кој се има за напредокот на општеството на поширок план. Општествените промени кои настанаа на почетокот на деведесетите години во голема мера го креираа проблемот со зголемената стапка на невработеност, а за кој сеуште не е најдено соодветното решение.

Напливот на странски директни инвестиции во македонското општество е поизразен во последните години во кои имаме продор на голем број на инвестиции кои ги прават првите чекори на раздвижување на македонската економија.

Од спроведеното истражување како и од анализата на добиените резултати забележуваме дека мнозинството од анкетираните го поддржуваат ставот во анкетата.

## 8.2.Странските директни инвестиици и бруто домашниот прозивод

Непроценливо е значењето кое го имаат странските директни инвестиции за раздвижување на економијата и стопанството. Истите дополнително го стимулираат не само зголемувањето на производството туку и трговијата и продажбата на производите и услугите како на сопственото производство, така и на оние кои се директно или индиректно поврзани со инвестициите. Во овој контекст било каков влез на странски директни инвестиции, претставува дополнителен мотив за афирмирање на низа долгорочни проекти на национален план.

Секоја странска инвестиција во македонската економија и стопанство со отпочнувањето на функционирањето на компаниите и нивните производства влијаат на подигнување на бруто домашниот производ.

Во овој дел го анализираме ставот во анкетата поврзан со странските инвестиции, при што истиот ќе биде анализиран низ повеќе сегменти: возраста, образованието, секторот во кој се работи, слоевата припадност на анкетираните како и со помош на коефициентот на корелација и факторската анализа.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 22.8 | 54.4 | 13.7 | 7.4 | 1.8 |
| 31-45 | 32 | 42.3 | 13.4 | 10.8 | 1.5 |
| 46-65 | 34.6 | 39.5 | 14.1 | 10.5 | 1.3 |

**Табела бр:225 Странските директни инвестиици и бруто домашниот прозивод (според возраст)**

Според возраста на анкетираните и мислењето кое го имаат за ставот, од анкетираните од 18 до 30 годишна возраст, 54.4% се согласуваат со ставот, 22.8% целосно се согласуват, 13.7% немаат мислење, 7.4% не се согласува, 1.8% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните на возраст од 31 до 45 години, 42.3% се согласуваат со ставот, 32% целосно се согласуваат, 13.4% немаат мислење, 10.8% не се согласуваат, 1.5% воопшто не се согласуваат со ставот.

Од анкетираните на возраст од 46 до 65 години, 39.5% се согласуваат со ставот, 34.6% целосно се согласуваат, 14.1% немаат мислење, 10.5% не се согласуваат, а 1.3% воопшто не се согласува со ставот. Анкетираните сметаат дека странските директни инвестиции го подигнуваат бруто домашниот производ.

Мнозинството од анкетираното население од трите возрасни групи мислат дека странските директни инвестиции го подигнуваат бруто домашниот производ. Од анкетираните од сите групи забележуваме одреден процент на население кое нема мислење по ова прашање, кое се должи на фактот на незаинтересираноста на оваа група за прашањето поврзано со ставот. Одреден процент од анкетираните од сите три возрасни групи не се согласуваат со тоа дека СДИ го подигнуваат бруто домашниот производ. Негативниот став кон ефектот на СДИ доаѓа од два фактори имено, негативното мислење за ефектите на глобализацијата, како и сомничавоста кон странските инвестиции и нивните ефекти за домашната економија и бруто домашниот производ.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 29.1 | 48.7 | 12.3 | 9.4 | 0.5 |
| Високо | 31 | 41.2 | 15.8 | 9.7 | 2.3 |
| м-р/д-р | 30 | 55 | 3.3 | 11.7 | / |

**Табела бр:226 Странските директни инвестиции и бруто домашниот прозивод (според образование)**

Според степенот на завршено образование и мислењето за ставот, 48.7% од анкетираните со завршено средно образование се согласуваат со ставот, 29.1% целосно се согласуваат, 12.3% немаат мислење, 9.4% не се согласуваат и 0.5% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните со завршено високо образование 41.2% се согласуваат со ставот, 31% целосно се согласуваат, 15.8% немаат мислење, 9.7% не се согласуваат, додека 2.3% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните магистри и доктори на науки 55% се согласуваат со ставот, 30% целосно се согласуваат, 3.3% немаат мислење и 11.7% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите образовни групи сметаат дека странските директни инвестиции го подигнуваат бруто домашниот производ.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 29.7 | 40.8 | 11.1 | 2.2 | / |
| приватен | 33.3 | 47.3 | 10.9 | 7.3 | 1.1 |
| невладин | 30 | 42 | 10 | 16 | 2 |
| невработени | 23.7 | 53.3 | 14.1 | 8.9 | / |

**Табела бр:227 Странските директни инвестиици и бруто домашниот прозивод (според сектор во кој се работи)**

Од анкетираните вработени во државниот сектор, 40.8% се согласуваат со ставот, 29.7% целосно се согласуваат, 16.2% немаат мислење, 11.1% не се согласуваат и 2.2% воопшто не се согласуват со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор, 47.3% се согласуваат со ставот, 33.3% целосно се согласуваат 10.9% немаат мислење, 7.3% не се согласуваат и 1.1% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните од невладиниот сектор 42% се согласуваат со ставот, 30% целосно се согласуваат, 10% немаат мислење, 16% не се согласуваат и 2% воопшто не се согласуват со ставот. Анкетираните сметаат дека странските директни инвестиции го подигнуваат бруто домашниот производ.

Кај анкетираните од државниот сектор се забележува дека одреден процент немаат мислење по ова прашање. И овој процент е највисок од сите три сектори во кои се анкетираше. По нив следат анкетираните кои се вработени во приватниот сектор, а најмал процент од анкетирани кои немаат мислење се од невладиниот сектор. Најголем процент на анкетирани кои не се согласуваат со ставот, забележан е кај анкетирани вработени во невладиниот сектор, по што следуваат вработените во државниот и во приватниот сектор.

Од анкетираните кои се невработени 53.3% се согласуваат со ставот, 23.7% целосно се согласуваат, 14.1% немаат мислење и 8.9% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 22.1 | 51.9 | 10.4 | 15.6 | / |
| Среден | 30.9 | 44.1 | 14.5 | 8.8 | 1.7 |
| висок | 30.6 | 50 | / | 19.4 | / |

**Табела бр:228 Странските директни инвестиици и бруто домашниот прозивод (според слоева припадност)**

Според слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење за ставот, 51.9% од анкетираните од нискиот општествен слој се согласуваат со ставот, 10.4% немаат мислење, 15.6% не се согласуваат со ставот.

Од анкетираните од средниот општествен слој 44.1% се согласуваат со ставот, 14.5% немаат мислење, 8.8% не се согласуваат и 1.7% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од високиот општествен слој 50% се согласуваат со ставот, 30.6% целосно се согласуваат и 19.4% не се согласуваат со ставот. Дел од анкетираните од трите општествени слоеви немаат мислење за прашањето дали странските директни инвестиции влијаат на бруто домашниот производ, како и дел кои не се согласуваат со тоа дека странските директни инвестиции го подигаат бруто домашниот производ.

Највисок процент на оние кои немаат мислење, припаѓаат на средниот општествен слој, потоа следува нискиот, додека од високиот општествен слој нема анкетирани кои се изјасниле дека немаат мислење за ова прашање. Највисок процент на оние кои не се согласуваат со ставот доаѓа од припападниците на високиот општествен слој, потоа следат од нискиот, и најмал дел од анкетираните од средниот општествен слој.

| | | возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Странксите директни инвестиции го подигаат бруто домашнииот производ | Pearson Correlation | -.026 | -.069* | -.024 | .514 | -.029 | -.027 |
| | Sig. (2-tailed) | .421 | .030 | .454 | .664 | .359 | .385 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр 229 Коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефицент на корелација може да се констатира дека е пресметана позитивна вредност за независната варијабла степен на завршено образование и за зависната, странските директни инвестиции го подигаат бруто домашниот производ.

Од пресметаниот коефициент на корелација произлегува дека степенот на завршено образование влијае на мислењето на анкетираните за тоа дека странските директни инвестиции го подигаат бруто домашнииот производ.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.672 | 23.885 | 23.885 | 1.672 | 23.885 | 23.885 |
| 2 | 1.238 | 17.689 | 41.574 | 1.238 | 17.689 | 41.574 |
| 3 | 1.053 | 15.036 | 56.610 | 1.053 | 15.036 | 56.610 |
| 4 | 1.005 | 14.357 | 70.967 | 1.005 | 14.357 | 70.967 |
| 5 | .755 | 10.785 | 81.752 | | | |
| 6 | .733 | 10.470 | 92.223 | | | |
| 7 | .544 | 7.777 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Странксите директни инвестиции го подигаат бруто домашниiот производ

**Табела бр 230 Факторска анализа**

Од реализирната факторска анализа се забележува дека вредноста на варијансата е висока односно имаме високо ниво на отстапување, девијација кај факторите: возраст, место на живеење, етничка припадност и образование, додека ниска вредност на варијанса со незначително отстапување бележиме кај останатите фактори од анализата.

Напредокот на едно општество е во директна спрега со неговата економска кондиција од која во голема мера зависи неговата еволуција. За земјите во развој каква што е нашата во голема мера напредокот на домашната економија и стопанство зависат и од нивото на странски директни инвестиции во неа. Секоја успешна инвестиција претставува поттик за нови инвестиции од постоечките инвеститори, истовремено претставувајќи своевиден магнет за нови инвеститори. Анализирајќи ги добиените податоци од емпирискиот дел од трудот може да се констатира дека мнозинството од анкетираните сметаат дека странските директни инвестиции го подигаат бруто домашниот производ.

## 8.3.Странските инвестиции и економијата во Република Македонија

Странските директни инвестиции се своевиден двигател на економијата на постсоцијалистичките општества. Истите претставуваат поттикнувач на економскиот и стопанскиот развој и се најдобрата можна препорака за новите инвеститори кои треба да влезат во земјата. Имајќи ја во вид неопходноста од влез на странски инвестиции во Република Македонија, сите државни и владини функционери па и индивидуалци кои се инволвирани во менаџирањето, вклучени се во проектот привлекување на странските директни инвестиции. Во оваа смисла секако дека свој придонес има и постојната инфраструктура како и добро опремените индустриски зони и поволните законски регулативи за отворање на нов бизнис. Во делот што следува ќе го анализираме третиот сет на ставови поврзан со странските директни инвестиции во Република Македонија, имено ставот: странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија. Добиените податоци за ставот од реализираната анкета ги анализираме според возраста, местото на живеење, образованието, секторот во кој се работи, слоевата припадност на анкетираните како и со пресметаниот коефициент на корелација и факторска анализа за ставот.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 26.3 | 55.1 | 12.6 | 4.2 | 1.8 |
| 31-45 | 51.6 | 30.6 | 9.5 | 7.3 | 1 |
| 46-65 | 34.3 | 52 | 6.9 | 5.9 | 1 |

**Табела бр:231 странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија (според возраст)**

Според возраста на анкетираните и мислењето за ставот, од анкетираните на возраст од 18 до 30 години, 55.1% се согласуваат со ставот, 26.3% целосно се согласуваат, 12.6% немаат мислење, 4.2% не се согласуваат со ставот и 1.8% воопшто не се согласуваат. Од анкетираните на возраст од 31 до 45 години 51.6% целосно се согласуваат со ставот, 30.6% се согласуваат, 9.5% немаат мислење, 7.3% не се согласуваат и 1% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните

на возраст од 46 до 65 години, 52% се согласуваат со ставот, 34.3% целосно се согласуваат, 6.9% немаат мислење, 5.9% не се согласуваат и 1% воопшто не се согласуваат со ставот. Мнозинството на анкетираните независно од возраста сметаат дека странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија.

Според возраста најголем процент на анкетирани кои немаат мислење припаѓа на најмладата возрасна група, а по неа следуваат анкетираните од 31 до 45 годишна возраст и највозрасната анкетирана група. Од оние кои не се согласуваат со тоа дека странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија најголем процент бележиме кај анкетираните од 31 до 45 годишна возраст, а по нив следуваат највозрасната и најмладата анкетирана група.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 57.6 | 27.2 | 8.1 | 6.5 | 0.5 |
| Високо | 33.3 | 49.6 | 11.1 | 5.2 | 1.8 |
| м-р/д-р | 35 | 50 | 5 | 10 | / |

**Табела бр:232 странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија (според образование)**

Според образованието на анкетираните и мислењето за ставот, од анкетираните со завршено средно образование, 57.6% целосно се согласуваат со ставот, 27.2% се согласуваат, 8.1% немаат мислење, 6.5% не се согласуваат и 0.5% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните кои имаат завршено високо образование 49.6% се согласуваат со ставот, 11.1% немаат мислење, 5.2% не се согласуваат и 1.8% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните магистри и доктори на науки 50% се согласуваат со ставот, 35% целосно се согласуваат, 5% немаат мислење и 10% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите образовни групи смеатат дека странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија. Највисок процент на оние кои немаат мислење за тоа дали странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија бележиме кај анкетираните со завршено високо образование, потоа следуваат анкетираните со

средно образование, а најмал е процентот на анкетирани магистри и доктори на науки кои немаат свој став.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 29.7 | 40.8 | 11.1 | 2.2 | / |
| Приватен | 33.3 | 47.3 | 10.9 | 7.3 | 1.1 |
| невладин | 30 | 42 | 10 | 16 | 2 |
| Невработени | 23.7 | 53.3 | 14.1 | 8.9 | / |

**Табела бр:233 странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија (според секторот во кој се работи)**

Според секторот во кој се вработени анкетираните, и мислењето за ставот, анкетираните вработени во државниот сектор 52% се согласуваат со ставот, 29% целосно се согласуваат, 12.4% немаат мислење, 5% не се согласуваат и 1.5% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор 54.6% се согласуваат со ставот, 34.2% целосно се согласуваат, 4.8% немаат мислење, 5% не се согласуваат и 1.4% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во невладиниот сектор 48% се согласуваат со ставот, 32% целосно се согласуваат, 4% немаат мислење и 16% не се согласуваат со ставот. Анкетираните сметаат дека Странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија. Од анкетираните кои се невработени 51.9% се согласуваат со ставот, 25.2% целосно се согласуваат,14.8% немаат мислење и 8.1% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 26 | 55.8 | 5.2 | 13 | / |
| Среден | 30.8 | 52.3 | 10.1 | 5.4 | 1.4 |
| висок | 33.3 | 55.6 | 5.6 | 5.6 | / |

**Табела бр:234 странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија (според слоевата припадност)**

Според слоевата припадност на анкетираните и мислењето за ставот, од анкетираните од нискиот општествен слој 55.8% се согласуваат со ставот, 26% целосно се согласуваат, 5.2% немаат мислење и 13% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од средниот општествен слој 52.3% се согласуваат со ставот, 30.8% целосно се согласуваат, 10.1% немаат мислење, 5.4% не се согласуваат и 1.4% воопшто не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетираните од

богатиот општествен слој, поточно 55.6% се согласуваат со ставот, 33.3% целосно се согласуваат, 5.6% немаат мислење и ист процент на анкетирани, не се согласува со ставот.

Мнозинството на анкетираните од трите слоја сметаат дека странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија.

Најголем процент на анкетирани кои што немаат мислење за ова прашање бележиме кај анкетираните од средниот општествен слој, а по нив следуваат анкетираните кои припаѓаат на високиот општествен слој. Најмал процент на анкетирани кои немаат мислење припаѓаат на нискиот општествен слој.

Од оние кои не се согласуваат со ставот најголем процент доаѓаат од нискиот потоа следуваат анкетираните од високиот и анкетираните од средниот општествен слој .

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Странксите директни инвестиции ја потикнуваат економијата во Република Македонија | Pearson Correlation | -.057 | -.122** | -.068* | -.012 | .522 | .642 |
| | Sig. (2-tailed) | .071 | .000 | .032 | .703 | .478 | .182 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр: 235Коефициент на корелација**

Од пресметаниот коефициент на корелација позитивна вредност е пресметана за независните варијабли во кој сектор работите и за слоевата припадност.

Оттука произлегува дека секторот во кој работат анкетираните и нивната слоева припадност влијае на мислењето по наведениот став.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.670 | 23.864 | 23.864 | 1.670 | 23.864 | 23.864 |
| 2 | 1.287 | 18.388 | 42.252 | 1.287 | 18.388 | 42.252 |
| 3 | 1.065 | 15.214 | 57.466 | 1.065 | 15.214 | 57.466 |
| 4 | .958 | 13.684 | 71.151 | | | |
| 5 | .747 | 10.669 | 81.820 | | | |
| 6 | .731 | 10.445 | 92.265 | | | |
| 7 | .541 | 7.735 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Странксите директни инвестиции ја потикнуваат економијата во Република Македонија
**Табела бр: 236 Факторска анализа**

Од реализираната факторска анализа висок коефициент на варијанса девијација се забележува за факторите: возраст, место на живеење, етничка припадност, степен на завршено образование. Овие фактори имаат високо ниво на отстапување девијација. За останатите фактори од анализата пресметана е ниска вредност на варијанса, отстапување.

Еволуцијата на економијата и стопанството на земјите во развој се поврзани во голема мера и со присутноста на странските инвеститори и нивниот капитал, како еден од чинителите кои ја поттикнуваат домашната економија. Од анализата на добиените резултати од емпириското истражување може да се заклучи дека мнозинството анкетирани мислат дека странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија. Почетокот на инетегрирањето на процесот на глобализација во македонското општество значеше темелни промени во секоја општествена сфера, меѓу кои и во сферата на економијата и стопанството. Промените во економијата и стопанството настанаа во периодот на транзиција, поточно со трансформација на претпријатијата од државна во приватна сопственост. Во последните пет шест години бележиме зголемена анктивност на владата на Република Македонија за привлекување на

странски директни инвестиции во земјата, преку создавање на поволни услови за новите инвеститори, олеснатата процедура за отворање на фирми и слично.

Сетот на прашања и ставови поврзан со странските директни инвестиции ќе го анализираме преку ставовите: Странските инвеститори отвораат нови работни места, но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста; странските директни инвестиции го подигаат бруто домашниот производ и странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија. Од пресметаниот коефициент на корелација како и реализираната факторска анализа ќе ги потврдиме досега добиените резултати. Од анализата на добиените резултати за првиот став, анкетираните според сите користени критериуми од анализата сметаат дека странските директни инвестиции ја подобруваат ситуацијата со вработеноста во Република Македонија, но дека сеуште не успеваат целосно да го решат проблемот со невработеноста во македонското општество. Според критериумите кои се користат во анализата, за вториот став се забележува дека анкетираните се на мислење дека странските директни инвестиции го подигаат бруто домашниот производ во Република Македонија.

| | | Странските инвеститори отвораат нови работни места ,но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста | Странските директни инвестиции го подигнуваат бруто домашниот производ | Странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија |
|---|---|---|---|---|
| Странските инвеститори отвораат нови работни места ,но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста | Pearson Correlation | 1 | .192** | .067* |
| | Sig. (2-tailed) | | .000 | .033 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 |
| Странските директни инвестиции го подигнуваат бруто домашниот производ | Pearson Correlation | .192** | 1 | .596** |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | | .000 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 |
| Странските директни инвестиции ја потикнуваат економијата во Република Македонија | Pearson Correlation | .067* | .596** | 1 |
| | Sig. (2-tailed) | .033 | .000 | |

**Табела бр:237 Коефициент на корелација**

Анализирајќи ги податоците добиени од пресметаниот коефициент на корелација се забележува дека во сите три случаи пресметан е позитивен коефициент на корелација, што значи дека постои врска помеѓу појавите односно поврзаност помеѓу варијаблите. Воедно постои силна позитивна поврзаност помеѓу ставовите Странските директни инвестиции го подигнуваат бруто домашниот производ и Странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија, што укажува на поврзаноста помеѓу овие две појави.

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.649 | 54.955 | 54.955 | 1.649 | 54.955 | 54.955 |
| 2 | .961 | 32.035 | 86.990 | | | |
| 3 | .390 | 13.010 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1)Странските инвеститори отвораат нови работни места ,но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста;2)Странските директни инвестиции го подигнуваат бруто домашниот производ;3)Странските директни инвестиции ја потикнуваат економијата во Република Македонија

**Табела бр: 238 Факторска анализа**

Од реализираната факторска анализа за трите фактори, кај дел од оваа анализа може да се забележи висока вредност на варијанса, стандардна девијација за факторите: Странските инвеститори отвораат нови работни места, но тие не се доволни за решавање на проблемот со невработеноста, и за Странските директни инвестиции го подигнуваат бруто домашниот производ, додека за Странските директни инвестиции ја поттикнуваат економијата во Република Македонија измерен е низок коефициент на корелација .

Од реализираната анализа на добиените податоци можеме да заклучиме дека се потврди трета посебна цел, имено да се утврди влијанието на странските инвестиции врз стапката на вработеност во македонското општество. Односно се потврдија и посебните хипотези: Странските директни инвестиции влијаат на намалување на стапката невработеност во Република Македонија; Странските директни инвестиции ја поттикнуваат домашната економија и влијаат на порастот на бруто домашниот производ на Република Македонија.

## 8.4.Мултинационалните и транснационалните корпорации и економските процеси на глобализацијата

Влијанието на процесот на глобализација е големо во секој општествена сфера, но најголем интензитет и внимание се посветува на прашањата поврзани со економијата, стопаснтвото, пазарот на трудот и меѓународниот пазар. Прашањата поврзани со социо-економските и економските прашања и глобализацијата, будат континуиран интерес не само во научните кругови туку и меѓу поширокатa општествена јавност. Во овој сегмент го анализираме ставот: **Мултинационалните и транснационални компании влијаат врз економските процеси на глобализација**. Податоците за ставот ги анализираме од аспект на: возраста на анкетираните, местото на живеење, етничката припадност, степенот на завршено образование, секторот во кој се работи, слоевата припадност на анкетираните како и со помош на пресметаниот коефициент на корелација и факторската анализа.

| Возраст | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 18-30 | 32.6 | 52.3 | 11.6 | 2.8 | 0.7 |
| 31-45 | 43.5 | 46.2 | 6.4 | 3.4 | 0.5 |
| 46-65 | 37.9 | 56.5 | 5.6 | / | / |

**Табела бр:239 Мултинационални и транснационални компании влијаат врз економските процеси на глобализација(според возраст).**

Анализата на ставот ќе ја започнеме според возраста на анкетираните и нивното мислење за ставот. Од анкетираните на возраст од 18 до 30 години, 52.3% се согласуваат со ставот, 32.6% целосно се согласуваат, 11.6% немаат мислење, 2.8% не се согласуваат и 0.7% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 31 до 45 години, 46.2% се согласуваат со ставот, 43.5% целосно се согласуваат, 6.4% немаат мислење, 3.4% не се согласуваат и 0.5% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните на возраст од 46 до 65 години, 56.5% се согласуваат со ставот, 37.9% целосно се согласуваат и 5.6% немаат мислење. Анкетираните од трите возрасни групи сметаат дека: мултинационалните и транснационалните компании влијаат врз економските процеси на глобализација.

Значаен е процентот од најмладата анкетирана група која незнае и која не е информирана за влијанието на мултиналционалните и транснационалните корпорации, и како истите влијаат врз економските процеси на глобализацијата. Незначителен дел од анкетираните на оваа возрасна група, не се согласува со ставот. Од следната возрасна категорија помал е процентот на анкетирани кои немаат мислење, како и дел кој не се согласува со ставот. Карактеристично е што кај анкетираните од највозрасната група најмал е процентот на анкетирани кои немаат мислење по ставот.

| Завршено образование | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 38.5 | 53.7 | 6.5 | 0.8 | 0.5 |
| Високо | 38.2 | 50.4 | 7.9 | 3.2 | 0.4 |
| м-р/д-р | 52 | 41.7 | 4.7 | 1.7 | / |

**Табела бр:240 Мултинационални и транснационални компании влијаат врз економските процеси на глобализација(според образование).**

Може да забележиме дека според образованието на анкетираните и мислењето за ставот, 53.7% од анкетираните со завршено средно образование се согласуваат со ставот, 38.5% целосно се согласуваат, 6.5% немаат мислење, 0.8% не се согласуваат, а 0.5% воопшто не се согласува со ставот. Од анкетираните со високо образование 50.4% се согласуваат со ставот, 38.2% целосно се согласуваат, 7.9% немаат мислење, 3.2% не се согласуваат и 0.4% воопшто не се согласуваат со ставот. Мнозинството од анкетирани магистри и доктори на науки, поточно 52% целосно се согласуваат со ставот, 41.7% се согласуваат, 4.7% немаат мислење и 1.7% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од сите образовни групи сметаат дека: мултинационалните и транснационалните компании влијаат врз економските процеси на глобализација.

Одреден процент од анкетираните со завршено средно образование немаат мислење за ставот. Минимален е процентот и на анкетирани кои што не се согласуваат со истиот. И кај анкетираните со високо образование бележиме одреден процент на анкетирани кои немаат мислење како и незначителен процент кои што не се согласуваат со ставот.

| Според сектор во кој се работи | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| државен | 39.7 | 48 | 10 | 2.2 | / |
| Приватен | 38.4 | 55.7 | 3.4 | 1.4 | 1.1 |
| невладин | 46 | 34 | 8 | 12 | / |
| Невработени | 33.3 | 55.6 | 10.4 | 0.7 | / |

**Табела бр:241 Мултинационални и транснационални компании влијаат врз економските процеси на глобализација(според сектор во кој се работи).**

Според секторот во кој се вработени анкетираните и мислењето за ставот, анкетирните вработени во државниот сектор, поточно 48% се согласуваат со ставот, 39.7% целосно се согласуваат, 10% немаат мислење и 2.2% не се согласуваат со ставот. Од анкетираните вработени во приватниот сектор, 55.7% се согласуваат со ставот, 38.4% целосно се согласуваат, 3.4% немаат мислење, 1.4% не се согласуваат и 1.1% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од невладиниот сектор, 46% целосно се согласуваат со ставот, 34% се согласуваат, 8% немаат мислење и 12% не се согласуваат со ставот. Анкетираните сметаат дека мултинационалните и транснационалните компании влијаат врз економските процеси на глобализација.

Од добиените резултати се забележува дека највисок процент на оние кои немаат мислење за ставот, доаѓаат од анкетираните вработени во државниот сектор. По нив следуваат анкетираните од невладиниот и мал процент од приватниот сектор. Можно е дека ваквата ситуација произлегува од секторот во кој работат. Пред се мислиме дека анкетираните во државниот и невладиниот сектор не се заинтересирани со проблемите на економијата, особено со влијанието на мултинационалните и транснационалните корпорации врз економските процеси на глобализација, појава која директно, често е поврзана со работата која се врши во приватниот сектор, проблеми поврзани со цени и суровини, производите и услугите кои се битни како за глобалниот така и за локалниот пазар, со што ја оправдуваат и поголемата информираност на анкетираните од приватниот сектор.

Од анкетираните кои не се вработени 55.6% се согласуваат со ставот, 33.3% целосно се согласуваат, 10.4% немаат мислење и 0.7% не се согласуваат со ставот.

| Слоева припадност | Целосно се согласувам | Се согласувам | Немам мислење | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Низок | 29.9 | 61 | 5.2 | 1.3 | 2.6 |
| Среден | 37.9 | 51.5 | 8.1 | 2.3 | 0.2 |
| висок | 77.8 | 19.4 | / | 2.8 | / |

**Табела бр:242 Мултинационални и транснационални компании влијаат врз економските процеси на глобализација(според слоева припадност).**

Според слоевата припадност на анкетираните и нивното мислење по ставот анкетираните од нискиот општествен слој, 61% се согласуваат со ставот, 29.9% целосно се согласуваат, немаат мислење 5.2%, 1.3% не се согласуваат и 2.6% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од средниот општествен слој 51.5% се согласуваат со ставот, 37.9% целосно се согласуваат 8.1% немаат мислење, 2.3% не се согласуваат и 0.2% воопшто не се согласуваат со ставот. Од анкетираните од високиот општествен слој, 77.8% целосно се согласуваат со ставот, 19.4% се согласуваат, а 2.8% не се согласуваат со ставот. Анкетираните од трите слоја сметаат дека мултинационалните и транснационалните компании влијаат врз економските процеси на глобализација. Од анкетираните од нискиот и средниот општествен слој се забележува одреден процент на анкетирани кои што немаат мислење по ставот, како и мал процент на анкетирани кои не се согласуваат со истиот. Мнозинството на анкетирани кои припаѓаат на високиот општествен слој го поддржуваат ставот и се на мислење дека мултинационалните и транснационалните компании влијаат врз економските процеси на глобализација.

| | | Возраст | Место на живеење | Етничка припадност | Степен на завршено образование | Во кој сектор работите | Слоева припадност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мултинационалните и транснационалните компании влијаат врз економските процеси на глобализација | Pearson Correlation | -.101** | -.091** | -.076* | -.013 | .514 | -.025 |
| | Sig. (2-tailed) | .001 | .004 | .016 | .685 | .651 | .421 |
| | N | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 |

**Табела бр: 243 Коефициент на корелација**

Позитивен коефициент на корелација е пресметан за независната варијабла, секторот во кој се работи **со** мултинационалните и транснационалните компании влијаат врз економските процеси на глобализација. Од ова произлегува дека секторот во кој се вработени анкетираните влијае на нивното мислење за ставот.

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Cumulative % | Total | % of Variance | Cumulative % |
| 1 | 1.671 | 23.871 | 23.871 | 1.671 | 23.871 | 23.871 |
| 2 | 1.292 | 18.451 | 42.322 | 1.292 | 18.451 | 42.322 |
| 3 | 1.060 | 15.142 | 57.464 | 1.060 | 15.142 | 57.464 |
| 4 | 1.004 | 14.342 | 71.806 | 1.004 | 14.342 | 71.806 |
| 5 | .736 | 10.508 | 82.314 | | | |
| 6 | .699 | 9.987 | 92.301 | | | |
| 7 | .539 | 7.699 | 100.000 | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

1) Возраст;2) Место на живеење;3) Етничка припадност;4) Степен на завршено образование;5) Во кој сектор работите;6) Слоева припаднсот;7)Мултинационалните и транснационалните компании влијаат врз економските процеси на глобализација

**Табела бр 244 Факторска анализа**

Од реализираната факторска анализа и од пресметаната варијанса за факторите забележуваме високо ниво на варијанса за факторите: возраст, место на живеење, етничка припадност и степенот на завршено образование, што значи дека за овие фактори има високо ниво на отстапување девијација, додека останатите фактори од анализата немаат високо ниво на варијанса отстапување.

Од реализираната анализа за ставот според: образование, место на живеење, етничка припадност, сектор во кој работите, слоева припадност на анкетираните како и со пресметаниот коефициент на корелација, анкетираните сметаат дека мултинационалните и транснационалните компании влијаат врз економските процеси на глобализација.

Ерата на глобализацијата донесе промени во целокупното општество како и интерните и екстерните односи во него. Мултинационалните и транснационалните корпорации се едни од главните играчи во сферата на економијата и стопанството во ерата на глобализација. Ваквата нивна позиција придонесува за нивно учество

и во самото креирање на економските процеси, давајќи им на истите соодветна насока.

## 9. **Местото и улогата на македонските печатени медиуми во услови на глобализација**

Секако дека медиумите имаат значајна улога во креирање на мислењето на граѓанинот по прашања кои се особено значајни за понатамошниот развој не само на општеството, туку и на граѓанинот како индивидуа. Имајќи ги во вид севкупните збиднувања во Македонското општество од осамостојувањето на Македониија до денес, што воедно претставува период од дваесетина години, препознатлив по транзиционите збиднувања, како и соочувањето со низа глобални процеси, медиумите одиграа добра улога во поглед на градењето на ставот за клучните прашања значајни за општеството, каде што доминантен интерес претставуваше секако носечкиот проблем, наметнатиот спор со името, евро атланските интеграциони процеси, како и севкупните збиднувања во македонското општество сврзани со економоскиот развој, со доминантното место на странските директни инвестиции, како и улогата на носечките меѓународни институции пред се ММФ и Светска банка и односот на условно кажано НАТО земјите кон Македонија во поглед на нејзиното прифаќање кон атланскиот сојус.

Покриеноста на одредено прашање во медиумите донекаде ја мери актуелноста на истото во пошироката општествена јавност. Прашањето на процесот на глобализација пред сè во насока на неговите социо-економски аспекти ќе го доловиме преку реализирана анализа на содржина поврзана со темите: економија, македонската економија, странските директни инвестиции (СДИ), Република Македонија и Европската Унија, Република Македонија и НАТО, Глобална економија, Образование, Економската криза во Европската Унија, Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд и технологијата.

Ако земеме во вид дека македонскиот граѓанин е доволно политизиран, сосема е реално да се појде од тезата дека македонскиот граѓанин е доволно информиран со самата функција на меѓународните организации, во конкретниот

случај НАТО, ММФ и ЕУ, а да не зборуваме за односот кон наметнатиот проблем со името од страна на јужниот сосед. Факт е дека сè повеќе македонските медиуми прифаќаат современи текови на глобално информирање, запазувајќи ја при тоа и објективноста, како и слободата на изразување, кој феномен е под будно око и на европската и светската јавност. Придобивките на Македонија од членството на меѓународните организации, а да не говориме за признавањето на нашето уставно име Р Македонија, е од големо значење на поширок општествен, политички, а пред се економски план, имајќи во вид дека на тој начин широко се отвораат вратите за влез во глобалното светско семејство, што значи можност за наше економско присуство, извоз на наши веќе добро познати брендови особено од земјоделскиот, но и од винарскиот пазар, кој веќе го наоѓаат своето место на европската и светската трпеза.

Овие теми ќе ги доловиме преку три македонски печатени медиуми кои ги одбравме како дел од анализата :„Дневник“ , „Вечер“, и „Утрински Весник“. Во продолжение ќе ја продлабочиме анализата со добиените податоци од дневините изданија на овие три весници во период од 3.01.2012 до 31.6.2012. Станува збор за тематска анализа на содржина, на содржините кои се вклучени во наведените дневни весници.

Може да забележиме дека на македонскиот читател му се дава можност за поголемо информирање за општите светски и глобални збиднувања со светската, а особено евро кризата, како и економската криза со која се соочува нашиот јужен сосед, но и за глобалниот проблем сврзан со невработеноста и проблемот со глобалната и локалната сиромаштија. Факт е дека во ера на глобализација се повеќе се ограничува можноста за лично или индивидуално одлучување барем за клучни и круцијални проблеми така што членството во сите меѓународни организации треба да се гледа позитивистички, и од истите да не се гледа како на огромна придобивка, освен за отворање на простор за поголема демократичност и слобода во креирање и градење на своите ставови.

Од спроведената тематска анализа на содржина на изданијата на дневните печатени медиуми: Вечер, Дневник и Утрински весник се запознавме со

содржините и темите кои тие ги обработуваат во своите изданија, посебно насочувајќи го вниманието кон темите поврзани со процесот на глобализација.

Во изданијата на дневниот весник „Вечер“ во овој шестмесечен период континуирано се информира, за странските директни инвестиции во Република Македонија. Поточно дури 39 текстови се поврзани со наведената тема. Исто така внимание се посветува и на меѓународните економски организации поточно на теми поврзани со Светската Банка и Меѓународниот монетарен фонд, за македонската економија, кадешто во истиот временски период се напишани 29 текстови, за Македонија и Европската Унија објавени се 28 текстови, додека за Македонија и НАТО објавени се 26 текста. Ист број на тесктови напишани се и за Економската криза во Европската Унија. Помало значење е посветено на темите поврзани со: спорот за името каде што се посветени 17 текстови. Во наведениот период 13 текстови се однесуваат на теми од глобалната економија, 12 текстови се сврзани со технологијата, 11 се однесуваат на екологијата и еколошките прашања, 10 текстови се поврзани со сиромаштијата во Република Македонија и 7 текстови посветени се на промени во средното и високото образование.

Во изданијата на дневиот весник „Дневник“ во шестмесечниот период на анализа најинтензивно се информира за темите поврзани со Македонија и НАТО каде што бележиме 52 текста. Потоа следуваат текстовите наменети за Европската Унија и Република Македонија. Следни според одвоениот простор се текстовите во кои се говори за економската криза во Европската Унија. Теми сврзани со странските директни инвестиции застапени се со 38 текста. За невработеноста во светот и во Република Македонија посветени се 21 текст, а ист број на текстови се објавени и на проблемот на загадувањето и темите сврзани со климатските промени. Со послаб интензитет во овој период се известува за темите поврзани со: Европската Унија и соседите, во кој контекст објавени се 19 текстови, додека за медиумите се објавени 14 текстови. Карактеристичен е малиот број на текстови сврзани со активности во контекст на лобирање за името, каде што бележиме само 11 текстови. За сиромаштијата во светот и во Република

Македонија објавени се 10 текстови, а ист број на текстови во овој период бележиме и за теми сврзани со новини во технологијата.

Што се однесува до содржините објавени во дневниот весник „Утрински Весник“, најинтензивно се информира за теми поврзани со Странските директни инвестиции во Република Македонија, при што во наведениот период бележиме 41 текст. Ист број на текстови објавени се и за економската криза во Европската Унија. За меѓународните економски институции, ММФ и СБ објавени се 30 текстови, додека за Република Македонија и Европската Унија објавени се 28 текстови, а ист број на текстови се објавени и за невработеноста во Република Македонија. За состојбата на економијата во Република Македонија објавен е 21 текст. Во овој временски период со послаб интензитет се известува за темите поврзани со: екологијата за која се објавени 16 текстови. За сиромаштијата во Република Македонија објавени се 12 текстови, 11 текстови се објавени за технологија. За слободата на медиумите објавени се 9, а ист број на текстови се објавени за високото образование како и за Европската Унија и земјите од балканот. За активноста на мултинационалните компании сврзана со можно присуство во земјава, отворање на производствени капацитети и слично објавени се 6 текста.

Од анализата на содржина може да се забележи дека трите македонски печатени медиуми: „Вечер“, „Дневник“, „Утрински Весник“ обработуваат теми поврзани со глобализацијата и глобалните процеси од економската сфера, иаку не изостануваат и теми од доменот на глобализација во културата и слично. Карактеристично е  што истите се доста објективни и реални во информирањето, што само говори за напредокот што се бележи во насока на објективното новинарство, ослободено од протежирање на одредени политички фактори. Да заклучиме дека најзастапени теми во посочениот период се странските директни инвестиции во Република Македонија, Македонија и Европската Унија, Македонија и НАТО како и теми сврзани со економската криза во Европската Унија.

## Заклучок

Креирањето на реална перцепција за процесот на глобализација, како и за влијанието кое таа го остварува во целокупното општество ја презентирам во овој финален дел од трудот. Од спроведеното емпириско истражување се реализира една убава можност за одблиску да се запознаеме со процесот на глобализација во македонското општество, пред сè со неговото влијание во социо-економската сфера. За креирањето на реална перцепција на македонското општество во услови на глобализација потребна е темелна анализа на добиените податоци, пред сè од емпириското истражување од кои произлегоа заклучоците за повеќе теми опфатени во докторскиот труд. Во трудот ја доловив реалната перцепција за македонското општество. Фокусот беше насочен кон поголем број на значајни прашања, појдувајќи од неговата општост за процесот на глобализација така и конкретно за влијанијата што истиот ги создава во македонското општество. Докторатот нуди сериозен квантум на знаења поврзани со процесот на глобализација и неговите влијанија и ефекти во македонското општество. Од анализата на добиените податоци произлегоа поеднечните заклучоци за секое од прашањата обработени во трудот, од кои произлезе и финалниот заклучок. Фокусот на интерес беше насочен на влијанието на глобализацијата на социо-економската сфера.

Во првиот дел од трудот вниманието е посветено на процесот на глобализација на светско ниво, неговите општи карактеристики, дефинирање на поимот на глобализација како и на анализа на актуелните прашања повзрани со општествено политичката ситуација на глобално ниво. Така вниманието е насочено кон светската политика и значајната улога која ја имаат меѓународните организации во градењето на истата. Глобалната општествена стварност е одбележана од борбата за превласт во глобалните општества, создавајќи притоа услови за пласирање на својата надмоќ во меѓународните односи. Процесот на глобализација во својот хабитус ја носи идејата за космополитизмот и космополитското општество. Креирањето на глобалното општество, во краен

случај значи обединување на економиите, социјалните и политичките заедници поврзани со технолошката експанзија. Брзата информација се почесто станува клучен фактор за успешно функционирање за општеството за кое говориме. Информатичката технологија е клучниот фактор за еволуција на современото урбано глобално општество. Социо-економската ситуација во глобалното општество, одбележана е од нееднаквоста на глобално ниво. Не само што ваквата ситуација е присутна туку истата и понатаму се продлабочува. Ерата на глобализација е исполнета со поголем број на поволности но реално сеуште не успеа да најде одговор за елиминирање и надминување на елементарните општествени проблеми поврзани со сиромаштијата и социјалната исклученост со која се соочува добар дел од светското население. Глобализацијата не само што не ја елиминира сиромаштијата, туку таа дополнително ја прошири и продлабочи. Глобалното општество ги зголеми разликите помеѓу богатите и моќни држави, со неразвиените и земјите во развој. Глобалната економија како и креирањето на заеднички пазар оди во полза на економско и технолошко развиените земји, а полза од неа имаат и мултинационалните и транснационалните корпорации. Креирањето на отворени пазари е својствен модел за глобалното општество, кое пред сè е во корист на развиените економии и стопанства кои далеку поконкурентни со своите производи ги освојуваат новите пазари, зголемувајќи го при тоа и бројот на консументи корисници на препознатливата брендирана роба на мултинационалните и транснационалните корпорации. Современото општество ги креираше сопствените правила на игра, афирмирајќи ги вредностите и значењето на меѓународната политика, економија, стопанство и култура. Ваквите вредности ја зголемија и афирмираа улогата на меѓународните организации. Регулирањето на односите во глобалното општество е воспоставено со помош на постоечките политички и економски организации кои играат активна улога во светската политика и економија. Промените кои настанаа во општеството извршија влијание и врз урбаната средина односно во градовите, а општествената еволуција истовремено претставува и урбана.

Ерата на глобализација му дава сосема нов шмек на урбаниот простор, за неговите можности карактеристики и улога која ја игра во современиот

,,општествен театар", одбележан од претставите режирани од процесот на глобализација, давајќи една нова димензија на глобалното урбано живеење. Во градот, во епохата на глобализација се одвива севкупната економија. Рангирањето на светските градови се врши според економските критериуми како и степенот на мрежната поврзаност со останатите глобални градови. Во оваа епоха слободно можеме да говориме за креирање на мрежа на глобални градови, кои се базирани на меѓусебна поврзаност со информатичката технологија, со споделување на меѓусебно значајните информации, за подобра соработка, функционирање и профит во економијата.

Вториот дел од трудот е посветен на теоретска анализа на прашањата поврзани со општествено политичката ситуација во Република Македонија од почетокот на деведесетите година на XX-век. Период исполнет со круцијални промени во стопанството, економијата и политиката. Во последните неколку години во фокусот на интересирање беа промените поврзани со странските директни инвестиции кои очигледно се на добар пат да ја подобрат и поттикнат локалната економија, пред сѐ од аспект на зголемување на стапката на вработеност, како и дополнително привлекувањето на нови инвестиции во земјата. Воедно инвестициите се од посебно значење за земјите во развој перцепирајќи ги како своевидна можност за напредок на економијата и општеството.

Промените во општеството предизвикани од влијанието на процесот на глобализација, сосема разбирливо предизвикаа своевидна транзиција и во урбаниот простор односно во градовите. Трансформацијата на градот во Македонија настана под влијание на процесот на глобализација и новонастанатите потреби на населението. Продорот на глобалните вредности значеше и транзиција во урбаниот простор односно, појава на резиденцијаоналните зони во градот, а аналогно на тоа и појава на резиденционалната сегрегација. Општествената стратификација во последните две децении под влијание на процесот на транзиција, приватизација и глобализација предизвика сериозни промени и последици во македонското

општество, како и на животниот стандард на дел од населението. Сето ова укажува дека и покрај сериозните мерки кои се преземаат за надминување и ублажување на појавата на сиромаштија, македонското општество, сеуште се соочува со висока стапка на сиромаштија во споредба со земјите во ЕУ.

Информатичкото општество во Република Македонија предизвика промени во општеството на поширок план во секоја општествена сфера, што пред сè има за цел соодветно надоградување на начинот на функционирање на целокупното општество. Информатичката технологија и мрежата на интернет постанува сеприсутна појава во општеството. Ваквата еволуција на македонското општество настана со интегрирањето и прифаќањето на вредностите на процесот на глобализација. Користењето на информатичката технологија и мрежата на интернет можеме да ја забележиме при реализација на најразлични дејности.

Сумирајќи ги, и анализирајќи ги добиените податоци од спроведеното емпириско истражување за социо-економските аспекти на процесот на глобализација, ја градиме реалната перцепција за процесот, поточно неговата инволвираност и интегрираност. Воедно формирањето на перцепцијата за современото македонско општество не би била целосна ако се изостават, последиците кои зад себе ги остави не само процесот на транзиција туку и процесот на приватизација. Од анализата на добиените податоци констатираме дека населението во Република Македонија смета дека процесите на транзиција и приватизација се одвиваа на сомнителен начин, односно тие претставуваат синоним за нешто што не е доволно јасно изведено, посебно нагласувајќи го процесот на приватизација.

Со пропаѓањето на добар дел од фирмите се зголеми значително масата на невработени, а како резултат на зголемувањето на стапката на невработени во периодот на транзиција, и падот на бруто домашниот производ настана очекуван пад на животниот стандард.

Влијанието и угледот кои го поседуваат светските економски организации е несомнено големо, тоа произлегува од авторитетот што истите го имаат на

светско рамниште. Од добиените податоци и нивната анализа заклучуваме дека анкетираното население во Македонија се согласува со ставот дека поволните кредитни линии од Светската Банка и Меѓународниот монетарен фонд и нивните препораки и проценки за ситуацијата во економијата овозможуваат заживување на економијата и стопанството и отворање на нови работни места. Од добиените податоци може да се заклучи дека се потврдува првата посебна хиопотеза од истражувањето: имено, дека, Светската Банка и ММФ влијаат на развојот на македонската економија, а со тоа и на стапката на вработеност во македонското општество.

Економската сигурност е во директна спрега со вработувањето, примањата и животниот стандард на населението. Како еден од главните фактори за животниот стандард се издвојуваат личните примања на поединецот и вкупните месечни приходи кои ги поседува семејството од кои зависи животниот стандард, што е воедно и една од приоритетните категории кои треба да се остварат во едно општество кое гарантира стабилност. Зголемувањето на разликите помеѓу слоевите произлегоа од повеќе фактори коишто влијаат за ваквата појава помеѓу кои секако дека се и погодностите и придобивките од процесот на глобализација кои станаа подостапни за ситуираното и богато население, што всушност е во склад со интересите на оваа општествена група. Добар дел од анкетираното население е на мислење дека промените што настанаа во општеството, во економската сфера предизвикаа промени и во животниот стандард на населението. Од добиените податоци од емпириското истражување, поточно од ставовите поврзани со процесот на глобализација имајќи ја во вид анализата на добиените резултати, се потврдува втората посебна хипотеза односно дека: процесот на глобализација влијае на зголемување на јазот помеѓу богатите и сиромашните општествени слоеви во македонското општество.

Вредностите на процесот на глобализација и промените кои што тој ги изврши суштински го изменија начинот на функционирање на општеството. Самото менување на општествениот систем при крајот на дваесетиот век, поттикнувајќи ја општествената транзиција и приватизација доведе до прифаќање

